ВИКТОР ТРАЈАНОВСКИ



ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ - ХАЈАТИ ВО ОХРИД

СКОПЈЕ 2018

Виктор Трајановски

ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ ВО ОХРИД

ЦЕНТАР ЗА ЕТНОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ПРИМЕНЕТА АНТРОПОЛОГИЈА

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА
„Гази Баба“ бб. Поштенски фах 162, 1000 Скопје, Р. Македонија

За издавачот:
Проф. д-р Даворин Трпески, претседател на ЦЕИПА - Скопје
Проф. д-р Ицко Ѓоргоски, декан на ПМФ - Скопје

Рецензенти:
Проф. д-р Љупчо С. Ристески, редовен професор на ИЕА при ПМФ
Проф. д-р Мирјана Мирчевска, редовен професор на ИЕА при ПМФ

Лектура:
Наталија Андријевска

Корица:
Љупчо С. Ристески

Печатење:
Академски печат

Изданието е финансирано од Општина Охрид

Виктор Трајановски

ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ ВО ОХРИД

Скопје
2018

На сите оние чии срца се исполнети со љубов,
Зашто Бог е љубов!

СОДРЖИНА

БЛАГОДАРНОСТ 9

ВОВЕД 11

1. СУФИЗАМ – ЕЗОТЕРИЧНАТА СТРАНА НА ИСЛАМОТ 17
1.1. Краток историски преглед на суфизмот на Балканот 24

2. ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ – ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ 37
2.1. Дервишкиот ред халвети во Македонија. 48

3. ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ ВО ОХРИД.....57
3.1. Пир Мухамед Мехмед Хајати Хазретлери. 58
3.2. Шејхови во аситането Пир Мехмед Хајати Хазретлери. 69
3.3. Аситането и другите хајатски светилишта во Македонија. 84

4. ДОКТРИНА – ТЕМЕЛНИТЕ ТОЧКИ КАРАКТЕРИСТИЧНИ ЗА УЧЕЊЕТО НА ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ.....106
4.1. Халвет – метод за духовно возвишување. 109
4.2. Зикр – метод за духовно возвишување... 113

5. ВЕРСКИТЕ ОБРЕДИ КАЈ ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ 121
5.1. Намаз (фарз) и нафиле. 121
5.2. Мукабеле – молитва за починат дервиш. 127

6. СУФИСКИОТ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС (СЕЈР-У СУЛУК) ВО ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ ..130

7. ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ 138
7.1. Добивање инабе и станување инабели.. 141
7.2. Текбирлеме – воведување во дервиш. 143
7.3. Степен на јар'м халифе. 146
7.4. Ракоположување на шејх и неговите должности.. 150

8. ЖЕНАТА ВО ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ.....160

ЗАКЛУЧНИ РАЗМИСЛУВАЊА.....162

РЕЧНИК. 168

КОРИСТЕНИ СКРАТЕНИЦИ 177

ИНДЕКС (РЕГИСТАР НА ЛИЧНИ ИМИЊА И ПОИМИ). 178

ЛИТЕРАТУРА 193

БЛАГОДАРНОСТ

Наместо предговор, овде би сакал да изразам благодарност до сите оние чинители што на различен начин придонесоа ова дело да ја спознае стварноста. Бидејќи, без нив, оваа творечка креација ќе беше само една апстракција заробена во мислите на човекот. Навистина, ми причинува огромно задоволство да ги спомнам нив овде за нивната непроценлива помош и поддршка.

Првенствено би сакал да се заблагодарам на Општина Охрид, која финансиски го поддржа ова дело, од неговото создавање па сè до излегувањето од печат, преку Програмата за финансирање на проекти и програми од јавен интерес на Општина Охрид за 2018 година.

Посебна благодарност сакам да упатам до моите пријатели: Џанер Исмаил, Ердин Далип и Илија Пиперкоски, кои безрезервно ми поверуваа и целосно ме поддржаа и ми помогнаа во намерата за реализација на ова дело.

Ја користам оваа можност да изразам особена благодарност и на моите соговорници, кои несебично го жртвуваа нивното драгоцено време и знаење. Меѓу нив би ги издвоил ценетите ефендии: Ејуп Салих, Ерол Шех и Илхан Шех, кои заедно со нивните почитувани фамилии за мене ги отворија портите од нивните домови и срца и секогаш беа подготвени да ми го пренесат сето знаење што го поседуваат за дервишкиот ред халвети-хајати.

Кога сме кај соговорниците, не можам да го одминам Омер Хобол, имамот во џамијата Хаџи Дургут во Охрид, воедно и мој драг пријател, кој постојано за мене беше достапен и неуморен во објаснувањето на одредени термини, појави и процеси поврзани со исламот.

На институционално ниво, би сакал да се заблагодарам на Државниот архив на Република Македонија – Подрачно одделение Охрид, како и на вработениот кадар во оваа државна институција, кој ги отвори вратите и ми овозможи непречено да го користам и истражувам фондот: Вакафско поверенство – Охрид.

Друга значајна институција на која би сакал да ѝ се заблагодарам и која заслужува посебно внимание е Институтот за етнологија и антропологија, поточно целиот кадар вработен во овој Институт, моите драги колеги, кои беа исклучителна поддршка и учествуваа во проце-

сот на создавање на ова дело, преку нивни совети, сугестии и мислења. Особена благодарност му должам на мојот ментор и рецензент проф. Љупчо Ристески за континуираната и несебична помош и поддршка во текот на подготовката на материјалот.

При самиот крај огромна почит и благодарност би сакал да упатам до фамилиите Трајановски, Размоски и Јордановски, на кои им припаѓам со целото мое тело и душа, за нивната неизмерна помош, непресушна поддршка, постојан поттик и безрезервна љубов кон мене, кон мојата работа и дело.

Последната најголема благодарност им ја должам на сопругата Станислава и на ќерката Ксенија, кои, поради моето денонокно истражување и создавање на ова дело, мораа да бидат жртви и лишени од повеќе овоземски задоволства. Во некои моменти знаев професионалните обврски да ги ставам пред семејните и поради тоа се чувствував многу лошо. Но, денес, додека ја пишувам оваа благодарност, се чувствувам исполнето и задоволно и уште еднаш им благодарам на овие два бесценети бисери за трпението, разбирањето и љубовта што ми ја пружија.

Господе, благослови ги сите нив и помилувај ги! Амин!

Од авторот

ВОВЕД

Охрид, градот што лежи на брегот на едно од најубавите и најстари езера во светот, Охридското Езеро, надалеку е препознатлив и плени со својата раскошна природна убавина. Но, голем број суфиски мудреци ќе речат дека е залудна сета надворешна убавина, доколку човек (читај град) не поседува барем трошка внатрешна убавина. Охрид не би бил толку убав и магичен, доколку во себе не крие разни богатства, скапоцености, драгоцени камења што маѓепсуваат со својата појава, градба, уникатност и непроценлива вредност. Но, за да се дојде до нив, човек треба да се потруди да ги побара, разоткрие, истражи и доживее. Еден од таквите скапоцени камења, кои со векови го красат Охрид, претставува халветското теќе Пир Мехмед Хајати, лоцирано во строгиот центар на градот. Припадниците на дервишкиот ред халвети-хајати, кои, всушност, му ја даваат душата на теќето, го моделираат овој бесценет камен.

Потребата од реализирање на ова дело произлезе од фактот што за дервишките редови во Македонија, а еден од нив е и халветскиот *тарикат*, денес малку се знае не само во поширокатa јавност туку и во некои потесни верски и научни кругови.

Со оглед на недоволната истраженост на проблемите со суфиските прашања, а во врска со тоа и на прашањата поврзани со „другиот“, особено од етнолошки и антрополошки пристап, а кои се актуелни во современиот период, ова дело ќе даде свој придонес во продлабочувањето и проширувањето на научните и научно-образовните знаења.

Бидејќи веќе неколку години професионално се занимавам со проучување на дервишките редови што егзистираат во Македонија, посебна желба ми беше детално да го истражам, односно да го проучам дервишкиот ред халвети-хајати и да оставам некаков траен белег во врска со него. Причината лежи во тоа што со овој дервишки ред делиме заеднички нешта. Тоа што нè спојува, секако, е градот Охрид, односно и јас и овој *тарикат* сме создадени во Охрид. Фактот што халветскиот огранок хајати е создаден во Охрид претставува раритет со кој не можат да се пофалат многу градови и држави од Балканскиот Полуостров во кои со векови егзистирале различни дервишки редови,

што секако претставува дополнителна мотивација за истражување и изработка на ова дело.

Исто така, една од целите за создавање на ова дело беше да се развие чувството кај луѓето за вредностите на различните верски заедници, за нивната доктрина или верско учење, да се покаже интерес за нив и да се изгради однос на грижа и негување на овие вредности. Заштитата на нашето заедничко наследство и промоцијата на верскиот диверзитет, исто така, се многу важни инструменти за доближување и подобрување на дијалогот помеѓу различните заедници и различните култури.

Дервишкиот ред халвети е само еден од многуте *тарикати* што го сочинуваат големото исламско семејство познато под името суфизам или тасавуф. Овој дервишки ред се поврзува со Пир Омер Халвети, кој се смета за зачетник на овој *тарикат*, кој уште како ученик (*мурид*) ја засакал самотијата, изолираноста, осаменоста, така што се повлекол четириесет дена во самотија, т.н. *халвет*. Од страна на неговите современици го добил прекарот *Халвет*, а по него и *тарикатот* е наречен халветски. Покрај Пир Омер Халвети, како *Пир-и сани* (втор *Пир* или втор основач) се смета Јахја Ширвани, поединецот одговорен за утврдување на постојната структура на халветскиот ред.

Припадниците на овој дервишки ред без какви било отстапувања го исполнуваат сето она што е пропишано од шеријатот, но, тоа по нивно мислење е сосема недоволно, и поради тоа ги надополнуваат верските обврски со заеднички молитви што ги вршат во теќето, наречени *зикр*[1].

Посебна одлика што го краси овој дервишки ред е тоа што тој е најраспространетиот дервишки ред, а воедно брои најмногу огранаци и подогранаци од сите други дервишки редови. Огранокот *хајати* е еден од многуте огранаци во халветскиот дервишки ред, кој е цел на нашето истражување и за кого ќе стане збор во овој труд.

Всушност, оваа книга се фокусира на откривање и проучување на главните карактеристики на припадниците на дервишкиот ред халвети-хајати од Охрид. Опфатен е историскиот преглед на халветите, основните верски ставови, т.е. доктрината на која се засновува овој дервишки ред, главните културолошки белези на оваа верска заедница од Охрид, сè со цел да се прикаже суштината на нејзиното егзистирање и функционирање. Содржината на оваа книга промовира зголемена информираност и свесност на публиката за дервишкиот ред халвети-

[1] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 107.

хајати и, преку запознавање со неговите вредности, сака да придонесе за поквалитетен живот, како на ниво на општината Охрид така и низ цела Македонија.

Овој труд се засновува врз податоци од реализирано етнографско истражување во текот на 2018 година, извршено во Охрид, кое беше целно место на моето истражување. Исто така, за потребите на ова дело беа направени истражувања и во Струга и во Скопје, во места каде што сè уште има припадници на разни гранки од халветскиот *тарикат*. За потребите и анализата при оваа работа искомбинирав повеќе методи на теренско истражување заради подобрување на прецизноста и квалитетот на информациите (интервју, набљудување, неформални разговори, прибирање документи, фотографии, архивски материјали). Главен истражувачки метод што го употребив и со кој прибрав најголем дел од теренската граѓа беше длабинското интервју со претходно подготвен потсетник за водење разговор со претставници на халветскиот *тарикат*, но и со лица што не се припадници на овој *тарикат*, но се големи вљубеници во нивниот пат.

Интервјуата што ги организирав беа различни во смисла на бројот на соговорници; некои од нив беа индивидуални, но, исто така, сработив и групни интервјуа, со повеќе од една личност истовремено, кои даваа можност за надополнување на соговорниците за време на интервјуто.

Интервјуата ги комбинирав и со набљудување низ учество, кога имав можност да бидам учесник во халветските обреди и од прва рака да следам што точно се случува за време на обредите, особено на петочниот *зикр*. Секако, треба да спомнам дека консултирав соодветна стручна литература корисна за реализирање на истражувањето и за подготовката на овој труд и прегледав одредени фондови во Државниот архив на Република Македонија, како што е фондот на Вакафското поверенство – Охрид.

За време на истражувањето постојано практикував пишување теренски белешки. Во нив се вклучени детали и специфики од тоа што сум слушнал и видел на терен, како и мои коментари.

Важна карактеристика на теренското истражување, како и при понатамошната подготовка на овој труд, е тоа што на највисоко можно ниво се почитуваат етичките принципи на однесување, кои бараат од истражувачот да има почит и одговорност кон сите учесници во истражувањето. Постојано настојував да го почитувам правото на приватност на соговорникот, што сметам дека е морална обврска на секој истражувач. Кога добив дозвола да споделувам лични податоци за оние што беа интервјуирани, релевантните информации беа исклучиво упо-

требени за потребите на овој труд, а тие се уредно документирани и предадени на чување во Архивот на Институтот за етнологија и антропологија. Меѓутоа, во ситуација кога дозволата не беше одобрена поради разни причини, идентитетите на поединците беа целосно заштитени.

Бидејќи во охридското теќе Пир Мехмед Хајати постои повеќедеценциски анимозитет помеѓу одредени верници и на некој начин има поделба на две групи, одредени информации изнесени во трудот можеби може да бидат сфатени како да сакаме да фаворизираме одредена група, и да се предизвика доза на огорченост кај едната или кај другата група, односно таквите податоци може да предизвикаат негодување. Но, нашата цел не е да фаворизираме одредена група, да ја критикуваме, да наоѓаме грешки или да ја осудуваме, туку да се обидеме да ја опишеме и да ја доближиме реалноста, односно да ја проучиме стварноста преку податоците добиени од истражувањето.

Благодарение на моето долгогодишно искуство во врска со проблематиката што ја обработував, поголем дел од терминологијата карактеристична за суфиските редови ми беше веќе совладана, па не ми беа потребни дополнителни објаснувања од страна на моите соговорници и непотребно губење време. Но, исто така, за време на моето патешествие, се запознав со нови стручни зборови, фрази, термини, обредни практики, некои карактеристични само за хајатите, и на тој начин го надоградив сопствениот фонд на знаење и поимање на нештата.

На самиот крај од ова воведно излагање сакам да споделам една информација поврзана со соговорниците, т.е. со живиот извор или темел врз кој е изградено ова дело.

Пред да започнам со моето теренско истражување, сметав дека старешината на теќето во Охрид треба да биде еден од соговорниците врз кои ќе се потпира ова дело. Сепак, често знаат работите во истражувањето, па и во животот воопшто, да не одат по планот и патот по кој сме замислиле дека треба да се движат. Имено, и покрај моите желби, инсистирања и заложби да остварам средба со старешината на теќето во Охрид и да приберам одредени информации директно од највисоката инстанца на овој дервишки ред, сепак, со жалење можам да констатирам дека мисијата беше неуспешна или поточно речено некомплетна. Бидејќи, освен една кратка вечерна средба со него, при што со негово присуство и дозвола имав прилика да го посетам и разгледам теќето, да направам одредени фотографии и да дознам одредени информации за текискиот комплекс, за што сум му особено благодарен, друга средба и немаше. Секогаш кога ќе се обидев да закажам состанок со него, добивав извинување и одбивање, поточно одложување

на нашата потенцијална средба. Откако по неколку обиди не можевме да се договориме, на мој предлог се согласи да му испратам по е-пошта одредени прашања за кои бев заинтересиран, и на ист начин да ми бидат испратени одговорите. Но, до денес сè уште не сум добил никаков одговор.

Причината за неговото одлагање наводно лежи во преголемата зафатеност на шејхот околу работниот ангажман во приватниот семеен бизнис. Ваквата причина, пак, драстично се коси со суфискиот светоглед или поимање за шејховите воопшто. Според суфиската перцепција, шејхот треба целосно да се посвети и да се предаде на *тарикатот*. Неговата мисија треба да биде постојана грижа за теќето како комплекс, но, исто така, и перманентна грижа за секој еден верник. Будно да го следи духовниот напредок на верникот, но, исто така, постојано да го „храни“ секој еден верник, *ашик* или љубопитен истражувач како што сум јас, кој има потреба од духовна храна. Доколку еден потенцијален шејх е спречен да ги извршува ваквите обврски, тогаш не треба да се избрзува со донесување одлука таквиот верник да биде назначен на позицијата шејх и *постнешин* во одредено теќе, бидејќи функцијата шејх во дервишките редови има божествена природа и треба да се сфати како свето нешто со кое не е дозволено да се манипулира. Шејхот преку *силсила*, или непрекинат синџир на ученици и учители, својата божествена енергија ја наследува од раните светци, од имамите, која оди назад до пратеникот Мухамед, на кого сето знаење му било пренесено од самиот Бог преку неговиот посредник архангел Гаврил или мелекот Џебраил.

Лицата, пак, на кои им должам особена благодарност, кои се носители и главен извор на етнографската граѓа што ми послужи како основа за создавање на ова дело се: почитуваниот ефенди Ејуп Салих, еминентен новинар и истражувач од Охрид, добар познавач на историјата, доктрината и приликите на дервишкиот ред халвети-хајати во Охрид; потоа, почитуваниот шејх Илхан Шех, *постнешиноот* во струшкото Хасан-баба теќе, кој, како верски старешина, многу добро ги познава светите и профаните аспекти поврзани со овој дервишки ред, но и со *аситането* во Охрид; и на крајот, особена благодарност до почитуваниот *шејхзаде* и *јар'м халифе* Ерол Шех, кој, како потомок на шејх и член на шејховската фамилија во Охрид, е мошне добро упатен во историјата и учењето на *тарикатот* халвети-хајати. Неговиот татко бил шејх Абдулкадир-ефенди, неговиот дедо бил шејх Мустафа-ефенди, а неговиот прадедо, пак, бил шејх Зекерија-ефенди, сите *постнешини* во охридското *аситане*. Воедно благодарноста оди рака под рака и до другите членови од шејховската фамилија, пред сè почитуваната шеј-

хана Славче, како и сопругата на *шејхзаде* Ерол, почитуваната госпоѓа Линда.

Овие соговорници, за целото време на моето истражување, кое траеше сè до излегувањето од печат на ова дело, несебично го жртвуваа своето драгоцено време и знаење. Секојпат кога ќе „огладнев“ за нови информации, тие беа постојано достапни за да ми дадат духовна храна и да го заситат мојот апетит. При секоја наша средба можеше кај нив да се забележи огромно задоволство што сум се нафатил да истражувам токму за хајатскиот огранок на халветскиот дервишки ред, и како награда настојуваа да ми дадат што е можно повеќе информации, не штедејќи зборови искажани со многу желба, страст и љубов. Колку и да сакаа, не можеа да го скријат пламенот што се разгоруваше во нивните срца кога требаше да пренесат одредена информација поврзана со овој *тарикат*.

Господ нека ги благослови!

При пишувањето на трудот се употребувани термини од турско говорно подрачје, а одредени од персиско или арапско потекло. Транслитерацијата на таквите зборови и фрази е направена во сооднос со употребата на македонската азбука, но во текстот ќе бидат обележани во италик/закосено. Одредени зборови, како халвети-хајати, дервиш, дервишки ред, теќе, шејх итн., бидејќи имаат поширока употреба во македонскиот јазик, се пренесени во обична, нормална форма.

1. СУФИЗАМ – ЕЗОТЕРИЧНАТА СТРАНА НА ИСЛАМОТ

Пред да продолжиме со изнесување на главните карактеристики на дервишкиот ред халвети-хајати, предлагам најпрво да се запознаеме накратко со езотеричната страна на исламот позната како суфизам или тасавуф[2], со нејзините карактеристики, бидејќи дервишкиот ред халвети-хајати е само една нераскинлива алка од ова мистично, езотерично, но и практично учење во исламот, а со цел подобро да се разбере суштината на овој дервишки ред.

Свесен за широчината, сериозноста и комплексноста на суфизмот, нема овде да го анализираме во детали, бидејќи, како прво, би се изгубиле во неговата езотерија, а како второ, би ни било потребно многу повеќе време и простор за негово проучување и елаборирање. Тоа што овде ќе биде изнесено се некои значајни, битни, суштински прашања поврзани со ова езотерично учење во исламот.

Понекогаш зборовите се недоволни или премалку за да се опише суштината на суфизмот, затоа што ова учење се протега надвор од капацитетот на нашиот вокабулар. Некои од учените суфии ќе речат дека само преку живеењето на патот на *тарикатот*, само така поединецот може да го разбере суфизмот[3].

Но, сепак, бидејќи ова дело треба да биде достапно за пошироката јавност, ќе се охрабрам да дадам една дефиниција и краток опис за суфизмот, за неговите составни елементи, со цел читателот барем начелно да може да се запознае со ова учење и да има делумно претстава за што станува збор.

Суфизмот претставува внатрешна, езотерична димензија на исламот. Начин на живот насочен кон остварување на Божјата Вистина. Трагање и соединување со Бог, што се остварува преку духовен пат – *тарикат*, кој е втемелен на Божјата објава – Куран и праксата на божјиот пратеник Мухамед. Под водство на духовен учител, *муршид*, треба да се воспита душата, да се исчисти срцето од сите неморални особини, односно човечкиот дух да се ослободи од сладострасноста и

[2] Тасавуфот е поприроден термин за употреба, како што е *тарикат* за духовниот пат или начинот на живот. Меѓутоа, поради едноставноста и поради тоа што се вклопуваат одредени термини изведени од зборот *суфизам* во литературата, ќе ги користам двата термини напоредно.

[3] Hazen Julianne Marie, *Contemporary Bosnian Sufism: Bridging the East and West*, 2008.

маните и да се закити со доблести. Сето тоа е возможно само преку патот на љубовта, т.е. преку безрезервната и безусловна љубов кон Бог[4].

За да се појде на патот на суфизмот, неопходно е да се биде муслиман, бидејќи методите на суфизмот се неефективни без оваа верска припадност[5].

Кованицата суфизам е широко прифатена во повеќе европски јазици, додека во исламската културна традиција се среќава под името тасавуф (перс. tasawwuf).

Првата задача на суфиите е да ги исчистат своите срца од сите неморални особини. Имајќи го предвид значењето на срцето и неговата улога кај човекот, чесниот пратеник Мухамед, а.с., кажал: *Во човечкото тело постои еден орган, ако е здрав, тогаш е здраво и целото тело, а ако се расипе, ќе се расипе и целото тело. Тоа е срцето!*[6] Водејќи се од оваа изрека на пратеникот Мухамед, суфиите сметаат дека болестите на срцето, како што се: агресивност, алчност, гнев, егоизам, завидливост, лицемерство, мрзливост, наклонетост кон измама, омраза, прељуба, скржавост, тврдоглавост и други неморални особини, се причина за оддалечување на верникот од Бог. За да се доближи верникот до Бог, што е главната цел на суфиите, првенствено мора да ги излечи овие болести на своето срце.

Оној што останал само на формата, кој не ја разбрал суштината на исламот, кој не се спознал себеси, кој не ја очистил својата внатрешност, кој не се ослободил од гордоста и лицемерството, кој се клања на нешто слично на самољубието, кој од своето срце не ја искоренил омразата – ниеден таков човек нема да може да фати место, нема да може да се стопи со правдата, ниту пак во вистината може да стане Вистина. Оној што е таков муслиман, за него нема место во дервишките редови[7].

Најголемата препрека што се издига на патот до Бог претставува **егото**. Суфиите егото го сфаќаат како кила (лат. hernia), така што, колку повеќе егото се зголемува, толку болката е поголема.

Персискиот суфија Абу Јазид Бистами, познат и како Бајазид Бистами (починал 874 г. според христијанскиот календар), во суфис-

[4] Трајановски Виктор, *Етнолошко и антрополошко проучување на дервишкиот ред бекташи од село Канатларци, Прилепско*, магистерски труд одбранет на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ментор: проф. д-р Љупчо Ристески, Скопје 2015.

[5] *Што е тоа Суфизам*, http://www.islamska-zaednica.com/forum/topic/945-што-е-тоа-*суфи*зам/, пристапено на: 17.7.2018.

[6] Selvi Dilaver, *Mjesto tesavufa u islamu*, според хадисите на Bukhari, Muslim, Ibn Madže, http://kosusufije.blogspot.com/2013_08_01_archive.html, пристапено на: 2.8.2018.

[7] Елезовић Глиша, *Дервишки редови муслимански, текије у Скопљу*, Штампарија и књиговезница „Стара Србија“, Скопље 1925.

кото учење го вовел методот на строг **аскетизам** и **медитација** со цел преку **самоуништување** да се дојде до Божјата суштина[8].

Една од најпроминентните карактеристики на дервишката побожност е доброволното лишување од целиот имот или сопственишство. Со други зборови, тоа подразбира откажување од материјалниот свет, со цел богатење и напредок во духовниот свет. Суфиите ќе речат: духовното и материјалното секогаш се во обратнопропорционален сооднос, а тоа значи: колку човек материјално расте и се збогатува, исто толку духовно опаѓа и осиромашува.

Во таа насока, и самиот термин дервиш означува 'сиромашен' или 'оскуден' на персиски, додека арапскиот еквивалент е *факир*. Дервишите аскети живееле во апсолутно сиромаштво, и нивното сопственишто или посед бил сведен на минимум[9].

Меѓутоа, на ваквиот поглед кон суфизмот или на неговите составни елементи, на апсолутно сиромаштво или живеење во аскетизам, еден од моите соговорници ми даде една поинаква интерпретација, едно различно поимање и размислување, кое вреди да се сподели. Тој вели: *Не треба да се сфати тасавуфот или дервишкиот живот како сосема отстрѓнување од све, од светските благодети. Меѓутоа, треба да се балансира духовното и материјалното. Најбитно е материјалната љубов да не биде цел на животот. Материјалното да не ти го окупира срцето. Срцето чисто да го оставиш за љубовта на твојот Господар, Бог. Ова е главниот принцип*[10].

Кога зборуваме за суфизмот, не можеме да го прескокнеме името на големиот суфија Мансур ал Халаџ, надалеку познат по својата изјава: „Јас сум Вистина" (арап. An'al-Haq), поради која подоцна ќе биде и егзекутиран. Халаџ сметал дека целта на суфијата, па и на секое човечко битие, е **соединување со Бога**, кое се остварува преку патот на љубовта. Соединувањето со Бог, по Халаџ, ја прави личноста совршена, света, зашто и самиот Бог зборува и живее во него[11].

Безрезервната и безусловна љубов кон Бог, пак, е уште една значајна компонента што е неизоставен дел од суфизмот. Оваа компонента во суфизмот ја има воведено Рабија ал Адавија, една од првите суфии жени што живеела во 8 век, која ја истакнала апсолутната и

[8] Новаковић Драган, *Исламски мистицизам – суфизам*, http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0352-5732/2011/0352-57321137481N.pdf, пристапено на: 2.8.2018.
[9] Karamustafa Ahmet T., *Derviş groups in the islamic later middle period 1200–1550*, University of Utah Press, Salt Lake City 1994, 14.
[10] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[11] Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 14.

ексклузивна љубов кон Бог како најголем инструмент на своето мистично искуство и потрага по Вистината[12].

Безусловната љубов што ја пропагира Рабија ал Адавија е преточена во една нејзина прекрасна песна, а еден дел гласи вака:

О, Господе,
ако те славам Тебе
стравувајќи од пеколот,
изгори ме во него.
О, Господе,
ако те славам Тебе
со надеж за рајот,
забрани ми ги неговите порти.
Но, ако те славам само заради Тебе самиот,
нека ме благослови тогаш сјајот на Твоето лице, засекогаш![13]

Љубовта е суштинска тема во суфизмот, прифатена од многу дервишки редови. Тоа е, всушност, вистинска причина за постоење на човекот. За овој принцип суфиите се потпираат на куранскиот стих: *Кажи: Ако го љубите Аллаха па, следете ме! Аллах ќе ве љуби и ќе ви ги прости гревовите ваши. Аллах е Простувач и Сомилосен!*[14]

Вистинската љубов е извор на сите доблести и единствениот пат да се стигне до Бог. Основата на љубовта не е да се сакаш самиот себе, но да се сака изворот на љубовта, Бог. Љубовта е постоење. Вистинската смрт доаѓа кога љубовта престанува да постои. Вистинската љубов не познава смрт.

Помеѓу раните суфии, со своето учење видно место зазема Ибн Араби. Основата на системот на Араби била доктрината наречена **единство на постоењето** (арап. wahdat al-wujud). Според оваа доктрина, Бог се смета за основа на секое битие, и не постои ништо друго освен Него. Сè што постои може да опстојува само благодарение на тоа што поседува еден аспект од Божествената реалност. И крајната и единствена цел е повторно враќање кон изворот и соединување со него. Поради своето големо знаење и углед помеѓу суфиите, Ибн Ара-

[12] Трајановски Виктор, *Етнолошко и антрополошко проучување на дервишкиот ред бекташи од село Канатларци, Прилепско*, магистерски труд одбранет на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ментор: проф. д-р Љупчо Ристески, Скопје 2015.

[13] *Sufi Poetry*, http://www.spiritualfoundation.net/poetry.htm#96914485, пристапено на: 5.6.2018. Препев на македонски јазик: Виктор Трајановски.

[14] *Светиот Куран*, 3:31, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Цило.

би често се нарекува *аш-шајх ал-'акбар* („најголем учител“) или, на латински, *doctor maximus*[15].

Суфиите најмногу инспирации и инструкции добиваат од практиките и животот на пратеникот Мухамед, т.е. од *сунетот*, но уште повеќе од Куранот, кој го сметаат како главен инструмент за мистична врска со Бог[16].

Суфиите се свесни дека Куранот е дотек и одлив – дека дотекува до нив од Бога и дека неговите реченици се чудесни знаци (ајет) што ќе ги одведат назад до Бога[17].

Покрај својата теоретска страна, *тасавуфот* има и практичен аспект, тоа е *тарикатот*, кој се дефинира како пат, метод на приближување кон Бога. Како плод на искуството на бројни големи суфии, *тарикатите* се занимаваат всушност со практична реализација преку различни модалитети на обреди и молитви (*зикр* и *вирд*), а крајната намера е човечкиот дух да се ослободи од ропство, сладострастие и од маните и да се закити со добродетели[18].

Од дванаесеттиот век, суфизмот во рамките на исламската култура се институционализира во форма на дервишки редови или *тарикати*[19].

Овие *тарикати* биле поврзани за еден учител, основач (*пир*), чие име го носел соодветниот ред, усвојувајќи ги неговите методи на обука, користејќи го неговото мистично искуство и следејќи ги правилата на суфиски живот што тој ги држел и ги зацртал. Тоа негово учење се пренесува преку континуиран синџир (арап. silsila), а шејховите што се создадени внатре во одреден дервишки ред стануваат духовни наследници на основачот на редот[20].

Дервишки редови, односно *тарикати* што егзистирале низ историјата се: бајрами (тур. bayramiyye), јесеви (тур. yeseviyye), кадири (арап. qadiriyya), кубреви (арап. kubrawiyya), мевлеви (тур. mevleviye),

[15] Vukomanović Milan, *Šta je tesavuf?* https://pescanik.net/sufizam/, пристапено на: 13.8.2018.

[16] Трајановски Виктор, *Етнолошко и антрополошко проучување на дервишкиот ред бекташи во село Канатларци, Прилепско*, магистерски труд одбранет на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ментор: проф. д-р Љупчо Ристески, Скопје 2015.

[17] Лингс Мартин, *Што е суфизам?*, Логос-А, Библиотека Елиф, Скопје 2012, 29.

[18] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 18.

[19] Цило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 219; Chittick William C., *Sufism: A Short Introduction*, Oneworld Publications, Oxford 2000, 19.

[20] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 19.

накшибенди (арап. naqshbandī), ниматулахи (перс. nimatollahi), рифаи (арап. rifa'iyya, тур. rüfai), садии (тур. sadiyye), сухраверди (арап. suhrawardiyya), халвети (арап. khalwatiyya), хамзеви (арап. hamzawi), шазили (арап. shadhili), бекташи (тур. bektaşi) и други. Дел од овие *тарикати* со нивни теќиња биле присутни и на македонска почва, а некои од нив, како што се кадири, мелами, рифаи, садии, халвети и бекташи, се активни и денес во Македонија.

Во секој дервишки ред, односно *тарикат*, постојат четири порти низ кои верникот треба да помине за конечно соединување со Реалноста. Овие четири порти се: *шеријат* (закон), *тарикат* (пат), *марифет* (спознание) и *хакикат* (Божествена реалност).

За да се оствари тој духовен пат, мора да се почне од некаде и да се заврши некаде. Почетниот стадиум е шеријатот, и тој во себе содржи побожни и морални вредности, а конечната цел е хакикатот (Апсолутната стварност).

Она што е меѓу нив е патот, патека по која се минува, која претставува спојка на овие две составки на суфискиот живот[21].

Секоја порта ја сочинуваат одредени степени или фази, *маками*, како што се: одрекување, сиромаштво, воздржување, страдање, покајание, преобраќање, трпеливост, кои преку духовно-воспитно-образовна активност треба да се поминат и да се стекнат одредени психолошки состојби наречени *ахвал*, како што се: задоволство, сигурност, блискост, љубов, спознание. На тој начин се отстранува завесата што ја крие душата од Вистината, и конечно душата на верникот ќе стигне до Бог и ќе се соедини со Него[22].

Како плод на искуствата на бројни големи суфии, *тарикатите* се занимаваат токму со оваа практична реализација од различни модалитети на ритуали и молитви, *зикр*, а крајната намера е човечкиот дух да се ослободи од ропството, сладострасноста и маните и да се украси со доблести. Значи, редот – *тарикатот* – е повеќе „култивација на религиозното искуство“ или „пат на прочистување“[23].

Овие дервишки редови претставуваат систем заснован на релацијата учител и ученик, кои се изразуваат со арапските термини *муршид* (учител, водач) и *мурид* (ученик, кандидат). Според тоа, редот е практичен метод за водење и обучување на ученикот од страна на шејхот, како водач што му ги трасира патот, мислите, чувствата и акциите и го води низ фази (*маками*) во интегрална поврзаност со психолошки-

[21] Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 71.
[22] *The Origin of the Word Tasawouf*, http://ias.org/sufism/origin-of-word-tasawouf/, пристапено на: 2.8.2018.
[23] Trimingham J. Spencer, *Sufi Orders in Islam*, Clarendon Press, Oxford 1971, 2.

те искуства или состојби (*ахвал*) кон интуитивно спознание на Божествената реалност (хакикат)[24].

Во тарикатот духовниот водач, што е шејхот или муршидот е битен фактор во оформувањето на муридот. Тој треба да има знаење и умешност и да ги познава тарикатските принципи. Најтешка работа е да се воспитува човекот. Во стварност, воспитниот метод е битен фактор. Но, исто така, битно е и колку ученикот ќе воспостави духовен контакт, односно преданост према учителот, толку успехот ќе биде поголем. Ученикот или муридот од сé срце треба да го сака својот учител, со душа да го слуша и да ги изврши добиените задачи. Тежок е процесот на духовното воспитување, што е сејр-у сулукот. Се работи за жива материја, човек. Воспитувачот треба исто така да има познавање на психологијата на човекот, да ја знае неговата духовна состојба и подготвеност. Спремноста на шејхот е битен фактор во тарикатот[25].

За да се спроведе оваа обука, биле создадени теќињата. Тоа се места каде што се вршела, се анализирала и се доживувала исламската суфиска мисла и подоцна се претставувала на населението[26]. Теќето обично се состои од комплекс зграда што претставуваат архитектонско единство. Во рамките на тој комплекс имало зграда наменета за церемонии и обреди (*семахане/мејдан/џемеви*), зграда за живеење на шејхот и дервишите, потоа зграда за подучување на доктрината на редот, зграда за одмор за гости (*мисафирхане*), зграда наменета за помен на починатите, т.е. каде што се наоѓаат гробовите на починатите шејхови (*турбе*), а освен тоа некои теќиња имале јавна добротворна кујна за сиромашни и патници (*имарет*)[27], како и зграда за домашна економија, сите оградени со високи ѕидови.

Непобитна вистина е дека теќињата низ исламската историја влијаеле на заживувањето на исламските начела, но тие, истовремено, покажале голем успех и во ширењето на исламот. Исламизацијата на одредени делови на Балканот е направена преку теќињата и честите шејхови што дејствуваат во нив[28].

[24] Trimingham J. Spencer, *Sufi Orders in Islam*, Clarendon Press, Oxford 1971, 3–4.
[25] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[26] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 87.
[27] Hadžimuhamedović Amra, „Prostorne osobenosti tekija u Bosni i Hercegovini“, *Isa-begova tekija u Sarajevu*, Sarajevo 2006, 43–50.
[28] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 88–89.

Теќињата во зависност од *тарикатот*, формата и големината се нарекувани *завие*, *ханках*, *рибат*, *мевлевихане*, *календерхане*, *дергах*, *тиреви*, *џемеви*, *софихане*, *кадирхане*, *аситане* итн.[29]

1.1. КРАТОК ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА СУФИЗМОТ НА БАЛКАНОТ

Многу е тешко да се одвојат дервишките редови само во Македонија и како такви да се обработуваат, со оглед на тоа што тие се најтесно поврзани со соседните земји што ѝ припаѓале на некогашната Отоманска Империја[30].

Добро е познато присуството на дервишите и бројните дервишки *тарикати* на подрачјето на Балканот од османлиската доба, што во континуитет се одржало до денешни дни. Преминувајќи на Балканскиот Полуостров, Османлиите со себе ја донеле својата религија, сунитскиот ислам, но, исто така, паралелно со сунитскиот ислам, на Балканот навлегол и суфизмот, содржан во учењето на разните дервишки редови[31]. Познато е дека дервишките редови веќе од самиот почеток на османската власт во нашите краеви (14 век) заземаат активно учество во процесот на формирање населби и ширење на исламот и исламско-ориенталната култура[32].

На Балканот, кога ќе се спомнат суфиските редови или *тарикати*, главно се добива претстава на заштитници, бранители и пропагатори на исламот. Придонесот што го дале суфиските шејхови (како во минатото така и денес) и нивните следбеници организирани во суфиски, дервишки (х)алки е огромен[33].

Основачите на теќињата, шејховите, и нивните дервиши, поради своето отворено и хумано однесување, биле многу омилени кај народот. Помеѓу многубројните активности што ги вршеле, треба посеб-

[29] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 88.

[30] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 105.

[31] Стојановски Александар, редактор, *Историја на македонскиот народ*, том втори, „Македонија под турска власт (од XIV до крајот на XVIII век)“, Институт за национална историја, Скопје 1998; Čolić Ljiljana, *Derviški redovi muslimanski: Tekije u Skoplju*, Filološki fakultet u Beogradu, knjiga LXXIV, Beograd 1995, 6.

[32] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 5.

[33] Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu“, *Znakovi vremena*, vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005, 194.

но да се истакнат моралното воспитување, бесплатното делење храна на сиромашните, грижата за ужалените и луѓето што имале проблеми, давањето помош на немоќните. Сите луѓе, без разлика на раса, пол, етничка или верска припадност, можеле без каков било проблем во теќињата да најдат храна и засолниште[34].

Влијанието на дервишките редови се ширело од суфиските центри – теќиња, кои постоеле во повеќе градски населби и во многу села во Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Бугарија, Грција и на Косово. Во споменативе области биле раширени разни дервишки редови, како што се: мевлеви, накшибенди, халвети, кадири, рифаи, бекташи, хамзеви и др., кои давале одреден тон не само на религиозна туку и на општествена и културна атмосфера во споменатите области[35].

Моќта на влијанието и нивната функција во балканските општества е видлива по бројот и разноликоста на *тарикатите* што со векови дејствувале на ова подрачје (и сè уште дејствуваат). Најбројни и најраспространети *тарикати* за време на отоманското владеење биле редовите халвети (khalwatiyyah) и бекташи (bektashiyyah). Овие два *тарикати* доминирале на отоманскиот Балкан за целото време на отоманската ера[36].

Редовите накшибенди (naqshbandiyyah), кадири (qadiriyyah) и рифаи (rifa'iyyah) следеле веднаш зад нив по значењето, во однос на бројот на следбеници и територијалната застапеност. Изненадувачки, сите три последно споменати реда некако успеале да останат до денес и прилично да ја зачуваат популарноста. Неколку други *тарикати*, како мевлеви (mawlawiyyah), бајрами (bayramiyyah), мелами (malammiyyah), садии (sa'diyyah), џалвети (jalwatiyyah), шазили (shadhiliyyah) и бедеви (badawiyyah), се појавиле во различни временски периоди и со различен интензитет за време на отоманската доба, дел од нив се свеле до степен на исчезнување, а некои од нив наполно исчезнале[37].

[34] Ratkovčić Rosana, „Prisutnost derviša na području Slavonije i Srijema u vrijeme osmanske vladavine", *Scrinia slavonica*, br. 14, Slavonski Brod 2014, 55.
[35] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 5.
[36] Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu", *Znakovi vremena*, vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005, 194.
[37] Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu", *Znakovi vremena*, vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005, 194–195.

Првите навестувања за присуство на одредени дервишки редови на Балканот, според одредени претпоставки[38], се појавиле со поединци мисионери што доаѓале на Балканот уште пред османлиските освојувања, со што создале поволни услови за прифаќање на исламот на овие простори.

Кога зборуваме за присуството на дервишите мисионери на Балканот пред османлиските освојувања, неминовно е да се спомне името на мисионерот Сар' Салтук, кој, според преданијата, одиграл значајна улога во ширењето на суфизмот на Балакнот[39].

Сар' Салтук се смета како патрон, заштитник на муслиманите, кој ги претставил и запознал исламот и Турците со Балканот[40]. Повеќето балкански *шарикаши* го сметале Сар' Салтук како припадник на нивните редови. Сепак, Сар' Салтук се здобил со поголемо почитување меѓу бекташите и, на Балканот, повеќе е познат како припадник на бекташкиот *шарикаш*[41].

Што се однесува до првите отомански суфии на Балканот, или првите дервишки населби, нивното присуство може да се датира веќе од првата половина на 15 век, односно нивната појава скоро оди рака под рака со навлегувањето и освојувањето на Осмалиите на Балканот. Меѓу првите дервишки редови што навлегуваат на Балканот се календерите и бекташите[42].

---

[38] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 51; Barkan, Ö. L., Osmanlı İmparatorluğunda Bir İskân ve Kolonizasyon Metodu Olarak Vakıflar ve Temlikler, İstila Devirlerinin Kolonizator Tük Dervişleri ve Zaviyeler, Vakıflar Dergisi, II, Ankara 1964, 279–353, во: Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 231; Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008; Hoca Fadıl, „Balkanlar'da İslamiyet'in Yayılmasında Sarı Saltuk'la İlgili Efsaneler ve Rivayetlerin Önemli", *Balkanlarda Islam: Miadı Dolmayan Umut*, Muhammet Savaş Kafkasyalı (Editör), Tika, yayın 19, 2016, 73–100.

[39] Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 231.

[40] İnalcık Halil, „Türkler ve Balkanlar", *Balkanlarda Islam: Miadı Dolmayan Umut*, Muhammet Savaş Kafkasyalı (Editör), Tika, yayın 19, 2016, 13.

[41] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008, 102.

[42] Aydinçe Nehri, „Balkanlarda Tarikatlar; Makedonya'daki Halvetîliğe Genel Bakış", *Eskişehir Osmangazi Ünivezirtesi İlahiyat fakultesi Dergisi*, II, 2015, 78; Clayer Nathalie, „Muslim Brotherhood Networks in South-Eastern Europe", *European History Online (EGO)*, Institute of European History (IEG), Mainz 2011-05-11. http://www.ieg-ego.eu/clayern-2011-en, 2.

Ран центар на бекташкиот дервишки ред на Балканот, кој долго време бил поврзан со османлиската воена единица јаничари, претставува теќето К'з'л Дели (тур. Kızıl Deli), уште познато и како Сеид Али Султан во Диметока. Токму оттука, вториот основач *Пир-и сани* на бекташите, Бал'м Султан, испраќа неколку свои ученици да го шират ова учење низ Балканот. Иако е тешко да се откријат детали за дејствувањето на овие рани бекташки ученици, сепак гробовите на некои од нив денес се присутни и ни сведочат за нивното присуство на Балканот. Такви се: Серсем Али-баба во Тетово, Демир-баба во близина на Разград (Бугарија) и неколку гробови во Албанија во градот Круја и во неговата околина[43].

Двајца други рани бекташки суфии во Босна биле Ајни-деде и Шамси-деде. Овие двајца старешини се населиле во Оглавак, во близина на Фојница, и основале дервишки *хорасан* (центар за учење). Едно од најпознатите бекташки теќиња во Босна и Херцеговина е теќето на реката Буна во Благај, кое датира од 1466 година[44]. Со текот на времето неколку различни дервишки редови живееле во ова теќе во Благај, вклучувајќи бекташи, халвети, кадири и накшибенди[45].

Во Македонија првото бекташко светилиште датира од 16 век. Станува збор за Х'д'р-баба теќето во Македонски Брод, кое се смета за едно од најстарите бекташки светилишта на територијата на Македонија. Бекташки теќиња, кои денес можат да се пофалат со својата активност на територијата на Македонија, се Харабати-баба, познато уште и како Серсем Али-баба теќе во Тетово, едно од најубавите и најрепрезентативните бекташки светилишта на Балканот; потоа, Дикмен-баба теќето во село Канатларци, Прилепско, и Х'д'р-баба теќето во Кичево.

Во 15 век и други *тарикати* почнуваат да навлегуваат и да наоѓаат плодна почва на Балканот. Така, на пример, од првата половина на 15 век може да се следи присуството на *тарикатот* бајрами, кои свои теќиња основаат во Скопје, Софија и Скадар, а веќе од втората половина на овој век, со свое присуство може да се пофалат накшибенди и халвети, но и некои други дервишки редови[46].

[43] Abiva Huseyin, *A Glimpse at Sufism in the Balkans*, https://www.alevibektasi.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=689%3Aa-glimpse-at-sufism-in-the-balkans&catid=46%3Aaratrmalar-ingilizce&Itemid=69, пристапено на: 28.8.2018.
[44] Hazen Julianne Marie, *Contemporary Bosnian Sufism: Bridging the East and West*, 2008, 51.
[45] http://tekijablagaj.ba/portfolio/o-tekiji/, пристапено на: 28.10.2018.
[46] Aydinçe Nehri, „Balkanlarda Tarikatlar; Makedonya'daki Halvetîliğe Genel Bakış", *Eskişehir Osmangazi Ünivezirtesi İlahiyat fakultesi Dergisi*, II, 2015, 78.

Накшибендискиот дервишки ред своја имплантација на Балканот за време на отоманскиот период прави преку шејховите што биле директни претставници на познатиот *муршид* Хваџах Убајдулах Ахрар (Khwajah Ubaydullah Ahrar). Меѓу нив позначајни биле Абдулах Илјахи, попознат како Мола Илјахи, и шејхот Лутфула, кој основал накшибендиско теќе во Скопје[47].

Исто така е веројатно дека најраните учители во Босна и Херцеговина, Ујран-деде и Темси-деде, биле поврзани со двајцата претходно споменати шејхови[48]. Првото накшибендиско теќе во Босна било изградено во Сараево по неговото освојување во 1463 година и било познато под две имиња: Искендер-паша или како теќето на шејх Мусафир[49].

Во Македонија за време на Османлиската Империја накшибендиски теќиња се регистрирани во следниве градови: во Кочани – теќето основано од страна на шејх Мехмед-ефенди, во Штип – основано од страна на шејх Азиз-баба, во Велес – основано од шејх Јахја-баба и др.[50]

Еден податок со кој оперираме укажува дека во 15 век во Босна и Херцеговина имаме присуство и на мевлевскиот дервишки ред, а негов претставник е теќето – *завие*, познато како Иса-бегово теќе[51].

Џемал Ќехаиќ, пак, споменува дека мевлевското теќе во Скопје се смета за едно од најстарите во југословенските земји[52]. Евлија Челеби, пак, за време на неговото патување низ Балканот дава одредени информации за мевлевско теќе во Скопје, при што вели дека еден конак на пашата бил користен како мевлевско теќе од страна на Мелек Ахмед-паша. Во *пост̄от̄* на ова теќе со текот на времето седнале повеќе *пост̄нешини*. Последниот *пост̄нешин* шејх Хак'-ефенди се иселил во

[47] Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatler, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018.

[48] Abiva Huseyin, *A Glimpse at Sufism in the Balkans*, https://www.alevibektasi.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=689%3Aa-glimpse-at-sufism-in-the-balkans&catid=46%3Aaratrmalar-ingilizce&Itemid=69, пристапено на: 28.8.2018.

[49] Hazen Julianne Marie, *Contemporary Bosnian Sufism: Bridging the East and West*, 2008, 51.

[50] Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatler, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018.

[51] *Formiranje, zadaci i rad Tarikatskog centra u BiH u proteklih 40. godina*, http://tarikatskicentar.ba/2018/02/19/formiranje-zadaci-i-rad-tarikatskog-centra-u-bih-u-proteklih-40-godina/, пристапено на: 16.8.2018; Čelebi Evlija, *Putopis: odlomci o jugoslovenskim zemljama*, Svjetlost, Sarajevo 1967, 124.

[52] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 21.

Истанбул во 1955 година, на тој начин најавувајќи го крајот на ова мевлевско светилиште.

Во Скопје има и мевлевиско теќе. Мевлевиското теќе во илјада деветсто педесет и пета мислам се урива[53].

Освен во Скопје, мевлевски теќиња постоеле во Битола, Штип, Велес, Крива Паланка[54], а исто така мевлевите успеале да основаат значајни теќиња во Пловдив, Серез, Солун, Елбасан, Белград, Сараево и др. Поради високиот софистициран изглед на редот, неговата привлечност главно била ограничена на градовите и на образованата елита.

Цврсто вкоренети во отоманската владејачка класа во Истанбул, за време на првите декади од 16 век, шејховите на неколку огранаци на редот халвети испраќале свои полномошници, заменици и пратеници на различни места на Балканот. Халветскиот ред бил популарен и модерен *тарикат*, кој востановил дословно стотина теќиња во скоро секое место на полуостровот. Огранокот ѓулшени (gulseniyyah) многу рано се појавил во јужна Албанија и во подрачјето на Епир, а огранокот џемали (jamaliyyah), претставуван од Челеби-халифе (п. 899/1493/1494), својата матична „база“ ја воспоставил во Софија (Бугарија) и Ужице (Србија), од каде што тој *тарикат* се ширел понатаму во Босна и во отоманска Унгарија[55]. Во Ужице халветско теќе од *колот* џемали отворил шејхот Муслихудин-ефенди, а неговиот *пост* го наследил неговиот син шејх Хасан (п. 1678 г.), кој, пак, бил наследен од шејх Иса.

Исто така, Евлија Челеби, при неговиот престој во Белград во 1660 година, меѓу 17-те постоечки теќиња, спомнува и едно халветско теќе, кое било управувано од шејх Куруџузаде[56].

Во овој период е забележано присуство и на синани (sinaniyyah) и сунбули (sunbuliyyah), кои имале теќиња во различни градови, од Сараево преку Ниш и Скопје до Атина[57].

Едно халветско теќе во Белград, во кое поглавар бил шејх Хамза-деде, се верува дека припаѓало токму на огранокот синани[58].

---

[53] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

[54] Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatler, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018.

[55] Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu“, *Znakovi vremena*, vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005, 196.

[56] Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti Tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/, пристапено на: 3.9.2018.

[57] Abiva Huseyin, *A Glimpse at Sufism in the Balkans*, https://www.alevibektasi.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=689%3Aa-glimpse-at-sufism-in-the-balkans&catid=46%3Aaratrmalar-ingilizce&Itemid=69, пристапено на: 28.8.2018.

Нов бран на ширење на редот халвети се случил кога нови подредови џерахи (jarrahiyyah), карабаши (karabaşiyyah) и хајати (hayatiyyah) стапиле на сцена во 17 и 18 век. Овие три подредови, всушност, ги замениле старите ограноци и застанале на чело на присуството на халветите во Албанија, на Косово и во Македонија, каде што овие редови постојат и денес, иако во значително помал број. Накратко кажано, 17 век бил период кога во сите делови од Османлиската Држава во голема мера се граделе халветски теќиња[59].

На почетокот на 17 век, уште еден *тарикат* се појавува на Балканот. Тоа е *тарикатот* кадири, кој во 1660-тите години свои теќиња има во Призрен – теќето Курила на шејх Хасан Хоросан, во Берат – теќето на шејх Ахмед, во Скопје – теќето на Алди Султан и во Босна – теќето на Хаџи Синан. Кадирскиот *тарикат* се проширил во Босна поради работата на истакнатиот шејх Хасан Каими-баба во 1691 г.[60]

Во Македонија, кадирски теќиња се среќавале во селото Сопот во близина на Куманово, во Охрид, потоа во Дебар, каде што било изградено кадирско теќе од страна на шејхот Хамза[61].

Исто така, од крајот на 17 век на овие простори е присутен и *тарикатот* садии, преку дејствувањето на шејхот Аџизи-баба, кој го основал главното теќе во Призрен, а подоцна *тарикатот* се проширил и во други делови на Косово, во Албанија и во Македонија. Садиско теќе во Македонија е забележано во Скопје, основано од Вафа-баба, кој дошол од Косово. На *постот* во ова теќе седнале: шејх Мехмед Али, шејх Мухарем, шејх Шабан, шејх Рифат и шејх Али Риза[62].

Друг дервишки ред со арапско потекло е рифајскиот, кој дошол на Балканот во два брана. Првиот, во доцните 1700-ти, кој бил ограничен само на територијата на Македонија и Бугарија, а вториот бран нешто подоцна, кон крајот на 19 век, кој го осигурил воспоставувањето

[58] Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti Tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/, пристапено на: 3.9.2018.

[59] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 116.

[60] Abiva Huseyin, *A Glimpse at Sufism in the Balkans*, https://www.alevibektasi.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=689%3Aa-glimpse-at-sufism-in-the-balkans&catid=46%3Aaratrmalar-ingilizce&Itemid=69, пристапено на: 28.8.2018.

[61] Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatler, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018.

[62] Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatler, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018.

на редот како значајна сила во балканскиот суфизам[63]. Па така, рифајски теќиња среќаваме во: Скопје, Велес, Битола, Валандово и Кочани. Од сите тие, најзначајно и најактивно било рифајското теќе во Скопје, кое било основано во 1817 година од страна на шејхот Мехмед бин Исмаил[64].

Во 18 и 19 век, припадниците на халветскиот огранок џерахи (jarrahiyyah) објавиле значајна задача во повторното воспоставување на исламскиот живот во Мореја (Грција) и подоцна во Бугарија. Настроени реформаторски, халветска подгранка шабани (sha'baniyyah) се проширила и во Босна и во Бугарија во 19 век и доживеала значаен, иако краткотраен успех[65].

За присуството на халветскиот дервишки ред на територијата на Бугарија дознаваме преку делото на Халми Мехмед со наслов „Халветскиот *тарикат* во Бугарија", во кое дава опис на некои халветски теќиња и *завија*. Тој ги спомнува: халветското теќе во селото Ќосели во околината на Берковица; Кавак-баба *завие* во Трново; во Силистра – теќе Дервиш-ефенди и Куршунлу теќе-џамија; во Шумен – теќето Абдулхај-ефенди и теќето Мухнизаде Мехмед-паша; во Варна – теќето Јеничери Пири-ефенди; во Софија – халветкото теќе Хекиме Хатун, потоа *завиетто* шејх Бали-ефенди, *завиетто* шејх Бајрам-ефенди; во Ќустендил – теќето Мудерис шејх Мустафа и теќето шејх Али-ефенди; во Неврокоп – теќето Синани; во Татар Пазарџик – *завиетто* на Курд-ефенди, како и теќето на шејх Ахмед-ефенди; во Пловдив – *завие* и џамија шејх Нуредин, *завиетто* на Хасан-ефенди Ушаки и теќето на Хасан-ефенди Ѓулшени, како и *завиетто* на шејх Химет-ефенди, *завиетто* на шејх Исмаил-ефенди и теќето на Ахмед-ефенди; во Казанлак – *завиетто* на Алаедин-баба; во Бургас – *завиетто* шејх Мехмед Ибрахим; во Карнобат – халветското теќе Ибрахим-ага и халветското теќе Керамедин[66].

Од Џемал Ќехаиќ, пак, преку неговото дело „Дервишките редови во југословенските земји со посебен осврт на Босна и Херцеговина", дознаваме за теќињата од халветскиот *тарикат* во Босна и Херцегови-

[63] Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu", *Znakovi vremena*, vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005, 201.
[64] Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatler, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018; Čolić Ljiljana, *Derviški redovi muslimanski: Tekije u Skoplju*, Filološki fakultet u Beogradu, knjiga LXXIV, Beograd 1995, 17.
[65] Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu", *Znakovi vremena*, vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005, 197.
[66] Halmi Mehmed, „Bulgaristan'da Halveti tekkeleri", *Kafkas Üniversitesi İlahiyat Fakültesi Dergisi*, sayı 6, 2016, 69–77.

на. Меѓу нив ги споменува: Гази Хусрев-беговото теќе во Сараево, кое е изградено во 1531 година, *ханеках* на шејхот Ибрахим Бистригиј во Сараево, Елчи Ибрахим-пашин ханеках во Травник, халветско теќе во Вишеград, Рудом, Бјелина и Долна Тузла, теќе во Коњица, Благај и Прусац. Во Србија биле застапени халветите со подограноците: синани и џемали, и тоа синани имало во Белград, додека џемали во Ужице[67].

На Косово најчест дервишки ред бил токму халветскиот. Градот Призрен се сметал за центар на халветскиот дервишки ред во Косово. Во центарот на градот од страна на Пир Осман-баба било основано халветското теќе Сарачхане. Откако го завршил основното образование во неговиот роден крај, Пир Осман во Серез добил *џиазет* од страна на шејх Хусеин Серези, па враќајќи се во Призрен во 1713 година основал *аситашане* и воедно придонел за ширење на халветскиот *тарикат*. Во Сарачхане теќето како *поститнешини* седнале: шејх Осман, шејх Ахмед, шејх Синан, шејх Хусеин, шејх Џемалудин, шејх Шехабудин, шејх Алаудин, шејх Хусеин, шејх Хасан, шејх Нџати, шејх Абидин[68].

Подоцна, од ова *аситашане*, *џиазет* добиваат разни шејхови, кои основаат халветски теќиња во повеќе населени места во Косово: во Ѓаковица, Топаница (Косовска Каменица), Прешево, Ораховац (Раховец), Пеќ, Гњилане, Митровица, Јуник[69].

Во Албанија, исто така, халветскиот *тарикат* наоѓа полодна почва. Едно од повлијателните теќиња во Албанија било халветското теќе во Корча, основано во 1490 година од страна на Мирахор Илјас-бej (Mirahor İlyas bey). Во 16 век халветскиот *тарикат* се проширил и во градовите: Делвина, Валона и Берат[70].

Во подоцнежниот период халветски теќиња и *завија* ќе никнат и во следниве населени места: во Хас, Лума, во Нанха во околината на Кукс, Пешкопеја, Тирана, Мат, Скадар, Елбасан, Берат, Подградец, во селото Шенѓерѓ, во Лесковик, Билишта (близина на Корча), во Пермет, во Тепелена, во Валона, во Ѓирокастро[71].

---

[67] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986.

[68] Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti Tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/, пристапено на: 3.9.2018; Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 110.

[69] Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti Tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/, пристапено на: 3.9.2018.

[70] Clayer Nathalie, *L'Albanie pays des derviches*, Berlin et al. 1990, 13, во: Изети Метин, *Тековиште на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008.

[71] Изети Метин, *Тековиште на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 166–168; Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti Tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/ пристапено на: 3.9.2018.

Како и накшибендиските шејхови така и халветските шејхови биле бранители и заштитници на конвенционалниот ислам. Многу угледни балкански *алими* во периодот од 16 до 18 век биле на некој начин со овој *тарикат*. Значаен пример бил истакнатиот балкански муслимански теолог од Софија, Софјали Бали-ефенди (роден 1553), кој, заедно со другите халветски шејхови, имал активна улога во борбата против неконформистичките верувања и движења (како што било движењето хамзеви (hamzawi) во Босна и кизилбаш во Бугарија), кои се вкорениле меѓу муслиманските и неомуслиманските жители.

За целото време на отоманската власт, на суфизмот на Балканот му помагале некои тенденции што му дале значаен и вистински квалитет. Прво, скоро сите шејхови на *тарикати* халвети, накшибенди и кадири припаѓале на највисоката каста на *улемата*. Многу шејхови што со себе „донеле“ *тарикати* на Балканот биле, главно, образовани на влијателни теолошки институции (madrasahs) во Истанбул, Багдад, Каиро, Дамаск и Медина[72].

Во урбаните средишта на Грција, Бугарија, Македонија и Србија (кои во најголема мера биле туркофони), халвети, рифаи и кадири ја докажале својата прифатливост кај оние што биле наклонети кон следење на духовниот пат. Со гласните и физички силни обреди на *зикр* (dhikr) овие *тарикати* неспорно биле особено привлечни на масите следбеници, наспроти многуте тихи и надворешно повлечени церемонии на накшибендите, а особено високо интелектуалната филозофија на мевлевите. Понатаму, особено овие три *тарикати* останале во рамките на конвенционалниот сунитски светоглед (за разлика од бекташите), што во голема мера ги одбранило од општото општествено жигосување.

Во последните 50 години од владеењето на Османлиите, имаме претставници на *тарикатот* мелами-нури на територијата на Македонија, и тоа во следниве населени места: Солун, Скопје, Струмица, Битола, Дедели, Дојран, Тиквеш, Кочани, Штип, Велес, Пагаруша и др. Исто така овој *тарикат* е присутен и на Косово, во Ѓаковица, Ораховац, Призрен и Суви Дол, како и во Босна и Херцеговина[73].

[72] Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu“, *Znakovi vremena*, vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005, 201.

[73] Aydinçe Nehri, „Balkanlarda Tarikatlar; Makedonya'daki Halvetîliğe Genel Bakış“, *Eskişehir Osmangazi Ünivezirtesi İlahiyat fakultesi Dergisi*, II, 2015, 80; Clayer Nathalie, *Mystiques État et Société, Les Halvetis dans l'aire balkanique de la fin du XV^e siècle à nos jours*, Leiden 1994, 9, во: Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008

Слабеењето на суфиските редови на Балканот се одвивало во склад со опаѓањето на влијанието на отоманската власт. Прва земја што била на удар на овој опаѓачки бран биле делови на Славонија, кои до првата половина на 18 век биле наполно „исчистени“ од муслиманско население.

Според сето тоа, непрестајните миграции на муслиманското население од Босна воделе до брзо пропаѓање на неколку редови. До 1930-тите редот халвети дословно исчезнал од Босна и Херцеговина, а до крајот на Втората светска војна овој ред немал ниту едно активно теќе[74].

Иако и накшибендите и кадирите продолжиле со својата работа, тие биле ограничени на места каде што имало муслиманско население во централна Босна.

Годината 1952 се затворени сите постоечки теќиња и нивните активности во целост се забранети[75], не, како што би се помислило на прв поглед, од комунистичката власт, туку од модернистички ориентираната *улема* што раководела со Исламската заедница, под силно влијание на владејачките структури, кои братствата и шејховите ги сметале за остатоци од архаичното празноверие и воведување на новотарии (bidah) во верата. Сите теќиња во Босна и Херцеговина (ги имало вкупно седум) официјално се затворени, додека теќињата на Косово и во Македонија продолжиле со својата активност, пред сè, се чини, поради тоа што куќите на шејховите главно служеле како теќиња. Оваа забрана се одржала сè до седумдесеттите години на минатиот век, кога, најмногу благодарение на настојувањата на угледните научници во муслиманската заедница, шејх и имам Фејзулах Хаџибајриќ (починал 1990 г.) и рифајскиот шејх од Призрен Џемали Шеху (Xhemali Shehu), доаѓа до обновување на суфизмот во Југославија[76].

Во 1967 година, Енвер Хоџа во Албанија ја анатемисал целосната религиозна вера и целосно ја забранил. Голем број свештени лица од сите вери биле погубени или затворени. И покрај овие драконски мерки, многу семејства ги зачувале суфиските традиции живи, дејствувајќи во тајност.

Кога забраната за религија била укината во Албанија во 1991 година, единствено само бекташите и халветите имале шејхови што сè уште биле живи. Бекташите нашле поволна прилика и почва за нивна

[74] Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu“, *Znakovi vremena*, vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005, 203.
[75] Novaković Dragan, „Delovanje Zajednice islamskih derviških redova Alije (ZIDRA) na Kosovu i Metohiji 1974–1991.“, *Istorija 20. veka*, br. 2, god. 20, 2002, 106.
[76] Vukomanović Milan, *Šta je tesavuf?* https://pescanik.net/sufizam/, пристапено на: 13.8.2018.

реорганизација. Седиштето на *тарикатот* било вратено од страна на владата, кое за време на режимот на Енвер Хоџа било претворено во старечки дом, а неколкуте преостанати старешини почнале повторно да го предаваат бекташкото учење. Бекташкиот ред успеал да регрутира млади дервиши и да издава месечно списание „Уртесија“ (Urtësia)[77].

Прогресивната либерализација на верските политики во Титова Југославија од 1960 година, па наваму, овозможила како самостојна организација да се формира „Сојуз на исламски дервишки редови на Алија“ (СИДРА) во 1974 година[78], со цел унапредување на проучувањето и практикувањето на *тасавуфот* (tasawwuf). Оваа организација била со седиште во Призрен, а набрзо започнала издавање на своето списание под наслов „ХУ“. Оваа организација четири години подоцна го променила називот во ЗИДРА – Заедница на исламски дервишки редови на Алија во СФРЈ. Според пишувањето на списанието „ХУ“, во Југославија во 1978 година бројот на дервиши бил поголем од педесет илјади[79].

Исто така, на 30 мај 1977 година во Босна и Херцеговина е формиран „Тарикатски центар“ во Сараево, кога е донесена и одлука за соработка со ЗИДРА. Најзаслужен за формирање и профилирање на *Тарикатскиот центар*, како и за легализација на неговата работа и враќање во состав на исламската заедница во Босна и Херцеговина е Фејзулах Хаџибајриќ. Тој исто така го иницирал списанието на *Тарикатскиот центар* во Босна и Херцеговина, „Шеби арус“ (Šebi arus), и бил првиот негов уредник[80].

Со воспоставување на оваа организација, забраната што претходно ја ограничувала работата и дејствувањето на дервишките редови во Босна и Херцеговина е укината и е ставена вон сила. До осумдесеттите години, суфизмот со неговата улога во босанската култура повторно дава заслужено значење во исламската периодизација, дополнително нагласувајќи го автентичното движење[81].

Иако не морале да ги искусат босанските и косовските маки, *тарикатите* во Македонија најмногу биле изложени на иселување на

[77] Abiva Huseyin, *A Glimpse at Sufism in the Balkans*, https://www.alevibektasi.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=689%3Aa-glimpse-at-sufism-in-the-balkans&catid=46%3Aaratrmalar-ingilizce&Itemid=69, пристапено на: 28.8.2018.

[78] Novaković Dragan, „Delovanje Zajednice islamskih derviških redova Alije (ZIDRA) na Kosovu i Metohiji 1974–1991.“, *Istorija 20. veka*, br. 2, god. 20, 2002, 108.

[79] Čolić Ljiljana, *Derviški redovi muslimanski: Tekije u Skoplju*, Filološki fakultet u Beogradu, knjiga LXXIV, Beograd 1995,,9.

[80] http://tarikatskicentar.ba/biografije-laureta/, пристапено на: 28.10.2018.

[81] Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu“, *Znakovi vremena*, vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005, 204.

муслиманската популација во Турција. До шеесеттите години на 20 век, многу теќиња на подрачјето од средна и источна Македонија, кои некогаш ги населувале Турци, се опустошени како резултат на преместувањето на населението. Особено тука треба да се спомне „Договорот за слободна емиграција“, склучен помеѓу ФНР Југославија и Република Турција, во 50-тите години на 20 век, познат уште и како „Џентлменски договор“, со кој се предвидува иселување на турското население од ФНР Југославија во Република Турција. Овој договор бил судбоносен за *тарикатскиот* живот и теќињата во Македонија[82].

Тие зғаснуваат илјада деветсто педесет и седма ғодина. Со заминувањето на шејховите и дервишите... Се преселуваат ғолем број на дервиши и шејхови од Скопје, Велес, Штип и други места. Тие се населуваат во Истанбул, Маниса, Измир[83].

Денес уште може да се пронајдат нечепнати турбиња на шејхови во подрачјата каде што муслиманите не сочинуваат никаков фактор во демографска смисла. Сепак, локалното христијанско население на тие места сè уште им укажува посебна почит и внимание[84].

[82] Дел од овие теќиња со времето се разрушени, а некои пак намерно се срушени од страна на одредени режими на балканските држави. Меѓутоа, еден значаен број на теќиња се останати до денешни дни, како на пр. Харабати-баба теќето во Тетово, халветското теќе во Благај, халветихајатските теќиња во Струга и Охрид, халветското теќе во Призрен, бекташкото теќе во Ѓаковица, бекташкото теќе во Круја и др. Види: Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008.

[83] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

[84] Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu“, *Znakovi vremena,* vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005; Stoyanov Yuri, *Sufi-related Discourses and Controversies in Late- and Post-Communist South East Europe – Regional and Transregional Patterns.*

2. ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ – ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Кога со моите пријатели, одредени познајници или колеги од областа на етнологијата и антропологијата, но и од сродни научни дисциплини, ќе сме воделе разговор на тема ислам и дервишки редови, или ќе ме прашале која е областа на моето истражување, односно која е мојата научна специјалност, ќе сум кажел дека тоа е суфизмот, неговата практична страна, поточно дека се занимавам со проучување на дервишките редови. Тоа што следи по мојот одговор е реплицирање од страна на моите соговорници од типот: *Хм, би требало да е тоа нешто многу интересно?! – Ох, супер, тоа се оние кои при духовна екстаза се бодат со остри предмети по нивните тела*. Или: *Аха, да, знам, оние кои при нивните обреди играат и се вртат во круг со широки фустани*. Дури и кога ќе сум одговорел уште попрецизно, дека го проучувам дервишкиот ред бекташи или дервишкиот ред халвети, повторно сум ги добивал истите одговори.

Од ваквите изјави можеме да извлечеме два главни заклучоци што се наметнуваат. Прво, нивото на познавање на дервишките редови е премногу мало не само во поширокаата јавност туку и во некои потесни верски и научни кругови, и второ, помеѓу луѓето преовладуваат перцепции за оние дервишки редови што побудувале интерес, пред сè, поради занимливоста на нивните обреди, како што е случајот со рифаите и мевлевите. Понекогаш се добива и погрешна претстава дека токму тие два дервишки реда се најзастапени, па дури дека се и единствени претставници на дервишките редови.

Разбирливо е дека овие два дервишки реда повеќе го привлекувале вниманието на луѓето. Но, факт е дека, покрај овие два реда, егзистирале и другите дервишки редови и дека некои од нив имале многу поголемо влијание од гореспоменатите два[85]. Така, на пример, според разни истражувачи, халветскиот дервишки ред за кој станува збор во оваа книга бил распространет во Македонија и со најголем број привржаници, а тоа може да се види и од теќињата и турбињата што постојат. Ваквиот факт укажува дека неговата улога во животот на муслиманите од овој крај била голема и за респектирање.

[85] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959.

Воедно, халветскиот дервишки ред бил најраширен *тарикат* на Балканот во османлискиот период. Преку овој *тарикат*, особено во 18 и 19 век, во многу простори на Балканот, е претставуван суфискиот поглед на исламската вера[86].

Во продолжение ќе се обидеме да дадеме некои податоци за халветскиот дервишки ред, краток историски преглед, за неговите почетоци, развој, распространетост итн.

Уште во првите векови од појавата на исламот, се јавила тенденција кон директно спознавање на Бог преку нагласување на мистичен приод и аскетски живот, тенденција позната како суфиско движење.

Со текот на времето, поточно од дванаесеттиот век, суфизмот, во рамките на исламската култура, се институционализирал во форма на дервишки редови или *тарикати*[87].

Во исламот постојат голем број дервишки редови, но само 12 од тој број се сметаат за основни, кои своето потекло го сврзуваат со имамот Али и неговата фамилија. Секој од тие редови се разгранувааt на повеќе или помалку ограноци, кои добиваат свои имиња по основачите, но не ја прекинуваат врската со својот главен ред од кој потекнуваат[88].

Халветскиот дервишки ред ѝ припаѓа на оваа група од дванаесетте основни дервишки редови. По имамот Али и Хасан ел Басри, кои се сметаат за основачи на сите дервишки редови, како вистински основач на халветскиот дервишки ред се смета шејх Абдулах Сирацудин Омер бин Екмелудин Лахиџи[89] или познат како Омер Халвети.

Омер Халвети е роден во Лахиџан, во провинцијата Гилан, денешен Иран, а младоста ја поминал во Харзем покрај неговиот чичко Ахи Мухамед бин Нур ел Халвети[90]. Точната година на неговото раѓање е непозната, но се знае дека починал во 1397 година или 800 година по хиџра. Во дервишкиот ред го вовел токму неговиот чичко, кој важел за извонреден познавач на исламската наука и теологија. Кај него Омер Халвети го поминал својот *сејр-у сулук* од кого добил и *хилафет* за шејх. По смртта на шејхот Ахи Мухамед во 1378 година, Омер Халвети станал негов наследник – *халифе*. Кратко време потоа, седум пати ја извршил светата должност аџилак во Мека[91].

[86] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 150.
[87] Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 219.
[88] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*,. I (1958–1959), Штип 1959, 107.
[89] Güner Ahmed, *Tarikatlar, Milliyet in okuyucularına armağanıdır*, İstanbul 1986, 83.
[90] Güner Ahmed, *Tarikatlar, Milliyet in okuyucularına armağanıdır*, İstanbul 1986, 83.
[91] Tayşi Mehmet Serhan, *Ömer el-Halveti*, İslam Ansiklopedisi, sv. XXXIV, Türkiye Diyanet Vakfi, İstanbul 2007, 65.

Според традицијата, шејх Омер уште како ученик (*мурид*) ја засакал самотијата, изолираноста, осаменоста, така што се повлекол четириесет дена во самотија (*халвет*), во шупливото стебло на еден чинар што се наоѓал на врвот на еден рид. Во литературата се наведува дека четириесет пати по четириесет дена живеел во *халвет*[92]. Од страна на неговите современици го добил прекарот *Халвет*, а по него и *тарикатот* е наречен халветски. Зборот *халвет* значи – самотија, да се биде осамен, меѓутоа како суфиски термин значи да се води интимен разговор со Бога[93], бидејќи во самотија мистикот најмногу другарува со Бог[94].

Шејхот Омер Халвети наследил седум *зикрови* од шејхот Захид Гејлани, преку својот шејх Ахи Мухамед. Тие *зикрови*, уште наречени *есма-и себ'а* или седумте Алахови имиња, се: *Ла илахе илалах* (La ilahe illallah), *Алах* (Allah), *Ху* (Hu), *Хак* (Hakk), *Хај* (Hayy), *Кајум* (Kayyum), *Кахар* (Kahhar).

Со помош на тие *зикрови* духовниот патник заминува на духовен пат (seyr-ü süluk) и го воспитува својот *нефс*, кој, според учителите на *тасавуфот*, поминува низ седум етапи[95]. Во склад со ова воздигнување и со фазите на духовното усовршување, постојат седум степени (*маками*/maqam) низ кои поминува човечката душа.

1. En-nefs emmare bis-su' – душа што е склона на зло.
2. En-nefs el-levvame – душа што сама себе се прекорува.
3. En-nefs el-mulhime – вдахновена душа.
4. En-nefs el-mutmeinne – смирена душа.
5. En-nefs er-radijja – задоволна душа.
6. En-nefs el-merdijja – душа со која Возвишениот Алах е задоволен.
7. En-nefs el-kamila – совршена душа.[96]

Што се однесува до учењето и процедурата на *зикрот*, сите огранци ги следат принципите на халветскиот ред, како што тоа го зацртале првите учители и основачи на редот. Во прашање било само

[92] Tayşi Mehmet Serhan, *Ömer el-Halveti*, İslam Ansiklopedisi, sv. XXXIV, Türkiye Diyanet Vakfi, İstanbul 2007, 65; Yılmaz Hasan Kamil, *Tasavvuf ve tarıkatlar*, Ensar, Istanbul 2004, 262.
[93] Şapolyo Enver Behnan, *Mezhepler ve tarikatlar*, 172; Islam Ansiklopedısi, 120-cuz, Tarikat-Teberke, Istanbul, 1970, 9/1.
[94] Špehar Milan, „Mistika u velikim nekršćanskim religijama židovstvu i islamu", *Obnovljeni život* 65, 1, 2010.
[95] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak", *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 84–85.
[96] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak", *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 86.

тоа на што повеќе да се инсистира. На пример, основачот на џерахискиот огранок, шејх Нуредин Мехмед Џерахи (1673 – 1721), го зголемил бројот на *есма-и хусна* (убавите божји имиња) во *зикрот* на дваесет и осум, а кај овој огранок бил омилен заедничкиот играчки *зикр*, наречен *ѳалға тевхиѳи*, кога дервишите со забрзано темпо, налик на брановите на морето, се движеле кон *киблата* – глетка што страшно влијаела на присутните[97].

Омер Халвети ги синтетизирал учењата, практиките и духовното воспитување што го стекнал од духовниот учител Ибрахим Захид Гејлани преку неговиот чичко Мухамед Нур ел Халвети, кој извршил огромно влијание врз неговиот духовен раст и развој[98]. Сите тие учења, практики и духовно воспитување ги пренел на своите ученици. Шејх Омер Халвети се преселил на *ахиретот* 1397 година, во Тебриз[99].

Шејх Омер Халвети ги засновал основните начела *ерќан* и *усул*; *аѳаб* (adab) на седумте убави божји имиња (esma-i seb'a), што се учи во *зикротот*. Меѓутоа, шејх деде Омер Рушани го зголемил халветскиот *зикр* на дванаесет имиња, додавајќи: *Ја Вахаб* (Ya Vahhab), *Ја Фетах* (Ya Fettah), *Ја Вахиѳ* (Ya Vahid), *Ја Ехаѳ* (Ya Ehad), *Ја Самеѳ* (Ya Samed)[100]. Како и кај другите редови, и халветското братство имало и девран[101].

За разлика од некои други дервишки редови, кои своето име го имаат добиено од името на својот основач или градот во кој никнале, халветскиот дервишки ред со своето име ја објаснува и суштината на редот, како и начинот на кој ја исповедува својата религија.

---

[97] Şapolyo Enver Behnan, *Mezhepler ve tarikatlar*, 174; Islam Ansiklopedısi, 120-cuz, Tarikat-Teberke, Istanbul, 1970, 9/1; според: Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 82.

[98] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak", *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 75–76.

[99] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak", *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 85–86.

[100] Şapolyo Enver Behnan, *Mezhepler ve tarikatlar*, 174; Islam Ansiklopedısi, 120-cuz, Tarikat-Teberke, Istanbul, 1970, 9/1; според: Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986,,81.

[101] Девран – значи време, доба, епоха, тркало на среќа. Земено во мистичка смисла, кај дервишките редови значи вртење, игра на дервишите за време на *зикротот* со музичка придружба, кога ќе ги стават рацете на рамења едни на други. Таа игра дервишите со дервишки облеки ја изведуваат со своите шејхови на заеднички обред – *зикр* во *семаханетоо* во теќето. Тие се вртат десно-лево, изговарајќи: La ilahe illa'llah Allah итн., со тек на време да паднат во занес и екстаза. Види: Şapolyo Enver Behnan, *Mezhepler ve tarikatlar*, 174; Islam Ansiklopedısi, 120-cuz, Tarikat-Teberke, Istanbul, 1970, 9/1.

Автентичните суфиски редови задолжително ги следи и *силсила*, непрекината традиција или континуиран синџир на именување на главните шејхови, наназад до пратеникот Мухамед. *Силсилаша* на халветите ги следи аливитската генеалогија, која изгледа вака:

- пратеникот Мухамед Мустафа (с.а.в.с.)[102]
- хазрети Али бин Ебу Талиб (р.а.)[103]
- имам Хз. Хусеин (а.с.)[104]
- имам Зејнел Абидин (а.с.)[105]
- имам Мухамед Бакир (а.с.)[106]
- имам Ја'фер-и Садик (а.с.)[107]
- имам Муса Казим (а.с.)[108]
- имам Али ер Риза (а.с.)[109]
- Хасан ел Басри[110]
- Хабиб б. Махмуд ел Аџеми[111]
- Давуд ет Таи[112]
- Маруф ел Керхи (к.с.)[113]
- Сири Секати (к.с.)[114]
- Џунејд ел Багдади (х. 298/911)[115]
- Ебу Али Ахмед Мимшад ед Диневери (х. 299/911)[116]
- Ебу Есвед ед Диневери (х. 366/977)[117]
- Нецибедин Амује Мухамед бин Абдулах ел Бекри (х. 441/1050)[118]
- Ебу Хафс Омер Вецихудин Кади ел Бекри (х. 503/1110)[119]
- Ебу'н Нецип ес Сухреверди (х. 563/1167)[120]

[102] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[103] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[104] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[105] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[106] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[107] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[108] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[109] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[110] Serin Rahmi, *Islam Tasavvufunda Halvetilik ve Haivetiler*, Petek Yayınalrı, Istanbul 1984, 78.
[111] Serin Rahmi, *Islam Tasavvufunda Halvetilik ve Haivetiler*, Petek Yayınalrı, Istanbul 1984, 78.
[112] Serin Rahmi, *Islam Tasavvufunda Halvetilik ve Haivetiler*, Petek Yayınalrı, Istanbul 1984, 78.
[113] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[114] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[115] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[116] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[117] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[118] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[119] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[120] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.

- Кутбедин ел Ебхери (х. 573/1178)[121]
- Рукнудин Синџаси ен Неџаши[122]
- Шихабедин Махмуд Тебризи (х. 702/1303)[123]
- Џемаледин еш Ширази (х. 759/1358)[124]
- Таџедин Ибрахим Захид Гејлани (х. 770/1369)[125]
- Ахи Мухамед Ширвани (х. 780/1378)[126]
- Сираџедин Пир Омер Халвети (х. 800/1397)[127]
- Садедин ел Фергани
- Ахи Мирем Халвети
- Хаџи Изедин ет Туркмени
- Садрудин Омер ел Хијави
- Сеид Јахја Ширвани[128].

Овој дервишки ред е еден од најумерените и најблиски до конвенционалниот ислам. Припадниците на овој дервишки ред без какви било отстапувања го исполнуваат сето она што е пропишано од шеријатот, но, тоа по нивно мислење е недоволно, и поради тоа го надополнуваат со заеднички молитви што ги вршат во теќето, наречени *зикр*. Халветите често се собираат во помали или поголеми групи, најчесто со својот старешина шејхот, рецитирајќи на тие свои собири *илахии* (песни исклучиво посветени на Бога), кои се со религиозно-филозофска содржина и во кои главно се зборува за смислата и содржината на животот, се велича името Божјо, се опишуваат патиштата како да му се приближат на Бога итн. *Илахиите* се пишувани најчесто од припадниците на халветскиот ред или пак се позајмени од други дервишки редови, како и од познати поети и филозофи[129].

Посебна одлика на овој ред е ставање акцент на индивидуалниот аскетизам (*зухд/zuhd*) и повлекување во осаменост (*халва/halwa*)[130].

[121] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[122] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[123] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[124] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[125] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[126] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[127] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[128] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak“, *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 91–92; Aydinçe Nehri, „Balkanlarda Tarikatlar; Makedonya'daki Halvetîliğe Genel Bakış“, *Eskişehir Osmangazi Ünivezirtesi İlahiyat fakultesi Dergisi*, II, 2015, 83.
[129] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 107.
[130] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak“, *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 78.

Друга одлика што го краси овој дервишки ред е тоа што тој е најраспространетиот дервишки ред, а воедно брои најмногу ограноци и подограноци од сите други дервишки редови[131].

Иако е општо прифатено мислењето дека халветскиот дервишки ред е основан од страна на Омер Халвети, по кого овој *тарикат* го носи своето име, сепак, треба да нагласиме дека човекот што е одговорен за утврдување на постојната структура на халветскиот ред, поединецот што ги унифицирал халветските правила е Јахја Ширвани (починал 1463/1464). Како резултат на оваа трансформација, Јахја Ширвани се смета за вториот светец и вториот основач (тур. İkinci Pir, перс. Pir-i Sani).

Од Омер Хальвети, па после надградбата на халветискиот тарикат доаѓа од Јахја Ширвани. Тој е фактички... Да, Пир-и сани. Ги поставува сите темели. И целата основа и практика и теорија, значи, прави еден редослед отприлика, една систематизација, така да кажам. Почнува од него, и после тоа нормално како се развива, се развива по колови[132].

Ваква пракса постои во многу дервишки редови, каде што поединецот што ги утврдил правилата на редот и ја оформил постојната структура не е самиот *пир* по кого е наречен дервишкиот ред, туку, најчесто, тоа е некој од неговите ученици и блиски соработници и следбеници. Друг сјаен пример за ваквата пракса е бекташкиот дервишки ред, каде што за *Пир-и сани* се смета Бал'м Султан, човекот што врз учењата и практиките на Хаџи Бекташ Вели го систематизирал и конструирал бекташкиот *тарикат*. Исто така, ваквата пракса не го одминала и мевлевскиот дервишки ред, кој го систематизирал и го основал Султан Велед, синот на Џелалудин Руми Мевлана, по учењата и практиките на својот татко.

Уствари, имињата кои се споменуваат на личностите од дотичните тарикати, тие не ги формирале тарикатите, туку нивните следбеници ги формирале. Ги систематизирале обредите, зикровите, практиката на муршидите[133].

[131] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak", *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 78.

[132] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[133] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

Шејх Јахја еш Ширвани со полно право се смета за вториот втемелувач на халветскиот ред (*Пир-и сани*), поради својот несебичен придонес во институционализацијата и систематизацијата на науката врз која се темели овој дервишки ред.

Роден е на крајот на 14 век во Шамах. Неговото целосно име гласи: Сеид Џемалудин Јахја бин Сеид Бехаудин еш Ширвани еш Шамахи ел Бакуви. Потомок е на имамот Муса Казим. Неговите машки предци со години ја извршувале функцијата *некибу-л-ешраф*[134]. Неговиот татко бил *некибу-л-ешраф* во Ширван.

Знаењето го стекнал пред многубројни научници во тоа време. Во една прилика имал визија во сон. Имено, благословениот пратеник Мухамед, с.а.в.с., го фатил за рака и го ракоположил на раката на шејхот Садрудин ел Хијави. Тоа било знак да го следи својот духовен пат кај споменатиот учител, чие место и го наследил по неговата смрт.

Сеид Јахја Ширвани бил многу образован, добро ги владеел арапскиот, персискиот и турскиот јазик, и неговите дела се напишани на овие три јазици. Неговото најпознато дело е *Вирд-и сетар*, кое се учи како *вирд* кај халветите[135].

Околу 1420 година го напуштил Шамах и, на повик на Халилулах Хан, владетелот на Ширван, се сели во Баку, што позитивно придонело за ширење на халветскиот ред. Тука во 1463 година го затекла смртта. Погребан е во *турбето* покрај своето теќе.

Во 16 век, за време на Сафавидите, дошло до рушење на *турбето* и теќето. Но, по потпаѓањето на таа област во рацете на Османлиите, за време на султанот Мурат III, *турбето* и теќето биле обновени благодарение на османлискиот намесник Оздемироглу Осман-паша. Судбината на теќето е повторена како за време на Сафавидите и кога Баку е окупиран од Советска Русија. Единствено само *турбето* не е срушено. Тоа денес служи како музеј[136].

[134] Потомците на благословениот пратеник, преку неговата ќерка хазрети Фатиме р.а. и хазрети Али р.а., се делат на шерифи и сеиди. Шерифи се потомците на нивниот постар син Хасан р.а., а сеиди на помладиот хазрети Хусеин р.а. Таа поделба потекнува од времето на Фатимија (910–1171). За времето на Абасија за прв пат се воведени знакови за распознавање на сеиди и шерифи. Тие знакови биле зелени саруци/турбани и мантили, а за жените зелени марами. За време на султанот Бајазит Јилдирим доаѓа до поставување на функцијата *некибу-л-ешраф* или застапник на сеиди и шерифи. Прв на таа функција бил поставен Сеид Али Нута од Багдад, ученик на Сеид Емир Бухари.

[135] Šejh Ilhan, *Mukabela – derviški obred za umrlog derviša tarikata halveti-hajati u Makedoniji*.

[136] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak“, *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 87–88.

За време на Јахја Ширвани се зголемува бројот на дервишите и се проширува халветискиот тарикат и на други простори[137].

Дервишкиот ред халвети, по Сеид Јахја Ширвани, се поделил на четири главни огранаци, и тоа: џемали, рушени, ахмеди и шемси, од кои со текот на времето се создаваат разни подогранаци. Така, *тарикатот* халвети станал најразгранет дервишки ред во рамките на суфизмот. Неговата целосна поделба изгледа вака:

1. **џемали** (тур. Cemaliyye) еponим по Џемал Халвети (познат и како Челеби-халифе, починал 1494 г.)
1.1. сунбули (Јусуф Синан – п. 1529 г. во Истанбул)
1.1.1. асали (Ахмед б. Али ел Харири – п. 1639 г. во Дамаск)
1.1.1.1. бахши (Мухамед б. Мухамед Бахши – п. 1687 г. во Мека)
1.2. шабани (Шабан Вели – п. 1569 г. во Кастамону)
1.2.1. карабаши (Карабаш Вели – п. 1685 г. во Каиро)
1.2.1.1. насухи (Мехмед Насухи – п. 1717 г. во Истанбул)
1.2.1.1.1. черкеши (Черкеси Мустафа – п. 1813 г. во Чанкири)
1.2.1.1.1.1. халили (Гередали Халил – п. 19 век)
1.2.1.1.1.2. ибрахими (Кушадали Ибрахим – п. 1848 г. во Медина)
1.2.1.2. бекри (Шемседин Мустафа ел Бекри – п. 1749 г. во Каиро)
1.2.1.2.1. кемали (Кемаледин Мустафа – п. 1784 г. во Газа)
1.2.1.2.2. семани (Мухамед б. Абдулќерим ел Медени – п. 1775 г.)
1.2.1.2.2.1. фејзи (Фејзудин Хусеин – п. 1891/1892 г. во Мисир)
1.2.1.2.3. хифни (Мухамед б. Селим – п. 1767 г. во Каиро)
1.2.1.2.3.1. дердири (Ахмед б. Мухамед ед Дердир – п. 1786 г. во Каиро)
1.2.1.2.3.1.1. сави (Ахмед ес Сави – п. 1825 г. во Медина)
1.2.1.2.3.2. езхери (Мухамед б. Абдурахман – п. 1792/1793 г. во Каиро)
1.2.1.2.3.3. рахмани (Махмуд б. Абдурахман – п. 1794 г.)
1.2.1.2.3.4. тиџани (Ахмед б. Мухамед ел Тиџани – п. 1812 г.)
1.2.1.2.3.4.1. хамали (Шериф Ахмед Хамахулах – п. 1943 г.)
1.2.1.2.3.5. мервани (Мерван б. Муатал – п. 1911 г. во Каиро)


2. **рушени** (тур. Ruşeniyye) еponим по деде Омер Рушени (п. 1486 г. во Тебриз)
2.1. демирташи (Мухамед Демирташ – п. 1528/1529 г. во Каиро)
2.2. ѓулшени (Ибрахим Ѓулшени – п. 1533/1534 г. во Каиро)
2.2.1. сезаи (Хасан Сезаи Ѓулшени – п. 1737 г. во Едирне)

[137] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

3. ***ахмеди*** (тур. Ahmediyye) епоним по Ахмед Шемседин б. Иса Мармарави

3.1. синани (Ибрахим Уми Синан – п. 1551 г. во Истанбул)
3.1.1. муслихи (Мустафа Муслихудин – п. 1688 г.)
3.1.2. зухри (Ахмед Зухри – п. 1744 г. во Солун)
3.2. ушаки (Хасан Хусамедин – п. 1593 г. во Истанбул)
3.2.1. џахиди (Ахмед Џахиди – п. 1659 г. во Чанакале)
3.2.2. џемали (Мехмед Џемаледин – п. 1751 г. во Истанбул)
3.2.3. салахи (Салахадин Ушаки – п. 1783 г. во Истанбул)
3.3. *рамазани* (Махли Рамазан-ефенди – п. 1616 г. во Истанбул)
3.3.1. бухури (Мехмед Бухури – п. 1630 г.)
3.3.2. џихангири (Хасан Бурханедин – п. 1664 г. во Истанбул)
3.3.3. џерахи (Нуредин Џерахи – п. 1721 г. во Истанбул)
3.3.4. рауфи (Ахмед Рауфи – п. 1757 г. во Истанбул)
3.3.5. хајати (Мехмед Хајати – п. 1766/1767 г. во Охрид)
3.4. мисри (Нијази Мисри – п. 1694 г.)

4. **шемси** (тур. Şemsiyye) епоним по Шемседин Ахмед Сиваси (п. 1597 г. во Сивас).



Слика 1. Поделба на дервишкиот ред халвети.

Во делото на Спенсер Тримингам (Spencer Trimingham) „Суфиските редови во исламот“ наоѓаме интересни податоци за халветскиот *тарикат*, каде што се вели дека халветската традиција во своите почетоци силно била поврзана за култот кон халифот Али и за дуодецималниот шиизам (формата на дванаесеттемина), како што покажува и една легенда што вели дека Омер Халвети востановил пост од 12 дена во чест на дванаесетте шиитски имами. Но, како што халветите имале огромна поддршка во Анадолија, лидерите на редот постепено се приспособувале на сунитските трендови и сунитската династија на Османлиите, така што на крајот и учењето за Али е модифицирано или преминало во нивниот фонд на тајните учења[138].

2.1. ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА

Уште во првите векови од доаѓањето на Османлиите на Балканскиот Полуостров, а со тоа и во Македонија, можеме да го следиме присуството на халветскиот *тарикат* на овие простори. Интересно е да се напомене дека во Македонија халветскиот *тарикат* во различни временски периоди бил присутен со три главни гранки: ахмеди, рушени и џемали. Одредени претставници на овој *тарикат* биле пократко време присутни на територијата на Македонија, други, пак, се задржале подолго време, а некои и денес се присутни и активно ги извршуваат верските обреди карактеристични за халветите.

Од огранокот ахмеди, поточно од подогранокот рамазани, овој дервишки ред во Македонија го претставувале хајати, џерахи, синани и џихангири. Од огранокот џемали, претставници биле сунбули и карабаши, додека од огранокот рушени, халветскиот *тарикат* бил застапен со претставникот ѓулшени.

За халветските теќиња на територијата на Македонија пишувале повеќе домашни и странски автори. Преку нивните дела дознаваме за активноста и дејноста на халветскиот дервишки ред во Македонија. Меѓу нив во оваа прилика ќе ги споменеме: Глиша Елезовиќ, Џемал Ќехаиќ, Галаба Паликрушева, Ејуп Салих, Тихомир Ѓорѓевиќ, Јован Трифуноски, Васил Нетков, Александар Поповиќ, Натали Клајер, Хусеин Абива, Мехмед Тевфик и др.

Во продолжение на овој труд ќе биде изнесен краток преглед на халветските теќиња застапени на територијата на Македонија, а за некои од нив и понекој краток опис.

[138] Trimingham J. Spencer, *Sufi Orders in Islam*, Clarendon Press, Oxford 1971, 75.

Најактивен и најраширен халветски огранок во Македонија несомнено бил хајатскиот. Овој огранок е основан од страна на Пир Мехмед Хајати Хазретлери во Охрид, каде што се наоѓа и *асиτанеτо*, т.е. централното теќе. Хајатскиот огранок, покрај централното теќе во Охрид, со свои теќиња може да се пофали низ повеќе градови и населени места во Македонија.

Меѓутоа, за *асиτанеτо*, за теќињата што произлегуваат од него, како и за дервишкиот ред халвети-хајати во Охрид е резервирано наредното поглавје од оваа книга, каде што во подробности ќе бидат разработени овие прашања.

Тоа што следува е краток преглед на халветските теќиња од другите гранки што биле застапени во Македонија.

Едно халветско теќе од огранокот карабаши во Скопје го отвора шејхот Сали-баба, роден во околината на Призрен во селото Шат. Откако станал шејх, уште на многу млади години, *πиροτ* од призренското теќе Сарачхане го испратил во Скопје. Тој на десниот брег на реката Вардар, во тогашното ловиште на скопските бегови, изградил мало *завие* и почнал да прибира дервиши. Покрај ова, тој се занимавал и со лекување на болни, и скопските бегови го протерале од Скопје. Избегал во Цариград и по шест месеци пак се вратил на истото место во Скопје и тука подигнал теќе. Не се знае точната година на отворањето на ова теќе, но, секако, тоа е кон крајот на 18 век. Во ова теќе, како и кај сите теќиња од халветскиот дервишки ред, шејховската функција била наследна.

Генеалогијата на ова теќе е следнава: шејх Сали-баба, шејх Бехљул, шејх Ариф, шејх Даут, шејх Сулејман (I), шејх Сулејман (II), шејх Ибрахим, шејх Хајдар[139].

Ова скопско теќе е разурнато и на негово место е изградена станбена зграда. Последните двајца шејхови на ова теќе, шејх Ибрахим и шејх Хајдар[140], покрај тоа што припаѓале на халветскиот ред, поседувале *иџазеτ* и од рифајскиот дервишки ред. Последниот старешина на

[139] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 111; Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/ пристапено на: 3.9.2018; Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиоτ народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 111.

[140] Последниот шејх Хајдар бил татко на шејх Ерол, т.е. дедо на шејх Муртезан, сегашниот шејх на рифајското теќе во Скопје.

ова теќе, шејх Хајдар, преминал на рифајскиот *тарикат*, и со тоа халветското теќе престанува со својата работа[141].

Дедото на шејх Муртеза од рифаиското теќе во Скопје, шејх Хајдар, бил и халветиски и рифаиски шејх. Со уривањето на халветиското теќе тој се преселува во испразнетото рифаиско теќе. Последниот рифаиски шејх Хазнедар Мустафа-ефенди во илјада деветсто петесет и четврта година се преселува во Истанбул. И останува теќето без шејх[142].

Во 17 век во Скопје е основано уште едно халветско теќе од карабашка гранка од страна на Адем-баба, кое го носело името Зинџирли теќе[143] и се наоѓало во турскиот дел на градот. Ова име, според легендата, теќето го добило на следниот начин. Првиот шејх на ова теќе, Адем-баба, бил толку сиромашен што за празникот што доаѓал, Курбан бајрам, немал да заколе курбан. Откако се помирил со помислата бајрамот да го дочека без курбан, во теќето влегол елен, што шејхот Адем-баба го фатил за роговите со еден синџир, го внел во теќето и го жртвувал како курбан. Тоа се толкувало како посебна милост од Бога кон Адем-баба. Синџирот и еленските рогови се чувале во теќето.

Генеалогијата на ова теќе е следнава: шејх Адем-баба, шејх Хаџи Сулејман, шејх Ебу Бекир, шејх Хаџи Осман, шејх Али-ефенди. Во 1902/1903 година, со возвишениот *берат*, шејх Хасан-ефенди станал шејх. Во 1907/1908 година кога починал, останал неговиот малолетен син Бекир-ефенди, и сè додека не му биде призната способност, за застапник бил поставен Ферид-ефенди[144].

Ејуп Салих, еминентен новинар и истражувач од Охрид, кој многу добро ги познава приликите и историјата на халветскиот *тарикат*, ни дава одредени податоци во врска со едно халветско теќе во Велес познато под името Дербент теќе. Ова теќе е основано во почетокот на 18 век од страна на шејх Мехмед-баба, кој зел *хилафет* од шејх Мустафа, кој живеел во селото Кошарка во близина на Демир Капија. Всушност, овие две теќиња биле тесно поврзани, така што повеќето шејхови што доаѓаат на *пост* во Дербент теќето земаат *хилафет* токму од теќето во село Кошарка. На тој начин, тие стекнуваат легитимитет да седнат на *пост* и да станат *постнешини*, односно да ја

[141] Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/ пристапено на: 3.9.2018.
[142] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[143] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 162.
[144] Čolić Ljiljana, *Derviški redovi muslimanski: Tekije u Skoplju*, Filološki fakultet u Beogradu, knjiga LXXIV, Beograd 1995, 45.

извршуваат функцијата шејх и да раководат со Дербент теќето. Уште една карактеристика за ова теќе е дека наследството на *пост* одело по принципот на *евлаѳие*, т.е. титулата шејх се наследувала од татко на син, што е вообичаена пракса за повеќето дервишки редови.

Па така, по смртта на шејх Мехмед во 1754 година, на *пост* го заменува неговиот син шејх Осман. Во 1804 година шејх Осман починал, и него го наследил неговиот син шејх Ибрахим. По смртта на шејх Ибрахим во 1844 година, него го наследил прво постариот син шејх Нуредин, кој останал на *пост* до 1856 година, а после, него го наследил помладиот син шејх Сулејман, кој останал на *пост* до 1862 година. За разлика од претходните шејхови што зеле *хилафет* од некој од шејховите од село Кошарка, шејх Сулејман зема *хилафет* од призренското теќе Сарачхане, поточно од шејхот Џемали, и на *пост* во Дербент теќето останува до 1862 година. Врските помеѓу овие две теќиња, велешкото и призренското, почнуваат да јакнат, а во исто време поврзаноста со теќето во село Кошарка слабее, па дури и се губи.

По смртта на шејх Сулејман, неговиот син Исмаил имал само осум години. Исмаил веднаш бил пратен во призренското теќе каде што останал до 18-годишна возраст. За тој период од десет години, Исмаил во призренското теќе бил обучуван, а во исто време и правел *хизмет* во теќето. Тој зел *хилафет* од шејх Абидин и се вратил во велешкото теќе, каде што до 1912 година бил *постнешин* во Дербент теќето. По неговата смрт него го наследува неговиот син шејх Ахмет, кој бил *постнешин* до 1950 година. Шејх Ахмед го наследува неговиот син Али Алаедин, кој зел *хилафет* од шејх Хасан од призренското теќе Сарачхане. Шејх Али Алаедин останал на *пост* до 1957 година, кога се преселува во Турција, во местото Тургутлу, во близина на Маниса, каде продолжува со тарикатските обврски. По преселувањето на *ахирет,* т.е. по завршувањето на овој земски живот во 1996 година, на *пост* седнува неговиот син Хасан Шукри Јајанташ. Со преселбата на шејх Али Алаедин во Турција, и активноста на Дербент теќето престанува. Денес теќето е претворено во станбена зграда..

Генеалогијата на ова теќе е следнава: шејх Мехмед, шејх Осман, шејх Ибрахим, шејх Нуредин, шејх Сулејман, шејх Исмаил, шејх Ахмед, Али Алаедин[145].

Галаба Паликрушева известува дека, покрај овие халветски теќиња во Македонија, постоеле и во Куманово, Кратово и во Крива Па-

[145] Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/ пристапено на: 3.9.2018; *Köprülü Derbent Halveti Dergahı*, http://huseyinsirvan.blogspot.com/2011/04/koprulu-derbent-halveti-dergah.html, пристапено на: 3.9.2018.

ланка. За нив дознава по зачуваниот *томар* (генеалогијата на целиот *тарик* од Мухамед па наваму) од Кривопаланечкото теќе, кој се чува во Државниот архив на Република Македонија. Таа на овие теќиња им дава карабашки признак, со мала забелешка дека ниту еден шејх од претходно споменатите карабашки теќиња во Македонија не знаел за постоењето на овие три теќиња, што ја исклучува можноста тие да му припаѓаат на истиот центар, т.е. на Призрен. Исто така и во *томарот* се споменуваат само теќињата од Крива Паланка, Куманово и Кратово, што значи дека тие имале некој свој друг центар; возможно е тој да бил во Ќустендил[146].

За едно халветско теќе во Куманово известува и Тихомир Ѓорѓевиќ, кој при неговата посета на 5 јули 1933 година во овој град ќе забележи дека во Куманово, во Мемет-беговото Маало, се наоѓа теќе на халветскиот ред, кое го нарекува Ше Османово теќе. Го изградил шејх Осман и во него живеел. Бил праведен и побожен, па уште за животот го сметале за божји човек[147].

Во Скопје дејствувале и две синански теќиња. Првото од нив е теќето на Велиудин Вардар Синани. Ова теќе е основано кон крајот на 16 век и дејствувало до крајот на 19 век. Основоположник на ова теќе бил *муриѳот* на Уми Синан, Абдулхади Вардар. По него на *постот* седнал Вели-деде. Во 1806 година на местото шејх дошол Абдулфетах. Во 1833 година шејх станал Мухјидин-халифе, а по него Абдулгафур-халифе се закитил со титулата шејх на ова теќе. Последен шејх на теќето бил Хафиз Омер Мехмед-ефенди, кој останал на *постот* до 1912 година, а потоа се иселил во Турција. Овој шејх умрел во 1954 година[148].

Ова теќе се споменува и во неколку *берати* со кои е именуван шејхот на ова теќе. Еден од *бератите* го носи датумот 5 *зулхиџе* 1220 / 25 јануари 1806, а другите се од 1833, 1836 и 1878 година[149].

Второто синанско теќе во Скопје е основано во 17 век од страна на Ипликчи Хасан-ефенди, а било познато под името Букагили. Ова

[146] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 113.

[147] Ђорђевић Тихомир, *Наш народни живот*, том III, уредник: Иван Чоловић, Издавачка радна организација Просвета ООУР „Издавачка делатност“, Београд 1984, 383.

[148] Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatlar, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*,
http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018; Čolić Ljiljana, *Derviški redovi muslimanski: Tekije u Skoplju*, Filološki fakultet u Beogradu, knjiga LXXIV, Beograd 1995, 38–39.

[149] Türk İdris, „Kosova ve Makedonya'da Halvetîlik“, *International Journal of Science Culture and Sport*, Special Issue 3, 2015, 436.

теќе било блиску до Јаxја-пашината џамија и е срушено од земјотресот во 1963 година. Шејхови во ова теќе биле: шејх Дервиш-ефенди, шејх Шит-ефенди, шејх Терзили Али-ефенди, шејх Ибрахим Букагили, Хаџи Абас-баба, шејх Ибрахим, шејх Бахаедин, шејх Халид, шејх Ибрахим, шејх Абас и шејх Кадри-ефенди[150].

Еден интересен податок за присуството на уми-синанскиот огранок од халветскиот ред на подрачјето на Македонија за време на османлиската власт дознаваме од поезијата на Ага-деде од Добор Град во Босанска Посавина. Ага-деде живеел во првата половина на 17 век. Тој во една од своите песни го споменува неговиот духовен учител Хасан-ефенди, кој припаѓал на уми-синанскиот *кол* (огранок) од халветскиот *тарикат*, кој дошол од Скопје. Во еден дел од таа песна се вели:

„Бев заљубен во (дервишкиот ред) уми-синан
и барав и најдов вешт учител (мајстор):
дошол во овој крај од градот Ускуб (Üsküba)
и се населил во тврдината Ѓаково“[151].

Четвртата гранка од халветскиот дервишки ред во Македонија е гранката џерахи. Таа води потекло од султан Нуредин Џерахи, кој зема *хилафет* од шејхот ел Хаџ Али Алаудин ел Халвати Ќустендили и ја основа гранката џерахи со центар во Истанбул. Пир Нуредин Џерахи во 1721 година го напуштил овој свет за да се сретне со Господарот[152]. Од џерахиските теќиња што ги имало во Македонија во градовите Скопје, Кочани и Струмица, сега не работи ниту едно. Во поново време е основано едно џерахиско теќе во Тетово чиј *постнешин* е Метин Изети.

Тихомир Ѓорѓевиќ, истражувајќи во Македонија во 30-тите години на 20 век, забележува неколку халветски теќиња на територијата на Македонија. Едно од нив е теќето на шејх Асан во Охрид, за кое известува при неговата посета во Охрид на 22 јули 1933 година: „Во

[150] Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatlar, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018; Türk İdris, „Kosova ve Makedonya'da Halvetîlik“, *International Journal of Science Culture and Sport*, Special Issue 3, 2015, 437; Čolić Ljiljana, *Derviški redovi muslimanski: Tekije u Skoplju*, Filološki fakultet u Beogradu, knjiga LXXIV, Beograd 1995.

[151] Ratkovčić Rosana, „Prisutnost derviša na području Slavonije i Srijema u vrijeme osmanske vladavine“, *Scrinia slavonica*, br. 14, Slavonski Brod 2014, 61.

[152] Pir Nureddin al-Jerrahi (ks), http://www.jerrahi.org/articles/the_life_hadrat_pir_nureddin_aljerrahi, пристапено на: 5.11.2018; Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak“, *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016..

Охрид, во Али Челеби Маалото, до војната имало Ше Асаново теќе. Го изградил ше Асан, дервиш во халветскиот ред, родум од Охрид, пред околу сто и дваесет години. Кога умрел ше Асан, погребан е покрај своето теќе, и на гробот му е изградено *турбе*. Во *турбето* е погребан и Асановиот син, ше Мемед. Ше Мемедовиот син заминал во Турција. Теќето е срушено, а останало само *турбето*, во кое доаѓа народ и пали свеќи“[153].

За присуство на халветски теќиња во Македонија во 60-тите години на 20 век дознаваме од Јован Трифуноски и Васил Нетков, кои во описот на селата и населението во долниот слив на реката Брегалница даваат одредени информации за селото Пенуш, во кое постоеле две теќиња од дервишкиот ред халвети: едното било сретсело, а другото на јужниот крај од селото[154].

Ејуп Салих за ова теќе ни дава попрецизни податоци, каде што вели дека теќето во село Пенуш било основано од страна на шејх Хусеин. По неговата смрт, на *постот* седнале шејх Шабан, шејх Хасан и шејх Абдула.

Старешината на теќето во Пенуш, шејх Хасан, му дал *хилафет* на шејхот Ракип од Радовиш[155], кој го практикувал верскиот обред *зикр* сè до неговата смрт во 1972 година. Него никој не го наследил[156].

Исто така и во селото Јамулар имало теќе со гроб на Кара-деде. За време на истражувањето на Јован Трифуноски и Васил Нетков теќето било наполно зачувано, а го одржувал Мустафа Асан, Турчин од село Пенуш. Тој го посетувал теќето двапати неделно. Ова теќе му припаѓало на дервишкиот ред халвети и порано било доста познато во овој крај[157].

Овие автори известуваат за присуство на дервишки теќиња и во селата Хаџи Хамзали, Црешка, Чешмедере, Енешоба, Бекирлија, Тестемелци и Доброшани. Меѓутоа, авторите не даваат прецизни информации на кој ред припаѓаат теќињата во наведените села. Тука можеме само да претпоставиме, но никако да тврдиме дека се работи за халвет-

[153] Ђорђевић Тихомир, *Наш народни живот*, том III, уредник: Иван Чоловић, Издавачка радна организација Просвета ООУР „Издавачка делатност“, Београд 1984, 393.
[154] Трифуноски Јован, Нетков Васил, „Денешни села и население во долниот слив на Брегалница“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, III (1962–1963), Штип 1964, 43.
[155] Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti Tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/, пристапено на: 3.9.2018.
[156] Salih Eyüp, „Makedonya'da tasavvuf alanında etkili olan halvetilik ve Pir Mehmet Hayati Halveti Asitanesi“, *Osmanlı ilim, Düşünce ve Sanat Dünyasında Balkanlar*, Milletlerarası Tartışmalı İlmi Toplantı 07-09 Mayıs, İstanbul 2014, 274.
[157] Трифуноски Јован, Нетков Васил, „Раселени села во долниот слив на Брегалница“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, III (1962–1963), Штип 1964, 60.

ски теќиња, поради присуството и раширеноста на халветскиот *тарикат* во овој дел на Македонија.

Освен овие теќиња, во Македонија халветски теќиња имало и во:

– Матејче, Кумановско – халветско теќе и *турбе* на Осман-баба[158];
– Штип – во овој град има две халветски теќиња, едното Карабашија, а другото Синание[159]; во Џума Маалото – едно халветско теќе што го основал Сад'к-баба[160];
– Струмица – имало две теќиња на халветскиот ред: едно било во Бабјак Маало, а другото во Бej Маало[161];
– Баница, Струмичко – едно халветско теќе што го изградил шејх Смаил-баба од Струмица[162];
– Гостивар – во Џами Џедит Маалото се наоѓало едно теќе што мештаните го викаат халветско теќе; го основал шејх Нух-баба[163];
– во гостиварското село Неготино постоело теќе што припаѓало на халветскиот *тарикат*; него го основал шејх Сад'к, а по неговата смрт го наследиле шејх Давуд и шејх Каз'м[164];
– во селото Вруток, од страна на шејх Јусуф е основано халветско теќе; по неговата смрт на *постот* седнале шејх Мустафа и шејх Рагип[165];
– во Џумајлија, денешно Лозово, сè уште постои *турбето* на Јусуф-деде, за кое се грижи фамилијата Шерифови од селото Дурфулија.

Денес во Македонија, од многобројните гранки, постојат и активни се само три. Тоа се гранките *карабаши*, *џерахи* и *хајати*, кои свои теќиња и верници имаат во градовите Охрид, Струга, Кичево, Тетово, Кочани и Скопје.

И покрај тоа што одреден број на теќињата од редот халвети во Македонија престанале да работат, сепак, во споредба со теќињата од

[158] Ђорђевић Тихомир, *Наш народни живот*, том III, уредник: Иван Чоловић, Издавачка радна организација Просвета ООУР „Издавачка делатност", Београд 1984, 385.
[159] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008, 163.
[160] Ђорђевић Тихомир, *Наш народни живот*, том III, уредник: Иван Чоловић, Издавачка радна организација Просвета ООУР „Издавачка делатност", Београд 1984, 401.
[161] Ђорђевић Тихомир, *Наш народни живот*, том III, уредник: Иван Чоловић, Издавачка радна организација Просвета ООУР „Издавачка делатност", Београд 1984, 400.
[162] Ђорђевић Тихомир, *Наш народни живот*, том III, уредник: Иван Чоловић, Издавачка радна организација Просвета ООУР „Издавачка делатност", Београд 1984, 400.
[163] Ђорђевић Тихомир, *Наш народни живот*, том III, уредник: Иван Чоловић, Издавачка радна организација Просвета ООУР „Издавачка делатност", Београд 1984, 388.
[164] Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti Tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/, пристапено на: 3.9.2018.
[165] Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti Tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/, пристапено на: 3.9.2018.

другите дервишки редови, тие се најмногубројни. Тука предничат текќињата на огранокот хајати, кои најдолго се задржале, и голем број од нив се сè уште активни. Причините за нивната голема распространетост и долгиот животен век, секако, лежи во содржината и внатрешната организација на овој ред[166].

[166] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 119.

3. ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ ВО ОХРИД

Особено е голема честа, но и одговорноста да се истражува и пишува за охридското теќе Пир Мехмед Хајати и за дервишкиот ред што егзистира во ова теќе. Причината лежи во фактот што ова е единствениот дервишки ред што се создава на територијата на Македонија, поточно во градот Охрид, што претставува вистински раритет, и оттука подоцна се шири во разни краишта на Балканот, но и пошироко во светот.

Првенствено, ова поглавје би сакал да го започнам со утврдување на хајатскиот огранок, односно сакам да дадам еден краток пресек на разгранувањето на халветскиот *тарикат*, особено на огранокот ахмеди, еден од четирите главни огранаци на халветите, од каде што може да се следи генеалогијата на хајатите. Сметам дека тоа треба да го знае секој еден што влегува во овој *тарикат*, или, фигуративно кажано, секој еден што цели кон описменување, потребно е да ја научи првата буква од азбуката „а“, или „елиф“, без која не може да се продолжи патот до целосната писменост.

Всушност, од халветскиот *кол* или огранок **ахмеди** се создаваат четири подограноци, и тоа: од еш шејх Рамазанудин Махфи-ефенди Хазретлери се создава *колот* **рамазани**; од еш шејх Ибрахим Уми Синан-ефенди Хазретлери се создава *колот* **синани**; од еш шејх Хасан Хусамедин ел Бугари ел Ушаки Хазретлери се создава *колот* **ушаки**; од еш шејх Нијази Мухамед ел Мисри Хазретлери се создава *колот* **мисри**.

Потоа, од огранокот, поточно од подогранокот **рамазани** се создаваат пет гранки, и тоа: од еш шејх Хасан Бурханедин-ефенди Хазретлери се создава *колот* **џихангири**, од еш шејх Мухамед ел Бухури Хазретлери се создава *колот* **бухури**, од еш шејх ес Сеид Ахмед Рауфи-ефенди Хазретлери се создава *колот* **рауфи**, од еш шејх Нуредин Мухамед ел Џерахи Хазретлери се создава *колот* **џерахи**, од еш шејх Мехмед Хајати-ефенди Хазретлери се создава *колот* **хајати**.

Она што е наш интерес, односно цел на нашето истражување, секако е *колот* или гранката хајати на халветскиот *тарикат*.

3.1. ПИР МУХАМЕД МЕХМЕД ХАЈАТИ ХАЗРЕТЛЕРИ

За основач на халветската гранка хајати се смета Пир Мехмед Хајати Хазретлери, кој бил роден во градот Бухара, денешен Узбекистан, во поширокаата област на Хорасан. Точната година на неговото раѓање е непозната, но се знае годината кога се преселил на *ахирет*, а тоа е 1180 хиџранска година, односно 1766/1767 година по христијанскиот календар.

Годината на раѓањето на Пир Мехмед Хајати не се знае. Но, во една тетратка на иљахии од страна на шејх Зекерија-ефенди е забележен датумот на неговата смрт, осумнајсти август илјада седумсто шеесет и шеста, шеесет и седма година[167].

Своето образование го започнал во родниот град Бухара, го продолжил во Едрене, а го завршил својот *сејр-у сулук* во Серез кај шејх Хусеин-баба Сирози-ефенди, при што се стекнал со *ијазет* (сертификат).

Хоросанско подрачје, да. Тој патувал оттаму во младите години по потраѓа за неговото духовно усовршување... Преку Едрене доаѓа во Серез, Грција. За време на Османлиите има неколку центри на халветиите. И еден од центарот е Серез. То е како една отскочна даска за Балканот. И за другите тарикати, посебно за халветското учење... Во Серез халветското учење го продолжува кај Пир Хусеин-ефенди и од него добива ијазет или дозвола да биде, да може да формира свое теќе и да проповеда халветско учење... Да го продолжи халветскиот начин на духовно воспитување[168].

Пир Мехмед Хајати и уште двајца негови соученици, откако „созреале“, односно биле „испечени“, по препорака на нивниот *муршид* шејх Хусеин-баба Сирози (п. 1110/1698/1699), биле пратени во различни краишта за да го шират учењето. Шејх Осман-ефенди заминува во Призрен и го основа теќето Сарачхане, шејх Гариб оди во селото Чај во близина на Тирана и таму основа теќе, додека Пир Мехмед Хајати доаѓа во Охрид каде што го основа *аситането*[169].

[167] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[168] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[169] Clayer Nathalie, *Mystiques État et Société, Les Halvetis dans l'aire balkanique de la fin du XV^e siècle à nos jours*, Leiden 1994, 256–310.

Точно не се знае колку ѓодини Пир Мехмед Хајати останува во Серез кај Хусеин Сирози[170].

Постои едно предание што е поврзано со заминувањето на Пир Мехмед Хајати од Серез, кое е мошне интересно и на некој начин е претскажувачко за понатамошното негово дејствување. Имено, по земањето *хилафет* на тројцата *мурид*и и заминувањето од теќето во Серез, шејх Хусеин-баба Сирози на својот помошник или најблизок дервиш во теќето, т.н. *кахвеџи-дедеде*, му рекол да оди да види дали, при заминувањето, некој од овие тројца *мурид*и ќе се заврти и ќе погледне назад. Кога *кахвеџи-дедеде* се вратил, му соопштил на шејх Хусеин-баба дека, од тројцата *мурид*и, единствено само Мехмед Хајати не се завртил. Шејхот Хусеин-баба во тој миг рекол дека тоа е знак дека овој *мурид* ќе создаде нова гранка во халветскиот *тарикат* што ќе го носи неговото име и дека ќе отвори *асистане* што ќе биде центар на дервишкиот ред халвети-хајати и никогаш повеќе нема да се врати во Серез, предвидување што подоцна и навистина се остварило.

По напуштањето на Серез, Пир Мехмед Хајати Хазретлери најпрво пристигнал во Кичево. По краткото задржување во Кичево, тој доаѓа во Охрид.

Така да, тој доаѓа на овие простори, прво, еден извесен период останува во Кичево... Во Кичево, останува во Хајати-баба теќеси, денешно, во Кичево еден извесен период[171]*. Па, од Кичево добива вака една покана внатрешна, духовна за Охрид*[172]*. Така да, поголемо место је ова денешново теќе што е во Охрид*[173]*.*

Според преданијата што кружат помеѓу хајатските верници, Пир Мехмед Хајати во Охрид сакал да основа теќе, но за такво нешто не добил согласност од градските власти, така што се повлекол, односно се населил во периферијата на градот, поточно во близина на денешната населба Воска.

Кога доаѓа за Охрид, не го прифаќаат беговите тогашни. И се сместува во денешната Воска. И едно време останувал таму, во

[170] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[171] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[172] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.
[173] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

Воска, ѕури ѕа ѕобие оѕ тоѓашниот султан оѕобрение за ѕа ѕојѕе овѕека во... Аа, за во охриѕското теќе ѕа ѓо отвори[174].

Пир Мехмед Хајати, и покрај несогласувањето на охридските власти, не се помирил со нивната одлука, па затоа побарал помош, односно дозвола од властите во Истанбул да може да основа едно теќе. По извесен период, односно по третиот негов обид, од властите во Истанбул добил одобрение со кое му се дава дозвола да може да основа теќе во Охрид. Па така, во центарот на градот, во дворот на Зејнел Абедин-пашината џамија, каде што воедно се наоѓало и едно верско училиште – медреса, го основал теќето што по него го носи името Пир Мехмед Хајати.

По извесен ѕериоѕ, ѕрема ѕреѕанијата кај нароѕот, то така се зборува, ѕека Пир Мехмеѕ Хајати, неколку ѕати оѕи во Истанбул за ѕа ѕобие ѕозвола... Тука веќе ѕостоела Зејнел Абеѕин-ѕашинаѕа џамија, која служела како џамија, а воеѕно и како меѕреса. Тука се школуваат ѕеца како во среѕно верско училиште. Во овој комѕлекс ѕостои и теќе оѕ халвети-џихангири. Према најново истражување на ѕокументите се увиѕе ѕека ѕрвиот ѕокумент на име шејх Мехмеѕ Хајати е изѕаѕен оѕ страна на султан Махмуѕ I во илјаѕа седумсто триесет и втора ѓоѕина. По смртта на џихангирскиот шејх во илјаѕа седумсто четириесет и ѕеветта ѓоѕина се изѕава берат. Во илјаѕа седумсто ѕеесетта ѓоѕина, каѕе шејх ел Хаџи Мехмеѕ-ефенѕи се назначува како имам-хатиб, учач на Куран и ѕреѕавач, ваиз. Третиот берат е изѕаѕен оѕ султан Осман III во илјаѕа седумсто ѕеесет и ѕетта ѓоѕина за истите обврски. Биѕејќи, џамијата, како комѕлекс, не само џамиски ѕел, неѓо комѕлекс, је вакуф на Зејнељ Абеѕин-ѕаша. Тој ја изграѕи џамијата и оѕ тој вакуф ѕобива наѕоместок[175].

Така ѕа, кога ѕобива оѕобрение оѕ султаноѕ ѕа ѕојѕе овѕека, се смести во теќето ѕенешно, каѕе што е, сега што гледаме тука[176].

Иначе, овѕе ѕрво било џамија која се викала Зејнел Абеѕин-ѕаша. Па ѕосле е ѕретворена во теќија во тоа време. Иначе, во тоа време кога ѕошол, имало уште теќи, каѕе што е ѕенес, ѕенешната Охриѕска банка, еѕно теќе тука имало. Еѕно текија во, кон Влашка

[174] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *ѕостнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.


[175] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.


[176] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *ѕостнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

Мала, има уште една текија и уште две има. Значи, во Охрид биле четири текија[177].

Ејуп Салих, еден од моите соговорници, ми напомена дека, при добивање на *ферманот* од Истанбул (*бератот* на *падишахот*), Пир Мехмед Хајати, покрај тоа што добил дозвола да основа теќе, исто така, добил и одобрение да извршува неколку функции или задолженија: шејх, имам, *хатиб*, *ваиз*, *мутевели*, *мудерис*.

Земајќи во предвид трите берати добиени во разни времиња, Мехмед Хајати е назначен во џамијата Зејнел Абедин-паша како имам, хатиб, ваиз, мутевели, мудерис[178].





Фотогр. 1 и 2. *Берати* што ги добил Пир Мехмед Хајати од султаните Махмуд I и Осман III, фотографии направени од страна на Ерол Шех во Охрид, 2018 г.

Тој не бил само шејх во теќето, туку бил и предавач. Значи држел... Овдека држел предавање и имал посебно одобрение од султанот за да може да одржи предавање, како мудериси. Си слушнал за

[177] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

[178] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

муѳериси. Значи, муѳерис значи ѿфесор во ѳенешно време. Така ѳа ѓи ѳржал ѿие ѿредавања[179].

И ѿука ѿродолжува со ѿроѿоведањето на халъвеѿиското учење. Плус сиѿе исламски обреди којшѿо се вршеѿ, акѿивносѿи во склоѿ на еѳна џамија, ѿосле ѿие, се врши во ооредена ѿросѿорија, овѳека, ѿросѿоријаѿа за клањање на намаз, за молиѿваѿа, ѿеѿѳневна молиѿва се уѱоѿребува и за халъвеѿиски зикир[180].

Едно значајно прашање, кое сè уште со сигурност не може да се одговори, претставува точната година на доаѓањето на Пир Мехмед Хајати во Охрид, како и точната година кога ова теќе почнува со својата активност. На неколку места, меѓу кои и на таблата што се наоѓа на влезот од теќето, стои годината 1720, која, според некои, ја означува годината во која *асиѿанеѿо* почнува со својата активност, а според други, тоа е годината кога Пир Мехмед Хајати доаѓа во Охрид.

Немаме ни сознание, ни ѳокумен ѿ за ѓоѳинаѿа на ѳоаѓањеѿо на Мехмеѳ Хајаѿи овѳека. Меѓуѿоа, овѳека се ѿреѿѱосѿавува ѳека ѳоаѓа околу илјаѳа сеѳумсѿо ѳвајсѿа ѓоѳина, оѿѿрилика ѿука. Биѳејќи најсѿарио ѿ ѳокумен ѿ шѿо ѓо имаме за ѳозвола оѳ сулѿаноѿ којшѿо му се ѳава на Пир Хајаѿи за ѳа може ѳа извр и како ѱоѓлавар на халъвеѿиѿе, е оѳ..., илјаѳа сеѳумсѿо ѿриесеѿ и вѿора ѓоѳина, сеѳумсѿо ѿриес ѿреѿа ѓоѳина... Со ѿоа, се формира, ѳа речам, новаѿа ѓранка со Пир Мехмеѳ Хајаѿи, којшѿо ѱо ѱоѿекло е оѳ Хоросан[181].

Шеесетина години порано, патописецот Евлија Челеби, при неговата посета во Охрид околу 1660 година, дава еден краток преглед на охридските маала во тоа време, меѓу кои го спомнува и маалото во народот познато под името Теќе или Теќе Маала. Нејзин центар претставувала истоименатa Теќе-џамија, задужбина на султанот Сулејман Величествениот, како што вели Евлија. Оваа џамија и маала се наоѓале на струшкиот пат во поранешната улица Цар Урош[182].

Исто така, при описот на медресите во градот, Евлија Челеби ни дава податоци за две медреси, првата е Коџа Сијавуш-паша, која се наоѓа во близина на кејот на езерото, додека втората медреса ја имену-

[179] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *ѱосѿнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.
[180] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Еџуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[181] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Еџуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[182] Челебија Евлија, *Пуѿоѱис*, кн. II, издање „Светлост“, Сарајево 1956, 557.

ва како Сулејман-хан медреса-теќе, која е во добра состојба и е активна[183].

Од овие податоци дадени од Евлија Челеби, можеме да заклучиме дека за време на неговата посета во Охрид, на местото на денешното *асиѓане*, веќе постоеле теќе-џамија и медреса, што се поклопува со преданијата дека, пред доаѓањето на Пир Мехмед Хајати во Охрид, на местото каде што го основал *асиѓанеѓо*, постоеле медреса и џамија, со таа разлика што Евлија Челеби наведува дека ова теќе-џамија било задужбина на султанот Сулејман Величествениот, а не како што ќе биде подоцна позната под името Зејнел Абедин-пашина џамија. Но, несомнено е дека станува збор за истиот објект.

Тоа што недостасува во описот на Евлија се некои подетални информации за теќето. На пример, како е називот на теќето, кој го основал, дали при неговата посета теќето било активно, дали имало старешина, т.е. шејх во теќето, на кој дервишки ред или *ѓарикаѓ* припаѓало ова теќе итн.

При моето теренско истражување, наидов на еден податок, кој беше изнесен од страна на моите соговорници, во кој се вели дека тука и претходно постоело едно халветско теќе, но од друг огранок. Според интерпретацијата на моите соговорници, тоа теќе било од огранокот на џихангири.

Преѳ ѳоаѓањеѓо на Мехмеѳ Хајаѓи, во склоѓ на џамијаѓа е акѓивен халвеѓиски ѓарикаѓ со оѓранокоѓ џихангѓирије. Према ѳокуменѓоѓ шѓо се наоѓа во архиваѓа на шејховскаѓа фамилија се ѓлеѳа ѳека шејх на овој оѓранок е Кулак или Чолак Синан, кој ѓочинал во илјаѳа сеѳумсѓо чеѓириесеѓ и ѳевеѓѓа ѓоѳина... Меѓуѓоа, ѓосле немаме некој ѳокумен, изѓлеѳа со смрѓѓа на шејхоѓ се укинува акѓивносѓа на ѓој ѓарикаѓ џихангѓирије. После осум месеци, во илјаѳа сеѳумсѓо ѓеесеѓѓа ѓоѳина со бераѓ се назначува Мехмеѳ Хајаѓи во Зејнел Абеѳин-ѓашинаѓа џамија за извршување на обврскиѓе сѓомнаѓи во бераѓоѓ[184].

Во првите денови откако го подигнал теќето, Пир Мехмед Хајати немал многу приврзаници, така што, според преданијата, тој ангажирал луѓе што се во потрага по работа, кои седеле под крошната на чинарот. Тој за понудената „работа“ им ветувал одредена дневница. „Работата“ се состоела во тоа, ангажираните луѓе, во просторијата на теќето наменета за извршување на верски обреди, т.н. *семахане*, заедно

[183] Челебија Евлија, *Пуѓоѓис*, кн. II, издање „Светлост“, Сарајево 1956, 558–559.

[184] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

со *Пирот* да го практикуваат верскиот обред – *зикр*. Како последица од сласта на *зикрот*, „наемните работници“ престанале да бараат плата или дневница, велејќи дека *зикрот* ќе го извршуваат единствено поради љубовта кон Алах. *Халката* од ден на ден се зголемувала со нови привржаници, односно *ашици*, т.е. вљубеници во патот.



Фотогр. 3. *Кемери*, т.е. појасите што ги носел Пир Мехмед Хајати, фотографија направена од страна на Ерол Шех во Охрид, 2018 г.

Во прво време немал приврзаници многу. Па знаеш ти, овдека е чинарот карши. Од навек, овдека се собирале луѓето за работа. И Пир Мехмед Хајати Азретлери, земал со дневница да видат кај него, на зикир, да доаѓаат да служат некое време[185]*. Тој ги повикува: „Дојдите во текето за работа, јас ќе ви платам дневници“. После некоја мала работа ги повикува да седнат во халка и гласно да ги споменуваат Божјите имиња, то ест да прават зикир... И тие прават халка и прават зикир. Го завршуваат зикирот, и тој им плаќа дневници за то. И тие викале: „Не работевме ништо. Зашто?“ – „Па ова е таја работа јас што ве викав, за да прајме зикир.“ После извесен период тие се заладуваат од зикрот и доаѓаат на зикир без да земат надокнада*[186]*. После кога стануваат ашици, знајш ти шо значи ашици*

[185] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба текето во Струга, Турчин.

[186] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

и почнуваат доброволно. И така, почнува. Значи, тоа е негдека илјада седумсто и педесеттата година[187].

За Пир Мехмед Хајати се вели дека бил суфија во вистинска смисла на зборот. На недоличното однесување на луѓето секогаш пристапувал со трпение и љубезност. Отсекогаш бил пример за луѓето со своите ставови и однесување. Тој велел дека е возможно да се сака Алах и неговиот пратеник со *тасавуфот*. Тој секогаш потсетувал дека срцата ќе бидат во мир доколку го практикуваат *зикрот*. Покрај тоа што било суфиски центар, *ситането* воедно било многу влијателно во социјалниот и културниот живот во Охрид и во околните градови[188].

Пир Мехмед Хајати Хазретлери во Охрид доаѓа заедно со неговите две ќерки. Една од ќерките по извесно време се мажи со Осман, синот на охридскиот кадија Хаџи Хасан-ефенди, додека другата ќерка починала на млада возраст. Бракот помеѓу ќерката на Пир Мехмед Хајати и синот на охридскиот кадија Хаџи Хасан-ефенди ни укажува на фактот дека односите помеѓу *Пирот* и градските власти се подобриле и се зацврстиле.

Бидејќи тој доаѓа во Охрид со две ќерки. Едната ќерка, помлада починала, а другата ќерка се омажила за извесен, од прочуена фамилија во Охрид, Осман, и тој станува негов зет[189].

[187] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

[188] Salih Eyüp, „Makedonya'da tasavvuf alanında etkili olan halvetilik ve Pir Mehmet Hayati Halveti Asitanesi", *Osmanlı ilim, Düşünce ve Sanat Dünyasında Balkanlar*, Milletlerarası Tartışmalı İlmi Toplantı 07-09 Mayıs, İstanbul 2014, 276.

[189] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.



Фотогр. 4. Личниот печат на Пир Мехмед Хајати, фотографија направена од страна на Ерол Шех во Охрид, 2018 г.



Фотогр. 5. Личниот печат на Пир Мехмед Хајати, фотографија направена од страна на Ерол Шех во Охрид, 2018 г.

Една карактеристика што го краси овој дервишки ред е тоа што секој еден шејх што ќе седне на *по̄сто̄т* во ова теќе добива *сеџере*, односно генеалогија или родословие на шејховите од кои води потекло. Што се однесува до основачот на *асӣтането̄* во Охрид, Пир Мехмед Хајати, неговото *сеџере* изгледа вака:

- пратеникот Мухамед Мустафа (с.а.в.с.)[190]
- хазрети Али бин Ебу Талиб (р.а.)[191]
- имам Хз. Хусеин (а.с.)[192]
- имам Зејнел Абидин (а.с.)[193]
- имам Мухамед Бакир (а.с.)[194]
- имам Џа'фер-и Садик (а.с.)[195]
- имам Муса Казим (а.с.)[196]
- имам Али ер Риза (а.с.)[197]
- Хасан ел Басри[198]
- Хабиб б. Махмуд ел Аџеми[199]
- Давуд ет Таи[200]
- Маруф ел Керхи (к.с.)[201]
- Сири Секати (к.с.)[202]
- Џунејд ел Багдади (х. 298/911)[203]
- Ебу Али Ахмед Мимшад ед Диневери (х. 299/911)[204]
- Ебу Есвед ед Диневери (х. 366/977)[205]
- Нецибедин Амује Мухамед бин Абдулах ел Бекри (х. 441/1050)[206]
- Ебу Хафс Омер Вецихудин Кади ел Бекри (х. 503/1110)[207]
- Ебу'н Нецип ес Сухреверди (х. 563/1167)[208]
- Кутбедин ел Ебхери (х. 573/1178)[209]
- Рукнудин Синџаси ен Нецаши[210]

[190] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[191] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[192] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[193] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[194] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[195] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[196] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[197] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[198] Serin Rahmi, *Islam Tasavvufunda Halvetilik ve Haivetiler*, Petek Yayınalrı, Istanbul 1984, 78.
[199] Serin Rahmi, *Islam Tasavvufunda Halvetilik ve Haivetiler*, Petek Yayınalrı, Istanbul 1984, 78.
[200] Serin Rahmi, *Islam Tasavvufunda Halvetilik ve Haivetiler*, Petek Yayınalrı, Istanbul 1984, 78.
[201] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[202] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[203] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[204] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[205] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[206] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[207] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[208] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[209] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[210] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.

- Шихабедин Махмуд Тебризи (х. 702/1303)[211]
- Џемаледин еш Ширази (х. 759/1358)[212]
- Таџедин Ибрахим Захид Гејлани (х. 770/1369)[213]
- Ахи Мухамед Ширвани (х. 780/1378)[214]
- Сираџедин Пир Омер Халвети (х. 800/1397)[215]
- Садедин ел Фергани
- Ахи Мирем Халвети
- Изедин ет Туркмени
- Садрудин Омер ел Хијави
- Сеид Јахја Ширвани
- Пир Мухамед Ерзинџани
- Ибрахим Камил Кајсери
- Алаедин Ушаки
- Ахмед-ефенди Јигитбаши
- Хаџи Карамани-ефенди
- Кас'м-ефенди
- Мухји-ефенди Карахисари
- Рамазан-ефенди Карахисари
- Али-ефенди Руми
- Ибрахим-ефенди ибни Али Руми
- Али-ефенди Руми
- Фадил Али-ефенди Руми
- Пир еш шејх Хусеин-ефенди
- ел Хаџ Мехмед Пир Хајати-ефенди Руми[216].

Пир Мехмед Хајати, според *усулоӣ* и *ерќаноӣ* на халветскиот *ӣарикаӣ*, до неговата смрт направил многу *халифи* и ги испратил во разни краеви.

[211] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[212] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[213] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[214] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[215] *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
[216] Salih Eyüp, *Makedonyada'ki Tarikatlar, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018.

3.2. ШЕЈХОВИ ВО АСИТАНЕТО ПИР МЕХМЕД ХАЈАТИ ХАЗРЕТЛЕРИ

Во продолжение на овој труд ќе ја проследиме целосната генеалогија или родослов на шејхови што одреден период имале раководна позиција во охридското *аситане*.

1. Пир Мехмед Хајати (починал 18.8.1766). Се спомнува во два *берати* од Султанот од 1732 и 1755 година. Некои од моите соговорници сметаа дека веќе од 1732 година може да се смета дека *Пирот* седнува на *постот* во *аситането*.

2. Шејх Осман-ефенди (седи на *постот* 1766 – 1784). По смртта на Пир Мехмед Хајати на 18 август 1766/1767 година (12 *ребиулевел* 1180), него на *постот* го наследува неговиот зет од ќерка и *халифе* – шејх Осман-ефенди (починал 1198/1783/1784)[217].

Илјада седумсто шеесет и шеста, шеесет и седма се преселува. Значи, умира, умира[218]*. На негово место доаѓа неговиот зет од ќерка*[219]*. Така да, после се викал Осман. После тој, го наследил шејх Пир Мехмед Хајати Азретлери. И после нормално, оди тоа наследно, има свое сеџере што се вика*[220].

Галаба Паликрушева во нејзиното дело „Дервишкиот ред халвети во Македонија“ ни дава одредени информации, поточно споделува едно предание поврзано за шејх Осман-ефенди. Во тоа предание се вели: „Осман, уште како млад станал шејх, така што околните шејхови кои биле поврзани со ова теќе не можеле во почетокот да се помират со мислата дека наследник на голем *Пир* може да биде тоа дете. Затоа, се раскажува дека кичевскиот шејх Чули-Баба кога дошол во теќето во Охрид, поминал покрај шејх Осман без да му го оддаде нужното почитување. Кога го побарал Пир Хајати тој го затекнал неговото место празно, а тука бил седнат само шејх Осман. Тогаш тој се сетил дека

[217] Salih Eyüp, „Makedonya'da tasavvuf alanında etkili olan halvetilik ve Pir Mehmet Hayati Halveti Asitanesi“, *Osmanlı ilim, Düşünce ve Sanat Dünyasında Balkanlar*, Milletlerarası Tartışmalı İlmi Toplantı 07-09 Mayıs, İstanbul 2014, 276.

[218] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

[219] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

[220] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

погрешил и му се поклонил на шејх Осман. Во истиот момент Пир Хајати станал видлив и Чули-Баба можел да се поздрави со него“[221].

При моето теренско истражување во Охрид, од страна на моите соговорници ми беше напоменато дека, токму за време на шејх Осман-ефенди, започнува експанзија на ширење на овој огранок и отворање на хајатски теќиња во Македонија, но и во соседните земји, пред сè во Албанија, Грција, Бугарија, Косово.

Некои од нив се штипското *Јукари* или Горно теќе, кое го основал Абди-баба, кој по Божји повик дошол во *асихането* во Охрид и ја презел божјата служба *хилафет* од шејх Осман-ефенди, кој бил *халифе* (наследник на Божја служба). Потоа, од шејх Осман-ефенди стекнува *хилафет* и Хасан бин Фејзулах, кој го основал струшкото теќе. Понатаму, едно од теќињата во Кичево било основано од страна на шејх Селим-ефенди, кој исто така зел *хилафет* токму од шејх Осман-ефенди.

По неговата смрт, доаѓа неговиот зет од ќерката, шејх Осман-ефенди. Тој, за негово време, се проширува тарикатот. Се отвара многу повеќе теќиња да речиме, во Штип се отвара теќето за време на шејх Осман-ефенди. Се отвара теќе во Битола, исто, се отвара уште две теќиња во Кичево. Уствари триште теќиња во Кичево. Се отварат многу теќиња во денешна Албанија да речам. Тогаш је Османско Царство. Во разни градови, Ѓорице има, овај Корча, тогашно Ѓорице. Има Делфина во Албанија. Има уште некој, точно не можам да се сетам, али доста има[222].

Шејх Осман-ефенди го загубил животот трагично на пат за аџилак или, според кажувањата на одредени соговорници, на пат за Хоросан со цел да го побара и види имотот на Пир Мехмед-ефенди. Имено, тој, откако неколку дена отседнал кај Абди-баба во Штип, патот го продолжил за Ќустендил. Таму, во Ќустендил, во предавничка заседа бил смртно застрелан, каде што подоцна ќе биде и погребан.

Во врска со смртта на шејх Осман-ефенди, помеѓу халвети-хајатите во Охрид се раскажува едно интересно предание, кое вели дека потерата по шејх Осман-ефенди траела со часови, односно неговите убијци се мачеле за цел пат додека стигне до Ќустендил да го убијат, од причина што шејх Осман-ефенди се појавувал како седум лица, и на тој начин убијците не знаеле во кое тело треба да нишанат и да пукаат. Така било сè до моментот кога влегол шејх Осман-ефенди во Ќустендил, кога осамнала неговата фигура, и убијците лесно си ја завршиле

[221] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 115.

[222] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Еџуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

работата[223]. Во Ќустендил се наоѓа неговото *турбе*, додека во теќето Пир Мехмед Хајати во Охрид се наоѓа негов *мезар* по видување.

Меѓутоа, зетот починал во Ќустендил, во Бугарија, на пат за хаџилак. После неговата смрт доаѓа неговиот син, шејх Абдулќерим-ефенди. После него, тој имал четири синови, и тие четири синови станале поглавари во ова теќе. Така да, лозата шеховска продолжува од таа фамилија[224].

3. Шејх Абдулќерим-ефенди (Азиз з'м'з) – (1784 – 1822). Бил син на шејх Осман и го заменил него на *постот* во 1784 година. Имал четири синови: шејх Муртеза-ефенди, шејх Абдулхади-ефенди, шејх Абдулселам-ефенди и шејх Мустафа-ефенди и една ќерка. Сите четири синови стекнуваат *хилафет*[225].

4. Шејх Муртеза-ефенди (1822 – 1831). Не се знае со сигурност дали шејх Муртеза бил *постнешин*, но секако дека стекнал *хилафет* од неговиот татко. Шејх Муртеза починал во 1847 г.

5. Шејх Абдулселам-ефенди (1831 – 1834). Доаѓа на *постот* во 1831 година. Но во 1834 година, по свое барање, *постот* му го отстапил на неговиот брат Абдулхади. Во 1849 година е назначен како матичар, додека на 15.8.1855 година починал[226].

6. Шејх Абдулхади-ефенди (1834 – 1860). *Постот* го наследил од неговиот брат шејх Абдулселам-ефенди и раководел со *асистанетo* цели 16 години.

7. Шејх Мустафа-ефенди (1861 – ...). Починал во Мека и таму е погребан. Не се знае дали бил *постнешин*[227].

8. Шејх Мехмед-ефенди (1869 – 1884). Син на шејх Абдулхади, кој со *асистанетo* раководи 15 години.

9. Шејх Исмаил Хаки-ефенди (1891 – 1915). Син на шејх Мехмед-ефенди. По смртта на неговите синови, останува без машки потомци. *После смртта на сите сина, Абдулхади во илјада девестото и трета година и Мехмед во илјада девестото тринајста година, нема кој да го наследи на шејховското место. Шејх Исмаил Хаки-ефенди*

[223] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ерол Шех, роден 26.11.1966 година во Охрид, *јар'м халифе* и *шејхзаде* во дервишкиот ред халвети-хајати, Турчин.


[224] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

[225] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ерол Шех, роден 26.11.1966 година во Охрид, *јар'м халифе* и *шејхзаде* во дервишкиот ред халвети-хајати, Турчин.

[226] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ерол Шех, роден 26.11.1966 година во Охрид, *јар'м халифе* и *шејхзаде* во дервишкиот ред халвети-хајати, Турчин.

[227] Ağanoğlu Yıldırım H., *Ohri Halvetî Hayâtî âsitânesi*, İz Yayıncılık, 2016, 190.

испратил вест до внукот на Абдулселам-ефенди, Мехмед Зекерија кој се наоѓал во Истанбул. Оставил васиет тој да седне на постот. Шејх Исмаил Хаки-ефенди починал во илјада деветсто и петнајста година[228].



Фотогр. 6. Шејх Исмаил Хаки-ефенди, фотографија преземена од семејниот албум на шејховската фамилија Шех во Охрид, 2018 г.

10. Шејх Мехмед Зекерија-ефенди (1919 – 1938). Роден е во Охрид на 11 *мухарем* 1281 хиџранска година или 15 јуни 1864 година[229]. Шејх Зекерија бил син на Абдулрахим и Ајше-*хан'м*. Тој имал две сопруги: првата се викала госпоѓа Рухиде (Ruhide hanım), додека втората жена се викала госпоѓа Сервет (Servet hanım). Од првиот брак имал неколку деца, но починале на млада возраст. Единствената преживеана ќерка била Шерафет-*хан'м*, која се омажила со *шејхзаде* Мустафа, син на шејх Ариф-ефенди, *постнешин* на струшкото Хасан-баба теќе, кое било тесно поврзано со охридското *аситане* Пир Мехмед

[228] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

[229] Salih Eyüp, „Makedonya'da tasavvuf alanında etkili olan Halvetilik ve Pir Mehmet Hayati Halveti Asitanesi", *Osmanlı İlim Düşünce ve sanat dünyasında Balkanlar,* Milletlerarası Tartışmalı İlıni Toplantı 07-09 Mayıs, İstanbul 2014, 283.

Хајати. По смртта на првата сопруга, шејх Мехмед Зекерија-ефенди се жени за ќерката на шејх Ариф, која се викала Сервет-*хан'м*[230].

Шејх Зекерија-ефенди се оженил двапати. Од првата сопруга Рухиде-хан'м се родиле неколку деца кои починале на мали години. Единствената преживеана ќерка била Шерафет-хан'м, родена илјада деветсто и четврта година, а починала илјада деветсто осумдесет и осма година. После смртта на првата сопруга, се жени со ќерката на шејх Ариф-ефенди од Струга, Сервет-хан'м. Во илјада деветсто дваесет и шеста година ја омажил својата ќерка Шерафет-хан'м со шејхзаде Мустафа, син на шејх Ариф-ефенди, постнешин на струшкото Хасан-баба теќе, кое било тесно поврзано со аситането Пир Мехмед Хајати[231].



Фотогр. 7. Шејх Мехмед Зекерија-ефенди, фотографија преземена од семејниот албум на шејховската фамилија Шех во Охрид, 2018 г.

За него се вели дека е последниот *муршид-и ќамил* или совршен учител што седнал на *постот* во *аситането*. По него никој во охридското *аситане* нема да го достигне неговиот степен на духовна возвишеност. Тој секогаш се грижел за владеењето на моралот во теќето и надвор од него, така што стриктно се придржувал до раководечкиот

[230] Salih Eyüp, „Makedonya'da tasavvuf alanında etkili olan Halvetilik ve Pir Mehmet Hayati Halveti Asitanesi", *Osmanlı İlim Düşünce ve sanat dünyasında Balkanlar*, Milletlerarası Tartışmalı İlıni Toplantı 07-09 Mayıs, İstanbul 2014, 283.

[231] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

принцип во овој *тарикат* познат како: *Едеб Ја Ху* (тур. *Edeb Ya Hu*). Во една прилика, на надворешната страна на еден од џидовите во турбето, ќе напише *ахлак* (ahlak), со значење убаво однесување, што е еден од атрибутите на моралот.

Во фондот на Среското вакафско-меарифско поверенство – Охрид, кој се чува во Државниот архив на Република Македонија, во Подрачното одделение во Охрид, дојдов до еден документ, поточно список на верски службеници, во кој има одредени информации за шејх Зекерија. Во тој список на верски службеници ги има следниве податоци:

- звање: шејх;
- службено место: Охрид;
- година на раѓање: 1864;
- брачна состојба: оженет;
- број на деца и години: едно од 27 години;
- мајчин јазик: турски;
- школска квалификација: руждие;
- број и датум на решението на Власта од која е поставен: Министерство за вера Вм. бр. 2180/26;
- вкупно годишни приходи/принадлежности во пари и од кого ги прима: од вакафот 3 600 динари[232].

Во друг список од истиот фонд, кој се однесува на попис на теќиња спроведен на 4.9.1931 година, среќаваме уште некој дополнителен податок:

- име и седиште на теќето: хајати-халветско во Охрид;
- чие е теќето/зградата и колку простории има: Зејнел Абедин-паша, три одделенија освен џамијата;
- од кога е шејх: од пред 13 години;
- број на муриди: 60, околу 60[233].

[232] Фонд: Вакафско поверенство – Охрид, Државен архив на Република Македонија, Одделение Охрид, (необработен фонд).
[233] Фонд: Вакафско поверенство – Охрид, Државен архив на Република Македонија, Одделение Охрид, (необработен фонд).



Фотогр. 8. *Сеџерето* на Шејх Мехмед Зекерија-ефенди, фотографија направена од Ерол Шех во Охрид, 2018 г.

11. Шејх (векил) Хафиз Хасан Тахир (1938 – 1951). По смртта на шејх Зекерија-ефенди, бидејќи немал машки потомок, за теќето останал да се грижи Хафиз Хасан Тахир, кој бил поставен на позицијата *векил* или заменик од страна на шејх Зекерија-ефенди уште за време на неговиот живот. Во еден документ, односно записник за утврдување на моменталната состојба на теќињата и верските службеници во нив, спроведено во 1938 година, кој се чува во Државниот архив на Македонија, поточно во Подрачното одделение во Охрид, дадена е изјава од Хафиз Тахир-ефенди од која дознаваме дека тој ја извршува позицијата на *векил*, или *векалет*, како што пишува во изјавата, т.е. заменик во теќето, положба што ја добил од покојниот шејх Зекерија-ефенди.

Хасан и тој врши должноста како векил во теќево[234].

Во еден финансиски извештај спроведен во 1945 година, Тахир Хасан се наведува како имам-хатиб во теќето, но сè уште не е спомнат како шејх. Во тој документ се вели: „Буџет на муслиманските вероисповедни општини – град Охрид за четврто тромесечје 1945 г. – плата на имам-хатиб Зејнел Абедин-паша /ХАЛВЕТИ/ Тахир Х. Сулејман – 600 динари“.

Некои од моите соговорници сметаат дека Хафиз Тахир-ефенди, при крајот на својот живот, се здобил со титулата шејх, при што како легитимен наследник седнал на *постот* во теќето. *Бидејќи шејх Зеке-*

[234] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

рија-ефенди немал машко дете за продолжување на шејховската должност, на постот седнува шејх Тахир-ефенди назначен како векил од страна на шејх Зекерија-ефенди[235].

Како потврда за таквата информација соговорниците го наведуваат и натписот во *турбето* каде што над неговиот *мезар* стои испишано шејх Тахир-ефенди.

Одреден период по неговото стапнување на престолот, шејх Хафиз Хасан Тахир-ефенди го назначил својот син Јахја-ефенди како заменик или како *векил*, т.е. *јар'м халифе* во теќето.

Го прави како векиљ неговиот син, Јаја-ефенди[236]. *После шејх Таир-ефенди доаѓа зетот, од ќерка на шејх Зекерија-ефенди*[237].

12. Шејх Мустафа-ефенди (1951 – 1961). Син на струшкиот шејх Ариф-ефенди. Тој се жени со Са'адет-*хан'м*, со неа нема деца. Вториот брак го склучува со Шерафет-*хан'м*, ќерка на шејх Зекерија-ефенди, со која добиваат седум деца, од кои само три остануваат живи.

Шејх Мустафа-ефенди роден е во илјада осумсто осумдесет и деветта година. Во илјада деветсто двајста година, на триесет и една годишна возраст се жени со ќерката на шејх Исмаил-ефенди, Са'адет-хан'м. По нејзината смрт, во илјада деветсто дваесет и петта година по вторпат се жени со ќерката на шејх Зекерија-ефенди, Шерафет-хан'м со која добиваат седум деца, од кои само три остануваат живи. По смртта на шејх Зекерија-ефенди, Сервет хан'м останува сама да живее. Разболувајќи се, Шерафет-хан'м ја зема во Струга за подобро лечење. Меѓутоа, куќата останува празна и претои опасност во тоа време за конфискација на куќата. Поради тоа, ќерката на шејх Зекерија-ефенди фамилијарно доаѓаат во Охрид во илјада деветсто петесет и прва година. Доаѓајќи шејхзаде Мустафа-ефенди во Охрид, во струшкото теќе Хасан-баба останува неговиот помал брат шејхзаде Кемал-ефенди како јар'м халифе[238].


Во охридското теќе во тоа време, синот на шејх Тахир-ефенди, Јахја-ефенди е јар'м халифе. Во Охрид доаѓа шејх Ибрахим-ефенди од штипското теќе кој е халифе на шејх Зекерија-ефенди. Према кажувањето на шејхана Шерафет-хан'м, шејх Зекерија-ефенди, нејзиниот татко, пред смртта му предал некои аманети на шејх Ибрахим-ефенди и му рекол: „Кога ќе дојде Мустафа во охридското теќе, ти ќе одиш, ќе го назначиш за шејх на охридското

[235] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[236] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[237] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[238] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

теќе и ќе му ги предадеш овие аманети јас што ти ги давам тебе“. Шејх Ибрахим-ефенди поставува по зборовите на неговиот шејх Зекерија-ефенди, предавајќи ги аманетите и назначувајќи го Мустафа-ефенди за постнешин на охридското теќе на дваесет и седми април, илјада деветсто педесет и прва година[239].

Шејх Ибрахим од штипското теќе доаѓа во Охрид со тапи, џубе и две кошули, кој добил аманет од шејх Зекерија-ефенди, кога ќе дојде шејх Мустафа да му ги даде[240].

Шејх Мустафа-ефенди како постнешин и старешина на ситането во Охрид останува десет години. Назначен за шејх во илјада деветсто педесет и прва година, а починува во илјада деветсто шеесет и прва година[241].



Фотогр. 9. Шејх Мустафа-ефенди



Фотогр. 10. Шејхана Шерафет-хан’м

фотографии преземени од семејниот албум на шејховската фамилија Шех во Охрид, 2018 г.

[239] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

[240] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ерол Шех, роден 26.11.1966 година во Охрид, *јар’м халифе* и *шејхзаде* во дервишкиот ред халвети-хајати, Турчин.

[241] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

После него, синот на Таир-ефенди, така малу тука се прескокнува за речам[242].

13. Шејх Јахја-ефенди (1961 – 1989). *После смртта на шејх Мустафа-ефенди во текето продолжува халветискиот усул со јар'м халифе Јахја-ефенди. Долги години е имам во текето, а после од страна на кичевскиот шејх Али-ефенди е назначен за шејх на охридското теќе*[243].



Фотогр. 11. Шејх Мустафа-ефенди (најдесно седи на *постот*), до него е јар'м халифе (векил) Јахја и уште двајца дервиши, фотографија преземена од семејниот албум на шејховската фамилија Шех во Охрид, 2018 г.

На позицијата шејх, Јахја-ефенди е поставен од страна на кичевскиот старешина шејх Али, кој пак е „завиткан", т.е. му е даден *хилафет* од шејх Зекерија, по извесен период служење во охридското *аситане.*

Кога шејх Али дошол во охридското *аситане* за да го назначи *векил* Јахја на позицијата шејх, на таквата одлука остро се спротивставила *шејхана* Шерафет. Таа сметала дека треба да се зачува принципот на *евлади*, т.е. назначувањето на *постнешин* во *аситането* да продолжи да се применува исклучиво по наследство. Според неа, претходниот

[242] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[243] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

шејх Мустафа требало да биде наследен исклучиво од некој од неговите синови. Меѓутоа, како што ме информираа моите соговорници, шејх Али, поради политичкиот притисок што му бил вршен од тогашните власти, молејќи благослов од *шејхана*, почнал да ѝ ги бакнува дури и нозете, сè со цел да ја спроведе мисијата по која дошол[244].

Шејх Јахја-ефенди починал во 1989 година, а во истата година починале и три *шејхани*, и тоа во еден месец. Прво починала *шејхана* Шерафет, сопругата на шејх Мустафа-ефенди. Утредента починала *шејхана* Сакине од струшкото теќе. А по кратко време починала и *шејхана* Нецмија, сопруга на шејх Јахја-ефенди.

После смртта на шејх Јахја-ефенди, тарикатскиот усул продолжува со Абдулкадир-ефенди кој е назначен за јар'м халифе во илјада деветсто осумдесет и петта година од страна на Јахја-ефенди[245].

И како последен шејх од лозата на Пир Мехмед Халвети Хајати е внукот од ќерка на шејх Зекерија-ефенди, татко му на Ерол, шејх Абдулкадир-ефенди[246].

14. Шејх Абдулкадир (Кадри)-ефенди (1992 – 23.5.1998). Роден е во 1931 година од мајка Шерафет и татко шејх Мустафа. Во 1985 година е назначен за *јар'м халифе* од шејх Јахја-ефенди, а *халифет* добива од струшкиот шејх Ариф. Еден интересен детаљ од животот на шејх Абдулкадир-ефенди претставува бракот со госпоѓа Славка. Поради нивната различна верска и етничка припадност, на почетокот на нивната љубовна врска, како и при желбата за брак, наишле на силен притисок и отпор од нивните фамилии. Еден пример што со мене го сподели *шејхана* Славка, кој го илустрира негодувањето, и за кој вели дека сè уште се сеќава како да беше пред некој ден, е следниот. Имено, шејх Абдулкадир дошол пред куќата на *шејхана* Славче за да ја види и да поразговара со неа. Во тој момент наишол братот на госпоѓа Славче и насилно ја внел во куќата, притоа силно удирајќи ја со пиралка во пределот на главата, удар од кој имала последици со месеци. Кога го слушнал вресокот, шејх Абдулкадир буквално откорнувајќи ја вратата упаднал во куќата со цел да ја заштити, но и повикувајќи ја госпоѓа Славче да тргне со него во неговиот дом и да стават крај на сите непријатности.

[244] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ерол Шех, роден 26.11.1966 година во Охрид, *јар'м халифе* и *шејхзаде* во дервишкиот ред халвети-хајати, Турчин.

[245] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

[246] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

Од друга страна, пак, мајката и сестрата на шејх Абдулкадир, исто така, немале позитивно мислење околу склучувањето на овој брак. Ваквиот нивен став бил променет преку видение во сон, што во дервишкиот ред халвети-хајати има значајна улога при духовното воспитување и напредок на верникот, како што ќе видиме подолу во текстот. Во тие нивни сонови, во неколку наврати, *шејхана* Шерафет, мајката на шејх Абдулкадир, добива порака од шејховите во *турбето* со слична содржина: *Зарем ти си поголема од нас што носиш таква одлука*? *Не оди против волјата Божја!* По одреден период по добивањето и толкувањето на ваквите виденија, семејствата го одобруваат нивниот брак. Од нивната љубов се раѓаат двајца синови, Ерол и Јуксел. При една сообраќајна несреќа, за жал, животот трагично ќе го загуби Јуксел, додека Ерол ќе стане *шејхзаде*, или наследник, т.е. потомок на шејхот, и ќе го продолжи патот по кој оделе неговиот татко, дедо, прадедо, односно ќе го продолжи животниот век на драгоцената шејховска фамилија.



Фотогр. 12. Шејх Абдулкадир (Кадри)-ефенди, фотографија преземена од семејниот албум на шејховската фамилија Шех во Охрид, 2018 г.

При назначувањето за шејх и преземањето на *постот* во *асидането* од страна на шејх Абдулкадир, на позицијата *шејхана* доаѓа Славка. Оваа текиска и *тарикатска* обврска и привилегија повеќе од дваесет и пет години ја извршува *шејхана* Славче. Позицијата *шејхана* не

може во исто време да ја извршуваат повеќе женски лица, така што актуелната *шејхана* на таа позиција останува сè до нејзината смрт, и покрај фактот што нејзиниот сопруг е веќе починат, и на *пост* во теќето доаѓа друг шејх.

Шејх Абдулкадир е последниот шејх од шејховската фамилија што бил *постнешин* во охридското *аситане*. По неговата смрт доаѓа до една конфликтна ситуација меѓу верниците во теќето. Настанува раздор околу прашањето кој треба да биде наследник на шејх Абдулкадир и да го наследи неговото место на *пост*. Од една страна, потенцијален кандидат е неговиот син, *шејхзаде* Ерол, кој го застапува правилото на *евлаџие.* Тој сметал и сè уште стои на истото стојалиште дека наследувањето во теќето треба и мора да биде по наследна линија, како што било од самиот почеток од основањето на хајатскиот огранок, секако со одредени отстапувања. Отстапувања, пред сè, имало ако шејхот не оставил машки потомци. Неговиот противкандидат, пак, тогаш *јар'м халифе* Осман, се повикувал на правилото на *ербабие*, т.е. на челна позиција во теќето сметал дека треба да биде избран најспособниот член меѓу верниците, а како најспособен се сметал самиот. По одреден период договарања, преговарања, полемики, расправии, „довербата" на верниците му била дадена на *јар'м халифе* Осман, и тој застанува на *пост* во *аситането*.

Може да биде, има, евлаџие се вика. Евлаџие е наследно, ербабие е по заслуга. Кога викаме по заслуга значи по ученост, по тој пат што има одено. Така да, после тоа следува наследно то. Овдека, обично во Охрид, е до шех Зекерија-ефенди, било наследно... После него доаѓа еден Хафиз Таир-ефенди, шех Таир. Па, после доаѓа Мустафа. Значи, овие ти зборувам за последните, Мустафа доаѓа. После Мустафа доаѓа синот на Таир. Така да, доаѓа Таир, па Мустафа, па после кога се сели Мустафа, доаѓа синот на Таир Хафиз, Јаја-ефендија... После него доаѓа татко му на Ерол, шех Кадри станува. После, кога тој се сели на ахирет, доаѓа шех Осман, и после доаѓаат самоволни некои, самозвани не по силсила...[247]

После шејх Абдулкадир-ефенди на пост седнуваат лица кои не се од фамилијата шејховска[248].

[247]Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[248] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

15. Шејх Осман (1998 – 2013). По турбулентниот период што следи по смртта на шејх Абдулкадир-ефенди, на *постот* во теќето доаѓа шејх Осман. Тој добил *хилафет* од шејх Ибрахим од Кичево, додека претходно титулата *јар'м халифе* ја добил од шејх Абдулкадир и бил негов помошник и заменик.

16. Шејх Шерафедин (2013 – 2015). Според одредени информации до кои дојдов при моето теренско истражување, шејх Шерафедин, и покрај тоа што седнал на *постот* во теќето и ги извршувал сите обврски што му припаѓаат на еден шејх, за таа позиција немал добиено *хилафет* од ниеден хајатски шејх. Досега не добив потврда ниту негација за ваквата информација од неговиот син, денешниот шејх Фахредин, или од некој друг припадник во овој *тарикат*. Доколку ваквата информација се воспостави за точна, тоа значи дека (шејх) Шерафедин и не може да се вброи во оваа листа на шејхови што легитимно седнале на *постот* во *аситането*, бидејќи се прекршува *усулот* и *ерканот* на *тарикатот* халвети-хајати. Тоа значи дека никој не може да се самопрогласи за позицијата шејх, туку постои утврден *терџиј* и правила по кои треба да се постапува.

17. Шејх Фахредин (2015–). Тој е син на (шејх) Шерафедин. *Хилафет* добил од шејх Ерќан, синот на шејх Али Фуат од Кичево. Некои од верниците во Охрид го оспоруваат ваквиот избор на Фахредин за шејх, со аргументи дека не е извршен по правилата и прописите на *тарикатот*. Имено, на позицијата шејх може да назначува само оној шејх што воедно е и *постнешин* на одредено хајатско теќе. Во конкретниов случај, синот на *постнешиното* на кичевското теќе, шејх Ерќан, му доделил *хилафет* и го ракоположил Фахредин на позицијата шејх, а тоа не го направил неговиот татко Али Фуат, кој е *постнешин* во кичевското теќе и кој има легитимно право да назначува нови шејхови.

Али Фуат. Али Фуат е тука... Мхм. И син му Ерќан... Ама еште тој ја направи таа ситуација, го направи тој, таа грешка, меѓутоа, готово, грешката си е грешка. Ерќан направи грешка, ме разбираш, према неговите зборови. Направи, меѓутоа, не сакам да навлегувам во тоа[249].

Тука имаме уште една деликатна ситуација околу начинот на избор за шејх во теќето, која вреди да се спомене. Имено, изборот за шејх на моменталниот старешина Фахредин се извршил по принципот на *евлади*е. Тоа значи дека *постот* во теќето го наследува од неговиот татко Шерафедин. Иако, кога требало да се примени принципот на

[249] Сопствено теренско истражување, 2018 година, Охрид.

евлаѳие за наследник на шејхот Абдулкадир-ефенди, тогаш одредени верници му го завртиле грбот на неговиот син *шејхзаѳе* Ерол и не го поддржале во намерата. Подоцна пак, кога требало да се назначи нов *пос̄тнешин* по смртта на шејх Шерафедин, верниците го промениле мислењето и сега го поддржале шејх Фахредин без никаков проблем, повторно водејќи се по правилото на *евлаѳие.* Значи, во одреден период наследување на *пос̄топ̄* по принципот на *евлаѳие* не е прифатливо, за подоцна, истиот тој принцип на *евлаѳие* да може без проблем да се примени. Гледајќи ја ваквата ситуација, тоа што ми поминува низ глава е една позната изрека, која гласи: „Кралот е мртов, да живее кралот!“ Но, тука јас малку би ја адаптирал и видоизменил ваквата изрека, секако во контекст на настанатата ситуација, па би рекол: *Евлаѳие̄то е мр̄тво, ѳа живее евлаѳие̄то!*

Секако, јас тука не сум во својство на арбитер или судија за да делам правда, да докажувам кој е исправен, а кој непоправлив, не сум тука да фаворизирам некого, а друг да критикувам, да барам грешки или да осудувам. Туку, едноставно сакам да се обидам да ја опишам и да ја доближам реалноста каква што е.

Во колкава мера денешниот шејх Фахредин, кој седи на *пос̄топ̄* во теќето, ја заслужува таа позиција и доверба што му е дадена, дали успешно ги извршува шејховските задолженија и колку е *ербаб*, јас тука нема да коментирам. Туку, едноставно ќе оставам секој еден верник самиот да може да донесе заклучок врз основа и примена на два цитати од делото на Глиша Елезовиќ во кои се вели: *Шереф ул-мекјан бил мекјин, т̄.е. славаѓа на еѳно мес̄то ѳоаѓа оѳ славаѓа на оној шт̄о г̄о зазема, шт̄о седи во нег̄о. Спореѳ т̄оа, оние т̄екќиња во кои има способни, учени луѓе имаат п̄овеќе п̄риврзаници, п̄ријат̄ели.*

Вториот цитат е следниот: *Мен заре ве лем језук мин ху шејен кјене ху заре меит̄ен, т̄.е. кој п̄осет̄ува жив човек, п̄а оѳ нег̄о не чувст̄вува никакво уживање, како ѳа п̄осет̄ил мр̄т̄овец*[250].

Овие два цитати често знаат да бидат репер за успешноста или неуспешноста на одреден старешина или шејх во дервишките редови.

[250] Елезовић Глиша, *Дервишки ред̄ови муслимански, т̄екије у Скоп̄љу,* Штампарија и књиговезница „Стара Србија“, Скопље 1925, 14.

3.3. АСИТАНЕТО И ДРУГИТЕ ХАЈАТСКИ СВЕТИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА

Охридското халветско теќе Пир Мехмед Хајати, всушност, претставува *асиѓане*, односно централно теќе на хајатите, кое, како што видовме претходно, припаѓа на подогранокот рамазани од главниот огранок ахмеди на халветскиот дервишки ред. Охридското *асиѓане* е местото каде што основачот на редот, Пир Мехмед Хајати, живеел, го создал овој дервишки ред, каде што го проповедал учењето, правел чудеса, каде што починал и е погребан и каде што се чува гробот како најголема светиња на овој дервишки ред. Терминот *асиѓане* е од персиско потекло и означува порта или праг. Во *ѓасавуфоѓ* ова име се користи за големи и централни теќиња. Во исламската историја, градот Истанбул некогаш бил наречен *Асиѓане* поради тоа што бил централна метропола[251].

Од охридското *асиѓане*, со текот на времето, ќе се формираат и други теќиња во разни градови и населени места, како во Македонија така и надвор од нејзината територија.

Во ѓерминолоѓија на ѓарикаѓиѓе поѓоои еден ѓермин асиѓане. И ѓо се зема како ценѓар на ѓарикаѓоѓ. Асиѓане е ценѓрално месѓо. И шејхоѓ во асиѓанеѓо има право ѕа оѓвара нови ѓеќиња на ѕруѓо месѓо со пуѓшање на свој ученик којшѓо ѕобил ѕозвола за ѕа може ѕа проповеѕа ѓој ѓарикаѓ. Значи, ценѓар на хаљвеѓиѓе хајаѓи е Охриѕ. Биѕејќи, ѓука е, и основачоѓ е ѓука во Охриѕ...[252]

Најмноѓу ѓеќиња се оѓварааѓ за време на шејх Осман-ефенѕи, зеѓоѓ на Пир Мехеѕ Хајаѓи и внукоѓ шејх Абѕулкерим-ефенѕи. Вкупно се оѓворени ѓриесеѓ и четири ѓеќиња. Оѕ нив сеѕумнаесеѓ се во Макеѕонија, четиринаесеѓ во Албанија и ѓри во Грција[253].

Теќињаѓа кои се поврзани за асиѓанеѓо во Охриѕ се оѓворени во Сѓруга, Кичево, Биѓола, Штип, како и во околниѓе села на некои ѓрадови[254].

Во **Кичево** биле основани три халветски теќиња од гранката хајати. Едно од тие теќиња во Кичево основал шејх Ахмед Фитос-ефен-

[251] https://www.thestudycircle.org/projects/, пристапено на: 28.10.2018.
[252] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[253] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[254] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

ди, кој претходно бил имам во Исхак-беговата џамија. Тој добил *хилафет* директно од Пир Мехмед Хајати и почнал да служи во теќето Хајати-баба, според хајатскиот *ерќан* и *усул*. По смртта на шејх Ахмед Фитос-ефенди, во ова теќе на *постот* се изредиле следниве шејхови: шејх Ахмед Катана-ефенди, шејх Омер-ефенди, шејх Али-ефенди, шејх Махмуд-ефенди, шејх Бајрам-ефенди, шејх Мустафа-ефенди, шејх Мехмед Абедин-ефенди, шејх Халим Емру-ефенди, шејх Јусуф-ефенди, шејх Мустафа-ефенди, шејх Али-ефенди, шејх Мустафа-ефенди. Потоа шејх Ибрахим-ефенди ја вршел улогата на *постнешин*, а денес оваа функција ја врши шејх Али Фуад-ефенди[255].

Второто теќе во Кичево од хајатскиот огранок го основа Чули-баба, кој добива *хилафет* директно од самиот Пир Мехмед Хајати и без ничија помош, со свои сопствени средства го подигнал теќето, кое го носи и неговото име. По неговата смрт теќето останало празно 70 години без шејх. По овој период, во теќето на *постот* седнуваат следниве шејхови: шејх Мустафа-ефенди, шејх Мухјидин-ефенди, шејх Мустафа-ефенди, шејх Махмуд Хајредин-ефенди, шејх Адем Сефаудин-ефенди, кој до скоро време вршел *хизмет* на теќето.

Третото халветско теќе во Кичево од гранката хајати било основано од страна на шејх Селим-ефенди и било познато како Шејх Селим теќе. По шејх Селим на *постот* на ова теќе седнуваат: шејх Абдулќерим-ефенди, шејх Мехмед-ефенди, шејх Ахмед-ефенди, шејх Осман-ефенди, шејх Селим-ефенди, шејх Ибрахим-ефенди, шејх Нецип-ефенди. Шејх Нецип се преселил во Турција, и ова теќе одреден период останало без шејх. Во последно време теќето повторно оживува. Во овој миг за теќето се грижи *векил* (*јар'м халифе*) Рушит Колча-ефенди[256].

Во Кичево се формираат три теќиња. Моментално како теќиња се ѕве. Во ѕругото теќе пораѕи немање на шејх нема и активност текиска ѕа речам[257].

Покрај овие теќиња во Кичево, во неговата околина се наоѓало едно теќе во близина на селото **Зајас**. По смртта на шејх Селим, за кого се смета дека го оформил ова теќе, го наследиле шејх Мустафа и шејх Али. Во 1912 година, со смртта на шејх Али, хајатскиот огранок во

[255] Salih Eyüp, „Makedonya'da tasavvuf alanında etkili olan halvetilik ve Pir Mehmet Hayati Halveti Asitanesi", *Osmanlı ilim, Düşünce ve Sanat Dünyasında Balkanlar*, Milletlerarası Tartışmalı İlmi Toplantı 07-09 Mayıs, İstanbul 2014, 277.

[256] Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatlar, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018.

[257] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

Зајас згаснува. Ова теќе подоцна е претворено во џамија, но во нејзиниот двор се турбињата на шејх Селим и шејх Мустафа[258].

Во **Струга**, со дозвола на шејхот Осман-ефенди од охридското *асиѓане*, дервишот Хасан бин Фејзулах, подоцна познат и како Хасан-баба, во 1770 година основал теќе[259]. По неговата смрт не како шејх, туку како *шејхзаде* во ова теќе служел Кадри-ефенди. По него следеле шејх Ариф-ефенди, шејх Рифат-ефенди, *векил* (*јар'м халифе*) Мустафа-ефенди, *векил* (*јар'м халифе*) Кемал-ефенди, шејх Ариф-ефенди[260]. Денес на *пост* во теќето седи шејх Илхан-ефенди, синот на шејх Ариф-ефенди, кој во теќето служи според хајатскиот *ерќан* и *усул*. Овој шејх успешно го следи духовниот развој на своите верници, давајќи им *вирд* според *Вирд-и сетар* од *Пир-и сани* Јахја Ширвани. Шејх Илхан секој четврток во своето теќе има воведено предавања за неговите ученици во врска со верските обреди и практики, додека секој втор четврток во струшкото теќе практично се извршуваат верските обреди, како што се *зикр* или *девран*.

Во илјада, неѓдека, илјада шесто, илјада седумсто шеесет и четврта, петта... доаѓа Хасан ибни Фејзула. Тој е од Караман Коња. Како војник доаѓа во Албанија и од Албанија доаѓа во Струга. И после доаѓањето во Струга, станува ученик на Пир Мехмед Хајати. Хасан ибн Фејзула, меѓутоа, или Хасан-баба, познат денеска како Асан-баба. Кога се сели, значи умира овој, Пир Мемед Ајати, доаѓа ше Осман. Асан-баба го зема својот џиазет од него и го отвара теќето во Струга. Значи, добива одобрение да го отвори теќето во Струга илјада седумсто и седумдесетта... Теќето се вика Хасан-баба... Во Струга секогаш имало само едноа хаљветиско теќе... Кое работи од илјада седумсто седумдесетта, па сè до ден-денеска работи. Каде што сум јас сега моментално таму. Ги одржавам шие церемоние или обреди кои ги имаме во теќето[261].

[258] Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatlar, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018.

[259] Ова теќе е многу активно во денешни денови и функционира врз основа на шеријатските правила. Во теќето, освен посебните манифестации на *тарикатот* халвети-хајати, се клањаат и петте дневни *намази* и се развиваат и многу други верски активности.

[260] Salih Eyüp, „Makedonya'da tasavvuf alanında etkili olan halvetilik ve Pir Mehmet Hayati Halveti Asitanesi", *Osmanlı ilim, Düşünce ve Sanat Dünyasında Balkanlar*, Milletlerarası Tartışmalı İlmi Toplantı 7–9 Mayıs, İstanbul 2014, 278.

[261] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.



Фотогр. 13. Хасан-баба теќето во Струга, фотографии направени при сопствено теренско истражување во Струга, 2018 г.

Штип – **Јукари теќе** (тур. Yukarı tekke). Шејхот на охридското *асиѓане* Осман-ефенди му дал *хилафеѓ* на Абди-баба, кој во неколку наврати доаѓал во охридското *асиѓане*, каде што одреден период служел во теќето, т.е. правел *хизмеѓ*, а воедно пристапил кон духовното патување или *сејр-у сулук*. По стекнувањето на *хилафеѓ*, шејх Абди-баба се вратил во Штип каде што го основал познатото Јукари теќе или Горно теќе. Во ова теќе прв *поѓнешин* бил Абди-баба, а по неговата смрт него го наследил неговиот внук, шејх Мустафа-ефенди. По смртта на шејх Мустафа на *поѓоѓ* во ова теќе се поредиле: шејх Хусеин-ефенди, шејх Мехмед-ефенди и шејх Ибрахим-ефенди, кој 39 години бил шејх на Јукари теќето во Штип. Во 1956 година се преселил во Измир и таму продолжил да биде шејх и *поѓнешин*. Во 1967 година починал. По неговата смрт на *поѓоѓ* во теќето во Измир седнуваат следниве старешини: шејх Нијази-баба, додека неговиот брат Риза-ефенди основа *завие* во Истанбул; по шејх Нијази доаѓа Мемет Рефик; а него го наследува *јар'м халифе* Нешет, кој моментално раководи со теќето во Измир што води потекло од штипското Јукари теќе.

И во Штип. Значи, што се однесува во Македонија. Во Штип, во Штип се ѓаси неѓдека илјада деветсто и шеесетите ѓодини се ѓаси. Кога викам се ѓаси, се селаѓ, присилно се иселени. Тоа треба да се знае, присилно се иселени, шејхоѓ е присилно иселен за Турција. Во тоа време, ѓо присилувале шејхоѓ на миграција во Турција. И нормално, кога шејхоѓ ќе мигрира, сите неѓови наследници се селаѓ во

Турција. Обично, тие се сместени во Измир и некој, еден дел се во Истанбул. Ама повеќето, од Штип што се ојдени се сместени... Во Измир... Во Тепецик се. Центарот им е сега моментално, во Тепецик каде и ден-денеска, то е една куќа фактички и се извршуваат обредите. Меѓутоа, не како кај нас, туку тие се состануваат двапати неделно, обично петок и недела. Така да, оној што го, што ги одржуваше тие церемонии се пресели пред едно шест месеци и сега одредивме, фактички поставивме еден нов човек што ќе продолжи со тие работи во Турција[262].

Дервишите од ова теќе го раширили *тарикатот* халвети-хајати и во другите градови и села во источна Македонија. Во селата Махмутчилар (денешно Мамутчево), Горобинци, Ерџели, Орла, Дурфули, Каратманли, Фатарли и Татарли биле основани *завија*, каде што биле обучени голем број на дервиши и поглавари *дедеа*[263].

Во Штип постоело уште едно халветско теќе од гранката хајати, но тоа престанало да работи и е разурнато во 1912 година. Се знае само дека неговиот последен шејх бил шејх Осман[264].



Фотогр. 14. Шејх Мехмед Зекерија-ефенди (седи на челната позиција во средина), од неговата десна страна седи шејх Ибрахим-ефенди, последниот шејх во Јукари теќето во Штип; фотографија преземена од семејниот албум на шејховската фамилија Шех во Охрид, 2018 г.

[262] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

[263] Ариф Мериха (шех Ибрахим), ул. „7-ми Ноември“ 68, Охрид, дата на раѓање: 05.07.1927 г., Штип, Горно теќе (Абди Баба Теќе), ракопис.

[264] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959.

И во **Битола** се проширил овој *тарикат*, така што постои информација дека во овој град биле активни две хајатски *завија.* Едното од нив било познато под името Шејх Зекерија, додека другото *завие* било наречено Три шејхови (тур. Üçşeyhler zaviyesi)[265].

За овие две хајатски светилишта податоци наоѓаме и кај Мехмед Тевфик. Едното хајатско светилиште Мехмед Тевфик го спомнува под името Тез Верен-баба. Ова светилиште се наоѓало во Битола во близина на новиот амам. Во него се наоѓал гроб на шејх Зикирија, кој бил свет човек на кого луѓето му се молеле и често го посетувале неговиот гроб. Тој бил следбеник на шејхот Пир Мехмед Хајати кој почива во Охрид[266].

Второто светилиште Мехмед Тевфик го спомнува под името Три шејхови. Овие три богоугодници биле припадници на дервишкиот ред халвети. Тие биле следбеници и ученици на славниот мудрец Пир Мехмед Хајати, чие миромирисно тело почива во Охрид. Кога достигнале совршенство овие три Божји угодници починале и биле погребани во Битола, во турбето кое се наоѓало во Хамза-бегово Маало. Ова светилиште се сметало за свето место и често било посетувано од населението. Еден од тројцата шејхови се викал Ибрахим, другиот Абдул Керим, а третиот Ахмед[267].

Покрај тоа што се отвориле халвети-хајатски теќиња во разни градови и населени места во Македонија, исто така почнале да се формираат хајатски теќиња и надвор од границите на Македонија, секако поврзани, но и со дозвола од *асихането* во Охрид. Тука може да се спомене теќето во Тирана, основано во 1840-50 година од страна на шејх Увејс, кој бил *мурид* на шејхот Абдулхади. До Втората светска војна ова теќе било активно. По смртта на шејх Увејс, на *пост* во тиранското теќе седнале следниве шејхови: шејх Хајдар, шејх Мустафа и како последен шејх што седнал на *пост* бил шејх Адил[268].

Освен во Тирана, на територијата на Албанија ќе се создадат хајатски теќиња во Билишта, Ѓирокастро, Елбасан и Прмет. Сите овие теќиња биле цврсто поврзани со охридското *асихане*[269].

---

[265] Ağanoğlu Yıldırım H., *Ohri Halvetî Hayâtî âsitânesi*, İz Yayıncılık, 2016, 190.

[266] Тевфик Мехмед, „Кратка историја битољског вилајета“, превод од османлиски-турски јазик: Глиша Елезовиќ, *БРАСТВО XXVII, Друштво Св. Саве, књига 43,* Београд 1933, 221.

[267] Тевфик Мехмед, „Кратка историја битољског вилајета“, превод од османлиски-турски јазик: Глиша Елезовиќ, *БРАСТВО XXVII, Друштво Св. Саве, књига 43,* Београд 1933, 222-223.

[268] Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti Tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/, пристапено на 3.9.2018.

[269] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959.

Хајатиски текија се отворени во Грција во околината на Јања (Јанина), Аласоња (Еласона) Кесрије (Костур) и Трхала (Трикала), како и во некои места во Албанија, вкупно четиринаесет текија... Меѓутоа од тие текија моментално нема ништо. Активните текија се во Охрид, Струга и Кичево[270].

Покрај хајатски теќиња на Балканскиот Полуостров, едно хајатско теќе ќе биде основано на територијата на Соединетите Американски Држави. Како дошло до основање на ова теќе, ќе биде објаснето во продолжение на текстот.

Името, теќето во САД го основал Асаф Дураковиќ, родум од Столац, Босна и Херцеговина. Тој, уште додека живеел во поранешна Југославија, добил видение преку сон, односно повик да дојде да го посети *асихането* во Охрид, од каде што треба да добие *хилафет*. Според кажувањата на моите соговорници, Асаф при неговиот *зијарет* на *турбето* во Охрид, придружуван од Шерафет-*хан'м*, во тоа време *шејхана* во охридското *асихане*, директно побарал *хилафет* од *мезарот* на Пир Мехмед Хајати[271].

Во докторската дисертација на Џулијан Хејзен (Julianne Hazen) наоѓаме одредени информации за теќето во Америка, како и за поврзаноста на шејх Асаф и охридското *асихане*. Во нив меѓу другото се вели дека шејх Асаф во Охрид добива *хилафет* од шејх Јахја Тахир, кој го посетил теќето во Вотерпорт, Њујорк (Waterport NY), во два наврати и притоа издал формално *тасдикнаме (tasdiknameh)* или сертификат, со што се добива дозвола за отворање теќе во Њујорк. Теќето официјално било отворено во 1979 година.

Откако шејх Асаф почнал да раководи во теќето по хајатскиот *ерќан* и *усул*, по одредено време во теќето доаѓа призренскиот шејх Џемали Шеху во 1980 година, кој на Асаф му дава *хилафет* и од *тарикатот* рифаи[272], така што овој *тарикат*, по првичното чисто халвети-хајатско учење, набрзо се изменил преку додавање на елементи од рифаите, вклучувајќи ја комеморацијата на Ашуре, како и обредниот *зикр* со прободување на телото со остри инструменти.

Подоцна, во Америка, шејх Асаф го основа *тарикатот* алами, кој се базира на симбиозата на учењата и практиките на *тарикатите* халвети-хајати и рифаи. Заедницата во Вотерпорт станува главниот суфиски центар.

[270] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[271] Сопствено теренско истражување, 2018 година, Охрид.
[272] Hazen Julianne, *Contemporary Islamic Sufism in America: The Philosophy and Practices of the Alami Tariqa in Waterport, New York*. PhD Thesis, SOAS, University of London, 2011, http://eprints.soas.ac.uk/13816, пристапено на: 25.9.2018.

Во 1983 година, три шејхови го посетиле ова теќе поединечно: шејх Џемали Шеху од рифајскиот *тарикат* во Призрен, Косово, *шејхана* Шерафет од халвети-хајатското теќе во Охрид и шејх Фадлала Хаери од Јужна Африка[273].

Сега би сакал да се навратиме на изворишето, односно на охридското *аситане*, кое заслужува да му биде посветено повеќе внимание. Едно правило што е карактеристично за *аситането* во Охрид е тоа што секој еден потенцијален кандидат што треба да стане шејх во другите хајатски теќиња мора да дојде и да служи одреден период во охридското *аситане* Пир Мехмед Хајати и задолжително од *постнешиноt* и шејх на *аситането* треба да добие благослов, т.н. *бараках* и *хилафет* или *ијазет*, со кој ќе може полноправно да седне на *постот* во определеното теќе и да ја извршува улогата на шејх и *постнешин*.

Ваквото правило строго се почитувало од сите шејхови, а како потврда за ваквата пракса ни служи ракописот, односно мемоарите собрани од Мериха Ариф, ќерка на шејх Ибрахим, последниот *постнешин* на штипското теќе. Од нив ќе видиме како потенцијалните кандидати за шејхови од штипското Јукари теќе (тур. Yukarı tekke – мак. Горно теќе), пред да станат шејхови, задолжително доаѓале во охридското *аситане*, одредено време служеле во теќето и, откако ќе добиеле *ијазет* од *постнешиноt* на охридското *аситане*, тогаш се враќале во штипското теќе и како легитимни старешини почнувале да ја извршуваат улогата на шејх.

Имено, **шејх Абди-баба**, основачот на штипското Јукари теќе, работел како чевлар со татко му. Еден ден, додека работел, добил привидение, веднаш станал и отишол до реката Хатуне. Таму слушнал непознат глас: „Абди, дојди во Охрид. Не чекај Абди, дојди во Охрид!“ Многу се зачудил откако го слушнал овој глас и извесно време не бил при свест. Кога се освестил, се вратил дома. Тогаш шејх Абди-баба имал 17 години.

Истата вечер повторно бил повикан од истиот глас: „Абди, не чекај, дојди во Охрид“. Утредента веднаш тргнал за Охрид, што за него било непознато место. Таму имал прилика да го види храмот на Пир Хајати. Одредено време Абди-баба престојувал во охридскиот храм и служел, односно извршувал *хизмет*. По одреден период побарал дозвола од шејхот за да се врати дома во Штип. Заветот што го научил од шејхот почнал да го изведува и дома.

[273] Hazen Julianne, *Contemporary Islamic Sufism in America: The Philosophy and Practices of the Alami Tariqa in Waterport, New York*, PhD Thesis, SOAS, University of London, 2011, 97, http://eprints.soas.ac.uk/13816, пристапено на: 25.9.2018.

По извесно време, повторно бил повикан со истата порака: „Абди, дојди веќе!“ По таа заповед, по вторпат отишол во Охрид и ја презел божјата служба *хилафет* од тогашниот шејх Осман-ефенди. Откако се вратил во Штип, отворил мал храм на местото на сегашното теќе и турбе.

Шејх Мустафа-ефенди, кој бил внук на Абди-баба, на многу млади години, дури и за времето на Абди-баба одел во теќе и ги извршувал своите ритуали. На 15 години заминал во Охрид. Бил почитуван и го наследил *хилафетот* по 6-месечно служење во храмот на хазрети *Пир*.

Шејх Хусеин Сабри-баба бил најстариот син на Мустафа-ефенди. По 2-3 месеци од смртта на неговиот татко, заминал во охридскиот храм. Тогаш на власт бил возвишениот шејх Мехмед-ефенди. По 3 месеци, откако ги исполнил своите обврски, се стекнал со *хилафет*. Се вратил во Штип, ги собрал дервишите на татко му, но истовремено создал голем број пријатели и следбеници во Штип и околните села.

Шејх Мехмед-ефенди е вториот син на шејх Мустафа-ефенди. Неколку месеци по смртта на својот постар брат, заминал во Охрид, во храмот заедно со Мустафа-деде од Махмутчилар и Омер-деде од Горобинци. 15 дена ги извршувал обврските во *асиѓането*. Тогашниот шејх Зекерија му го предал *хилафетот* и се вратил во штипското теќе.

Шејх Ибрахим-ефенди, два месеца по смртта на шејх Мехмед-ефенди, отишол во Охрид кај *асиѓането* (теќето) за да го преземе *хилафетот*. Во тоа време шејх Зекерија-ефенди бил *постнешин* во теќето (*асиѓането*) во Охрид. Шејх Ибрахим-ефенди еден месец останал во храмот, ги извршил своите должности, го презел *хилафетот* и се вратил во штипското теќе[274].

Меѓутоа, низ историјата на хајатскиот *шарикат* постоеле и прекршувања на ваквото правило и пракса. Едно такво прекршување ќе согледаме преку едно предание што е зачувано и се пренесува од генерација на генерација. Имено, по смртта на Пир Мехмед Хајати, шејхот на хајатското теќе во Тирана, наместо да го испрати својот син што требало да добие *хилафет* во Охрид, сам го прогласил за шејх. Кога новоназначениот шејх по одреден период дошол во Охрид да побара извинување, се качил еден ден на минарето во дворот на теќето од каде што паднал и веднаш починал. Него го погребале на истото место каде

[274] Ариф Мериха (шех Ибрахим), ул. „7-ми Ноември“ 68 Охрид, дата на раѓање: 05.07.1927 г., Штип, Горно теќе (Абди Баба Теќе), ракопис.

што паднал. Тоа на некој начин била казната затоа што неговиот татко се огрешил кон *асиѓането*[275].

Од собраните мемоари и од ова предание јасно се гледа улогата и важноста на *асиѓането*, но и страхопочитта кон ова теќе што ја имале шејховите и дервишите од другите хајатски светилишта.

Всушност, охридското *асиѓане* претставува центар од каде што се создаваат хајатски шејхови, место од каде што може да се добие *иџазет* или *хилафет*, односно сертификат со кој се стекнува право, легитимитет, дозвола, одреден потенцијален шејх да може да основа теќе од оваа гранка и/или да седне на *пост* во определеното теќе и да раководи со полн легитимитет.

Доколку пак починел шејх од *асиѓането*, а за време на неговиот живот немал назначено кој ќе биде негов наследник или немал дадено *хилафет* на никој од *асиѓането*, тогаш потенцијалниот кандидат одел во најблиското теќе и од тамошниот шејх, кој задолжително бил назначен од *асиѓането*, можел да земе рака, односно да добие *хилафет* и да биде назначен за шејх.


Асиѓането Пир Мехмед Хајати во Охрид се вбројува меѓу трите најрепрезентативни теќиња во Македонија, заедно со Харабати-баба теќето во Тетово и рифајското теќе во Скопје.



Фотогр. 15. *Асиѓането* во Охрид, фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.

[275] Ова предание ми го раскажа *шејхана* Славче, која го слушнала од нејзината свекрва, Шерафет. Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959.

Денес теќето Пир Мехмед Хајати претставува архитектонско здание, еден комплекс составен од повеќе објекти. Најраспространет објект од текискиот комплекс претставува објектот што е наменет за извршување на верските обреди *намаз* и *зикр*. Оваа зграда ја сочинуваат повеќе простории или одделенија. Едно од нив е *семаханеш̄то*, одделение во кое се извршува *намазош̄*, односно задолжителната молитва пропишана со шеријатот, која се извршува петпати дневно. Во оваа просторија, исто така, често се изведуваат и дополнителните молитви, т.н. *нафиле*, како што е *ш̄ехеџуд*, и секако, препознатливиот обред, карактеристичен за дервишките редови, а воедно и за халвети-хајатите, тоа е *зикрош̄*.



Фотогр. 16. *Семахане* – просторија каде што се извршуваат верските обреди, фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.

Други простории што го надополнуваат овој објект се зимскиот и летниот *кахве-оџак*, каде што се подготвува кафето за шејхот, дервишите, но и за секој гостин присутен во теќето. Во овие простории се извршуваат разни активности. Покрај подготвувањето и пиењето кафе, тука се разговара за суштински прашања поврзани со *ш̄арикаш̄ош̄* халвети-хајати. Понекогаш, особено во зимскиот период, во зимскиот *кахве-оџак* се извршува *зикрош̄* поради тоа што оваа просторија е најзатоплена.



Фотогр. 17. Шејх Мустафа-ефенди седи во *кахве-оџакош*, фотографија преземена од семејниот албум на шејховската фамилија Шех во Охрид, 2018 г.

Секогаш кога се влегува во *кахве-оџакош*, тоа се одвива по одреден ред и пропис. Секој што влегува во оваа просторија, откако ќе го поздрави шејхот и ќе му укаже почит преку поклон или *нијаз*, седнува на одредено место, секогаш на колена, и двете раце се положени на колената. Присутните верници седат во таа позиција сè до моментот додека не добијат знак или дозвола од шејхот со зборовите седете удобно (тур. rahat otur). Од тој момент верниците седнуваат покомотно, но секогаш се внимава табаните да не се свртени во правец на шејхот или кон другите дервиши во *халката*.

При секое влегување во кахве-оџак, кога ќе се седне. Значи, шејхот седнува, останатите кои доаѓаат по ред седнуваат и дури не дава изин шејхот значи, рахат отур (rahat otur)! Значи, седи слободно, не може никој да седне слободно, туку мора да биде на колена седнат. И кога шејхот ќе рече раат отур, тогаш се седнуваат и шејхот наредува: Доделувајте кафе! Дајте кафе, дајте локум[276]*!*

Зимскиот *кахве-оџак*, интересно е да се напомене, се користи од 7 ноември до 6 мај. По овој датум верниците се преместуваат во летниот *кахве-оџак*, кој се користи од 6 мај до 7 ноември. На некој начин верниците во хајатското теќе во Охрид се раководат по оној неформа-

[276] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

лен модел на поделба на две годишни времиња, лето и зима. Имено, зимскиот период почнува од Митровден (тур. Kasım) и трае до Ѓурѓовден (тур. Hıdırlez), кога, пак, започнува летното полугодие.



Фотогр. 18. Денешниот изглед на зимскиот *кахве-оџак*, фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.



Фотогр. 19. Денешниот изглед на летниот *кахве-оџак*, фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.

Во просторијата *кахве-оџак*, најкарактеристичен, односно централен дел е самиот оџак, кој има големо значење за хајатите, по кој и оваа просторија го добила името. Оџакот е во употреба преку целата година, т.е. 365 дена. За него се грижи *кахвеџи-дедe*, кој има задача секое утро, пред започнување на утринската молитва или *сабах намаз*, да го запали оџакот во теќето и да го подготви кафето.

Всушност, самиот оџак е можеби највиталниот дел од теќето, преку кој всушност се покажува животот во теќето. Имено, доколку од оџакот излегува чад, тоа значи дека теќето е сè уште живо и активно. Во спротивен случај, доколку не се појави чад од текискиот оџак барем еден ден, тоа е знак дека теќето згаснало и престанало со својата работа.

Една интересна карактеристика во врска со огнот во оџакот во охридското *аситане* претставува посебното внимание околу употребата на термините. Па така, хајатите никогаш не го користат терминот „палење на огнот“, туку „будење на огнот“, или на турски јазик *уjанд'рмак* (uyandırmak). Исто така, се избегнува да се користи фразата „гасење на огнот“; наместо тоа, тие го користат терминот „покривање“, или на турски јазик *ортмек* (örtmek). Преку употреба на ваквите фрази треба да се покаже дека огнот постојано се одржува во живот, тој може да заспие, но никако да се умртви, т.е. да изгасне. Аналогно на тоа, сè додека огнот се одржува во живот, воедно теќето и *тарикатот* живеат. Во спротивен случај, доколку навистина се изгасне огнот, тоа значи дека згаснал и *тарикатот*, односно теќето престанало со својата работа.

Кога зборуваме за оџакот и огнот во *аситането*, неизбежно е да ја спомнеме и анегдотата, односно преданието што се прераскажува со генерации, поврзано со Џеладин-бег и теќето. Имено, Џеладин-бег во одреден период од неговото владеење во Охрид наредил да се угаснат сите оџаци во градот. По неговата забрана, сите граѓани ја испочитувале ваквата одлука, единствено хајатските дервиши во теќето останале глуви на оваа наредба. Откако увидел дека хајатските верници не ја почитуваат неговата забрана, веднаш се упатил кон теќето. Кога пристигнал во теќето, во тој момент започнувал *зикрот*, па шејхот во тоа време го замолил Џеладин-бег да почека, односно да го проследи *зикрот*, па подоцна да разговараат за причината за која дошол. Откако го проследил *зикрот* во теќето, Џеладин-бег се возбудил, бил фасциниран од изведбата на *зикрот*, восхитен од посветеноста на дервишите и хармонијата што владеела внатре во теќето. Па така, по завршувањето на *зикрот* и послужувањето со кафе, шејхот го запрашал Џеладин-бег: „Која е целта на Вашата посета во теќето?“ Џеладин-бег му кажал за причината на неговото доаѓање, но по проследувањето на *зикрот* го

сменил мислењето и рекол: „Дај Боже никогаш да не се изгасне огнот во теќето и од оџакот постојано да излегува чад“.

Покрај овие простории, исто така, во рамките на теќето се наоѓа гостинска соба или *мисафир одаси* (тур. misafir odası), која служи за пречек на гости, посетители во теќето, како што и самото име ни кажува. Како еден куриозитет, во оваа просторија биле пречекани разни видни личности, како на пример: турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган, потоа, поранешните турски претседатели Абдулах Ѓул и Халил Тургут Озал, министерот за надворешни работи на Р Турција Ахмет Давутоглу, министерот за култура, а подоцна и министер за образование Хусеин Челик и многу други угледни личности.



Фотогр. 20. Гостинската соба (*мисафир одаси*), фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.

Друг значаен објект, карактеристичен за теќињата воопшто, претставува *турбето*.

Во охридското теќе, *турбето* (türbe-i saadet) е лоцирано на левата страна од влезот. Тука е погребан основачот на ова теќе Пир Мехмед Хајати Хазретлери, кој воедно е основач и на *тарикатот* халветихајати.

Исто така, тука се погребани и другите заслужни шејхови што раководеле со теќето, па дури и дел од упокоените членови на нивната потесна фамилија. Токму *турбињата* ни укажуваат на поврзаноста,

посветеноста и преданоста на *Пирош* и шејховите кон теќето, така што, дури и по нивната смрт, тие остануваат вечно поврзани за теќето.



Фотогр. 21. Турбето во кое се наоѓаат гробовите на Пир Мехмед Хајати и на другите еренлери, фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.



Фотогр. 22. *Мезарош* на Пир Мехмед Хајати Хазретлери, фотографија направена од Ерол Шех во Охрид, 2018 г.

Турбе̄то е составено од два дела. Во едниот дел, покрај *мезаро̄т* на Пир Мехмед Хајати, основачот на теќето, но и на дервишкиот ред халвети-хајати, се наоѓаат и гробовите на следниве шејхови: шејх Осман (по видение, додека вистинскиот гроб му се наоѓа во Ќустендил), шејх Абдулќерим, шејх Муртеза, шејх Нене-валиде (сопругата на шејх Абдулќерим, Алемшах-валиде).



Фотогр. 23. (Од десно кон лево) *Мезарӣте* на Пир Мехмед Хајати Хазретлери, шејх Осман (по видение), шејх Абдулќерим, шејх Муртеза, шејх Нене-валиде, фотографија направена од Ерол Шех во Охрид, 2018 г.



Фотогр. 24. *Мезарӣте* на Пир Мехмед Хајати Хазретлери, шејх Абдулќерим, и шејх Муртеза, фотографија направена од Ерол Шех во Охрид, 2018 г.

Во вториот и помал дел се наоѓаат гробовите на: шејх Абдулселам и шејх Абдулхади, кои се одвоени од левата страна, додека во другиот дел се наоѓа гробот на двете *шејхани*, или *шејхвалиҷе* (мајка) Сервет-*хан'м* и *шејхвалиҷе* Шерафет-*хан'м.* До нив е *мезаро̄т* на шејх Мустафа, па следи шејх Тахир Хафиз, шејх Мехмед Зекерија, заедничкиот *мезар* на шејх Абдулкадир и *шејхзаҷе* Ќучук Мехмед, потоа следи *мезаро̄т* на шејх Мехмед (Хамди) и на крајот се наоѓа *мезаро̄т* на шејх Исмаил Хаки.



Фотогр. 25 и 26. Гробовите на шејховите кои се наоѓаат во помалата просторија во турбето, фотографија направена од Ерол Шех во Охрид, 2018 г.

На некој начин останало како непишано правило шејхот, кој вистински се посветил на патот, кој бил добар служител во теќето, засекогаш да остане поврзан со тоа светилиште, така што, по преселување на *ахире̄т*, неговиот вечен дом да биде во текискиот комплекс, а неговиот *мезар* вечно да го краси теќето.

Овие *мезари*, особено *мезаро̄т* на Пир Мехмед Хајати ужива големо почитување кај муслиманскиот свет, и кон нив верниците се однесуваат со особена почит или страхопочит. Овие *мезари* се прекриени со текстилен материјал, чоја, додека пак на горниот дел се наоѓа *та̄ҷо̄т* на шејхот и *риҷа-и шериф* (шалот на шејхот). Чојата на сите *меза-*

ри се вади двапати годишно, односно се носи на перење. Тоа се прави во периодот пред двата најголеми верски празници, Рамазан бајрам и Курбан бајрам. Оваа активност, всушност, е задолжение на *шејханата* и на жените од шејховската фамилија.

Покрај овие задолжителни делови што го красат *мезарот* преку целата година, понекогаш нив ги красат и пешкири или разни памучни ткаенини што ги носат поединци барајќи *ѳерман* од *Пирот* за одредена мака што ја имаат, или едноставно носат за лично здравје, како и за здравје и бериќет на фамилијата. Не ретко се случува *турбето* да го посети и некој христијанин што има особено почит кон *Пирот* и другите *евлии* чии *мезари* се наоѓаат во *турбето*.

Многу луѓе доаѓаат, се молат на *мезариште* и бараат помош за одредена потреба, болни, страдалници, ужалени. Тие оставаат на гробовите некој дел од својата облека да преноќи една вечер во *турбето*. Тоа најчесто го прават во четврток навечер, да преноќи на *мезарот*, а потоа во петок доаѓаат и ги земаат назад. Ги облекуваат и на тој начин цврсто веруваат дека ќе се избават од болеста, тагата, опасноста, злото итн.

Секој ден во *турбето* се пали светло или им се прави *нур* на *евлиите*. Оваа должност им припаѓа на членовите на шејховската фамилија, кои секоја вечер, од *акшам намаз* до *јација намаз* ги палат светлата во *турбето*.

При влегување во *турбињата* има посебен *тертип* на кој се влегува и посебни *ѳови* или молитви што се упатуваат. Затоа, влегувањето во *турбето* секогаш е проследено или придружено со одреден дервиш, кој е задолжен за таа работа, кој знае како треба да се изврши *тертипот* на влегување и упатување *салавати*, *ѳови* и почести кон *Пирот* и кон другите *еренлери*. Денес на позицијата *турбеѳар* во охридското *аситане* е дервишот Хусамедин.

Веднаш до *турбето* се наоѓа летен *шаѳрван*, кој исто како и *турбето* е од затворен тип, односно сосидан од цврст материјал и комплетно покриен. *Шаѳрваноп* претставува место каде што верниците, пред извршувањето на дневните верски обреди, земаат *абѳест*, т.е. вршат телесно прочистување со вода, за да можат телесно чисти да влезат на молитвата.



Фотогр. 27. Затворен *шаѳрван* во охридското теќе, фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.

Текискиот комплекс го сочинува и една градина во која се наоѓаат неколку гробови на покојници, кои од различна причина тука нашле вечно почивалиште. Во градината заедно со неговата сопруга е погребан Зејнел Абедин-паша. Нивните гробови се прилепени до минарето. Потоа, тука се наоѓа еден гроб на припадник на бекташкиот дервишки ред, за кој судбината одредила неговото вечно престојувалиште да биде ова теќе. За него се раскажува дека дошол во Охрид како посетител. Но, по еден трагичен настан, кога го прегазил пајтон во непосредна близина на теќето, било одлучено тука и да биде погребан. Неговиот *мезар* е препознатлив по обележјата карактеристични за бекташите, како што се *ташот* и *теслим ташот*. Меѓу другите гробови има еден што изнудува посебно внимание бидејќи над самиот гроб виси еден тас, т.е. метална чинија. За покојникот на овој гроб се раскажува дека оставил аманет над гробот да му постават чинија. Секогаш кога ќе заврне дожд, во неа се полни дождовна вода од која својата жед ја гасат птиците. Замислата на тој покојник му била, и по неговата смрт, на некој начин да може да продолжи да прави добри дела со тоа што ќе ги напојува птиците и ќе им ја гаси жедта.



Фотогр. 28. Гробови во текискиот комплекс, фотографија направена при сопственото теренско истражување во Охрид, 2018 г.



Фотогр. 29. Гроб на припадник на бекташкиот *тарикат*, кој вечно почивалиште нашол во текиската градина во Охрид, фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.

Уште една многу важна, што е за халветиште хајати, овдека. Текињата се отворени за сите. Текињата се отворени за сите. Значи, доаѓа во текето и дервиш, доаѓа во текето и онај кој не е дервиш. Значи, отворен е, нема за препрека, да речиме, ај ти не си дервиш, не можеш да влегвиш, или не си член, не можиш да влегвиш. Отворено е за клањање. Значи шеријатот се извршува, доаѓа и шеријатчиот тука. Се завршува со шеријатот. Почнува да речиме тарикатските обреди. Ако сака останува, ако не сака си оди[277].

Во еден период од неговото егзистирање, поточно од 1916 до 1918 година, охридското теќе или *асиштане* било делумно оштетено од страна на Бугарите за време на нивното присуство на овие простори. Во списокот на оштетени објекти составен на 19 февруари 1916 година стои следново: „Бугарските војски срушиле еден дел од *ѕуварот* (ѕидот) на овдешното теќе, а каменот го употребиле за правење на скривница... За поправка на *ѕуварот* на теќето дадени се 500 динари“[278].

[277] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

[278] Фонд: Вакафско поверенство – Охрид, Државен архив на Република Македонија, Одделение Охрид, (необработен фонд).

4. ДОКТРИНА – ТЕМЕЛНИТЕ ТОЧКИ КАРАКТЕРИСТИЧНИ ЗА УЧЕЊЕТО НА ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ

О верници, верувајте во Аллах, и во пророкот Негов и во Книгата која ја објави на пророкот Свој и во секоја книга која ја објави порано. Оној кој не верува во Аллах и во ангелите Негови и во книгите Негови, и во пророците Негови и во Судниот Ден заталкал многу далеку![279]

Да, Часот доаѓа; во него нема сомнение. Аллах, навистина, ќе ги оживи оние во гробовите![280]

Не случајно ова поглавје го започнав токму со овие два ајети од Куранот, бидејќи во нив се крие суштината на учењето на исламот, односно преку нив можат да се воочат догмите врз кои се засновува верата на муслиманите, а тоа е верување:

1. во постоење на еден Бог – Алах;
2. во светата книга – Куран[281];
3. во божјите ангели (*мелеци*);
4. во Алаховите пратеници;
5. во судниот ден;
6. во воскресението на мртвите.

Покрај овие догми, кои се цврсто вкоренети во срцата на муслиманите, исто така, верниците се должни да ги почитуваат и практикуваат основните верски должности преку петте начела или *шартови*, познати и како пет столбови на исламот, столбови врз кои се сведува целата религиозна и побожна пракса.

---

[279] *Светиот Куран*, 4:136, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Цило, со мали коректури од страна на тимот на ИЗ, http://islamska-zaednica.com/web/qrnmkd, пристапено на: 5.11.2013 г.

[280] *Светиот Куран*, 22:7, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Цило, 330.

[281] Куранот е света книга за муслиманите, извор на верата, каде што се запишани Божјите зборови, пораките на откровенијата што Бог му ги открил на Мухамед преку ангелот Џебраил за да може пратеникот Мухамед да им го покаже правиот пат на луѓето. Куранот е составен од 114 поглавја или *сури*, кои се составени од различен број стихови наречени *ајети*. Секој што ќе го научи целиот Куран напамет се нарекува *хафиз* и ужива посебна почит меѓу муслиманите.

1. ***Шахада*** или сведочење на верата: „Не постои друг Бог освен Алах, а Мухамед е неговиот пратеник“ (арап. lā ilāha illā-llāh, muḥammadun rasulu-llāh).
2. ***Салат*** или богослужбена молитва, уште наречена и *намаз*. Секој муслиман е должен во текот на денот пет пати во точно определено време да изврши *намаз*.
3. ***Зеќат*** или милостина. Тоа е годишна обврска на секој возрасен, меѓутоа финансиски способен муслиман да плати данок за сиромашните и за оние што имаат потреба од помош.
4. **Пост**, ***савм***. Се извршува за време на светиот месец рамазан од изгрејсонце, па сè до заоѓање на сонцето.
5. **Аџилак** или ***хаџ***. Тоа е животна обврска на секој муслиман да го посети светилиштето Ќаба во Мека и другите свети места што се пропишани за таа цел. Со овој чин верниците ја стекнуваат титулата аџија што им носи дополнителни бенефиции, посебен статус во општеството[282].

Кон овие догми или темелни точки карактеристични за учењето на исламскиот свет, воедно се придржуваат и доследно ги извршуваат припадниците на дервишкиот ред халвети-хајати, кои се всушност нераскинлив дел од поширокото исламско семејство. Тие во целост ги практикуваат сите Божји заповеди што пратеникот Мухамед наредил да се извршуваат – *фарз*, начинот на кој пратеникот Мухамед го живеел неговиот живот – *сунет* и, секако, строго се придржуваат до тоа што пратеникот го окарактеризирал за забрането или *харам*, но, и до тоа што Пејгамберот допуштил и благословил да се практикува и употребува – *халал*.

Основата на халветиите је, Божјата објава, Куранот и практикувањето од страна на Мухамед алејхи селам. Значи, тарикатот или тасавуфот како движење се заснова на Божјата објава и практикувањето на објавата во пракса, живеењето према објавата од страна на Мухамед алејхи селам... Да, то е сунет. Сунетот значи, практичен живот на она што е објавено… Меѓутоа, сунетот за основа не го зема само буквалното значење на објавата или само механичко извршување на обредите, туку големо внимание се посветува и на суштината на објавата и духовната страна на обредите. Како пример, можеме да земеме извршување на обредот,

[282] Трајановски Виктор, *Етнолошко и антрополошко проучување на дервишкиот ред бекташи од село Канатларци, Прилепско*, магистерски труд одбранет на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ментор: проф. д-р Љупчо Ристески, Скопје 2015.

што есш клањањешо или намазош кое на изгледо е со йокреши на шелошо. Меѓушоа, шоа е едон начин на уйашување искрени молби до чисшо срце или искрено возвишување на едон и единсшвениош Айсолушен Госйодар Алах. Клањањешо има големо значење како едон начин и мешод на духовно воспишување и возодигнување на човекош. Тука доаѓа до израз релацијаша човек - Алах. Таа релација може да се воспосшави само со йрочисшено и искрено срце. Целша на шасавуфош е йрочишување на срцешо или калби селим[283].

Всушност, како што можеме да видиме, од страна на дервишкиот ред халвети-хајати цврсто е зачуван и практикуван шеријатот, односно светиот закон или светото право на исламот. Тој им помага на верниците да не залутаат и да живеат исправно на овој свет. Да се следи суфизмот без шеријат е исто што и да се гради куќа на песок. Без уреден живот, изграден на цврсти морални и етички принципи, не може да се тргне на духовниот пат.

Меѓушоа, шреба да се знае, во халвешиише, йогошово кај нас, хајашскиош кол, не може да биде во шарикашош без шеријаш. Сеа шеријаш знаеш што е оширилика... Значи, ако не ги извршува шеријашскише обврски не може да биде во шарикашскише обврски. Подоцна, йокасно кога ќе видиме, кога ќе се објаснуваа да речеме ако одиме докај зикровише, сише зикрови шо се во халвешискиош, йогошово, хајашскиош кол овде кај нас, се йосле клањањешо на намазише. Значи, се клања нокниош намаз, има зикир. Се клања сабах намаз, има зикир. Се клања йладне, има зикир... После секој намаз има зикир. Или клања намаз, има свои самоволни обврски... Нафиле, све е шо нафиле. Меѓушоа, нафилешо е обврзна да ги најправи шие работи, ако сака да биде дервиш. Значи со шоа се надградува[284].

Меѓутоа, припадниците на дервишкиот ред халвети-хајати не се задоволуваат само со шеријатот или со овие вообичаени практики, туку жедта на нивните срца ја гасат со дополнителни, доброволни обврски, т.н. *нафиле*, на тој начин искажувајќи дополнителна почит и благодарност кон Возљубениот Алах ц.ш. И само на тој начин успеваат да се приближат до Него и да се соединат со Апсолутната Вистина, т.е. со Алах, што е една од основните и крајни цели на сите суфиски редови или *шарикаши*.

[283] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

[284] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *йосшнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

„Карактеристично е што извршувајќи ги упатствата на Куранот и следејќи го патот на сунетот ги исполнуваат сите фарзови да речам. Исто така, доброволно се одвојува време за споменување на Алаховите имиња, то есть правење на зикир или молитва или правење некои добри дела[285]*.*

Е сега, припадникот, или потребата на тарикат... Со доброволен пристап на човекот во халветиски-хајатискиот тарикат се воспоставува паралела на образованието и воспитувањето, балансирање на материјалното и духовното, на надворешниот и внатрешниот свет. Ова се постигнува со искрена одданост и преданост према свевишниот Алах. Ова се постигнува низ еден духовен воспитен процес. Тој воспитен процес зема време во зависност од човекот. Секој човек има разни, разни способности и квалитети. Некој за пократко време доаѓа до еден извесен степен, некој за подолго време... Времето на траење зависи од човекот. Зависи од неговите способности и трудот што ќе го вложи. Во тарикатот не се повикува. „Дојди ти, да влезиш во тарикатот и ние да те воспитуваме.“ Туку битен фактор е љубовта за самоспознавање себеси, а потоа и Бога. Кој ќе се спознае себеси, ќе го спознае и Бога. Така ќе ја реши равенката на смисолот на животот[286]*.*

4.1. ХАЛВЕТ – МЕТОД ЗА ДУХОВНО ВОЗВИШУВАЊЕ

Пред да продолжиме со објаснување на дополнителните секојдневни верски практики типични и препознатливи за *тарикатите*, би сакал претходно да кажеме збор-два за *халветот*, едно од суштинските обележја и уникатен елемент својствен само за овој дервишки ред, според кој не случајно и самиот *тарикат* го добива своето име.

Зборот *халвет* значи – самотија, да се биде осамен, изолација, тихување, меѓутоа како суфиски термин значи да се води интимен разговор со Бога[287], бидејќи во самотија мистикот најмногу другарува со Бог[288].

[285] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[286] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[287] Şapolyo Enver Behnan, *Mezhepler ve tarikatlar*, 172; Islam Ansiklopedısi, 120-cuz, Tarikat-Teberke, Istanbul 1970, 9/1.
[288] Špehar Milan, „Mistika u velikim nekršćanskim religijama židovstvu i islamu“, *Obnovljeni život* 65, 1, 2010.

Зборот халвет значи, самотија, во буквален превод да речам. Да останеш на едно место сам без ничие присуство, ти со твојот Бог[289].

Истражувачите на суфизмот обично му припишуваат на *халветот* две димензии: физичка и духовна. Првата од овие состојби на *халветот* е физичко одвојување од светот на одредено време. Овој период понекогаш трае 40 дена како што правел основачот на овој ред, Омер Халвети, кој се повлекувал во шупливото стебло на еден чинар и таму се предавал на созерцание или контемплација. Овој период од 40 дена може да биде намален на 12, 7, па дури и на 3 дена, во зависност од времето и можностите на поединците, но секако, следен под будното око на *муршидот*, т.е. шејхот.

Е сега халвет кога реков, халвет во тарикатскиот термин е четириесет дена. Значи, повлекување од овосветскиот живот, така да кажам, во една просторија, каде што е фактички и мрачна, нема прозорци, нема ништо скоро. Многу малку спиење, многу малку јадење, повеќе време во ибадет, во зикир, во учење нормално, четириесет дена и тоа во, ние викаме ербеин. Во времето кога е ербеин, тоа е, тоа почнува негде од двaесетти декември отприлика, па трае сè до крајот на јануари, значи четириесет дена. А ербеин, 'рбеин е арапски збор... Што значи четириесет... Тоа поготово почнува од самиот основач... Омер Халвети[290].

Во теќето во Охрид, односно во *аситането*, постои една просторија што го носи името *халвет одаси* или соба за *халвет*. Од самото име на оваа просторија можеме да донесеме заклучок за нејзината функција и намена, односно дека таа служи за повлекување на хајатските верници и извршување на *халвет*. До неа може да се дојде преку дрвената врата што е составен дел од дрвената лапмерија што го краси зимскиот *кахве-оџак*.


Меѓутоа, денес *халветот* во охридското теќе, а и во другите хајатски теќија во Македонија е изоставен, т.е. не се практикува. Овој обред останал само теориска лекција што шејхот им ја предава на верниците што влегле во хајатскиот *тарикат*, запознавајќи ги со карактеристиките и значењето на *халветот*.

Халвет, секој којшто, порано, сега не, малу е тешко то, али секој којшо сакал да пристапи во халветиско теќе, во халветиски

[289] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

[290] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

тарикат, четириесет ѳена треба ѳа поминува во хаљвет... Во теќето, а можи ѳома то хаљвет, можи и ѳома ѳа се прави, али овѳека има просторија во теќето... Али и шејховите исто така, и тие прават хаљвет. И ѳервишите и шејховите[291].



Фотогр. 30. Вратата што води до просторијата наменета за извршување халвет, фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.

Според податоците што ги добив од моите соговорници, *халветот* во охридското *аситане* последен пат се извршувал за време на шејх Зекерија-ефенди, кој починал 1938 година. По неговата смрт се напушта практичната примена на *халветот* како верски *тарикатски* обред, и тој престанал да се извршува во *аситането*. Повеќедецениската апстиненција од извршување на *халвет* во охридското *аситане* довела до различно поимање и интерпретација на одредени сегменти на *халветот*. Па така, на моето прашање: „Кога верникот се повлекува во *халвет*?“, од страна на моите соговорници добив три различни одговори.

Одредени соговорници ми напоменаа дека *халветот* се извршува пред воведување на нов член во *тарикатот*, така што, по строги 40 дена повлекување поради побожност, во кои верникот малку јаде, малку спие, а доминира времето за молитва, шејхот ќе му даде *инабе*, со што поединецот станува полноправен член во дервишкиот ред халвети-хајати.

[291] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

Други соговорници, пак, ми напоменаа дека *халвети* се извршува пред пристапување во групата на дервиши, така што, по успешно поминатото време во *халвет*, шејхот на кандидатот ќе му облече *џубе* и *ќулав* (тур. külah), ќе му даде *хилафетнаме* или, народски речено, „ќе му даде рака“ со што ќе го прогласи кандидатот за дервиш и ќе му го покаже неговото место во теќето и *тарикати*.

Последната група соговорници беа на ставот дека *халвети* се извршува единствено од страна на кандидатот што, по успешното повлекување во *халвет* и духовно созревање, го чека *хилафети* со кој ќе биде прогласен за шејх и ќе може во иднина да седне на *пости* во теќето или да основа ново теќе.

Темелот за искуственото спознавање на *халвети* е молчењето, затоа што, природно е дека, кога човек ќе се осами, тој нема со кого да разговара; а човекот најмногу греши со својот јазик, така што повеќето препреки за човекот на патеката на неговото духовно созревање настануваат од неговата неконтролирана и неодмерена потреба да зборува. *Халвети* го учи човекот да молчи, му пружа заштита од неговиот јазик, го враќа на самоспознавањето (спознавање на сопственото битие) што, на крајот, неговото срце ќе го направи подготвено за осамувањето со Алах џ.ш., што е и навистина крајната цел на *халвети*. Во состојбата на молчење на овој краен степен на *халвет*, човечкото срце станува иницирано за примање на знаењето за Тајната и за однесување според тоа знаење[292].

За цело време од свети одалечи се,
За да можеш да се вивнеш во висината на молчењето.

Овие стихови искажани од Фарид ад Дин Атар (п. 1221 г.), суфиски поет од Нишапур, Хорасан, во неговото дело Мохтарнаме, укажуваат на една друга димензија на *халвети*. Имено, Атар нè повикува за цело време да се оддалечиме од луѓето, па се наметнува прашањето дали воопшто тоа е возможно. Доколку е возможно, на кој начин човекот може да биде во состојба на континуирана одвоеност од другите? Сметаме дека таквиот вид на „дистанцирање“ на која алудира стихот дава духовен *халвет*. Под духовен *халвет* подразбираме состојба на постојана и целосна духовна сосредоточеност на човечкото срце, така што до човекот не допираат никакви, позитивни или негативни, вибрации од надворешниот свет. Така човекот, иако физички присутен во

[292] Moker Mubina, „Šutnjom do tajne srca“, *Znakovi vremena*, vol. 12, dvobroj 43/44, Sarajevo 2009, 125.

надворешниот свет, со духот е одвоен од него, осамен со својот Господар[293].

Некои од моите соговорници споделија со мене едно интересно размислување во врска со потеклото и значењето на *халвет̄от̄*. Тие сметаат дека *халвет̄от̄*, на некој начин, претставува реконструкција на повлекувањето на пратеникот Мухамед во темната пештера Хира на планината Џабал ал Нур (планина на светлината) во близина на Мека. Во таа пештера, преку молитва, пост и духовни вежби, на пратеникот Мухамед, од страна на Алах, со посредство на мелекот Џебраил или Гаврил, му се откриваат вистините за Бог, за светот, за човекот, за смислата на постоењето, за животот и за спасението, односно тој добива откровение. Така, со секое повлекување во *халвет̄*, поединецот го имитира и се сеќава на повлекувањето на Пророкот во пештерата Хира.

Овие интензивни аскетски практики се насочени кон надминување на *нефсовит̄е* и „умирање пред физичката смрт“. За време на *халвет̄от̄*, аспирантите изведуваат дополнителни молитви, читаат Куран и прават *зикр*, се охрабруваат за време на *халвет̄от̄*[294].

4.2. ЗИКР – МЕТОД ЗА ДУХОВНО ВОЗВИШУВАЊЕ

Покрај *халвет̄от̄*, кој е суштински елемент во доктрината на дервишкиот ред халвети-хајати, друга значајна компонента во обредниот живот претставува ***зикр̄от̄***, кој е нераскинлив, препознатлив и заштитен знак на сите дервишки редови или *т̄арикат̄и*.

Зикр̄от̄ е многу важен метод за суфиското духовно воздигнување, а воедно е и најчестиот метод што го користат суфиите за да дојдат во блискост со Бога и да се доведат до мистична состојба. *Зикр̄от̄* се однесува на спомнување или сеќавање на Бог по пат на обредни молитви и повторувања на фразите, како што се: *Ла илахе илалах* (La ilahe illallah) – Нема друг Бог освен Алах; *Субханалах* (Subhanallah) – Нека е славен Алах; *Алхамдулулах* (Al-hamdulullah) – Сите пофалби и благодарности се за Алах; *Бисмилах* (Bismillah) – Во името на Алах; *Алаху екбер* (Allahu ekber) – Алах е над сè; *Ест̄аѓфирулах* (Estagfirullah) – Барам прошка од Алах и некои од 99-те Алахови имиња и атрибути.[295].

[293] Moker Mubina, „Šutnjom do tajne srca“, *Znakovi vremena*, vol. 12, dvobroj 43/44, Sarajevo 2009, 125–126.
[294] Hazen Julianne, *Contemporary Islamic Sufism in America: The Philosophy and Practices of the Alami Tariqa in Waterport, New York*, PhD Thesis, SOAS, University of London, 2011, http://eprints.soas.ac.uk/13816, пристапено на: 25.9.2018.
[295] http://tekijablagaj.ba/portfolio/o-tekiji,/ пристапено на: 28.10.2018.

Зикрот често се изведува во група, но може да се изведува и индивидуално. Понекогаш може да биде со шепот, што се нарекува тивок, безгласен *зикр* или *хафи зикр*, додека, пак, некои сметаат дека споменувањето е повредно ако се прави гласно, т.н. *џехри*, па дури и од срце или *калби зикр*[296]. Во однос на положбата во која се изведува *зикрот*, тој може да биде: седечки (*куѳи*); стоечки (*кијам*); и полустоечки (*нис'ф кијам*)[297].

Смислата и целта на *зикрот* е дервишот постојано да мисли на Бог, во него да се развие духовен квалитет и духовен живот[298].

Куранот, чие рецитирање само по себе претставува највозвишен вид на *зикр*, крие неколку ајети на кои се повикуваат дервишите, односно ги посочуваат како доказ, потпора и потврда за изведување на *зикрот*. Така на пример, во еден ајет од сурата Ел Ахзаб се вели: *О, верници! Спомнувајте Го Аллах често!*[299] Во истата сура, во ајетот 21 се наведува дека и самиот пратеник Мухамед често го споменува Алах, што всушност ни кажува дека и тој практикувал *зикр* во разни ситуации. *Во Пејгамберот, навистина, имате убав пример, за оној што се надева на Аллах и во Денот суден и што Го спомнува Аллах многу!*[300] Во оваа прилика ќе ги спомнеме и следните ајети што се однесуваат на *зикрот*: *Спомнувајте Ме а и Јас ќе ве спомнувам; бидете Ми благодарни, а не неблагодарни*[301]; *Оние што веруваат, со спомнувањето на Аллах, ги смируваат срцата свои. А, срцата се смируваат, навистина, со спомнувањето на Аллах*[302]; *...и за мажите што го спомнуваат Аллах многу, и за жените што го спомнуваат Аллах многу... за сите нив Аллах подготви и простување и награда голема, навистина!*[303]; *За оние што Го спомнуваат Аллах стоејќи, и седејќи, и лежејќи, и што размислуваат за создавањето на небесата и на Земјата: „Господаре наш, ти ова не го создаде залудно. Возвишен си Ти, сочувај нè од казната огнена!"*[304]; *Да, верници се оние, кои, ако се спомне Аллах, им се тревожат срцата, а ако им се кажуваат ајетите Негови, им се зго-*

[296] Hazen Julianne Marie, *Contemporary Bosnian Sufism: Bridging the East and West*, 2008, 34.
[297] Vukomanović Milan, *Šta je tesavuf?* https://pescanik.net/sufizam/, пристапено на: 13.8.2018.
[298] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 80.
[299] *Светиот Куран*, 33:41, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, 429.
[300] *Светиот Куран*, 33:21, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, 246.
[301] *Светиот Куран*, 2:152, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, 22.
[302] *Светиот Куран*, 13:28, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, 242.
[303] *Светиот Куран*, 33:35, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, 429.
[304] *Светиот Куран*, 3:191, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, 69.

лемува верувањето и се потпираат на својот Господар[305]; *...И спомонувај Го многу Господарот! И слави Го и приквечерина и наутро!*[306]

За *зикрот* зборува и Пророкот а.с. во голем број од неговите *хадиси*: *Ако една група го спомонува Аллаха, мелеките ги опкружуваат и ги опфаќа Божјата милост*[307]; *Спомонувајте го толку често Аллаха дури да ви кажат дека сте луди*[308]; *Сакате ли да ве известам за најдоброто дело? Спомнувањето на Аллах*[309]; *Разликата помеѓу куќата во која се спомонува Аллах и онаа во која не се спомонува е како на живиот со мртвиот*[310].

Во една прилика кога *муридот* или ученикот го прашал својот *муршид*, т.е. учител, што е тоа *зикр*, учителот на ваквото прашање реплицирал со следното прашање: „Дали некогаш си бил заљубен?“ Откако ученикот одговорил потврдно, учителот рекол: „Во тоа се состои *зикрот*, во заљубеноста. Кога си заљубен, одредено лице е постојано во твоите мисли, и ти постојано размислуваш убави мисли за него или за неа. Во *зикрот* ти си заљубен и постојано мислиш на Бог и на неговите прекрасни атрибути“[311].

Кај дервишкиот ред халвети-хајати во Охрид, една од препознатливите карактеристики претставува токму *зикрот*. Имено, кај овој дервишки ред постојат два типа на молитви: заедничка молитва и индивидуална. Главната колективна молитва наречена *зикр* дервишкиот ред халвети-хајати ја изведува според своите начела и обичаи, на посебен начин својствен за овој дервишки ред. Овој обред се разликува помеѓу разните халветски гранки, но тие разлики најчесто се сосема незначителни. Дури и во една гранка како што е хајатската, начинот на вршење на *зикрот* може минимално да се разликува од едно до друго теќе, во зависност од тоа дали шејхот ќе внесе нови елементи при обредот.

Кај хајатскиот дервишки ред се застапени три видови на колективен *зикр*, и тоа: *куди* или седечки, *нис'ф кијам* или полустоечки и *кијам зикр* или стоечки.

---

[305] *Светиот Куран*, 8:2, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, 166.
[306] *Светиот Куран*, 3:41, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, 51.
[307] Муслим, Деават, 8. Според: Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008.
[308] Ахмед б. Ханбел, Муснеб, III, 68, 71. Според: Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008.
[309] Тирмизи, Деават, 6. Според: Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008.
[310] Бухари, Деават, 66/1. Според: Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008.
[311] Hazen Julianne Marie, *Contemporary Bosnian Sufism: Bridging the East and West*, 2008, 33–34.

Имаш зикир... Кој, кој се вика куѳи... Седечки... Имаш, нис'ф кијам, нис'ф, н-и-с-ф кијам... Полустоечки на колена... То е само кај нас. Кај ѳруѓи халъвети нема... Нис'ф значи пола... И имаш кијам. Значи стоечки... И после имаш, нормално кога се прави кијам зикир се оѳи на ѳевран. Значи на окренување[312].

Еднаш неделно, поточно во петок, по *џума намазот*, дервишите ја извршуваат колективната молитва, т.е. *зикрот*. Во петочните молитви најчесто е застапен седечкиот *зикр* или уште наречен *куѳи зикр*, кој секогаш кај овој дервишки ред се изведува гласно, т.н. *џехри зикр*.

Присутните на зикрот, седејќи формираат круѓ или халка со лицата еѳни према ѳруѓи. Во зикрот учествуваат сите присутни во еѳен ѓлас... Да речиме, онѳека зикрот се прави ѓласно. Мислам, во склоп на ова, сите ѓласно го правет зикрот[313].

И зикровите, обично, зикровите кога се праваш, не се с'ри, се џехри, значи, наѓлас. Кај халъветиите фактички сите кога се заеѳнички, се џехри. Кога се сами, тоѓаш се с'ри. Значи, само во себе... Калби нема. Калби се употребува поѓотово кај накшибенѳиите, калби. А кај нас никоѓаш не е речено калби. Е сега шо се однесува ѳо зикрот, има три врсти на зикр[314].

Петочниот *зикр* во охридското *аситане* се извршува во просторија специјално наменета за оваа прилика, наречена *семахане*. Со него раководи старешината на теќето, шејхот или *постнешиноѓ*. *Петочните зикрови се обично куѳи. Обично се куѳи*[315]. Шејхот е позициониран во центарот на *халката* што се создава за време на овој обред, формирана од дервишите и другите верници. Од левата страна на шејхот секогаш седат *закиријте*, оние верници што се задолжени за изведување или пеење на *илахиите* за време на *зикрот*, а од десната страна на шејхот и во продолжение на халката се наоѓаат дервишите и другите верници.

Еѳен петочки зикр, чим се завршува со петочкиот намаз, прво се составува халката, се прави халка... Закиријте, значи, кои учат ила-

[312] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[313] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

[314] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[315] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

хии се обично од левата страна на шејхот, додека другите има и дервиши кои му се од десната страна. И нормално останатите се во составниот дел на халката... Почнува со Рухи Пак Мухамед Мустафа ра салават. Значи, со тоа почнува секој зикир. И се оди дванаесет пати Ла илахе илала. Се оди со учење, обично, по правило треба дванаесет пати Ла илахи илала. По, појаваш шо викаме... Или евентуално може, пошто луѓето работат, одат на работа, тоа се скратува на седум... После завршувањето на дванаесет или седум пати Ла илаи илала се оди на дванасет пати или седум пати Ху. Ако е седум, оди со седум со седум. Или дванаесет со дванаесет... Така ќе се продолжува... Кога ќе се завршува со последното учење на Ху, Ја Алах Ху, тогаш почнува по два пати, Ху-Ху, Ху-Ху, тогаш закирите учат илахија... Сè до завршувањето на илахијата... Има одредени илахии кои се учат во зикир... Може да се менуваат. Ако шехот одредува, одредува. Ако не одредува, дервишите си земаат една илахија... Која оди да речиме по ред. Оваа недела, овој петок учевме ова, следниот петок учиме следното, така четири-пет илахии обично се менуваат. И се гледаат илахиите повеќето шо го знаат и останатите за да можат да се приклучат... Повеќето се од Ашик Јонуз... Може да биде од Нијази Мисри... Сите ги употребуваме, ги менуваме... И значи, кога ќе се заврши илахијата, тогаш завршува и со Ху. После завршувањето на учењето на илахијата и Ху, се чини дова... Довата, усулска дова, обична усулска дова. После усулската дова има три пати салават: Рухи Пак Мухамед Мустафа ра салават, Мефхари мевџудат ра салават, Ешрефи џеми'ил енбија ра салават, значи така оди, и после тоа, Азамети Худа ра текбира. И се оди третиот пат со текбир. И после текбирите, додека останатите викаат Хуу, Хуу, и се завршува со зикрот. И после станува шејхот... Стануваат и останатите од халката и дава селам. Ех селам алејкум рахметулах. И се оди во кафе-оџак. И нормално тука се дели кафа, локум. Кога се завршува, се учат три ихљаси за умрените. И нормално си одат. Значи, тоа е во кратки црти[316].

Сега види, шо се однесува до петочниот зикир, ние обично земаме само една илахија. Пошто има, одат на работа. А обично може да се зема една, три, пет, со пет илахии. Може да биде, зикирот не мора да биде само со Ху. Може да биде Ху, може да биде Хај, може

[316] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

ѳа биѳе со Алах. Зависи, значи, ѳ9 илахиите. Или колку ќе трае зикирот[317].

Што се однесува до *кијам зикрот* проследен со *ѳевран*, *фактички кијам ти е стоење... ѳевран ти е окренување*[318], можеме да кажеме дека денес е сè поретко присутен во охридското *аситане*, односно се редуцирал до степен да биде извршуван само за време на четвртоците во месецот рамазан.

Карактеристично ви9и, и за петок може ѳа се направи ѳевран, тоа не значи, ако ние не правиме, ѳека не може ѳа се прави. Може ѳа се прави и петок ѳевран. Може ѳа се прави и петок кијам зикир, нис'ф кијам или ку9и зикир. Поштo луѓето оѳат на работа, затоа нашите постари го имаат тоа скратено. И ги имаат оставано за рамазан, пошо после јација си имаат луѓето повеќе време и зикрот трае по9олго. Ако го земаме и ѳевраноm и сите комплет ѳа го направиме зикрот, тоа ќе трае некаѳе околу четириесет и пет минути. О9 четириесет и пет минути ѳо саат време о9и. Е сега пошто е во работно време, ако го направиш тоа, има ѳервиши, порано беше ѳруга ситуација, беа сите скоро приватни. Денеска, значи си има свои работи. Или беа земјоѳелци, или беа рибари, ме разбираш?[319]

Еден интересен опис на *кијам зикр* проследен со *ѳевран* наоѓаме кај Галаба Паликрушева, поточно во нејзиното дело „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, кој не се разликува многу од денешниот *кијам зикр* изведуван од дервишкиот ред халвети-хајати во Охрид. Во тој опис на Паликрушева се вели: во почетокот на *зикрот* поседнуваат сите дервиши на овчи кожи и се распоредуваат околу шејхот, кој е во центарот. Во почетокот само да напоменеме дека сите халвети ѝ припаѓаат на онаа група дервишки редови наречени *ѳеврани*, поради тоа што за време на *зикрот* формираат круг во кој подоцна се вртат. На даден знак од шејхот почнува *зикрот*. Една помала група дервиши составена од 4 до 8 дервиша наречени *зикир мухрабитлер* (со значење раб Божји што ги поттикнува другите) почнуваат да пеат *илахии*. Дервишите, кои се на колена и со положени раце, на истиот знак од шејхот почнуваат да ја движат главата одлево па надесно, изговарајќи ги зборовите *ла-*

[317] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[318] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[319] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

ил-лах-илалах со бавни движења на главата, како и со бавен изговор на зборовите. Тоа се повторува дванаесет пати. На знак од шејхот стануваат дервишите на нозе и се фаќаат за рамо, образувајќи затворен круг. За време на пеењето на првата *илахија*, дервишите стојат во круг и само го изговараат бавно зборот *Ху*, тоа е, како што велат тие, тешко *Ху*. Со отпочнување на втората песна, т.е. *илахија*, кругот почнува да се врти одлево надесно, пак со тешко *Ху*. При третата *илахија* почнува брзо вртење на кругот со исто така брзо изговарање на зборот *Ху*. При четвртата песна дервишите ги отпуштаат рацете, но стојат пак во круг и со скрстени раце на градите, и се изговара тешко *Хај* (што значи Господ е жив). За сето ова време шејхот не влегува во кругот, туку стои на своето место и оттаму го води *зикрот*. При петтата *илахија* се издвојуваат од кругот 10-15 дервиши и формираат друг круг, помал круг во средината во кој влегува шејхот. Ова е петтата фаза на зикрот, која се нарекува *беѳеви* (кулминација на верската екстаза)[320].

Помалиот, внатрешниот круг почнува да се врти брзо со брзо *Хај*, а другите стојат во круг и многу брзо извикуваат *Хај-Хај*. Тоа е *чифте* (двојно *Хај*). Шејхот си го зазема пак своето место, дервишите од помалиот круг се повлекуваат пак на своите места, и повторно се формира првиот круг. Дервишите клекнуваат на колена пак во затворен круг, се фаќаат за рамо и со движење на горниот дел на телото и главата одлево надесно го изговараат тешкото *Хај*, потоа следува брзо *Хај*, па дванаесет пати брзо *Ху*. Со тоа престанува пеењето на *илахиите*, дервишите се отпуштаат од кругот, и обично еден од најдобрите чита *салават* (молитва упатена до Бога во која се велича делото на пратеникот Мухамед со молба да биде примен од Господа), додека сите други дервиши продолжуваат да го повторуваат зборот *Ху*. Потоа шејхот ја чита главната *ѳова* (молитва), потоа се читаат пак уште два *салавата* со што завршува *зикрот*[321].

Значи, без разлика ѳали е, ѳали е онај куѳи, било кој начин, има халка… Шејхот на почеток е во халката, после излегува во средина. Значи, ако, ако е во куѳи е во халката. А кога почнува кијам тогаш веќе, е внатре во халка… Значи седечки, пред сè станува на кијам зикир… И кога се прави кијам зикир, нормално има и ѳевран. Во текот, со една иљахија, со ѳве иљахии, се прави со три, со четири, зависи оѳ ашкот како ќе влези, и после шејхот повикува еден по еден. Значи, вика

[320] Pakalın Mehmet Zeki, *Osmanlı tarih deyimleri ve terimleri sözlüğü*, I, Milli eğitim basımevi, İstanbul 1993, 192.

[321] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 108–109.

еден дервиш, вика втор дервиш, може да вика еден ашик, може да вика инабели, ме разбираш? И прави една помала халка од нив кои остануваат на колена, значи, одат на нис'ф кијам. И со ова се завршува да речиме кијамскиот зикир. И после пак има куди на крај... Само овој начин на зикр, овие три се прават само за рамазан кај нас… Го правиме. За рамазан секогаш, значи, четири пати или пет пати се прави за рамазан, зависи колку четвртоци има во рамазан...[322]

Целта на *зикрот* е преку низа движења и извици со кои се споменува името Божјо да се доведе дервишот во што поблизок контакт со Бога[323]. Истовремено, со помош на тие *зикрови*, духовниот патник – *салик* го воспитува својот *нефс*, односно се обидува да ги контролира и скроти своите страсти и нагони[324] и на тој начин да му стане привлечен на Севишниот Алах.

[322] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

[323] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија", *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 109.

[324] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak", *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 84–85.

5. ВЕРСКИТЕ ОБРЕДИ КАЈ ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ

5.1. НАМАЗ (ФАРЗ) И НАФИЛЕ

Во продолжение ќе дадеме краток приказ на *усулоѿ* на овој *кол* или огранок. Покрај препознатливиот дервишки обред *зикр*, охридскиот дервишки ред халвети-хајати го красат уште некои дополнителни доброволни молитви или верски обредни активности познати под терминот ***нафиле***, кои се извршуваат напоредно со задолжителните *фарз намази*.

Имено, во теќето, во текот на еден ден, двата типа на молитви или верски обредни активности *фарз* и *нафиле* што ги извршуваат припадниците на *ѿарикаѿоѿ* халвети-хајати се со следниов редослед:

1. *ѿехеџуӡ намаз* (*сунеѿ-нафиле*) и *усул*
2. утрински или *сабах намаз (фарз)* и *усул*
3. *ишрак намаз* (*нафиле*)
4. пладневен *намаз* (*фарз*) – *џума намаз* (*фарз*)
5. *икинӡи намаз* (*фарз*) и *салаваѿ*
6. *акшам намаз* (*фарз*)
7. *евабин намаз* (*нафиле*)
8. *јаци намаз* (*фарз*)
9. *ѿесѿих намаз* (*нафиле*)
10. *ѿеравих намаз* (*сунеѿ*)
11. *бајрам намаз* (*ваџиб*).

Техеџуӡ намаз* (*сунеѿ-нафиле*) и *усул*.** Денот на еден верник што припаѓа на *ѿарикаѿоѿ* халвети-хајати започнува со ***ѿехеџуӡскиоѿ намаз. *Техеџуӡскиоѿ намаз* е доброволна молитва што се извршува пред рана зора, односно пред *имсак*. Со терминот *имсак* се означува времето кога ќе почне да се разденува или првите проблесоци на зората, т.е мугра. *Првиоѿ сноѿ на свеѿлина која ќе се ѿојави на небоѿо, коѓа ќе може белиоѿ оӡ црниоѿ конец ӡа се разликува*[325].

[325] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

Техеџуд е ноќен намаз, кога луѓето спијат, човекот станува и клања намаз. Тоа е еден вид на кажување дека човекот сакат да биде поблиску со Алах, во тоа време кога сите спијат. Тој намаз е да се дели време за Господ. Да го расипаш спиењето за Господ[326].

За време на оваа молитва, која најчесто се клања во темнина или во темна просторија со многу малку осветлување, без имам, се клањаат 12 *реќати*, и треба да заврши околу дваесет минути пред *имсак*. *Реќатите* се извршуваат со три поздрави (*селам*). По последниот поздрав се изговара *Сали ала Мухамед* и се прави едно *сеџде*. На *сеџдето* седум пати се чита *Ја Фетах* (Ya Fettah). Потоа се седнува и се изговара: 7 пати *Ла илахе илалах* и 7 пати *Ху*.

За време на ***техеџудскиот усул*** се прави *халка*, и почнува овој обред со покајание или со барање прошка. *Само што се разликува од сабаџискиот, што почнува со истихвар... То Естагфирулах, Естагфирула, тоа што се учи... Да, да, прошка*[327]. Потоа се прави *зикр* или 250 пати се изговара *Ла илахе илалах* (со оваа *есма* очите се затворени) и 500 пати се изговара името *Ху*. По изговарање на ова, се чита *техеџудската усул дова*.

Ако оди во теќето, така да, го заврши клањањето на имсак и техеџудскиот усул, техеџудскиот усул, кој кажавме и порано е дваесет пеесет Ља илљахи илљала и петсто Ху[328].

Техеџудскиот намаз се прави 40 минути пред *имсак*, додека *техеџудскиот усул* се прави 20 минути пред *имсак*. За време на рамазан има една мала промена, *техеџудскиот намаз* се прави пред *имсак*, додека *техеџудскиот усул* се прави по *имсак*.

Почнува отприлика саат време пред имсак. Еден саат пред имсак. Нормално се станува, се зема абдест и почнува со техеџудот, со техеџудскиот намаз, кој отприлика треба да заврши дваесет минути пред имсак... После тоа, почнува со техеџудскиот усул[329].

За *техеџудскиот намаз* наоѓаме потврда во сурата 17 Ел Исра (Патување ноќе), каде што во 79. ајет се вели: *И труди се да клањаш*

[326] Сопствено теренско истражување, 2018 година, Охрид, Соговорник Омер Хобол, свештено лице, имам во Хаџи Дургит џамијата во Охрид, Турчин.
[327] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.
[328] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.
[329] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

во џел од ноќта, и тоа доброволно, можеби Господарот твој ќе ти испрати достоен благороден степен[330].

Со завршување на техеџудскиот усул, ако е во теќето, тогаш се чека сабаски намаз. Обично се седи во кафе-оџак, и шејхот нормално, како и другите, си има свој вирд, значи свој, своја есма што го, го учи. Што и тој треба да, мисим, мислам ако дава на своите дервиши, не значи дека шејхот не треба тие работи да ги прави, истото и го прави, дури и понекогаш и повеќе. Се чека сабаскиот намаз, значи со си усул, или ако е во теќето може во меѓувреме во кафе-оџакот да се проучи некоја иљахија. Или ако има некој тевхид, да се проучи некој тевхид за умрените...[331].

Утрински или *сабах намаз* (*фарз*) и *усул*. Сабах *намазот* вообичаено започнува 20 минути пред изгревањето на сонцето.

После тоа, следува клањањето на сабах. Тоа отприлика дваесетина минути пред изгрејсонце... Пред изгрејсонце се клања сабах. И после клањањето на сабах, значи, се одржува сабасхиот усул, сабасхиот усул. Ако не во теќето, тоа го прави дома. Ако е во теќето, тоа нормално тој го предводи, она, техеџидскиот усул..., ааа, сабасхиот усул. Исто, исто, двеста пеес, само што... Ља илаи илала и петсто Ху... Нема Естагфирула. Нема Естагфирула тука[332].

Веднаш по *намаз*от следи **утринскиот *усул*** каде што, покрај *салаватот*: *Рухи Пак Мухамед Мустафа ра салават*, се изговара 250 пати *Ла илахе илалах* и 500 пати *Ху* (со значење Тој – се мисли на Бога). Во понеделник, четврток и во петок, за време на изговарањето на името *Ху*, се читаат и *илахии* што се на турски јазик. На крајот се чита утринската *усул дова*. По *дователта* наглас се чита: *Алахуме сали ала Мухамед* и се завршува со *Ја Алах Ху*.

По завршувањето на утринскиот *усул*, во меѓувреме се пеат *илахии* половина час по излегувањето на сонцето. А исто така, секое утро по *сабах усулот* се оди во *кахве-оџакот* и на присутните им се дели кафе и локум. Во деновите на Рамазан и Курбан бајрам, место кафе и локум, се дели шербет.

После завршувањето на сабахскиот усул се чека клањањето на ишрак. Тоа се, тоа е отприлика четириесет минути по изгрејсонце...

[330] *Светиот Куран*, 17:79, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, 281.
[331] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.
[332] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

Може и ѕома, може и ѕома, може и во текето. Мислам на исти начин се, се клања, ѕва реќати се... После завршувањето, значи ако е во текето после завршувањето на, на сабаскиот усул се влегува во кафеоџакот. Нормално се ѕели кафе и се чека онај... Онај, ишрак намаз ѕа се клања[333].

***Ишрак намаз* (*нафиле*).** 40-45 минути по излегувањето на сонцето се клања една молитва *ишрак намаз*. Оваа молитва секој сам ја клања. По извршувањето на двата *реќати* и давањето поздрав, 7 пати се изговара *Ла илахе илалах* и 7 пати *Ху*.

И после тоа е слободно време, така ѕа кажам. Ако има некои приватни работи, си ги врши своите приватни работи, или ако има нешто ѕоговорено со некои свои ѕервиши ѕа има некој термин за објаснување некои работи, тоа го објаснува. После тоа, следува клањањето на пладне намаз[334].

Пладневен *намаз* (*фарз*) – *џума намаз* (*фарз*). Следи пладневниот *намаз*; доколку е во петок, тогаш е наречен *џума намаз*. Овој *намаз* се извршува во 12 часот по зимско сметање или во 13 часот по летно сметање на времето. По читањето на *езаното*, се клањаат 4 *реќата* проследени со сите пропишани правила. На крајот се учат 12 пати *Ла илахе илалах* и 27 пати *Ху*, поделени на 14 + 12 + 1.

По завршувањето на *џума намазот*, шејхот, дервишите и другите припадници на *тарикатот* халвети-хајати го започнуваат и го извршуваат петочниот *зикр*, кој во детали беше претходно објаснет.

Пладне намаз и после пладне обично е време малку за одмор. Може и ѕа поспие, ѕа речиме одредено време[335].

Икинди намаз* (*фарз*) и *салават*.** Следната верска обврска за халвети-хајатите е ***икинди намазот, кој е *фарз*, т.е. задолжителна дневна обврска. Оваа молитва започнува кога сенката на предметот поминува една негова мерка. Се прави 12 *Ла илахе илалах* и 27 *Ху*. Овој *намаз* се извршува два часа пред *акшам намазот*. Во овој *намаз сунетот* се извршува исто како и во претходните *намази*. По *ѕоваша* се читаат 12 пати *Ла илахе илалах* и 27 пати *Ху*. По завршувањето на *икинди намазот* и *усулот* се прави круг и се чита 12 пати *икинди салават*:

[333] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[334] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[335] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

Алахуме сали ала сеиѳина Мухамеѳин абѳике ве хабибике ве ресуликенебиил умии ве ала алихи ве сахбихи ве селим (Allahumme Salli Ala Sejjidina Muhammedin Abdike Ve Habibike Ve Resulikennebijjil Ummiji Ve Ala Alihi Ve Sahbihi Ve Sellim). Овој *салават* некогаш се читал 33 пати.

***Акшам намаз* (*фарз*).** Исто така е задолжителна обврска или *фарз*; по *намаз ѳовата* 7 пати *Ла илахе илалах* и 7 пати *Ху*.

***Евабин намаз* (*нафиле*).** По извршувањето на *акшам намазот* и читањето на *ѳовата*, се изведува овој *намаз*. Се клањаат 2 *реќати*. Потоа се прави *зикр* 7 пати *Ла илахе илалах* и 7 пати *Ху*. *Евабин намаз* за *џума*, за рамазан и за бајрамските денови не се извршува.

По извршувањето на *евабин намазот* се чита два пати сурата *Фатиха*, односно се учат молитви за *хазрети* Пир Мехмед Хајати и за другите покојници чии гробови се наоѓаат во *турбето*. Џематот станува на нозе и се врти кон турбето. Во тој момент шејхот изговара: *Лилахил Фатиха*. Веднаш потоа џематот почнува да ја учи сурата Фатиха за душата на Пир Мехмед Хајати. Откако џематот ќе заврши со читање на оваа сура, шејхот изговара: *Ризаен лилахил Фатиха*. Тогаш џематот повторно ја кажува сурата Фатиха за душите на другите *еренлери* што се погребани во охридското турбе.

Јаци намаз. Овој *намаз* се извршува 2 часа по *акшам намазот*. Потоа има *зикр* 12 пати *Ла илахе илалах* со 27 пати *Ху*, со што се завршува денот.

Доколку внимателно ги погледнеме горенаведените верски обреди и направиме една анализа или расчленување на нивните составни елементи, ќе воочиме една структурна поставеност што е застапена во повеќето од обредите што ги извршуваат халвети-хајатите. Имено, кај повеќето од нив како есенцијални елементи што се инкорпорирани во самите обреди се: *истигфар* (istighfar) или барање прошка од Бога преку изговарање на *Естагфирулах*, потоа, *салават* или барање од Алах да ја покаже Својата милост и благослов по Неговиот возљубен пратеник (*Рухи Пак Мухамеѳ Мустафа ра салават*); *шахаѳа* или сведочење за верата (*Ла илахе илалах*) и *есма-и себ'а* – учење на седумте божји имиња.

Покрај овие секојдневни верски обврски *фарз* и *нафиле намази*, во текот на годината по *усулот* на хајатскиот огранок се извршуваат уште неколку верски обреди. Еден од нив е ***тесбих намазот* (*нафиле*)**, кој во текот на годината се извршува 5 пати, и тоа:

1. *Реѓаиб* ноќ (месец *реџеб*)
2. *Бераш* (месец *шабан*)
3. *Кадир*, 27. ноќ во рамазан
4. Ноќ наспроти Рамазан бајрам
5. Ноќ наспроти Курбан бајрам.

По извршувањето на последниот *сунеш* од *јација намазош*, се клања *шесших намаз*, 4 *реќаша*, и се клања со имам во теќето со изговарање на една реченица што се повторува за еден реќат 75 пати, или 4 x 75 = 300 пати.

***Теравих намаз* (*сунеш*).** За време на месецот рамазан, покрај *шехеџудскиош* и *фарз намазише*, особено се значајни *шеравих намазише*. Тие се извршуваат за цело време на месецот рамазан по извршувањето на последниот *сунеш* од *јација намазош*, каде што се клањаат 20 *реќаши*.

***Бајрам намаз* (*ваџиб*).** Како што ни кажува и самото име, оваа молитва се извршува два пати во годината, за време на двата бајрама: Рамазан бајрам и Курбан бајрам. Времето на извршување на овој намаз е рано наутро, 40-45 минути по излегувањето на сонцето. За време на овој намаз, верниците клањаат два *реќаша*, а потоа изговараат 12 пати *Ла илахе илалах* и 27 пати *Ху*.

По завршувањето на *намазош* се влегува во *кахве-оџакош* и со шејхот се прославува. По прославувањето во теќето со шејхот се прави *зијареш* во *шурбешо*.

Во *шурбешо* се чита сурата *Јасин* (Yasin) или се чита еден Аш'р (Aşır) од Куранот и се прави една *џова*. По *џоваша* се чита два пати сурата *Фашиха*.

Кога доаѓа 26. ден од рамазан, по *икинџи намазош* за *зијареш* се отвора и *сакал-и шериф* (Sakal-i şerif). Тоа е еден ковчег во кој се чува влакно од брадата на пратеникот Мухамед во шише со одредена течност. Тој ден се дава *ифшар* на оние верници што направиле *зијареш* на *сакал-и шериф*.

Во месецот мухарем се прави *ашуре* и се дели на граѓаните што дошле во теќето. Ова *ашуре* најчесто се дели десеттиот ден на мухарем[336]. Всушност, денот на *ашуре* претставува траурен празник и се одбележува во спомен на маченичтвото и смртта на имамот Хусеин, син на имамот Али и внук на пратеникот Мухамед, кој бил измачуван и

[336] Во струшкото и во кичевското теќе ашуре се дели првиот петок по десеттиот ден од месецот мухарем.

убиен во местото Кербела, денешен Ирак, од страна на приврзаниците на умајадскиот *калиф* Језид[337].

Во месецот кога е роден Мухамед алејхи селам по теќињата на овој огранок се учи мевлуд каде што се дели шербет направен од роза.

5.2. МУКАБЕЛЕ – МОЛИТВА ЗА ПОЧИНАТ ДЕРВИШ

Мукабеле претставува молитва или обред што се врши за време на погреб на припадник на дервишкиот ред халвети-хајати што во својот духовен развој достигнал најмалку до третата *есма*.

По обредното миење на починатиот дервиш во неговиот дом, му се облекува *ќефин*, а над *ќефинот* се простира неговото *џубе* и се става на *табут*. На *табутот* кај главата се поставува и неговиот *ќулав*. По подготовката, починатиот дервиш се изнесува во дворот на неговата куќа (или стан), а неговата десна страна се врти кон *кибла*. Потоа се прави *халка* (круг) околу *џеназето*, така што тоа останува во средина на *халката*. Шејхот и другите дервиши стојат на десната страна (така што *киблата* на шејхот и дервишите им доаѓа зад грб), а останатите ја пополнуваат *халката* од другите страни. По правењето *халка*, шејхот почнува со учењето на *мукабеле* на следниов начин:

– *Рухи Пак Мухамеџ Мустафа ра салават* (секој во себе учи *Алахуме сали ала Мухамеџин ве ала али Мухамеџ*)

– шејхот наглас изговара *Фа'лем енеху* (се приклучуваат и другите изговарајќи наглас) *Ла илахе илалах* (за време на изговарањето главата ја вртат од десна кон лева страна). Овој *тевхиџ* се изговара 12 пати. По завршувањето, се изговара *Ла илахе илалах*, и шејхот, дервишите, а и другите наглас учат *илахија* што е на турски јазик (без разлика која националност е дервишот, *илахиите* се учат на турски јазик).

По учењето на *илахијата*, шејхот почнува со *зикрот*: *Ја Алах Ху, Ху, Ху...* Една група од дервиши заедно со шејхот прават *зикр* изговарајќи *Ху, Ху, Ху...*, а *закириите* учат/пеат *илахии*.

Кога се завршува со пеење/учење на *илахијата*, шејхот го променува ритамот на *зикрот* забрзувајќи го изговорот *Ху*, а еден од дер-

[337] Конеска Елизабета, „Денот на ашуре кај тарикатите во Македонија“, *Транзициите во историјата и културата*, (Прилози од Меѓународната научна конференција одржана во Скопје на 30–31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), Институт за национална историја, Скопје 2008, 423; Јордановска Станислава, *Празникот Ашуре кај џервишкиот ред бекташи од село Канаталарци*, дипломска работа одбранета на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ментор: проф. д-р Љупчо Ристески, Скопје 2014.

вишите го учи следново: *Алахуме сали ве селим ала Мухамеџин ве ала џемиил енбијаи вел мурселин вел хамџулилахи рабил алемин*.

Потоа се престанува со *зикр* и следи учење на *џови*. По учењето на *Фатиха*, шејхот, а и другите присутни ги подигаат рацете како за *џова*, и се почнува со учење на три *салават* и еден *текбир* на следниов начин:

– *Рухи Пак Мухамеџ Мустафа ра салават*, (*џематот* наглас) *Алахуме сали ала Мухамеџ*;
– *Мефхари мевџудат ра салават*, (*џематот* наглас) *Алахуме сали ала Мухамеџ*;
– *Ешрефи џеми'ил енбија ра салават*, (*џематот* наглас) *Алахуме сали ала Мухамеџ*;
– *Хазамети Худа ра текбира*, (*џематот* наглас) *Алаху екбер, Алаху екбер ла илахе илалаху Алаху екбер, Алаху екбер ве лилахил хамџ.*

Потоа шејхот изговара: *Есалату ве селаму алејке ја Ресулалах* (другите изговараат *Хууу* додека шејхот го изговара горенаведеното), *Есалату ве селаму алејке ја Хабибалах* (другите изговараат *Хууу*), *Есалату ве селаму алејке сеидел евелине вел ахирин вел хамџулилахи рабил алемин* (додека шејхот ги изговара горенаведените *селами*, присутните изговараат *Ху, Ху*... забрзано до самиот крај). На крајот рацете се поставуваат до лицето, и шејхот изговара *Ја Алах Ху* и потоа завршува со учењето на *мукабеле*.

По завршувањето на *мукабеле* се бара *хелалук* (тур. *helalluk*) за починатиот дервиш, и тоа три пати, и на крајот повторно се учи *Фатиха* за умрениот.

Кога целата церемонија ќе се заврши во домот, покојниот се носи за погребување на гробишта. Пред закопот на покојниот се клања *џеназе*, а по клањањето починатиот дервиш се става во *кабур* со тоа што неговото *џубе* и *ќулав* се земаат назад и се носат во теќето. По погребувањето, на гробот се учи: три пати сурата Ихлас, сурата Фелек, сурата Нас, сурата Фатиха, првите пет ајети од сурата Бакара и на крајот се учи *џова*. По *џоваша* се учи *талкин* за починатиот.

По завршувањето на обврските на гробишта, шејхот, дервишите и другите присутни се враќаат во домот на починатиот, и таму се учи *келимеи тевхиџ*. Учењето на *тевхиџот* го предводи шејхот, а се состои во изговарање на *Ла илахе илалах*. Штом заврши *тевхиџот*, се дели алва за душа на починатиот.

Утредента по клањањето на сабах *намазот*, шејхот и дервишите одат во куќата на починатиот дервиш на сочувство, каде што ги пречекува неговото семејство. Не се останува долго, се учат неколку *илахии*

и *Фа̄тиха* за починатиот и така се завршува со посетата на неговиот дом[338].

Во исламот постои еден *езан* без *намаз*, а исто така има и еден *намаз* без *езан*. *Езано̄т* без *намаз* се чита при раѓање на десното уво на новороденчето и го претставува почетокот на животот. *Намазо̄т* без *езан*, пак, се извршува при погреб и го означува крајот на животот. Еден од моите соговорници ваквата појава ми ја претстави на еден сликовит начин при што вели: „Животот на човекот е многу краток, исто колку што изнесува времето од *езан* до *намаз* (три минути, м. заб.). Па затоа, верникот треба ова да го има постојано на ум и животот да го поминува во постојана љубов кон Бог и кон божјата креација, т.е. човекот“[339].

Мукабеле е всушност последниот верски обред во кој „учествува“ дервишот или припадникот на *та̄рика̄то̄т* халвети-хајати што достигнал најмалку до третата *есма*. Со овој обред, всушност, се комплетира животниот циклус на верникот, односно со *мукабеле* се означува смртта, и дервишот заминува на *ахире̄т*.

[338] Šejh Ilhan, *Mukabela – derviški obred za umrlog derviša tarikata halveti-hajati u Makedoniji*.
[339] Сопствено теренско истражување, 2018 година, Охрид, Соговорник Ертан Рифат, роден 30.10.1983 година во Охрид, муслиман, Турчин.

6. СУФИСКИОТ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС (СЕЈР-У СУЛУК) ВО ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ

Суфискиот воспитно-образовен процес (*сејр-у сулук*) во *тарикатот* халвети-хајати се врши преку спомнувањето на седумте имиња на Алах ц.ш. (*есма-и себ'а*), и тоа*: Ла илахе илалах*, *Алах*, *Ху*, *Хак*, *Хај*, *Кајум* и *Кахар*. *Обично кај нас оди есма-и себа'а. Значи, седум имиња на Ала џелешану... Себа(х)а. Есма-и себа'а. Себах значи седум. Есма значи имиња, седумте имиња на Алах*[340].

Со помош на тие имиња, духовниот патник заминува на духовен пат (*сејр-у сулук*) и воспитување на својот *нефс*, кој според проучувачите на тасавуфот поминува низ седум етапи[341].

Кој сака да стане дервиш, поминува низ овие, значи, есми. Значи има одреден кога оди некој сака да влези во тарикат. Нормално треба да има предиспозиции[342].

Тие седум скалила што водат до духовното усовршување на човечката душа се следниве:

1. En-nefs emmare bis-su' – душа што е склона на зло. Ова е почетниот степен на сите патници (*салик*) што пристапиле на духовниот пат – *сејр-у сулук*. Овој степен подразбира истрајно учење на *зикрот*: ***Ла илахе илалах*** (арап. la ilahe illallah), со чија помош треба да се ослободат од особините како што се: горделивост, скржавост, желба за популарност, завист, грубо однесување итн.;
2. En-nefs el-levvame – душа што сама себе се прекорува. Низ оваа етапа духовниот патник, по пат на истрајно учење на *зикрот* ***Алах***, ќе се ослободи од следниве својства: желба за покажување на своите добри дела на луѓето, желба за управување и др.;
3. En-nefs el-mulhime – вдахновена душа. Овој степен се одликува со тоа што духовниот патник ги стекнува следниве особини: знаење,

[340] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[341] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak", *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 84–85.

[342] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

скромност, стрпливост, задоволство, прошка на луѓето, упатување на луѓето кон добро, подготвеност на преминување преку негативните постапки на другите и сл. Духовниот патник на овој степен доживува чувство дека неговото битие (*зат*) се губи во Божјото[343]. За да се премине од овој степен на наредниот, потребно е да се истрае во учењето на *зикрот* ***Ху***;

4. En-nefs el-mutmeınne – смирена душа. За да се помине овој степен, треба многу да се учи *зикрот* ***Хак***. Овој степен го карактеризираат многу позитивни особини: дарежливост, префинето однесување, постојано потпирање на драгиот Бог (*тевекул*) и сл.;
5. En-nefs er-radijja – задоволна душа. *Зикрот* со кој се одликува овој степен е инвокацијата ***Хај***. *Саликот* чувствува дека му доаѓа Божествената поддршка. Овој степен е степен на *вуслет*, односно *саликот* доживеал исчезнување (*фена*). Доминантна особина на оној што го достигнал овој степен е искреност и незабележување на создаденото и на создателот;
6. En-nefs el-merdijja – душа со која Возвишениот Алах е задоволен. На овој степен се учи божјото име ***Кајум***. *Нефсот* на *саликот* е постојано свесен за Возвишениот Алах. На овој степен се гледа постоењето на Бог и на самиот себе;
7. En-nefs el-kamila – совршена душа. Овој степен го поседуваат Алаховите пратеници и блиските верници на Бог (*евлии*)[344]. *Есмата* што се учи на овој степен е ***Кахар***.

За да се достигне последниот степен и да се добие седмата *есма*, верникот треба наполно да е предаден на *тарикатот*, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја помисла, односно со сиот свој разум. Верникот е обврзан да ги извршува дневните обврски во теќето пропишани со *ерканот* и *усулот*, но, исто така, по излегувањето од теќето, духовниот развој да го манифестира во практична димензија низ секојдневното живеење. А тоа значи да не биде агресивен, ниту пак алчен, гневен, егоист, завидлив, лицемерен, мрзлив, наклонет кон измама, скржав, тврдоглав, да не врши прељуба и перманентно да апстинира од сите други неморални особини, односно целосно мора да ги излечи овие болести што го напаѓаат срцето; да ги почитува сите луѓе, без разлика дали се дел од *тарикатот*, семејството, соседството, или пак се припадници на различни верски или етнички заедници; со нико-

[343] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak“, *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 85.
[344] Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak“, *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 86.

го да не се замерува, да не биде скаран и кон никого да не употреби лош збор, навреда, пцовка, клетва итн.; згора на тоа, да се лиши од сите материјални благодати на овој свет.

Тука веќе се наѕира девизата *ЕДЕБ ЈА ХУ*, карактеристична, добро изразена мисла што служи како раководечки принцип во *тарикатот* халвети-хајати, која не случајно го краси ѕидот над влезната врата во *кахве-оџакот*.

ЕДЕБ. А што значи едеб? Моралот. Морал. Едеб значи пристојно понашање, или морална надареност. Човек со едеб е личност којшто ги контролира своите нагони или нефсот... Секој човек има многу нагони. Значи, ти така се воспитуваш, не нагоните тебе да те командуват. Него, ти, да го командуваш нагоноt... Човекот којшто е одгојен во духот на халветиски-хајатиски тарикат е со високи морални квалитети и секаде на секое место, во секоја прилика има пристојно понашање... Едеб Ја Ху. Аа, суштината на тарикатот е, едеб. Што значи? Одгојан човек[345].

Доколку внимателно се анализира терминот *едеб* и се расчлени на одделните букви, ќе видиме дека секоја од буквите носи своја скриена информација, која повторно е поврзана со моралот, со системот од норми и правила за однесување на верниците припадници на *тарикатот* халвети-хајати. Па така, зад буквата „Е“ се крие *ел* (тур. el) со значење рака; скриеното значење за буквата „Д(е)“ е *дил* (тур. dil) со значење јазик; и „Б“ означува *бел* (тур. bel) со значење појас. Кога ќе се поврзат овие три составни елементи, тогаш ќе дојдеме до познатата суфиска равенка, која гласи: *Елине, дилине, белине сахип ол* (тур. Eline, diline, beline sahip ol), со значење „биди господар на твоите раце, твојот јазик и твојот појас (во смисла на интимните делови)“, а тоа значи, со рацете: не кради, не врши физичко насилство, не убивај; со јазикот: не лажи, не клевети, немој да пцуеш и немој да искажуваш клетви; и со појасот, т.е. со интимните делови: не врши прељуба и не блудничи.

Мораме да се сложиме дека ваквата состојба или манифестација на верникот е многу тешко да се достигне во денешните услови на живеење. Токму поради тоа, последната седма *есма* многу тешко може да се заслужи и да се добие од страна на шејхот, која, според мислењата на некои од соговорниците, можат да ја добијат само *еренлерите* или *евлиите*.

Не се дава, а постои. Не се дава затоа што е многу ризично. Може човек да, не знам сега како да ти објаснам тоа веќе. Може,

[345] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

може да има психички деформации. Иако е многу нареден, може да има психички деформации... Некои го поседуваат, оние кои го имаат може да го поседуваат, го поседуваат. Оние кои немаат можност не им се дава. Зависи од оној што ги води. Зависи од оној што ги води, ако гледа дека е способен да издржи, зашто овој е голем притисак. Кахар фактички, тие и некогаш, то е едно од Господова, Алахово име шо викаме. Кога сакаш Алах кахрепси, да ги понижи, да ги, оној кој ги уништува. Уништувач фактички. Е сега не може секој да го носи тоа. И затоа не се дава... Тежок товар е тоа. Значи, може да дојде до тој степен и да се клизне и да падне на нула. И после може да излези и од патот скроз. Ако не можи да го издржи тој притисок. Зошто, искушенија према наште извори му се многу поголеми отколку овие шо ги има останатите шес, останатите шес[346].

Денеска, денеска ако зборуваме за денеска, денеска такви луѓе многу малку ги има, многу малку ги има. Речено вака, академски, треба да има еден аскетски живот. Аскетски живот, да живее аскетски. Денеска аскетски ако сакаш да живееш, треба да одиш на планина и таму да живееш. Или да си толку јак, да, да ги исклучуваш сите свои емоции[347].

Некои суфии се на мислење дека помеѓу Алах и човекот постојат седумдесет илјади завеси, некои од нив светли, а некои темни. Секој од седумте степени се воплотува со по десет илјади завеси, и на крајот од суфискиот воспитен процес, *мурид от* успева да се стопи во единството на Алах ц.ш. и да постои само со него (*фена фил-лах ве бека бил-лах*)[348].

Ова патување кон духовниот раст и развој е незамисливо без улогата на шејхот, кој перманентно го следи и се грижи за напредокот на својот ученик, давајќи му инструкции, насочувајќи го ученикот кон патеката што има за цел да го однесе верникот до портите на Апсолутната Вистина. Во зависност на која *есма* се наоѓа, верникот добива соодветни задолженија што треба редовно да ги спроведува, молитви што треба постојано да ги повторува, но и правила на однесување што треба да се почитуваат во рамките на групата, како и во рамките на пошироко општество.

[346] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[347] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[348] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 152.

Чувај го срцето од својот муршид. Бидејќи муршидот со тебе духовно воспоставува контакт. Кога ќе се прекине духовниот контакт, завршува, не си успеал ти да, да патуваш по тој пат. Али дур продолжува, значи има шанси ти да ги поминиш тие степени. Муршидот е тој кој ќе ги процени духовните квалитети и способности за продолжување на сејр-у сулукот. Ако нема наклонетост за методот на дотичниот тарикат ќе рече барај си друг муршид[349].

Муршидот го советува својот ученик дека секогаш да биде внимателен со неговото понашање. Фамилијарните односи да му бидат на високо ниво како и човечките односи во општеството. Не смее никого да му наштети или да го повреди со ништо, макар и со збор. Секогаш да ги контролира срцето и мислите. Не смее за никого да мисли зло. Секогаш да се бори за добробит на секого. Да ги контролира своите страсти. Значи, да си ти којшто ќе го контролираш твоето срце и твојот мозок. Нефсот. Нефсот, знајш што е нефс? Страстите. Страстите треба да се под контрола на твојата верба. А за да го достигне тој степен треба да ги помине седумте степени на духовното воспитување. Не е лесно човекот да дојде до тој степен да во секоја прилика да ги контролира страстите. Треба макотрпна работа и голема верба. Сите овие работи се битни, се битни за духовно усовршување[350].

Шејхот на некој начин претставува ангел чувар, кој постојано го набљудува, го следи развојот на своите верници и се грижи за нивниот духовен напредок. Меѓутоа, доколку шејхот увиди дека одреден верник не се придржува до задолженијата што ги добил од него или работи спротивно на кодексот на однесување, не ги почитува правилата на *тарикатот*, може да следат одредени санкции, да се применат најразлични казнени мерки поради нарушување на *вирдот* (*Вирд-и сетар*).

Се занимава со халовите, ги контролира халовите на своите дервиши. Значи, состојбата на своите дервиши. Значи, гледа до каде е, како се, дали некој напредувал. Зошто сите работи кои се работат со дервишите шејхот мора да ги има или најмсено, или да ги има во својата глава и тоа нормално треба да ги контролира. Е сега, ако некои, ако кај некого види напредување, значи, во текот на одредените денови, може да го викне и да му даде дополнителни работи. Или, ако не ги извршува некои наредби, дервишите тогаш може да ги и казнува... Се казнува, да речиме, дервишот му се дава една недела да го чисти

[349] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[350] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

вечето. Ме разбираш? Една недела пошто не ја изврши задачата како што треба, твојата, ова недела е да го, да го, од сабах до акшам да се грижиш за чистотата на вечето. Или можи да му дајш да се грижи за чистотата на текето, на објектот, ме разбираш. Или, порано имаше на цепање на прва. Значи, има одредени казни[351].

Казнените мерки се со цел да се подобри однесувањето на верникот, кој свесно или несвесно скршнал од патеката, од *тарикатот*. Но, никако овие казнени мерки не можат и не смеат да бидат толку екстремни, односно претерани до тој степен да му се забрани на верникот да присуствува на верските обреди како што е *зикрот* или во краен случај да се отстрани од *тарикатот*.

Не. Не. Не. Таква забрана не дават. Не. Таква забрана нема. Таква забрана нема, затоа што, ако таква забрана му даваш, тогаш тој ќе вене. Значи, оној ашк што го има во себе, тоа ќе се суши... Ќе му згасне. Значи, фактички нема да му згасне, тоа ќе се суши како цвеќе. Значи, цвеќето треба да се наводнува за да остане свежо. И дервиш, на дервишот, зикрот му е она водата што го освежува, остава свеж. Сега, ако го тргнуваш од тоа, тогаш значи, или како казна можеш да му дајш дополнително. Значи, му имаш речено дневно да, да проучи илјада пати Ља иљаи илала, тогаш за казна можеш да му дајш две илјади, три илјади на ден. Или да му забраниш некаде да оди, ако има желба некаде да оди, тогаш ќе му велиш, нема да одиш. Значи, ќе го спречиш ради казна[352].

Поединецот треба да биде прецизен до крај во врска со бројот на повторувања и времето на рецитирање на божествените имиња поучени од својот шејх. На овие *есми* многу внимание и голема важност му придаваат хајатските верници.

Вирд-и сетар од Јаја Ширвани. Или Вирд-и Јахја, така оди во книгите, каде што има куранси ајети, каде што има посебни дови за, за дневните обврски на човекот. Значи, шејхот му дава дневни обврски на човекот зависи од, прво од својата есма што ќе ја добие. Значи ако почне од Ља иљаи шејхот ќе му каже денеска да речиме... Колку пати од, да речиме, од јација па до икиндија толку пати треба да кажеш Ља иљаи иљала. Од икиндија па до акшам твоето е да донесиш салават на Мухамед али селам. Од акшам до јација твоето ти е да му, да се чиниш, да бараш опрост за своите гревови и за

[351] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[352] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

ѓревовиште на ѕруѓиште... Естаѓфирула, има разни начини, зависи како, може само ѕа биѕе Естаѓфирула, може ѕа биѕе Естаѓфирула ве етубу илејхи, значи, чинувам, барам прошка и се ослонувам на Него, на Алах. Фактички така оѕи... Ако е во првата есма му се ѕава Ља иљаи иљала плус. Е сеѓа, се ѕава... Ако е, ѓо има и првото, и второто, и третото, и четвртото, значи сите ѓи зема. Значи, ако ѕоаѓа во второ, не значи не треба првото... Или ако е во четвртото не значи, значи ѕолжноститѐ му се зѓолемуваат, ѕолжноститѐ му се зѓолемуваат на онај што е... Наѕоѓраѕува. Значи, ако има пример, триесет и три пати Ља иљаи иљала, ако е на второто, оѕи на триесет и три пати Алах. Па, после ако ѕобие третото, триесет и три пати Ху. Значи, триес три пати првото, триес три пати второто, триес три пати третото... И, има еѕно што се не менува, тоа е, значи, сабаскиот усул, техеџуѕскиот усул. Значи, кога ќе се клања ноќниот намаз, има зикир кој се, кој се прави тоа не се менува. После клањањето на саба, ѕали бил во првиот степен, ѕали бил во послеѕниот степен, тоа не се менува, останува исто. Значи, тоа оѕи со џемат заеѕно. Или сам ако е. Тоа останува, тоа не се менува, се менуваат ѕруѓи работи. Значи, тоа е веќе некои работи се лично, понекогаш може ѕа биѕе и обично ѕа биѕе лично помеѓу шехот и неѓовиот ѕервиш. Може ѕа речиме еѕниот ѕервиш ѕа биѕе ѕваесет ѓоѕини, ѕа останува на првата есма. Може ѕа биѕе еѕна ѓоѕина, ѕа оѕи на вториот степен и ѕа оѕи на третиот степен[353].

Преку *есмите*, т.е. преку повторување и рецитирање на божествените имиња, верникот на некој начин го тренира или систематски го вежба сопствениот ум и *нефс*, со цел да ги стекне или да ги зачува позитивните својства или благодати.

Е затоа, затоа се овие вежби. Значи, со есма, затоа му се ѕава истихвар, затоа му се ѕава... Тренинѓ на умот... И контрола, контролата на своите страсти. Значи, имаш такви случаеви, сеѓа можѕа малку ќе оѕам многу ниско, ѕури ѕа се слечи некоја ѓола скроз, тој ништо не се работи, нему му е исто. Значи, тој ѓи контролира своите... Самоконтрола. Нему му е без разлика, ѕали облечена, ѕали е ѓола, нему е све облечено, ме разбираш. Или тој ѓи облекува, фактички. Затоа се овие тренинзи што му се уште што им се ѕаваат вироѕ, што

[353] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

п҃оминуваа҃т п҃реку есми, значи ѳа г҃о чува своје҃т ви҃ѳ, ѳа г҃о чува своето҃ уво, свои҃те мисли, свои҃те нозе, свои҃те раце[354]...

Во некои други ограноци на халветскиот дервишки ред, овие седум базични имиња со текот на времето се зголемиле на 12 од страна на Пир деде Омер Рушани и на 28 од страна на Пир Нуредин Церахи[355].

[354] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *п҃оста҃нешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

[355] Öztürk Mehmet Cemal, *Cerrahilik, Şeyh Nûreddin Cerrâhî ve Cerrâhî Tarîkatı*, Gelenek Yayınları, İstanbul 2004, 27; Öztürk Mehmet Cemal, „The Khalwati Order and some Khalwati Tekkes in Bosnia“, *Mjesto i uloga derviških redova u Bosni i Hercegovini*, Naučnoistraživački institut „Ibn Sina“, Sarajevo 2011, 294.

7. ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ

Пристапувањето кон дервишкиот ред халвети-хајати се извршува по принципот на слободен избор, кога поединецот самиот ќе почувствува желба, т.е. кога ќе се разгори љубов или *ашк* во неговото срце за влез во овој *тарикат*.

Во тарикатот не се позива човек. „Дојди ти, да влезиш во тарикатот и ние да те воспитуваме...“ Него, оној којшто мисли дека има потреба духовно да напредува, да си ги согледува негативните страни, сам одлучува да влезе во тарикатот. Оној којшто осеќа потреба да го запознае светот во вистинска смисла, то есть да ја реши равенката на смисолот на животот[356].

Желба или во тасавуфот да речам... Се вели ашк. Љубов, голема љубов... Љубов за откривање на Вистината. Со голема љубов да ги извршува сите задени обврски. Да биде искрен патник во тасавуфското учење. Љубовта ќе го води до апсолутната Вистина, до Бог... Тој ашк тебе ќе те води. Тука нема некој да може тебе да те фати за рака и да те однеси некаде[357].

То значи ашк, то значи желба, желба да го очисти своето срце од сè она што му е пречека, му смета да може да доживее вистинска Божја љубов... Ова е тасавуф, тасавувот е ова. Не е тасавуф ти да влегуваш во тарикатот и само да правиш зикир. Прво суштината треба да ја знаеш. Зашто има степени... Степени се сејр-у сулук се вика во тарикатите...[358]

Откако ќе му биде дозволено на аспирантот да влезе во теќето, да ги посетува, но и да учествува во верските обреди, тој почнува да биде следен од страна на старешината на теќето, кој го надгледува неговото залагање и ангажман.

Е вие сакате да бидите... Вљубеник... Времето ќе го проводите во теќето... Значи, ќе ги извршувате работите кои се извршуваат во теќето. Значи, со тоа ќе докажете дека сакате да бидите во тој

[356] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[357] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.
[358] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

тарикат. Значи, ќе изразите желба. Е желбата е друго, работата е нешто друго. Значи човек ако има желба треба да има и желба за работа, за постигнување...[359]

По одреден период набљудување на особините на потенцијалниот кандидат, на неговото залагање, духовен напредок, извршување на задолженијата, шејхот што треба да донесе одлука за воведување на аспирантот во *тарикатот* халвети-хајати чека духовна порака или Божји повик, кој треба да дојде преку сон, при што шејхот ќе може да го воведе новиот член во редот.

Шејхот, исто така, очекува од ученикот да му ги соопшти визијата и соновите што тој ги има, со чија помош тој би го мерел духовниот прогрес на кандидатот и би одлучувал кога тој би ја поминал првата и следната фаза за да му даде следни упатства и *вирд*[360].

Значи, после тоа, има една духовна, се дава на шејхот една духовна порака. Сонови, сонови, со сништа оди оваа работа. Кај нас, во тарикатот обично оди со сништата, со соништа, сонува. Зависи што ќе сонува и тоа зависи како ќе го протумачи шејхот во текето. Ако види веќе дека е зрел спремен, го повикува и прво му дава инабе[361].

Во процесот на духовното воспитување шејхот или муршидот го прати муридот во извршувањето на дадените задачи и обврски... Едно време, ќе те прати, како ги извршуваш работите, како се понашаш, како е твоето духовно стање. Ќе те следи, духовно ќе те следи. Како се развива духовноста тој го следи секој чекор и чека до известување со вистински сон. Руја, али, али, вистинска руја... То е духовно... То зависи од неговото духовно стање[362].

Припадниците на *тарикатот* халвети-хајати гледаат во сонот еден патоказ што го покажува правецот на движење по кој треба да оди верникот и од содржината на сонот донесуваат заклучок за духовниот развој. Уверувањето дека сонот се јавува како доказ, при услов да е правилно толкуван, се базира врз изворот на исламот, а тоа е Куранот.

[359] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[360] Şapolyo Enver Behnan, *Mezhepler ve tarikatlar*, 172; Islam Ansiklopedısi, 120-cuz, Tarikat-Teberke, Istanbul, 1970, 9/1; Trimingham J. Spencer, *Sufi Orders in Islam*, Clarendon Press, Oxford 1971, 189–190, во: Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 83.

[361] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[362] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ејуп Салих, роден 22.9.1950 година во Охрид, муслиман, Турчин.

Како пример ќе ги наведеме следниве сонови преточени во куранските ајети и фактот дека сите овие соништа се остварile. Еден од нив е сонот на Ибрахим а.с. во кој тој го видел жртвуван својот син Исмаил а.с.: *И кога тој порасна, толку што во работата почна да му помага, Ибрахим рече: „О, синко мој, на сон видов дека треба да те заколам, па што мислиш ти?“ – „О, татко мој,“ – рече – „постапи како што ти се наредува; ќе видиш, ако даде Бог, дека ќе бидам трпелив.“*[363] Потоа сонот на Јусуф а.с. во кој се вели: *Кога Јусуф му рече на својот татко: „О, татко мој, сонував единаесет ѕвезди, и сонцето и месечината, и во сонот ги видов како ми се поклонија!“*[364] Па продолжува: *И, ете, така, Господарот твој тебе ќе те одбере, и за толкување на соништа ќе те научи, и благодатта Своја кон тебе и Јакубовото семејство ќе ја надополни, како што претходно ја надополни на предците твои, на Ибрахим, и на Исхак. Господарот твој, навистина е Мудар*[365]. Следи сонот на египетскиот цар: *И владетелот рече: „Сонував како седум слаби крави изедоа седум дебели, и сонував седум класја зелени и седум други, исушени. О, великани, протолкувајте ми го сонот мој, ако знаете да толкувате соништа!“*[366] Сон на преподобниот Пророк с.а.в.с. во кој го видел освојувањето на Мека: *Аллах ќе го оствари сонот на Пратеникот Свој дека сигурно ќе влезете безбедни во Светиот Храм – ако сака Аллах – некои со избричени глави а некои со потскратена коса, без страв. Тој го знаеше тоа што вие не го знаевте и затоа, пред тоа, неодамнешната победа ви ја даде*[367].

Како еден еклатантен пример поврзан со соновите и *тарикатот* халвети-хајати може да ни послужи сонот на Абди-баба, основачот на Јукари теќето во Штип. Според преданието за него, во сон почнал да му се јавува некој глас што постојано му ги повторувал зборовите: „Абди, дојди во Охрид!“ Еден ден тој се решил да дојде во *аситането* во Охрид. Откако поминал одреден период служејќи во теќето, се стекнал со титулата дервиш и се вратил во Штип. По извесно време повторно бил повикан од истиот глас: „Абди, дојди веќе“. По таа заповед, по втор пат отишол во Охрид и ја презел божјата служба *хилафет*

[363] *Светиот Куран*, 37:102, превод на неговото значење на македонски јазик: Елена Тренчевска, Мерсиха Смаиловиќ, Јасмин Реџепи, ArtBooks, 300.
[364] *Светиот Куран*, 12:4, превод на неговото значење на македонски јазик: Елена Тренчевска, Мерсиха Смаиловиќ, Јасмин Реџепи, ArtBooks, 157.
[365] *Светиот Куран*, 12:6, превод на неговото значење на македонски јазик: Елена Тренчевска, Мерсиха Смаиловиќ, Јасмин Реџепи, ArtBooks, 157.
[366] *Светиот Куран*, 12:43, превод на неговото значење на македонски јазик: Елена Тренчевска, Мерсиха Смаиловиќ, Јасмин Реџепи, ArtBooks, 160.
[367] *Светиот Куран*, 48:27, превод на неговото значење на македонски јазик: Елена Тренчевска, Мерсиха Смаиловиќ, Јасмин Реџепи, ArtBooks, 346.

од тогашниот шејх Осман-ефенди, наследникот на Пир Мехмед Хајати. Се вратил во Штип и отворил мал храм на местото на сегашното теќе и *турбе*. Потоа на истото место го гради и теќето познато под името *Лукари теќе* (Горно теќе)[368].

7.1. ДОБИВАЊЕ ИНАБЕ И СТАНУВАЊЕ ИНАБЕЛИ

За лицето што има желба да влезе во халветскиот дервишки ред и да стане полноправен член најчесто се употребува терминот ***ашик***, или вљубеник во патот. Овој термин се однесува на она лице што е привлечено и се чувствува лојално кон халветските принципи и практики, но кое сè уште нема земено *бејат* или *инабе*, односно сè уште не го доживеало обредот на премин со што би станало полноправен член во *тарикатот*.

Е, инабе, така се вика кај нас, инабе. Или поточно си слушнал за бејат... Фактички инабе, бејат, то е едно те исто, меѓутоа кај нас инабе. Значи прифаќање. Го прифаќаш... Рака, тоа е инабе и кај нас има, на турски вика: „ељ алмак, ељ алмак“. Значи земање на рака. Фактички да, да влегува во тарикатот... И кога добива, кога влегува во инабе, го добива првото есма, значи, оди на Ља иљаи иљала... Значи, има одредено време кога треба тоа да го извршува. Добива инабели. Инабели, инабели...[369]

Пристапот на аспирантот или ашикот во дервишкиот ред халвети-хајати започнува со церемонијата за воведување, според некои наречена церемонија *талкин*. Оваа церемонија се извршува во *семахането*, понекогаш само во присуство на шејхот и кандидатот, или, пак, може да биде од јавен карактер, да се одржи во присуство на сите верници.

Ќе дојде, може да биде, не мора да биде јавно, може да биде самиот шејх, да биде и тој, значи кандидатот, а може да биде и јавно. Значи, ќе дојде, ќе седне пред шејхот на колена, и шејхот е на колена и тој е на колена. И коленатa се составуваат. Значи мојте колена и неговите колена се состануваат. Тогаш, тој своите раце...

[368] Ариф Мериха (шех Ибрахим), ул. „7-ми Ноември“ 68 Охрид, дата на раѓање: 05.07.1927 г., Штип, Горно теќе (Абди Баба Теќе), ракопис; Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959.

[369] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

Пример, вашите раце ќе бидат на мојте колена, а мојте раце ќе бидат изнад вашите... Колена[370].

Ваквата положба на шејхот и кандидатот, седнати на колена еден спроти друг, всушност ја симболизира средбата помеѓу пратеникот Мухамед и Џебраил во пештерата Хира, каде што пратеникот Мухамед почнува да добива откровение. Аналогно на таа средба, со чинот на воведување, фактички на новиот член му се отвора портата што ги чува тајните на *тарикатот* халвети-хајати, вистините за Бог, за светот, за човекот, за смислата на постоењето, за животот и за спасението. А, воедно, кадидатот со земање *инабе* му се покорува и наполно му се предава на шејхот, односно му дава завет дека, од тој момент, тој е негов духовен учител, т.н. *муршид*.

Овој завет на преданост на кандидатот кон шејхот, фактички, е рефлексија на куранскиот ајет во кој се вели: *Тие што тебе ти се заколнаа на верност – Му се заколнаа, навистина, на верност на самиот Аллах – Аллаховата рака е над раце те нивни! Тој што ќе ја прекрши заклетвата, на своја штета ја крши, а кој ќе го исполни тоа за што се обврзал кај Аллах, Тој ќе му даде голема награда*[371].

И тогаш, му се дава на кандидатот, прво се прашу... прво се дава Естагфирула. После Естагфирула се дава, значи, учењето на Ла илахи илала. И на крајот Мухамед Ресулах. И после тоа се прашува: „Дали ти, Виктор, син на овој, прифаќаш јас да ти бидам шејх или јас да ти бидам муршид?“ Обично шејх се кажува... И тој ќе одговара: „Да“. Тој одговара: „Да“. Тоа се вели три пати. И после шејхот вели: „И јас те прифаќам да бидеш мој ученик“. И после тоа му се дава, му се дава, одредена работа што тој треба да ја направи. Значи, му се даваат фактички како еден вид што треба да учи. На пример, од јација до икиндија ќе учиш Ла илахи илала. Од икиндија до акшам ќе донесиш салават на Мухамед али селам. Од акшам до јација ќе учиш Естагфирула. Тоа оди. И тој фактички, после тоа се учи дневата. И после тоа му се бакнува раката на шејхот, и завршува таа церемонија... Дланот, длankата му се бакнува. Длankата му се бакнува... Добро, и со тоа фактички тој е полноправен член... Инабе или бејат, то е она што му се дава[372].

[370] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[371] *Светиот Куран*, 48:10, превод на неговото значење на македонски јазик: Елена Тренчевска, Мерсиха Смаиловиќ, Јасмин Реџепи, ArtBooks, 344.

[372] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

Учителот има многу важна улога на патот по кој тргнал ученикот. Тој ги приспособува задачите на духовните потреби и способности на ученикот, а овој му должи апсолутна послушност. Задачите на ученикот се состојат во служба на Бога и на луѓето, како и бдеење на сопственото срце. Мора ученикот да се ослободи од сопствените *нефсови*, да го напушти досегашниот живот и да започне живот нов, насочен кон достигнување на Божјата милост. Шејхот е тој што оваа духовна трансформација ја помага и преку која ученикот низ иницијација ќе биде обдарен со посебна милост (*barakah*), која се пренесува од учителот на ученикот почнувајќи од самиот пратеник Мухамед. Иницијацијата во суфискиот ред и прифаќањето на учењето на учителот значи влегување во трајна врска. Помеѓу ученикот и учителот врската е особено цврста, и таа не се прекинува ниту по смртта на учителот. Се продолжува неговото духовно водство (*иршад*) бидејќи влијанието што тој го оставил на ученикот е трајно запечатено во срцето на ученикот[373].

7.2. ТЕКБИРЛЕМЕ – ВОВЕДУВАЊЕ ВО ДЕРВИШ

Откако верникот се здобил со *инабе* или *бејат*, по успешното извршување на сите задолженија што му се даваат од страна на шејхот, по поминати успешни скалила и совладани одредени *есми* (најчесто над третата есма), по протолкувани одредени сонови, шејхот од теќето одредува дека верникот духовно се вклопува и може да даде зелено светло за да се изврши церемонија *текбирлеме* со која ќе го подигне верникот до степен на дервиш. Некои од моите соговорници ми напоменаа дека целосната припадност кон *тарикатот* халвети-хајати се стекнува токму преку станување дервиш.

Дервиш кога се прави, тоа се вика текбирлеме... Текбирлеме значи, кога се облекува, кога го облекува значи, двајца, двајца дервиши го донесуваат кандидатот што е за дервиш. Едниот го носи џубето, другиот го носи кулахот. И така шејхот го проучува, значи, џубето, учи на џубето некои работи што треба да се учат... Молитва, да. Тоа е шејховска работа... И го облекува. После тоа, пак го зема кулавот, го учи кулавот и му го става, значи, прво му се дава да се бакнува, да бакне и тој кулавот и му се, исто така и џубето и после му се става на глава и одредува, се учи дова. А, додека џематот, останатите донесуваат текбир, Алаху екбер, Алаху екбер, Ла илаху

[373] Mujkić Zinka, „Mistična misao u islamu: Tasawwuf ili sufizam“, *Spectrum*, časopis studenata KBF-a, br. 3–4, 2008, 141.

илала, Алаху екбер, Алаху екбер, тоа значи тоа, текбирлеме. Значи, се донесуваат текбири. И после тоа шејхот му кажува дека ти, Виктор, стана дервиш, твоето место е до местото на фиљан чоек. И така оди. И после, нормално понатаму му се даваат и други задолженија[374].

При воведување на верникот во кругот на дервишите, како задолжителни облековни елементи му се даваат: *ќулав* и *џубе*.

Да џубе, значи, тоа е она мантија... И ќуља. Или во Турција викаат сиќе. Ама кај нас е ќуља[375].



Фотогр. 31. Ќулав – карактеристично покривало за глава за дервишите во тарикатот халвети-хајати, фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.

Ќулавот претставува вид капа, покривало за глава изработено од животински влакна (порано се изработувало исклучиво од влакно од камила), додека, пак, *џубето* е долга едноделна наметка изработена од чоја со долги ракави. Често пати, при нашите разговори, од соговорниците можев да слушнам употреба на терминот *ќулали дервиш* или дервишот со *ќулав*. Ваквиот термин укажува на важноста, препознатливоста и нераскинливата врска помеѓу дервишот и *ќулавот*. Всушност *ќулавот* и *џубето*, сфатени како невербални симболи, испраќаат порака

[374] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[375] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

на луѓето за степенот или титулата на верникот. Во конкретниов случај, верникот што носи *ќулав* во *тарикатот* халвети-хајати нè известува дека се закитил со титулата дервиш. *Ќулавот* како облековен елемент има симболично значење. Имено, ова покривало за главата го симболизира надгробниот камен (тур. *mezar taş*), што би значело дека со облекување на *ќулавот* и станување дервиш верникот симболички умира. *Ќулавот* постојано го потсетува дервишот дека е мртов за сите материјални благодати во овој свет и дека треба да работи на умртвување на својот *нефс*. Во ваквото симболично значење, всушност, е содржана дервишката девиза: „Умри, пред навистина да умреш!“

Па, како се усовршува, оди на второто, на третото, и кога доаѓа на четвртото (се мисли на *есма*, м. заб.)*, тогаш се облекува со џубе. Му се дава џубе, му се дава ќула, значи капа. Уште не е облечен. Кога станува дервиш, тој веќе си има свои алишта*[376].

Во рангот на дервишите постои една поделба предизвикана од задолженијата што им се даваат на дервишите да ги извршуваат во рамките на теќето. Според тоа, дервишите можат да бидат наречени: *кахвеџи-дедеа*, *турбедар*, *мејданџи, закир, кап'џи, пазарџи* и др.

Оди и после станува ќуљали дервиш... Дервишите кои имаат ќула, на тие им се дели обврски. На некои им се дели обврски, на некои не им се дели, остануваат, си ги вршат своите работи. Ќулали дервиши може да е едниот кибри турбедар... Турбедар знајш што е... Имаш кахвеџи-дедеа... Оној што ги прави кафињата. И обично го заштајува шејхот кога го нема... Ее, како заменик. Е кај нас денеска, некои работи ги нема, а треба да ги има. Меѓутоа, такви се условите... Треба да има мејданџи... Треба да има мејданџи, значи оној кој се грижи кога ќе се направи зикирот за гостите. Имаш закирбаши. Закирбаши е оној што е задолжен за зикирот кога се води зикирот, да ги распореди. Имаш кап'џи. Кап'џи – вратар... Меѓутоа, кој се чини, кој се грижи за чистењето... За чистењето. Имаш закири. Закири, оние, тие се дервиши кога се прави зикир, тие учат илахии. Тие учат илахии. Тие се задолжени за тоа. Имаш, пазарџи после. Има пазар. Значи пазарџи што оди на пазар да купува[377].

Денес, во охридското *асиштане*, еден од поактивните дервиши, во смисла оној што извршува поголем број задолженија, е *кахвеџи-*

[376] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[377] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

дедеде. Неговите дневни обврски во теќето започнуваат во рани зори. Најчесто тој е првиот верник што доаѓа во теќето, и негова обврска е да го „буди“ огнот во оџакот. Откако ќе го „пробуди“ огнот, започнува со подготовка на кафето. Најчесто утринското кафе се послужува по *сабах усулоӣ*. Тогаш *кахвеџи-дедеде* го зема ибрикот и табаката со филџаните и најпрво го послужува шејхот по одреден тертип. Доколку шејхот не е на *ӣостоӣ*, тогаш кафето му го дава каде што се наоѓа. Кога му дава на шејхот кафе, *кахвеџи-дедеде* изговара: *хаирли олсун* (тур. hayirli olsun). Кога му го зема филџанот, му бакнува рака на шејхот и секогаш филџанот го покрива со дланката. Откако ќе го послужи шејхот, веднаш потоа пристапува кон служење на другите присутни во теќето. Во бајрамски денови *кахвеџи-дедеде* присутните ги послужува со шербет, кој се подготвува во куќата на шејхот, а потоа се носи во ибрици во теќето.

Кахвеџи-дедеде извршува и други обврски: се грижи за чистотата на собата, ги мие филџаните, двапати во неделата целосно го чисти оџакот итн. И можеби најзначајно задолжение што му се доверува на *кахвеџи-дедеде*, доколку е достигнат до ниво на *ехлиси* (тур. ehlisi), е следново: во отсуство на шејхот, тој го води *усулоӣ* во теќето.

7.3. СТЕПЕН НА ЈАР'М ХАЛИФЕ

Помеѓу духовните степени дервиш и шејх постои уште еден ранг на верници, тоа е позицијата на *јар'м халифе*. Терминот *халифе* во превод значи божји наследник и овој термин се однесува на шејхот, кој преку *силсила* или непрекинат синџир на ученици и учители се поврзува себеси и ја наследува моќта од самиот Бог, додека, пак, терминот *јар'м* значи половина, што во целосен превод би значело половина халифе, односно во конкретниов случај половина шејх.

Следниоӣ може да биде јар'м халифе. Ова јар'м халифе има само кај хајаӣии. Кај другиӣе немаш. Кај другиӣе имаш веќиљ... Фактички веќиљ е јар'м халифе. Јар'м халифе значи ӣоловина од шејхоӣ, ӣоловина од шејхоӣ. Ако, веќе доаѓа, до, ѓи завршува овие шес, може да му се даде и јар'м халифе[378].

Јар'м халифе се ӣоӣребува ӣермин, како кај нас, да речиме јар'м, значи ӣола. Значи, не е дојден до ӣој сӣеӣен да биде шејх во некое ӣеќе. Туку може да раководи, може да дава инабе, може да дава

[378] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *ӣоснешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

инабе, може да прави и дервиш, меѓутоа, не може да биде хилафет, хилафет не може да дава. Значи, не е дојден до тој степен поголемо да раководи[379].

Во случај шејхот да е отсутен од теќето или ако не е во можност да изврши одредени работи во теќето, тогаш неговите обврски ги презема токму *јар'м халифето*. Во случај во теќето да нема назначено *јар'м халифе*, тогаш, во отсуство на шејхот, неговите обврски ги презема некој од дервишите, а тоа најчесто е дервишот *кахвеџи-дедо.*



Фотогр. 32. Шејхзаде и *јар'м халифе* Ерол Шех, фотографија направена од страна на Линда Шех во Охрид, 2018 г.

Фактички, најблизок му е кахвеџи-дедето. Или ако има поставено векиљ, значи заменик. Поштo кај нас, во нашиот ред, хајатскиот нема векиљ, обично тоа биduва кахвеџи-дедо. Или може да оди шејхот некаде и да каже, нема да биде кафеџијата, туку ќе биде овој дервиш, ќе биде мој векиљ додека јас не сум тука. Значи, и такви работи[380].

[379] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

[380] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

Одредени соговорници ми напоменаа дека во *тарикатот* халвети-хајати не постои позицијата *векил*. Но, во недостиг на податоци или докази, никој од нив не знаеше да ми каже дали некогаш воопшто постоела ваква позиција, дали со тек на време е изоставена или пак се трансформирала во *јар'м халифе*. При моите истражувања во Државниот архив на Република Македонија, во Подрачното одделение во Охрид, работејќи на фондот на Вакафското поверенство – Охрид, наидов на еден документ, поточно записник од 1938 година, во кој се наведува дека лицето Хафиз Хасан Тахир е *векил* на теќето.

Овој записник е направен всушност како одговор на соопштението од Исламската верска заедница – *Улема меџлис* во Скопје за спроведување на попис на сите теќиња. Пописот требало да ги содржи следниве податоци: реден број, назив на теќето, на кој *тарикат* припаѓа, колку *муриди* има теќето, дали редовно се извршува *намаз* и *зикр*, кога и од кого е поставен шејхот, дали теќето има своја зграда, дали теќето има свој имот, доколку нема, од каде се издржува.

Во тој записник Хафиз Тахир меѓу другото изјавува дека теќето во тој момент нема шејх, а тој самиот ја извршува улогата на *векалет* или заменик, положба на која го назначил покојниот шејх Зекерија за време на својот живот.

Во продолжение го објавуваме во целост записникот составен на 4 октомври 1938 година во Охрид, а постапено по повикот на Хафиз Тахир, како што пишува „*векил* во теќето". Во овој записник стои: *Овде сега постои само едно теќе. Неговиот Пир (основач) се вика Мехмед Хајати Хазретлери. Теќето се вика Зејнул-Абидин, што изгледа дека ова било вакуф теќе. Теќето припаѓа на халветскиот тарикат, а има вкупно пет дервиши со ќула, а на тарикатот припаѓаат околу 40-50 луѓе. Мурид има околу 40-50, но точно не знам. Во теќето редовно се извршува зикр – намаз, и за време на Рамазан и имсак. Теќето сега нема шејх, тука, јас ја вршам должноста векалет (заменик) која ми ја овозможи рахметли шејх Зекерија за време на својот живот. Теќето има зграда, односно џамијата Зејнул-Абидин служи како теќе. Јас знам дека тоа е само теќе и дека за теќе е подигнато, но не знам колку е старо. Теќето сега нема никакви приходи туку се издржува од џематот.*

Постоело уште едно теќе, всушност одделно од ова теќе (завие теќе) шејх Хасан кое престанало да работи уште за време на турско после изумирањето на семејството. И тоа припаѓало на халветскиот тарикат. Зградата е срушена, и сега не постои. Ни трага од зградата. Тука сега постои само едно турбе помало на рахметли шејх Хасан.

Прочитано и признаено – Друго немам што да кажам. – Ј. Хафиз Тахир Хасан[381].

Галаба Паликрушева, при нејзиното истражување, напоменува дека, поради тоа што ова теќе имало голем број дервиши, а за да се избегне можноста по смртта на шејхот да нема кој од ова теќе да го прогласи следниот шејх, секојпат се настојувало покрај шејхот да има и по еден заменик, кој се нарекува *јар'м* (половина) *халифе*[382].

Облековен елемент задолжителен за *јар'м халифето*, по кој е препознатлив, претставува покривалото за глава што се нарекува *аракија*. *Јар'м халифето* носи *аракија* со црн повез или пак може да биде и дервишки *ќулав* со црн повез до половината на *ќулавот*. Бидејќи во одредени денови и прилики и самиот старешина на теќето, односно шејхот може да носи *аракија*, разликата меѓу нив се состои во тоа што *аракијата* на шејхот е целосно прекриена со црн повез.



Фотогр. 33. Аракија – карактеристично покривало за глава за *јар'м халифе* во *тарикатот* халвети-хајати, фотографија направена од Ерол Шех во Охрид, 2018 г.

[381] Фонд: Вакафско поверенство – Охрид, Државен архив на Република Македонија, Одделение Охрид, (необработен фонд).
[382] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија", *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 115–116.

7.4. РАКОПОЛОЖУВАЊЕ НА ШЕЈХ И НЕГОВИТЕ ДОЛЖНОСТИ

Последниот степен во *тарикатот* халвети-хајати, односно врвот на неговата верска хиерархија го претставува шејхот, кој е највисокиот духовен лидер во теќето. Должноста на шејхот е да служи како духовен водач во корист на членовите од неговото теќе и на нивните фамилии. Тој е квалификуван да им даде духовни насоки на верниците, т.н. *вирд*, да обучува дервиши и *инабели* за понатамошен напредок. За да добие еден *ашик бејат* и да стане полноправен член или за да биде верникот унапреден во дервиш, *јар'м халифе* или во шејх, потребно е одобрение од шејхот.

Шејхот е како, еден, по нашински речено раководител во теќето. Значи, тој ги раководи сите обврски, без разлика дали биле материјални, дали биле духовни, тој раководи. И нормално тој си има свои помошници. Помошниците ги прави обично од своите дервиши. Значи, дава задолженија на одредени дервиши. Значи, ти ќе се грижиш за ова работа, ти ќе се грижиш за ова работа, ти ќе се грижиш за чистотата, ти ќе се грижиш за снабдувањето, што има потреба теќето. Значи, сите работи одат преку шејхот. Фактички ни еден дервиш не смее да мрдне со својата работа без дозвола на својот шејх. Мислам по правилата на тарикатот, ни еден дервиш не смее да мрдне шо се вика, да направи некоја работа без дозвола на својот шејх. Дури ако сака да патува некаде, треба да зема изин од својот шејх. Или ако има некој проблеми, не е само обврската шејхот да му дава работи да ги направи. Туку шејхот има и обврски да ги контролира, да ги посоветува, да им помогне на своите дервиши. Значи, ако има некои проблеми, ќе дојдат за консултации кај шејхот. Без разлика дали биле од материјална страна, дали биле од духовна страна, сите тие одат со консултации со својот шејх. И нормално, шејхот ако може сам да му помогне, ќе му помогне. Ако не, ќе го упати, да речиме, тоа е како, да речиме одиш кај обичен, кај нас лекар, матичен лекар што имаш, доктор. И, ако не може тој да ги реши, ќе те упатува каде може да се реши ситуацијата. Исто така и со шејхот... Ако не може тој сам да ги реши, било материјално, било духовно, тогаш ќе те упати кај некого што може да ти го реши проблемот... Шејхот назначува, назначува нови членови. Значи, шејхот дава инабе, па после тоа, шејхот прави

и дервиш, ќулахли дервиш, како оди тоа по ред. Без негова дозвола никој не може да стани дервиш во теќето или да биде инабели. Е сега не може кој сака да биде, ме разбираш. Јас сум станал инабели, и сега сакам да бидам дервиш, не може. Тоа одредува шејхот. Или дојде некој, сака да зема инабе, и шејхот може да го одбие, да не го прифати. Или шејхот може сам на некому да му понуди да прифати инабе. Зависи од неговата работа[383].

Во врска со старосната граница, на прашањето кога еден верник е подготвен и може да биде ракоположен на позицијата шејх, од моите соговорници не добив конкретен одговор. Но сите беа едногласни во нивните искази дека потенцијалниот кандидат мора да биде духовно созреан за да може да биде ракоположен на позиција шејх, бидејќи од него се очекува да носи тежок товар на своите плеќи.

Задолжително е шејхот, пред да биде назначен на таа позиција, за време на неговото духовно патување да ги има искачено сите скалила, да ги има поминато сите степени и состојби, да ги има совладано неопходните *есми* за, потоа, на еден легитимен и заслужен начин, да ја стекне титулата на шејх.

Меѓутоа, прво треба да стане јар'м халифе, па после станува, значи, му се дава хилафет, значи, за да може да биде шејх. Јар'м халифе, па шејх. Тука застанува, нема. А овој седмиот Кахар не се дава[384].

Духовно, духовно да му служи, да ги, да го, да го, потполно она сејр-и сулук шо се вика, последните, со последните месеци. Значи, да ги зема сите работи, и после тоа станува, значи, му се дава тој ијазет или хилафетнаме[385].

За самиот чин во кој одреден верник треба да биде назначен за шејх, најчесто се користи терминот *хилафет алмак* (тур. hilafet almak), односно земање на *хилафет*, а понекогаш може да се слушне и терминот *ијазет*. Оваа иницијација се прави во теќето, во присуство на сите верници. При овој обред двајца дервиши го внесуваат потенцијалниот кандидат во *семахането* до местото каде што се наоѓа шејхот. За оваа

[383] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.
[384] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.
[385] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

прилика претходно од страна на шејхот се подготвени *таџот, х'ркаша* или *џубето* и *сеџерето*, кои треба да му се врачат на идниот шејх.

Хилафетнаме, хилафет, тоа се вика хилафет. Давање на хилафет или на иџазет. Хилафет или на иџазет. Иџазет значи дозвола... Јавно, јавно, тоа се прави јавно. Исто така, и тоа доаѓа текбирлеме. И тоа оди со текбири. Значи, кандидатот се донесува, се донесува и неговото џубе, се донесува и неговиот таџ, што е припремен... Не, самиот не, кандидатот не, шејхот го припремува. Сите работи, значи, и џубето и таџот и сеџерето. Значит, хилафетнаметo го припрема самиот шејх. Значи, да, она што го имаш видено кај Ерола она, оние долгите ролни. Значи, шејхот му дава на оној кандидат што е шејх, му го дава и тоа, иџазетот. Значи му го дава... И сеџерето и иџазет. Значи, то е фактички иџазет, сеџере е на едно место. И на крајот, нормално се пишува кој му дава, кога му е дадено и завршува, така завршува таа церемонија[386].

Сеџере фактички е одобрение за да може да, значи мора да го има тоа сеџере за да биде поставен на местото како шејх. Значи, од тоа го има примено, значи тоа доаѓа од после, од првиот до последниот и од кого тој прима и кој му дава. Значи, пишува во таа силсила, во сеџере[387].

Доколку *ќулавот* е карактеристичен и препознатлив облековен елемент за дервишот, тогаш *таџот*, уште наречен *таџ-и шериф*, е задолжителен облековен елемент за шејхот, кој изобилува со симболични претстави. Изработен е од бела ткаенина, поделен на четири дела што ги симболизирааат четирите порти *шеријат*, *тарикат*, *марифет* и *хакикат*. Врз секој дел се протегаат седум гајтани или набори, кои ги претставуваат седумте *есми*: *Ла илахе илалах*, *Алах*, *Ху*, *Хак*, *Хај*, *Кајум* и *Кахар*, карактеристични за овој дервишки ред.

[386] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[387] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.



Фотогр. 34. *Таџ* – карактеристично покривало за глава за шејхот во *тарикатот* халвети-хајати, фотографија направена од Ерол Шех во Охрид, 2018 г.



Фотогр. 35. Симболичната претстава на *таџот*, четирите порти *шеријат*, *тарикат*, *марифет* и *хакикат*; врз секој дел се протегаат седум гајтани или набори што ги претставуваат седумте *есми* или есма-и себ'а; фотографија направена од Ерол Шех во Охрид, 2018 г.

Она што е можеби најинтересен дел од *таџот* што го носат хајатските шејхови, кој е изоставен скоро кај сите други халветски ограноци, претставува белата разгранета пруга, наречена *ѓал*. Настанокот

на овој белег му се припишува на Пир Мехмед Хајати. Едно предание поврзано со потеклото на *ѳалоѿ* наоѓаме кај Галаба Паликрушева, во кое се вели: Осман, синот на охридскиот имам, уште како дете станал дервиш и бил еден од најомилените дервиши на Пир Хајати. По одреден период, Пирот го направил Осман шејх. Еден ден, кога имамот го видел својот син со *ѿаџ* на главата, му го фрлил *ѿаџоѿ* на земјата, и тој се извалкал. Осман му го соопштил тој немил настан на својот *Пир*, кој му одговорил дека ќе си го врати долгот. За многу кратко време по тој настан, починал имамот. Кога го носеле да го погребаат, во мигот кога минувале покрај теќето, сандакот со мртовецот им паднал од рацете на луѓето што го носеле. Сите обиди да го кренат мртовецот биле неуспешни. Тогаш се сетиле присутните и го повикале Пир Мехмед Хајати, замолувајќи го да му прости на имамот за сè што му има сторено лошо, да му даде *халал* за да можат да го закопаат. *Пироѿ* излегол и рекол дека ќе го однесат откако ќе си го земе долгот што му го должел имамот. Му пришол на мртовецот и од белото платно со кое била покриена неговата глава откинал едно парче и го залепил на *ѿаџоѿ* на Осман, на истото место на кое бил извалкан. Оттогаш шејховите хајати го носат белиот *ѳал* на својот *ѿаџ*[388].

Покрај ваквото предание забележано од Галаба Паликрушева, при моето теренско истражување наидов на други интерпретации поврзани со значењето на *ѳалоѿ*. *Далоѿ, ѿрема изучувањеѿо, ѳалоѿ ѿреѿсѿавува, некои викааѿ, лам-елиф. Некои викааѿ ѳал. Лам-елиф е она „Л“ и, вака оѳи. Лам-елиф. Тоа значи оѳ арајски лаа, значи не. Значи, не си ништо, факѿички*[389].

Меѓуѿоа, кај нас, ѳал означува, факѿички, буквава ѳ. Вака оѳи, ѿоа ѳоаѓа како буквава ѳ. Буквава ѳ е симбол на сурето Ихљас, во Кураноѿ[390].

Сурата Ихлас е составена од четири ајети, со следнава содржина:

1.	Кажи: „Тој е Аллах, Еден е!	Kul hüvellahü eha**d**
2.	Аллах е прибежиште секому!	Allahassame**d**
3.	Не родил и не е роден,	Lem yelid ve lem yule**d**
4.	и никој не Му е рамен!“[391]	Ve lem yekün lehu küfüven eha**d**

[388] Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиоѿ народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 114–115.

[389] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ерол Шех, роден 26.11.1966 година во Охрид, *јар'м халифе* и *шејхзаде* во дервишкиот ред халвети-хајати, Турчин.

[390] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *ѿосѿнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

Значи, сите ајети завршуваат со 9. Значи тоа е еден посетник дека Алах е еден, не е овисен од никого. Сè е овисно од него. Нит је родел, нит је родил и ништо не е слично нему. То е значи превод на Ихљас. И тоа го посетува и шејхот, а и останатите што гледаат на него. Демек, значи, нема, ти си овисен од Алах. И самиот шејх што е шејх и тој е овисен од Алах. Прем да раководи, меѓутоа, да се знае дека секој му служи на Алах. Не му служи на шејхот или шејхот не му служи на некој друг[392].

Покрај *тацот*, друг облековен елемент задолжителен за шејховите е *рида-и шериф*. Тоа е бел шал што го носат шејховите околу својот врат. Според кажувањата на моите соговорници, носењето на *рида-и шериф* треба да биде показател дека одреден шејх се стекнал со хилафет. И овој облековен елемент има симболичко значење за припадниците на *тарикатот* халвети-хајати. Имено, десниот крак на овој шал го претставува шеријатот, дедека левиот крак, го симболизира *тарикатот*. Овие два облековни елементи, *тацот* заедно со *рида-и шерифот*, се неразделен дел и по смртта на шејхот, така што тие се задолжителни елементи што се стават во *турбето*, поточно го красат *мезарот* на шејхот.

Покрај *тацот* и *рида-и шерифот*, за шејховите, исто така, репрезентативен облековен елемент претставува *џубето*, долга црна наметка со долги ракави, понекогаш наречена и *х'рка*. Нејзината јака е дискретно украсена со дванаесет линии, кои ги претставуваат дванаесетте главни суфиски редови. Меѓутоа, доколку се повикаме на констатацијата дека халветската традиција во своите почетоци силно била поврзана за култот кон халифот Али и за дванаесетте имами, и постепено ваквото учење се модифицирало или преминало во фондот на тајните учења, постои отворен простор за размислување овие дванаесет линии да ги означуваат дванаесетте имами од кој прв е хазрети Али.

[391] *Светиот Куран*, сура 112, превод на неговото значење на македонски јазик: Елена Тренчевска, Мерсиха Смаиловиќ, Јасмин Реџепи, ArtBooks, 450.

[392] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.



Фотогр. 36. Џубе – карактеристичен облековен елемент за шејхот во *тарикатот* халвети-хајати, фотографија направена при сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 г.

И покрај фактот што облеката за припадниците на овој дервишки ред има важна улога во нивниот обреден живот, испреплетена со разни симболички елементи, сепак, често може да се слушне една општопозната изрека од Јунус Емре, која нашла свое место и во овој дервишки ред. Станува збор за изреката: „Dervişlik olaydı taç ile hırka biz dahi alırdık otuza kırka“ со значење: „Доколку дервишлакот се правеше со *тач* и *х'рка*, тогаш и ние да купевме за 30-40 (пари, м. заб.)“.

Оттука станува јасно дека облеката не го прави верникот и дека таа во дервишкиот ред халвети-хајати има второстепена улога, која стои секогаш зад духовните вредности на поединецот. Значи, она што го краси верникот или шејхот е неговата внатрешна убавина изразена преку стекнатото знаење, целосната посветеност кон *тарикатот*, неговото духовно издигнување, моралните вредности, неговите доблести.

Чинот на добивање *иџазет* или ракоположување на шејх во дервишкиот ред халвети-хајати во минатото се вршел исклучиво во охридското *аситане*. Тоа било како непишано правило. Секој еден потенцијален кандидат, кој се стремел да биде ракоположен за шејх од кое и да било хајатско теќе, морал да дојде во Охрид. Тука, во охридското *аситане*, одреден период ги извршувал задолженијата што ќе ги

добиел, или „чинел *хизмет*“ во теќето и духовно се воспитувал. Откако ќе ги исполнел сите задолженија, тогаш, од страна на старешината на *асиѓането* Пир Мехмед Хајати, ќе добиел *хилафет* или *иџазет*, а тоа значело дека можел самостојно да отвори ново теќе или да раководи со одредено теќе, односно полноправно да седне на *пост* и да ја извршува улогата на шејх и *постнешин*.

Во претходните поглавја кога зборувавме за *асиѓането*, наидовме на еден еклатантен пример за ваквата пракса преку мемоарите на Мериха Ариф. Таму беше опишано како потенцијалните кандидати од штипското Јукари теќе, пред да бидат назначени за шејхови, задолжително доаѓаат во охридското *асиѓане*, служат извесен период во охридското теќе и, откако ќе добијат *иџазет* од *постнешинот* од охридското *асиѓане*, тогаш се враќаат во штипското теќе и како легитимни старешини почнуваат да ја извршуваат улогата на шејх.

Таков е примерот со:

- шејх Абди-баба, кој, по добивањето *хилафет* од страна на охридскиот шејх Осман-ефенди, се враќа во Штип и го отвора познатото Јукари теќе;
- шејх Мустафа-баба, кој, по шестмесечно служење во храмот на хазрети *Пир* во Охрид, бил даруван со *хилафет*;
- шејх Хусеин Сабри-баба, кој, по три месеци откако ги исполнил своите обврски во охридското *асиѓане*, го презел *хилафетот*;
- шејх Мехмед-ефенди, кој 15 дена ги извршувал обврските во храмот и од страна на шејх Зекерија добил *хилафет*;
- шејх Ибрахим-ефенди, кој два месеца по смртта на шејх Мехмед-ефенди заминал во Охрид во *асиѓането* за да го преземе *хилафетот*[393].

Како шо рековме и порано, ево, ти имаш и запишите сите, сите претходни шехој, од Штип, од шејх Ибраим-ефенди идале овдека. Со неколку месеци останувале... До, до шејх Али, шејх Али седум месеци бил овде, од Кичево, се давало овдека иџазет[394].


Ваквото правило и пракса да се земе *хилафет* директно од *асиѓането* во Охрид, денес не секој ги почитува и не се придржува до

[393] Ариф Мериха (шех Ибрахим), ул. „7-ми Ноември“ 68 Охрид, дата на раѓање: 05.07.1927 г., Штип, Горно теќе (Абди Баба Теќе), ракопис.

[394] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Ерол Шех, роден 26.11.1966 година во Охрид, *јар'м халифе* и *шејхзаде* во дервишкиот ред халвети-хајати, Турчин.

нив. Некои потенцијални шејхови, поради далечината и обврските, не се во можност да дојдат и да престојуваат одреден период во Охрид. Поради тоа, шејхот од *аситането* оди во теќето во кое треба да се назначи нов шејх, и таму го извршуваат тој обред или церемонија на давање *хилафет*. Други пак, поради нарушените односи, немање добра синергија со шејхот и верниците од *аситането*, се оддалечиле од теќето и дејствуваат како засебна единица во рамките на халвети-хајатскиот *тарикат*.

Обично треба да биде во ха, аситане. Кај нас е во аситане, во аситане. Ако оди по правило, по пропис аситане, ако е во можности. Ако нема можности, тогаш се прави во местото каде што е тој, да речиме. Ако е во Измир, во Измир му се дава. Пошо нема можности да му се дава овдека... Оној што дава оди во тоа место. Значи, ако му давам јас, јас одам во тоа место и му ги давам сите работи што му се потребни[395].



Слика 2. Хиерархија на *тарикатот* халвети-хајати

[395] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

Понекогаш во едно теќе може да се случи да има два или повеќе верски поглавари, т.е. шејхови во исто време, кои духовно созреале и заслужено се здобиле со таа титула. Меѓутоа, оној шејх што седи на *постот*, или што е *постнешин* во теќето, има фаворизирана улога, и неговиот збор вреди повеќе од сите други. Само таквиот шејх има легитимно право да го спроведе обредот во кој ќе даде *хилафет* и ќе назначи друго лице за шејх.

Фактички, кај нас оди, може во едно теќе да има повеќе шејхови. Меѓутоа, оној кој е во постот, кој е седнат во постот, тој може да дава хилафет, а не оној кој нема иљафет. Постнешин. Едно време бевме заедно, јас и татко ми. И јас бев шејх и татко ми беше шејх. Татко ми беше постнешин, значи тој можеше да дава хиљафет. Или имаше денеска во Кичево. Имаше, таткото и синот. Таткото е постнешин, синот не е постнешин... Али Фуат. Али Фуат е тука... Мхм. И син му Ерќан[396].

[396] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

8. ЖЕНАТА ВО ДЕРВИШКИОТ РЕД ХАЛВЕТИ-ХАЈАТИ

Водејќи се од доктрината за еднаквост на сите човечки суштества пред Бога, овој *тарикат* ги интегрира жените, давајќи им еднаков третман со мажите, во духовниот раст и развој, т.е. при воспитувањето на душата. На секоја една жена на која ќе ѝ се разгори *ашкот* во срцето и која ќе добие потреба да влезе во овој дервишки ред, вратите од теќето ѝ се секогаш отворени.

Зашо во тарикатот не влегувет само мажи, и жени влегувет. Жените, исто така, может духовно, духовниот пат да го поминет. Добива инабе, мегутоа, на посебен начин добива инабе[397].

На жената во овој дервишки ред ѝ е дозволено слободно да може да дојде во теќето и да земе учество при дневните верски обврски што се пропишани во овој *тарикат*, со таа разлика што за жените во теќето има предвидено посебно место во кое ги извршуваат молитвите, одвоено од мажите. Во охридското *аситане* тоа најчесто се извршува во *кахве-оџакот*. И покрај ваквата можност да доаѓаат во теќето и да учествуваат во заеднички молитви, сепак, праксата покажува дека многу ретко жената може да се види во теќето да дојде за извршување на верските обврски. Тоа, секако, е резултат од дневните обврски што ги има жената поврзани пред сè со домот и со семејството. Па така, можеме да кажеме дека нејзиното присуство во теќето се редуцирало само за поголемите верски празници, за Рамазан и Курбан бајрам.

За Рамазан кога се зикровите, и жените учествуваат, мегутоа не учествуваат заедно со мажите, туку учествуваат одвојно. И, нормално, тие изговараат она што се изговара[398].

Друга важна причина поради која жената не може да доаѓа во теќето и да ги извршува верските обврски е менструалниот циклус. Во овој период за жените не е дозволено да извршуваат *намаз* поради тоа што се сметаат за „нечисти“.

[397] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

[398] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасан-баба теќето во Струга, Турчин.

Е сеѓа, жените си имаат менструација, нели?! Во текот на менструацијата нема клањање на намаз. Нема клањање. Меѓутоа, зикрот може да си го врши, тоа не смета. Ме разбираш. Тоа не смета. Значи, жената може да, не е исклучена скроз. Само е исклучена за, значи, за клањање и за пост. Ако има менструација, значи не може и да пости. А зикрот, додека тоа, може да направи[399].

Во однос на посветеноста и нејзиното напредување во *тарикатот*, во смисла на нејзиниот духовен раст и развој, на воспитувањето на душата, жената може слободно без никакви пречки да напредува на нејзиниот духовен пат. Меѓутоа, според *ерќаност* на овој дервишки ред, жените не можат да напредуваат во верската хиерархија, односно една жена никогаш не може да стане старешина или шејх и да раководи со целото теќе.

Кога зборуваме за жените и *тарикатот* халвети-хајати, не можеме да не ја споменеме позицијата или улогата на *шејханата.*

Меѓутоа, онај, не може да биде шејх, кај жените нема. Обично се вика, ако е жена на шехот, шеана[400].

Оваа улога најчесто ја врши сопругата на шејхот, која има привилегиран статус и ужива посебна почит помеѓу жените, а и воопшто во самиот *тарикат*. Таа може да биде посредник меѓу жените и шејхот и индиректно да го следи нивниот духовен развој. За време на траурниот празник *Ашуре*, таа е задолжена за подготвување на обредното јадење, наречено со истото име, *ашуре*. Двапати годишно, пред големите празници Рамазан и Курбан бајрам, со помош на одредени жени од теќето, ги пере покривките што ги красат *мезарите* на шејховите во *турбето*. За време на 26-тата ноќ во месецот рамазан, кога од страна на жените се прави *зијарет* на *сакал-и шериф, шејханата* е задолжена за држење на светиот предмет на кој жените прават *зијарет* и *нијаз*.

Во овој момент, на позицијата *шејхана* во охридското *аситане* се наоѓа сопругата на покојниот шејх Абдулкадир, госпоѓа Славка, која ужива голема почит меѓу хајатските верници.

[399] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

[400] Сопствено теренско истражување во Охрид, 2018 година. Соговорник Илхан Шех, роден 30.9.1966 година во Охрид, шејх на дервишкиот ред халвети-хајати и *постнешин* во Хасанбаба теќето во Струга, Турчин.

ЗАКЛУЧНИ РАЗМИСЛУВАЊА

Како што може да забележиме од досега изнесеното, овој труд го проучува дервишкиот ред халвети-хајати во Охрид, суфиски ред за кој претходно малку е пишувано во академската литература. Хајатскиот огранок на *тарикатот* халвети е основан во Охрид, во првите декади на 18 век, од страна на Пир Мехмед Хајати Хазретлери. Фактот што халветскиот огранок хајати е создаден во Охрид претставува раритет со кој не можат да се пофалат многу градови и држави од Балканскиот Полуостров во кои со векови егзистирале различни дервишки редови, што секако претставуваше дополнителна мотивација за истражување и изработка на ова дело.

Публикацијата „Дервишкиот ред халвети-хајати во Охрид“ се надевам дека ќе даде свој придонес во продлабочувањето и проширувањето на научните и научно-образовните знаења и ќе остави траен белег во врска со овој дервишки ред.

Содржината на оваа книга промовира зголемена информираност и свесност на публиката за дервишкиот ред халвети-хајати, и преку запознавање со историјата на овој *тарикат*, со основните верски ставови, т.е. доктрина на која се засновува овој дервишки ред, поширокатa јавност има можност да се запознае со неговите вредности, но и да развие чувство за нив и да изгради однос на грижа и негување на овие вредности.

Дервишкиот ред халвети е само еден од многуте *тарикати* што го сочинуваат големото исламско семејство познато под името *суфизам* или *тасавуф*.

Посебна одлика што го краси овој дервишки ред е тоа што тој е еден од најраспространетите *тарикати*, а воедно брои најмногу ограноци и подограноци од сите други суфиски братства.

Од изложеното во овој труд може да се констатира дека халветскиот дервишки ред се поврзува со името на Омер Халвети, кој се смета за основач и духовен лидер, односно свет заштитник на халветскиот *тарикат.*

Сепак, поединецот одговорен за утврдување на постојната структура на овој ред бил шејх Јахја еш Ширвани, уште наречен *Пир-и сани*. Нему му се припишува утврдувањето на постојната форма и содржина на обредите на редот, така што халветскиот *тарикат* во

формата каква што ја знаеме денес бил профилиран благодарение на него.

Дервишкиот ред халвети, по Јахја Ширвани, се поделил на четири главни ограноци, и тоа: џемали, рушени, ахмеди и шемси, од кои со текот на времето се создаваат разни подограноци. Еден од нив секако е хајатскиот огранок, кој е создаден во Охрид и кој беше цел на нашето истражување.

Најактивен и најраширен халветски огранок во Македонија несомнено бил хајатскиот. Овој огранок е основан од страна на Пир Мехмед Хајати Хазретлери во Охрид, каде што се наоѓа и *асиѳанеѳо*, т.е. централното теќе.

Охридското *асиѳане* е местото каде што основачот на редот, Пир Мехмед Хајати, живеел, го создал овој дервишки ред, каде што го проповедал учењето, правел *керамеѳи*, каде што починал и е погребан и каде што се чува гробот како најголема светиња на овој дервишки ред.

Денес теќето Пир Мехмед Хајати претставува архитектонско здание, еден комплекс составен од повеќе објекти. Меѓу нив, најголема површина зазема зградата во која се извршуваат верските обреди. Оваа зграда ја сочинуваат повеќе одделенија, како што се *семахане*, зимски и летен *кахве-оџак*, просторија за *халвеѳ*, гостинска соба и др. Исто така, во текискиот комплекс се наоѓа и турбето, односно гробницата во која се наоѓаат гробовите на *Пироѳ* и другите видни шејхови заедно со членовите од нивното потесно семејство, кои достојно служеле во теќето. Покрај тоа, текискиот комплекс го збогатува еден затворен *шаѳрван*, како и една градина или бавча со гробови во која одредени личности нашле вечно почивалиште.

Хајатскиот огранок, покрај централното теќе во Охрид, со свои теќиња може да се пофали низ повеќе градови и населени места во Македонија, но исто така и во други балкански земји. Некои од нив се сè уште активни, додека други, за жал, од разни причини престанале да постојат.

Што се однесува до суштината на учењето на хајатите, догмите или темелните точки на верското учење, припадниците на овој *ѳарикаѳ* без какви било отстапувања го исполнуваат сето она што е пропишано од шеријатот. Тие во целост ги практикуваат сите Божји заповеди што пратеникот Мухамед ги добил и наредил да се извршуваат – *фарз*, начинот на кој пратеникот Мухамед го живеел неговиот живот – *сунеѳ* и, секако, строго се придржуваат до тоа што пратеникот го окарактеризирал за забрането или *харам*, но, и до тоа што Пејгамберот допуштил и благословил да се практикува и употребува – *халал*.

Меѓутоа, припадниците на дервишкиот ред халвети-хајати не се задоволуваат само со шеријатот или со овие вообичаени практики, туку жедта на нивните срца ја гасат со дополнителни, доброволни обврски, т.н. *нафиле*, на тој начин искажувајќи дополнителна почит и благодарност кон Возљубениот Алах ц.ш. И само на тој начин успеваат да се приближат до Него и да се соединат со Апсолутната Вистина, т.е. со Алах, што е една од основните и крајни цели на сите суфиски редови или *тарикати*.

Едно од суштинските обележја и уникатен елемент својствен само за овој дервишки ред претставува *халветот*, односно одвојувањето на верникот на одредено време од овој свет, живеењето во изолација, самотија, со цел да се постигне чистење на лошите особини. Халвет е состојба во која идниот дервиш поминува одреден период соочувајќи се со самиот себе и понира во себе работејќи на самопоправање. Понекогаш целта е да се дојде до Бога и да се води интимен разговор со него, бидејќи, како што сметаат суфиските верници, во самотија мистикот најмногу другарува со Бог.

Покрај *халветот*, кој е суштински елемент во доктрината на дервишкиот ред халвети-хајати, друга значајна компонента во обредниот живот претставува *зикрот*, кој е нераскинлив, препознатлив и заштитен знак на дервишките редови или *тарикати*.

Кај хајатскиот дервишки ред се застапени три видови на колективен *зикр*, и тоа: *куѳи* или седечки, *нис'ф кијам* или полустоечки и *кијам зикр* или стоечки.

Што се однесува до *кијам зикрот* проследен со *ѳевран*, можеме да кажеме дека денес е сè поретко присутен во охридското *аситане*, односно се редуцирал до степен да биде извршуван само за време на четвртоците во месецот рамазан.

Суфискиот воспитно-образовен процес (*сејр-у сулук*) во *тарикатот* халвети-хајати се врши преку спомнувањето на седумте имиња на Алах ц.ш. (*есма-и себ'а*), и тоа*: Ла илахе илалах*, *Алах*, *Ху*, *Хак*, *Хај*, *Кајум* и *Кахар*. Овие *есми* шејхот им ги дава на своите верници во зависност од нивниот духовен раст и развој.

Во популарната хајатска изрека „ЕДЕБ ЈА ХУ" се инкорпорирани моралните вредности на овој *тарикат*, како што се доброто поведение и доброто воспитание на верникот, односно живот лишен од кражби, повредувања, убиства, клевети, навреди, измами, прељуби, блудства и други неморални дела, кои строго се почитуваат од страна на хајатите во текот на целиот нивен живот.

Водејќи се од доктрината за еднаквост на сите човечки суштества пред Бога, овој *тарикат* ги интегрира жените, давајќи им еднаков

третман со мажите, во духовниот раст и развој, т.е. при воспитувањето на душата. На секоја една жена на која ќе ѝ се разгори *ашкоѿ* во срцето и која ќе добие потреба да влезе во овој дервишки ред, вратите од теќето ѝ се секогаш отворени.

Кај хајатите се среќава структурирана верска хиерархија, во која најнискиот степен е *ашик.* Овој термин се однесува на она лице што е привлечено кон хајатските принципи и практики, но кое сè уште нема земено *бејаѿ* или *инабе*, односно сè уште не го доживеало обредот на премин, па, според мислењето на одредени верници, и не може да се смета за полноправен член на овој *ѿарикаѿ*.

Вториот степен или ниво на прогрес е *инабели* и се однесува на оној што го има поминато обредот на премин, односно зел *инабе* и, според тоа, е квалификуван да учествува полноправно во вообичаените церемонии на редот.

Третиот степен е тој на *ɟервишоѿ*. Целосната припадност кон овој *ѿарикаѿ* се стекнува преку станување дервиш. При воведување во рангот на дервиши, на верникот му се даваат облековните елементи *џубе* и *ќулав*, кои се неизоставен дел од неговиот верски живот.

Четвртиот степен е тој на *јар'м халифе*, или во превод половина халифе, т.е. половина шејх. Неговата функција, всушност, е помошник и заменик на шејхот. Во случај шејхот да биде отсутен или да е спречен да ги извршува верските обреди, тогаш *јар'м халифеѿо* го заменува него во секојдневните обврски во теќето.

И на самиот врв од оваа верска хиерархија се наоѓа шејхот. Неговата должност е да служи како духовен водач во корист на членовите од неговото теќе и на нивните фамилии. Тој е квалификуван да им даде духовни насоки на верниците, да обучува дервиши и *инабели* за понатамошен напредок.

Со доаѓањето до врвот на оваа верска хиерархија, полека доаѓаме и до причинителот на повеќедеценискиот проблем што егзистира во оваа верска заедница во Охрид, проблем предизвикан директно од титулата шејх. Една работа што остава црна дамка во *ѿарикаѿоѿ* халвети-хајати е неслогата, односно поделбата меѓу верниците околу критериумите и правилата за избор на духовниот лидер – *шејх*, по наследна линија или по линија на заслуга.

По смртта на последниот шејх од шејховската фамилија што седел на *ɟосѿоѿ* во *асиѿанеѿо*, шејх Абдулкадир-ефенди, во 1998 година, доаѓа до една конфликтна ситуација меѓу верниците во охридското теќе, која трае до ден-денес. Имено, настанува раздор околу прашањето кој треба да биде наследник на шејх Абдулкадир и да го наследи

неговото место на *тостот*. Од една страна, потенцијален кандидат бил неговиот син, *шејхзаде* Ерол, кој го застапува правилото на *евладие*. Тој сметал и сè уште стои на истото стојалиште дека наследувањето во теќето треба и мора да биде по наследна линија, како што било од самиот почеток од основањето на хајатскиот огранок, секако со одредени отстапувања. Отстапувања, пред сè, имало ако шејхот не оставил машки потомци. Неговиот противкандидат, пак, тогаш *јар'м халифе* Осман, се повикал на правилото на *ербабие*, т.е. на челна позиција во теќето сметал дека треба да биде избран најспособниот член меѓу верниците, а како најспособен се сметал самиот. По одреден период договарања, преговарања, полемики, расправии, „довербата" на верниците му била дадена на *јар'м халифе* Осман, и тој застанува на *тостот* во *аситането*.

И по смртта на шејх Осман, проблемот не само што не се решил туку и се продлабочил. Наместо да се врати титулата шејх во шејховската фамилија, односно да се назначи *шејхзаде* Ерол за иден *тостнешин* и шејх, сепак, еден од тогашните дервиши во теќето, Шерафедин, седнува на *тостот* во теќето и започнува да ја извршува улогата на старешина и раководител во теќето. И денес постојат полемики околу неговиот избор за шејх, дали тој воопшто добил *хилафет* со што би стекнал легитимно право да ја врши должноста на шејх, или пак се самоназначил, што е во спротивност со *ерќаното* на овој *тарикат*.

По неговата смрт, на *тостот* доаѓа неговиот син, денешниот шејх Фахредин, кој го наследува *тостот* по принципот на *евладие*. Тука сега доаѓаме до една парадоксална ситуација. Имено, во одреден период наследување на *тостот* по принципот на *евладие* не било прифатливо, кога се однесувало на *шејхзаде* Ерол, наследник на шејховската фамилија, за подоцна, истиот тој принцип на *евладие* да може без проблем да се примени, кога се однесувал на шејх Фахредин. Ваквата парадоксална ситуација пресликана во една реченица би гласела: *Евладието е мртво, да живее евладието!*

Не сакам на самиот крај ова драгоцено дело, овој бисер да го потурам со катран и на тој начин да му ја одземам божествената убавина и сјајот со кој зрачи. Целта ни најмалку не ми е да критикувам, да наоѓам грешки или да осудувам, туку да се обидам да ја опишам и да ја доближам реалноста и проблемот со кој се соочуваат овие верници преку податоците добиени од истражувањето.

Тука би сакал да упатам еден апел до хајатските верници, секако во склоп на суфиското учење и живеење по кое решиле овие верници да одат.

Тарикатот не е пазар, туку божествена патека, и охридското *аситане* не треба да се сфаќа како производ со кој може да се тргува во

еден пазар, туку како дом во кој живее Апсолутната Вистина, т.е. Алах. Немојте да го (зло)употребувате *аситането* за лични интереси, за материјални придобивки или богатење на сопственото его. Тоа се коси со основните начела на *суфизмот*. Вратете му го сјајот на овој охридски бисер со божествена есенција. Извршете *џихад*! Убијте го вашиот најголем непријател – ЕГОТО и потрудете се вашите срца да ги исполните со љубов, бидејќи таа е есенцијалниот елемент на кој се потпира секој суфиски *тарикат*. Тоа може да го видиме и од движечкиот суфиски слоган: „Tanrı sevgisi, insan sevgisi“ со значење: љубов кон Бога и љубов кон човекот.

Се надевам дека донекаде ќе се приближив на идејата за исправно и правично прикажување на *тарикатот халвети-хајати* од аспект на етнологијата и антропологијата. Овој труд нека биде дополнителен мотив за понатамошно и пообемно истражување на овој дервишки ред, но и на другите *тарикати* што егзистираат во Македонија, а се дел од исламската мистика, позната како суфизам.

Ако треба некако да го завршам ова дело, да го дадам завршниот збор, тоа одлучив да биде една животна девиза застапена во хајатскиот огранок на халветскиот дервишки ред. Меѓутоа, би сакал оваа девиза да не биде прочитана само со надворешните очи и следниот миг заборавена, туку секој што ќе ја прочита да се потруди да ја канализира, и да му послужи како водечки принцип во неговиот понатамошен живот. А таа гласи:

ЕДЕБ ЈА ХУ!!!

РЕЧНИК

А

абдест – обредно миење на верниците пред молитва.

адаб – коректно/исправно/соодветно исламско однесување.

ајет – стих во Куранот.

акшам намаз – четвртиот од петте пропишани задолжителни намази што муслиманите секојдневно ги извршуваат. Овој намаз се извршува по заоѓањето на сонцето.

Алаху екбер – Господ е најголем. Алах е над сè.

Алим – едно од имињата на Господ, со значење ‘сезнаен’. Често овој термин се употребува за исламските научници.

Алхамдулулах – Сите пофалби и благодарности се за Алах.

аситане – централно, главно теќе на одреден дервишки ред.

ахвал – психолошки состојби што се стекнуваат преку духовно-воспитно-образовна активност.

ахирет – ‘оној свет’ или ‘идниот свет’. Најчесто се користи кога ќе почине одредено лице и се вели: „Го напушти овој свет и замина на ахирет“.

ахлак – убаво однесување, што е еден од атрибутите на моралот.

ашик – вљубеник, заљубен; кандидат за стапување во дервишкиот ред.

ашк – љубов.

Ашуре – траурен празник, се одбележува во спомен на страдањата и смртта на имамот Хусеин, внук на пратеникот Мухамед, во местото Кербела, денешен Ирак. Овој ден се одбележува на 10-тиот ден од месецот мухарем.

Б

баба – зборот буквално значи ‘татко’. Со ова име се нарекува старешината на дервишкиот ред; особено е карактеристично за *тарикатот* бекташи.

бараках – благослов што доаѓа од Бог.

бејат – прифаќање на кадидатот за мурид, завет на преданост кон шејхот; чин на официјален пристап во *тарикатот*. Тоа е полагање заклетва, признавање на шејхот за свој духовен учител. Бејат е обврска на послушност.

берат – указ, повелба од султан со што се одредува некаква повластеност.

Бисмилах – Во името на Алах. Оваа фраза најчесто се кажува при започнување на секоја една работа, едно добро дело.

В

ваиз – службеник за верски прашања, кој дава верски совети. Проповедник што во џамијата околу половина час пред џума намазот врши кратко предавање за моралните вредности на исламската религија.

валиде – мајка, родител. Со овој термин се означувала мајката на султанот во Османлиската Држава.

васиет – завет, ветување, заклетва, даден збор дека нешто ќе се изврши.

вахдат ал вуџуд – единство на постоењето. Едно од главните суфиски начела, воведено од познатиот суфи Ибн Араби.

вациб – обврска.

векил – заменик на шејхот.

вирд – секојдневна задача во облик на молитва или зикр што се учи во себе, која шејхот ја задава на своите дервиши според особени упатства.

вуслет – достигнување, достасува.

Д

девран – значи време, доба, епоха, тркало на среќа. Земено во мистичка смисла, кај дервишките редови значи вртење, игра на дервишите за време на *зикрот* со музичка придружба, кога ќе ги стават рацете на рамења едни на други.

деде – 'дедо' или деде-баба, титула што им се дава на поглаварите на различни дервишки редови, а особено на поглаварот на бекташкиот ред.

дервиш – тој што го следи суфискиот *тарикат* (пат). Познат по својата екстремна сиромаштија и ограничување (строгост), налик на монасите во христијанството; степен во многу дервишки редови во нивната верска хиерархија.

дергах – светилиште карактеристично за дервишките редови.

дерман – спас, средство за одбрана, лек, мир.

дова – молитва.

дувар – ѕид.

Е

евабин намаз – во дервишкиот ред халвети-хајати, по извршувањето на *акшам намазот* и читањето на *џоваша*, се изведува овој *намаз*. Се клањаат 2 *реќати*. Потоа се прави *зикр* 7 пати *Ла илахе илалах* и 7 пати *Ху*. *Евабин намаз* за *џума*, за Рамазан и за бајрамските денови не се извршува.

евладие – правило на наследување на старешината на дервишкиот ред што оди по наследство, т.е. престолот во дервишкиот ред го наследува синот или близок член од потесното семејство на старешината.

евлија – светец. Луѓе почестени со инспирација, оние што се одбрани помеѓу обичните луѓе, како дар од Бога.

едеб – морал.

езан – повикување на верниците за молитва од џамија.

елиф – првата буква од арапската азбука.

ербабие – правило на наследување на старешината на дервишкиот ред што оди по заслуга, т.е. најспособниот член во дервишкиот ред го наследува престолот.

ербеин – на арапски јазик значи четириесет. Во *тарикатот* халвети-хајати се однесува на период од четириесет дена, кој почнува околу дваесетти декември и трае сè до крајот на јануари. Овој период е погоден за влегување во *халвет*.

еренлер – личност што достигнала до својата цел (идеал). Овде се мисли на Бог, бидејќи, според мислењето на дервишите, еренлерот успеал да се приближи до Бога, односно успеал да стигне до својата цел.

ерќан – закон по кој се водат дервишките редови.

есма-и себ'а – седумте божји имиња што се употребуваат во хајатскиот *тарикат*, кои воедно ги претставуваат и седумте степени или скалила по кои верникот треба да се искачи за конечно соединување со Алах.

есма-и хусна – 99-те убави имиња на Алах.

Естагфирулах – Барам прошка од Алах.

ефенди – титула со која се нарекуваат почитуваните луѓе.

З

завие – дервишко светилиште помало од теќето. Понекогаш служело како дервишко засолниште и за сместување на патници.

закир – дервишот задолжен за учење/пеење на илахиите за време на извршувањето на зикрот.

закирбаши – дервишот задолжен за водење на илахиите, ги распоредува дервишите и другите верници.

зеќат – милостина, годишна обврска на секој муслиман да даде милостина 2,5 проценти од својата заработка.

зијарет – посета**.**

зикр – најчеста дефиниција на зикрот е сеќавање на Бога, особено преку повторување на имињата Божји како мантра за да се поттикнат алтернативни состојби на свеста. Суфиска богослужба.

зухд – аскетизам**.**

И

ибадет – обичај во исламот.

икинди намаз – третиот од петте пропишани задолжителни намази што муслиманите секојдневно ги извршуваат. Овој намаз се извршува кога сенката на објектот е двојно поголема од самиот објект.

илахија – пофална песна за Бог (Божествена химна).

имам – исламски верски лидер во заедницата.

имарет – јавна бесплатна кујна.

инабе – покајание за гревовите и искрено предавање на Алах. Чин на приступување во *тарикат*. Поврзување со шејх, завет на ученикот дека ќе остане целосно посветен на шејхот и неговите наредби.

иршад – пренесување инструкции од учителот/шејхот кон ученикот/*мурид*от, идниот дервиш, *суфија*.

истигфар – да се бара прошка од Господ за да се простат гревовите. Ако имаш направено грев, треба за тој грев да се искупиш и да правиш *тевбе*.

ифтар – вечерен оброк во текот на исламскиот месец рамазан, односно јадење што се консумира во првиот самрак непосредно по заоѓањето на сонцето.

иџазет – вид документ што им дава право/овластување за понатамошно примање, надгледување и воспитување во *тарикатот*; тоа е службена *тарикатска* исправа со трајна вредност, дозвола дадена на зрелиот дервиш, иден шејх.

ишрак намаз – оваа молитва се клања 40-45 минути по излегувањето на сонцето.

Ј

јар'м халифе – половина халифе, т.е. половина шејх. Заменик на шејхот. Еден од степените во верската хиерархија во *тарикатот* халвети-хајати.

јаци(ја) намаз – последниот од петте пропишани задолжителни намази што муслиманите секојдневно ги извршуваат. Времето за извршување на оваа молитва е кога ќе се изгуби дневната светлина, т.е. кога ќе завладее целосен мрак.

Јукари теќе – Горно теќе.

К

кабур – гроб/гробно место.

Кадир геџе (ноќ) – 27. вечер од светиот месец рамазан, кога почнала да се објавува светата муслиманска книга Куран.

Кајум – едно од Алаховите убави имиња. Во *тарикатот* халвети-хајати ја претставува шестата есма.

калби зикр – зикр што се прави со срцето. Јак срцев зикр со длабока воздишка.

калиф – калиф или халифе, божји наследник. Титула на духовен поглавар кај муслиманите, кој се смета за наследник на пратеникот Мухамед.

Кахар – едно од Алаховите убави имиња. Во *тарикатот* халвети-хајати ја претставува последната седма есма.

кахвеџи-деде – во *тарикатот* халвети-хајати еден од дервишите што има задача да се грижи за оџакот во теќето и за подготвувањето и послужувањето на кафето. Понекогаш тој го заменува шејхот во секојдневните обврски во теќето, доколку шејхот е отсутен.

кемер – појас, колан, ремен.

кибла – насоката кон која треба да биде свртен муслиманот за време на молитвата. Во џамиите михработ во ѕидот го покажува правецот на киблата.

кијам зикр – зикр што се изведува со стоење.

кол – огранок.

куди зикр – овој зикр се изведува во седечка позиција.

Л

Ла илахе илалах – Нема друг Бог освен Алах. Сведочење за верата во единствениот Бог. Во *тарикатот* халвети-хајати со овој термин се означува првата *есма* што ја учи верникот за време на неговото духовно патување.

М

маками – степени или фази што треба да се поминат за време на духовното патување во дервишките редови.

марифет – крајната патека на крајната вистина, или спознавање на Бог. Спознавањето може да се стекне на повеќе начини и се дели на: марифет акли – спознавање стекнато со размислување; потоа, марифет назари – спознавање стекнато преку духовно размислување и видовитост; и марифет шухуди – спознавање стекнато со духовно потврдување.

мезар – гроб.

мејдан – просторија во која некои дервишки редови ги извршуваат верските обреди (на пр. кај бекташите).

мелек – ангел божји.

мисафир одаси – гостинска соба.

мудерис – учител, наставник на висока школа.

мукабеле – молитва или обред за починат дервиш или верник во *тарикатот* халвети-хајати што достигнал најмалку до третата *есма*.

мурид – ученик во суфиските *тарикати*.

муршид – учител во суфиските *тарикати*.

муршид-и ќамил – совршен учител.

мутевели – тутор, раководител на вакаф, оној што се грижи за вакафот.

мухарем – првиот месец од исламскиот календар.

Н

намаз – најзначајната молитва кај муслиманите.

нафиле – доброволен намаз.

нефс – според светогледот на исламот, компонента на човечкиот дух поврзана со најоддалечените желби и страстите на човекот.

нијаз – поклон.

нис'ф кијам зикр – зикр што се изведува во полустоечка позиција.

нур – светлина.

П

падишах – титула на некогашните персиски цареви, наследено кај отоманските Турци како назив за султанот.

Пејгамбер – со овој термин се означува пратеникот Мухамед. Во буквален превод значи тој што носи, доставува порака, вест.

Пир – старец, водач, шејх. Основач на дервишки ред/*тарикат* или негов најважен претставник.

пиреви – куќата или теќето на основачот на суфискиот ред.

Пир-и сани – вториот основач.
пост – престолот на кој седи шејхот во одредено теќе; најчесто седи на овча кожа.
постнешин – со овој термин се означува шејхот што седи на *пошот* во теќето, т.е старешината на теќето.

Р

рахметли – покоен.
реќат – една единица, составен дел од исламска молитва. Секоја молитва се состои од различен број реќати.
рецеб – седмиот месец во исламскиот календар.
руја – сон.

С

сабах намаз – првата од петте пропишани задолжителни молитви кај муслиманите. Најчесто започнува 20 минути пред изгревањето на сонцето.
савм – пост. Еден од столбовите во исламот.
сакал-и шериф – свет предмет, шише исполнето со течност во кое се чува едно влакно од брадата на пратеникот Мухамед.
салават – поздравување на пророкот Мухамед.
салик – следбеник на суфизмот, верникот што тргнал на духовниот пат.
сејр-у сулук – одење по тарикатската патека.
семахане – просторија во која одредени дервишки редови ги извршуваат своите верски обреди.
сецере – синџир по кој се пренесува тарикатското знаење во непрекинат редослед од Алаховиот пратеник Мухамед па сè до шејхот. Слично со силсила.
силсила – непрекинат синџир на ученици и учители, кој својата божествена енергија ја наследува од раните светци, од имамите, која оди назад до пратеникот Мухамед, на кого сето знаење му било пренесено од самиот Бог преку неговиот посредник архангел Гаврил или мелекот Џебраил.
Субханалах – Нека е славен Алах**.**
сунет – практичен живот, она што го извршувал пратеникот Мухамед за време на неговиот живот.
суфизам – внатрешна, езотерична димензија на исламот. Начин на живот насочен кон остварување на Божјата Вистина. Трагање и соединување со Бог, што се остварува преку духовен пат – *тарикат*. Слично со тасавуф.

Т

табут – носила на кои муслиманите го носат мртовецот.
талкин – 1. запознавање на *муриѳот* со подробности што се неопходни за тарикатското напредување; 2. молитва на имамот што се чита на гробот на покојникот.

тарикат – пат (и во буквално и во преносно значење), метод на култивација; суфиски ред. Терминот *тарикат* подразбира цел систем на обреди за тренирање и методика на обучување на ученикот (*мурид*).

тасавуф – в. суфизам.

тасдикнаме – сертификат.

таџ – покривало за глава, капа што ја носи само старешината на дервишкиот ред, т.е. шејхот. Кај секој дервишки ред таџот е различен.

тевхид – монотеизам. Господ да се прифаќа еден и единствен. Зборот на тевхид е Ла илахе илалах.

текбир – величање на Господ. Тој збор е Алаху екбер со значење Господ е голем.

текбирлеме – во *тарикатот* халвети-хајати церемонија на воведување на верникот во дервиш.

терави намаз – за време на месецот рамазан се извршуваат овие молитви по извршувањето на последниот сунет од јација намазот, при што се клањаат 20 реќати.

тертип – начин, метод.

теслим таш – камен на преданост. Задолжителен дел на бекташките старешини баби.

теспих намаз – во дервишкиот ред халвети-хајати во текот на годината се извршува 5 пати оваа молитва: Регаиб ноќ (месец реџеб); Берат (месец шабан); Кадир, 27. ноќ во рамазан; Ноќ наспроти Рамазан бајрам; Ноќ наспроти Курбан бајрам.

теќе – суфиско светилиште. Место каде што се извршуваат верските обреди на дервишките редови. Понекогаш тука живее и старешината на дервишкиот ред.

техеџуд – доброволна молитва што се извршува пред рана зора, односно пред имсак.

томар – генеалогија на еден *тарикат*.

турбе – гроб, гробница; најчесто во турбето се погребуваат видните шејхови.

турбедар – службеник што се грижи за турбето.

Ќ

ќефин – платното со кое се завиткува покојникот.

ќулав – капа, покривало за глава што го носат само дервишите. Во *тарикатот* халвети-хајати често може да се слушне ќулали дервиш.

У

улема – верските научници.

усул – метод, начин, пристап, постапка. Во секој *тарикат* има различни методи или закони што треба да се почитуваат. На пример, доколку шејхот не даде дозвола, не може верникот да ги пушти нозете или да седне слободно. Прво шејхот треба да каже *ѓестур* или *рааст отур* за да се седне слободно.

Ф

факир – сиромашен.
фарз – верски задолженија.
Фатиха – првото поглавје на светата книга Куран.
фена, феналак – десубјективизација, деегоизација.
ферман – султански указ, наредба од повисока власт воопшто.

Х

хадис – во буквален превод значи говор, случување, вест, и се однесува на кое било раскажување, настан што се случил под раководство на пратеникот Мухамед.
Хај – Буквален превод: живеј! Едно од Алаховите убави имиња. Во *тарикатот* халвети-хајати претставува една од *есмите*.
Хак – Вистина. Едно од Алаховите убави имиња. Во *тарикатот* халвети-хајати претставува една од *есмите*.
хакикат – една од четирите порти во суфизмот. Вистина. Духовна реалност.
хал – духовна состојба на умот/разумот.
халал – дозволено.
халва – в. халвет.
халвет – вид на осамување со цел да се постигне чистење на лошите особини. Халвет е состојба во која идниот дервиш/*суфија* поминува одреден период соочувајќи се со самиот себе и понира во себе работејќи на самопоправање.
халифе – в. калиф.
халка – алка, круг што се прави за време на извршувањето на зикрот.
халка зикр – облик на групна комуникација на обредот *зикр*, при која дервишите седат или стојат распоредени во круг/халка.
ханеках – арабизиран израз на персиската сложенка hanegah, која се состои од зборовите хане – куќа, дом, и гах – место, живеалиште, што во превод значи место каде што живеат шејхот и дервишите.
хан'м – госпоѓа.
харам – тоа што е забрането во исламот.
хатиб – проповедник во џамија, кој врши верско обраќање за време на петочната молитва. Најчесто овој термин се употребува по титулата имам – имам-хатиб, бидејќи најчесто имамот е тој што врши верско обраќање пред верниците.
хафи зикр – тивок, безгласен зикр.
хаџ – аџилак во Мека. Еден од петте столбови во исламот.
хизмет – служење. Работа за други без очекување на каква и да било плата.
х'рка – облековен елемент, наметка што покажува дека личноста е на висок степен на знаење или спознавање во *тарикатот*; дел од невербалната комуникација.

Ху (Тој) – поим за Бог пред секое име, назив или атрибут. Ху е Возвишено Битие што нашиот ум не може да го опфати, ниту окото да го види, едно од големите Божји имиња.

Џ

џемат – темелна, основна организациона единица на припадниците на исламската вероисповед. Муслиманска верска општина, парохија. Исто така се употребува и за верниците во џамијата.

џеназе – посмртни останки.

џехри зикр – гласно учење, гласен зикр.

џихад – концепт на верска должност на муслиманот. На арапски џихад значи 'борба'. Џихад најчесто се спомнува како борба на патот кон Алах, праведна борба, борба со самиот себе, со нефсовите на верникот.

џубе – наметка што е задолжителен облековен елемент за дервишите во *тарикатот* халвети-хајати.

џума намаз – петочната молитва кај муслиманите.

Ш

шабан – осмиот месец во исламскиот календар.

шадрван – фонтана. Задолжителен елемент пред секое исламско светилиште. На тоа место верниците земаат *абдест* пред да одат на молитва.

шарт – обврска во исламот.

шахада – еден од столбовите во исламот. Потврда/изјава/декларација за верата во еден Бог Алах и во пратеникот Мухамед како негов гласник.

шејх – духовен водач, суфиски учител. Шејхот е личност со високи духовни вредности, способен да ги води учениците низ духовните станици. Без него како средиште на различната комуникациска пракса би било невозможно да се движи верникот по патеката.

шејхана – најчесто со овој термин се означува сопругата на шејхот.

шејхзаде – потомок, син на шејхот.

шеријат – исламскиот духовен закон. Првата од четирите порти во суфизмот низ која треба да помине верникот при неговото духовно патување.

КОРИСТЕНИ СКРАТЕНИЦИ

арап. – арапски јазик.
а.с. – алејхи селам со значење „нека биде мирот над него“. Оваа молитва е поврзана за сите Алахови пратеници како термин за почит.
к.с. – кудисе сируху со значење „Бог (Алах) да ја возвиши неговата/својата тајна“. Се употребува по името на евлиите, т.е. светците.
лат. – латински јазик.
п. – починат.
перс. – персиски јазик.
р.а. – радиалаху’анху. Се користи кога се споменува името на имамот Али, со значење „нека биде Алах задоволен со тебе/него“.
с.а.в.с. – салалаху алејхи ве селам – „нека благословите од Алах и мирот бидат на него“. Оваа фраза/молитва се употребува и секогаш е поврзана со пратеникот Мухамед.
тур. – турски јазик.
х. – хиџра.
џ.ш. – џеле шануху. Се користи кога се спомнува величественото Алахово име, со значење Возвишениот Алах.

ИНДЕКС (РЕГИСТАР НА ЛИЧНИ ИМИЊА И ПОИМИ)

А

Абди-баба 70, 87, 91, 92, 140.
Абдулах Ѓул 98.
Абдулах Илјахи 28.
Абдулгафур-халифе 52.
Абдулкадир-ефенди 79.
Абдул Керим 89.
Абдулрахим 72.
Абдулфетах 52.
Абдулхади Вардар 52.
Абу Јазид Бистами 18.
Ага-деде 53.
Адем-баба 50.
ајет/и 21, 106, 114, 122, 128, 135, 140, 142, 154, 155, 168.
Ајни-деде 27.
Ајше-хан'м 72.
акшам намаз 102, 121, 124, 125, 168, 169.
Алаедин-баба 31.
Алаедин Ушаки 68.
Аласоња 90.
Алах 39, 64, 65, 106, 107, 108, 109, 112, 113, 114, 117, 118, 120, 122, 123, 125, 127, 128, 130, 131, 133, 136, 143, 152, 155, 164, 167, 168, 170, 172, 173, 176, 177.
Алаху екбер 113, 128, 143, 144, 168, 174.
Албанија 25, 27, 29, 30, 32, 34, 70, 84, 86, 89, 90.
Алди Султан 30.
Александар Поповиќ 48.
Александар Стојановски 24, 193.
Али 38, 48, 155.
Али Алаедин 51.
Али-ефенди Руми 68.
Алија 35.
алими 33.
Али Фуат 82, 159.
Али Челеби Маало 54.
Анадолија 48.
аракија 149.
архангел Гаврил 15, 173.
асали 45, 47.
Асаф Дураковиќ 90.
аситане 7, 15, 24, 32, 49, 58, 59, 62, 63, 65, 66, 69, 70, 71, 72, 73, 77, 78, 80, 81, 82, 84, 86, 87, 89, 90, 91, 92, 93, 97, 102, 105, 110, 111, 116, 118, 140, 145, 156, 157, 158, 160, 161, 163, 164, 165, 166, 167, 168.
Атина 29.
ахвал 22, 23, 168.
Ахи Мирем Халвети 42, 68.
Ахи Мухамед бин Нур ел Халвети 38.
Ахи Мухамед Ширвани 42, 68.
ахирет 40, 51, 58, 81, 101, 129, 168.
ахлак 74, 168.
Ахмед 89.
Ахмед б. Али ел Харири 45.
Ахмед б. Мухамед ед Дердир 45.
Ахмед б. Мухамед ел Тицани 45.
Ахмед ес Сави 45.
Ахмед-ефенди 31.
Ахмед-ефенди Јигитбаши 68.
Ахмед Зухри 46.
ахмеди 45, 46, 47, 48, 57, 84, 163.
Ахмед Рауфи 46.
Ахмед Џахиди 46.
Ахмед Шемседин б. Иса Мармарави 46.
Ахмет Давутоглу 98.
ацилак 38, 70, 71, 107, 175.
ашик 15, 120, 141, 150, 158, 165, 168.
Ашик Јонуз 117.

ашици 64.
ашк 119, 135, 138, 160, 165, 168.
Аш'р 126.
ашуре 90, 126, 127, 161, 168.

Б

Бабјак Маало 55.
Багдад 33, 44.
Бајазид Бистами 18.
бајрам (празник) 50, 126.
бајрами 21, 25, 27.
бајрам намаз 121, 126.
Бакара 128.
Баку 44.
Балкан 7, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 33, 34, 38, 57, 58.
Балкански Полуостров 11, 24, 48, 90, 162.
Бал'м Султан 27, 43.
Баница 55.
Бахши 45, 47.
бедеви 25, 119.
бејат 141, 142, 143, 150, 165, 168.
Бej Маало 55.
Бекир-ефенди 50.
Бекирлија 54.
бекри 45, 47.
бекташи 18, 20, 21, 22, 25, 26, 27, 33, 34, 37, 103, 107, 127, 168, 172.
Белград 29, 32.
Берат (град) 30, 32.
берат 50, 52, 60, 61, 63, 69, 126, 168, 174.
Берковица 31.
Билишта 32, 89.
Бисмилах 113, 168.
Битола29, 31, 33, 70, 84, 89.
Бјелина 32.
Благај 27, 32, 36.
Бог 5, 15, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 38, 39, 42, 50, 106, 107, 109, 110, 113, 114, 115, 119, 120, 123, 125, 129, 131, 138, 140, 142, 143, 146, 160, 164, 167, 168, 169, 170, 172, 173, 176, 177.
Босанска Посавина 53.
Босна и Херцеговина 25, 27, 28, 31, 32, 33, 34, 35, 90.
Брегалница 54.
Бугарија 25, 27, 29, 30, 31, 33, 70, 71.
Букагили 52.
Буна 27.
Бургас 31.
Бухара 58.
бухури 46, 47, 57.

В

ваиз 60, 61, 168.
вакаф 74.
вакафско поверенство 9, 74, 105, 148, 149.
Валандово 31.
Валона 32.
Вардар 49.
Варна 31.
Васил Нетков 48, 54.
Вафа-баба 30.
вациб 121, 126, 169.
векил 75, 76, 78, 85, 86, 148, 169.
Велес 28, 29, 31, 33,36, 50.
Вели-деде 52.
Велиудин Вардар Синани 52.
Виктор 142, 144.
Виктор Трајановски 18, 20, 21, 107.
вирд 21, 44, 86, 123, 134, 136, 139, 142, 150, 169.
Видр-и Јаxја 135.
Вирд-и сетар 44, 86, 134, 135.
Вишеград 32.
Воска 59.
Вотерпорт 90.
Вруток 55.
вуслет 131, 169.

Г
Гаврил 113.
Газа 45.
Гази Хусрев-бегово (теќе) 32.
Галаба Паликрушева 12, 24, 37, 38, 42, 48, 49, 51, 52, 56, 70, 88, 90, 93, 118, 119, 120, 141, 149, 154, 169.
Гередали Халил 45.
Гилан 38.
Глиша Елезовиќ 18, 48, 83, 89.
Гњилане 32.
Горобинци 88, 92.
Господар 19, 53, 108, 113, 114, 115, 123, 132, 140.
Гостивар 55.
Грција 25, 31, 33, 55, 70, 84, 90.

Д
Давуд ет Таи 41, 67.
дал 153, 154.
далга тевхид40.и
Дамаск 33, 45.
Дебар 30.
девран 40, 86, 116, 118, 119, 164, 169.
Дедели 33.
Делвина 32.
Демир-баба 27.
Демир Капија 50.
демирташи 45, 47.
Дербент теќе 50, 51.
дервиш 7, 16, 19, 23, 24, 26, 35, 36, 40, 45, 49, 54, 59, 78, 86, 88, 92, 93, 94, 95, 97, 102, 105, 108, 111, 112, 114, 116, 117, 118, 119, 120, 123, 124, 127, 128, 129, 130, 134, 135, 136, 137, 140, 143, 144, 145, 146, 147, 148, 149, 150, 151, 152, 154, 164, 165, 166, 169, 170, 171, 172, 174, 175, 176.
Дервиш-ефенди (теќе) 31.
дервишки ред 1, 3, 7, 9, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 20, 21, 22, 24, 25, 26, 27, 28, 30, 31, 32, 35, 37, 38, 40, 42, 43, 44, 45, 47, 48, 49, 51, 53, 54, 56, 57, 59, 63, 66, 69, 80, 83, 84, 89, 94, 100, 103, 106, 107, 108, 109, 111, 113, 115, 116, 118, 121, 127, 130, 137, 138, 141, 152, 156, 160, 162, 163, 164, 165, 167, 168, 169, 170, 172, 173, 174.
дергах 24, 169.
дердири 45, 47.
дерман 102, 169.
Дикмен-баба 27.
Диметока 27.
Добор Град 53.
Доброшани 54.
дова 117, 119, 122, 123, 124, 125, 126, 128, 142, 143, 169.
Дојран 33.
Долна Тузла 32.
Драган Новаковић 19.
Државен архив на Република Македонија 74, 105, 149.
Дурфули 88.
Дурфулија 55.

Ѓ
Ѓаковица 32, 33, 36.
Ѓирокастро 32, 89.
Ѓорице 70.
ѓулшени 29, 45, 47, 48.
Ѓурѓовден 96.

Е
Ебу Али Ахмед Мимшад ед Диневери 41, 67.
Ебу Есвед ед Диневери 41, 67.
Ебу'н Нецип ес Сухреверди 41, 67.
Ебу Хафс Омер Вецихудин Кади ел Бекри 41, 67.
евабин намаз 121, 125, 169.
евладие 51, 78, 81, 82, 83, 166, 169.
евлија 169.
Евлија Челеби 28, 29, 62, 63.
его 18.
едеб 74, 132, 167, 169.

Едирне 45.
Едрене 58.
езан 124, 129, 169.
езхери 45, 47.
Ејуп Салих 9, 15, 19, 23, 29, 36, 43, 45, 48, 50, 54, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 69, 70, 71, 72, 73, 75, 76, 77, 78, 79, 81, 84, 90, 108, 109, 110, 111, 116, 121, 132, 134, 138, 139.
Ел Ахзаб 114.
Елбасан 29, 32, 89.
Елизабета Конеска 26, 127.
Ел Исра 122.
елиф 21, 57, 169.
Елчи Ибрахим-паша 32.
Енвер Хоџа 34, 35.
Енешоба 54.
Епир 29.
ербабие 81, 166, 169.
ербеин 110, 170.
Ердин Далип 9.
еренлер 99, 102, 125, 132, 170.
Ерол 79, 80, 81, 152.
Ерол Шех 9, 15, 61, 64, 66, 71, 75, 77, 79, 99, 100, 101, 147, 149, 153, 154, 157.
Ерќан (лично име) 82, 159.
ерќан 40, 68, 82, 85, 90, 131, 161, 166, 170.
Ерџели 88.
есма 122, 123, 127, 129, 131, 132, 133, 135, 136, 141, 143, 145, 153, 171, 172.
есма-и себ'а 39, 125, 130, 153, 164, 170.
есма-и хусна 40, 170.
Естагфирулах 113, 122, 125, 170.
ефенди/ја 9, 15.
еш шејх ес Сеид Ахмед Рауфи-ефенди Хазретлери 57.
еш шејх Ибрахим Уми Синан-ефенди Хазретлери 57.
еш шејх Мехмед Хајати-ефенди Хазретлери 57.
еш шејх Мухамед ел Бухури Хазретлери 57.
еш шејх Нијази Мухамед ел Мисри Хазретлери 57.
еш шејх Нуредин Мухамед ел Џерахи Хазретлери 57.
еш шејх Рамазанудин Махфи-ефенди Хазретлери 57.
еш шејх Хасан Бурханедин-ефенди Хазретлери 57.
еш шејх Хасан Хусамедин ел Бугари ел Ушаки Хазретлери 57.

Ж

З

завие 24, 28, 31, 49, 87, 89, 148, 170.
Зајас 85, 86.
закир 116, 117, 127, 145, 170.
закирбаши 145, 170.
Зејнел Абедин-паша 60, 74, 75, 103.
Зејнел Абедин-пашина џамија 61.
зеќат 107, 170.
ЗИДРА 35.
зикир мухрабитлер 118.
зикр 62, 64, 108, 109, 110, 116, 117, 118, 119, 120, 136, 138, 145.
Зинџирли теќе 50.
зулхиџе 52.
зухри 46, 47.

S

И

Ибн Араби 20, 169.
Ибрахим 89, 140.
Ибрахим-ага 31.
Ибрахим Ѓулшени 45.
Ибрахим-ефенди ибни Али Руми 68.
Ибрахим Захид Гејлани 40.
ибрахими 45, 47.

Ибрахим Камил Кајсери 68.
Ибрахим Уми Синан 46.
Изедин ет Туркмени 42, 68.
Измир 36, 87, 88, 158.
икинди намаз 121, 124, 126, 170.
илахија 117, 119, 127, 170.
Илија Пиперкоски 9.
Илхан Шех 9, 15, 43, 59, 60, 61, 62, 64, 65, 69, 81, 86, 88, 95, 105, 108, 110, 116, 117, 118, 120, 122, 123, 124, 130, 133, 135, 136, 137, 139, 141, 142, 144, 145, 146, 147, 151, 152, 154, 155, 158, 159, 160, 161.
имам 9, 15, 48, 61, 78, 86, 122, 126, 154, 155, 170, 173, 175.
имам Али 38, 126, 177.
имам Али ер Риза (а.с.) 41, 67.
имам Зејнел Абидин (а.с.) 41, 67.
имам Муса Казим (а.с.) 41, 67.
имам Мухамед Бакир (а.с.) 41, 67.
имам Хз. Хусеин (а.с.) 41, 67.
имам Џа'фер-и Садик (а.с.) 41, 67.
имарет 23, 170.
имсак 121, 122, 148, 174.
инабе 7, 111, 139, 141, 142, 143, 146, 147, 150, 151, 160, 165, 170.
Ипликчи Хасан-ефенди 52.
Иран 38.
иршад 143, 170.
Иса-бегово (теќе) 28.
Искендер-паша 28.
ислам 7, 9, 17, 18, 23, 24, 26, 33, 37, 38, 42, 48, 106, 108, 129, 139, 170, 172, 173, 175, 176.
исламизација 23.
Исламска заедница 34, 35.
Исмаил 51, 140.
Истанбул 29, 33, 36, 45, 46, 50, 53, 60, 61, 72, 84, 87, 88.
Исхак 140.
Исхак-бегова џамија 85.
ифтар 126, 171.
Ихлас 128, 154.
ицазет 32, 49, 58, 86, 91, 151, 152, 156, 157, 171.
ишрак намаз 121, 124, 171.

J

Јамулар 54.
јаничари 27.
Јања 90.
Јанина 90.
јар'м халифе 7, 71, 76, 77, 79, 82, 85, 146, 147, 148, 149, 150, 151, 154, 157, 158, 165, 171.
јар'м халифе Нешет 87.
јар'м халифе Осман 81, 166.
Јасин 126.
Јасмин Реџепи 140, 142, 155.
Ја Фетах 40, 122.
Јахја-ефенди 76, 79.
Јахја-пашина џамија 53.
Јахја Ширвани 12, 43, 45, 86, 163.
јација намаз 102, 126, 174.
Језид 127.
Јеничери Пири-ефенди (теќе) 31.
јесеви 21.
Јован Трифуноски 48, 54.
Јордановски 10.
Југославија 34, 35, 36, 90.
Јужна Африка 91.
Јукари теќе 70, 87, 88, 91, 140, 141, 157, 171.
Јуксел 80.
Јуник 32.
Јунус Емре 156.
Јусуф 140.
Јусуф-деде 55.
Јусуф Синан 45.

K

Кавак-баба 31.
кадија 65.
кадири 21, 22, 25, 27, 30, 33, 34.
кадирхане 24.
Кадри-ефенди 86.
Казанлак 31.

Каиро 33, 45.
Кајум 39, 130, 131, 152, 164, 171.
калби зикр 114, 171.
календери 26.
календерхане 24.
Канатларци 18, 20, 21, 27, 107, 127.
кап'ци 145.
Карабаш Вели 45.
карабаши 30, 45, 47, 48, 49, 50, 55.
Карабашија 55.
Кара-деде 54.
Караман 86.
Каратманли 88.
Карнобат 31.
Кас'м-ефенди 68.
Кастамону 45.
кафе-оџак 17, 123, 124.
Кахар 39, 130, 131, 133, 151, 152, 164, 171.
кахве-оџак 94, 95, 96, 97, 110, 123, 126, 132, 160, 163.
кахвеџи-деде 59, 97, 145, 146, 147, 171.
келимеи тевхид 128.
Кемаледин Мустафа 45.
Кемал-ефенди 85.
кемали 45, 47.
Керамедин 31.
Кесрије 90.
К'з'л Дели 27.
кибла 40, 127, 171.
кибри турбедар 145.
кизилбаш 33.
кијам 114, 116, 118, 119, 164, 171.
Кичево 27, 55, 59, 70, 82, 84, 85, 90, 157, 159.
кол 29, 43, 53, 57, 108, 121, 171.
Коња 86.
Коњица 32.
Корча 32, 70.
Косово 25, 30, 32, 33, 34, 70, 91.
Костур 90.
Кочани 28, 31, 33, 53, 55.
Коџа Сијавуш-паша 62.
Кошарка 50, 51.
Кратово 51, 52.
Крива Паланка 29, 52.
Круја 27, 36.
кубреви 21.
куди 114, 115, 116, 118, 119, 120, 164, 171.
Кукс 32.
Кулак (Чолак) Синан 63.
Куманово 30, 51, 52.
Куран 17, 20, 21, 60, 106, 107, 109, 113, 114, 115, 123, 126, 139, 140, 142, 154, 155, 168, 171, 175.
курбан 50.
Курбан бајрам 50, 102, 123, 126, 160, 161, 174.
Курд-ефенди 31.
Курила 30.
Куршунлу 31, 183.
Кутбедин ел Ебхери 42, 67.
Кушадали Ибрахим 45.

Л

Ла илахе илалах 39, 113, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 130, 152, 164, 169, 172, 174.
лам-елиф 154.
Лахиџан 38.
Лесковик 32.
Линда 16, 147.
Лозово 55.
Лума 32.

Љ

Љупчо Ристески 2, 18, 20, 21, 107, 127.

М

маками 22, 39, 172.
Македонија 7, 9, 11, 12, 13, 22, 24, 25, 26, 27, 28, 30, 33, 35, 36, 37, 38, 42, 48, 49, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57,

69, 70, 74, 75, 84, 87, 88, 89, 93, 110, 118, 148, 163, 167.
Македонски Брод 27.
Мамутчево 88.
Маниса 36, 51.
Мансур Ал Халаџ 19.
марифет 22, 152, 153, 172.
Мартин Лингс 21.
Маруф ел Керхи (к.с.) 41, 67.
Мат 32.
Матејче 55.
Махли Рамазан-ефенди 46.
Махмуд б. Абдурахман 45.
Махмутчилар 88, 92.
мевлеви 21, 25, 29, 33, 37.
мевлевихане 24.
мевлуд 127.
Медина 33, 45.
мезар 71, 76, 90, 99, 100, 101, 102, 103, 155, 161, 172.
мејдан 23, 172.
мејданџи 145.
Мека 38, 45, 71, 107, 113, 140, 175.
мелами 22, 25, 33.
мелек 113, 115, 172, 173.
Мелек Ахмед-паша 28.
Мемет-бегово Маало 52.
Мемет Рефик 87.
Мерван б. Муатал 45.
мервани 45, 47.
Мериха Ариф 88, 91, 92, 141, 157.
Мерсиха Смаиловиќ 140, 142, 155.
Метин Изети 23, 24, 26, 30, 32, 33, 36, 38, 50, 53, 55, 115, 133.
Мехмед Бухури 46.
Мехмед Зекерија 72.
Мехмед Насухи 45.
Мехмед Тевфик 48, 89.
Мехмед Хајати 46, 59, 61, 62, 63.
Мехмед Џемаледин 46.
Мирахор Илјас-беј 32.
мисафир одаси 98, 172.
мисафирхане 23.
Мисир 45.
мисри 46, 47, 57.
Митровден 96.
Митровица 32.
Мола Илјахи 28.
Мореја 31.
Мохтарнаме 112.
мудерис 31, 61, 62, 172.
мукабеле 7, 127, 128, 129, 172.
мурид 12, 22, 23, 39, 52, 59, 74, 89, 115, 133, 139, 148, 168, 170, 172, 173, 174.
муршид 17, 22, 23, 28, 43, 58, 110, 115, 134, 139, 142, 172.
муршид-и ќамил 73, 172.
муслиман 18, 19, 23, 26, 29, 36, 37, 43, 45, 50, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 69, 70, 71, 72, 73, 75, 76, 77, 78, 79, 81, 83, 84, 85, 90, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 121, 129, 132, 134, 138, 139, 168, 170, 171, 172, 173, 176.
муслихи 46, 47.
Мустафа Асан 54.
Мустафа-деде 92.
Мустафа-ефенди 77.
Мустафа Муслихудин 46.
мутевели 61, 172.
Мухамед б. Абдулкерим ел Медени 45.
Мухамед б. Абдурахман 45.
Мухамед б. Мухамед Бахши 45.
Мухамед б. Селим 45.
Мухамед Демирташ 45.
Мухамед Нур ел Халвети 40.
мухарем 72, 126, 168, 172.
Мухјидин-халифе 52.
Мухји-ефенди Карахисари 68.
Мухнизаде Мехмед-паша 31.

Н

накшибенди 22, 25, 27, 33, 34, 116.
намаз 7, 62, 86, 94, 107, 108, 116, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 129,

148, 160, 161, 168, 169, 170, 171, 172.
Нанха 32.
насухи 45, 47.
Натали Клајер 48.
нафиле 7, 94, 108, 121, 124, 125, 164, 172.
Неврокоп 31.
Неготино 55.
некибу-л-ешраф 44.
нефс 39, 113, 120, 130, 131, 132, 134, 136, 143, 145, 172, 176.
Неџибедин Амује Мухамед бин Абдулах ел Бекри 41, 67.
Нијази Мисри 46, 117.
ниматулахи 22.
нис'ф кијам 114, 115, 116, 118, 120, 164, 172.
Ниш 29.
Нишапур 112.
Нуредин Џерахи 46, 53, 137.

Њ

Њујорк 90.

О

Оглавак 27.
Оздемироглу Осман-паша 44.
Омер-деде 92.
Омер Халвети 38, 40, 43, 48, 162.
Омер Хобол 9, 122.
Ораховац 33.
Орла 88.
Осман 65, 69, 154.
Осман-баба 55.
Османлии 24, 33, 44, 48, 58.
Отоманска Империја 24.
Охрид 1, 2, 3, 7, 9, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 19, 23, 29, 30, 36, 45, 46, 49, 50, 53, 54, 55, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 78, 80, 81, 82, 84, 85, 86, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 103, 104, 105, 108, 109, 110, 111, 115, 116, 117, 118, 120, 121, 122, 123, 124, 129, 130, 132, 133, 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 144, 145, 146, 147, 148, 149, 151, 152, 153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 160, 161, 162, 163, 165,
Охридско Езеро 11.

П

Пагаруша 33.
падишах 61, 172.
пазарџи 145.
Пејгамбер 107, 114, 163, 172.
Пенуш 54.
Пермет 32.
Пеќ 32.
Пешкопеја 32.
пир 12, 21, 43, 49, 64, 65, 69, 92, 99, 102, 154, 157, 163, 172.
пиреви 24, 172.
Пир еш шејх Хусеин-ефенди 68.
Пир-и сани 12, 27, 43, 44, 86, 162, 173.
Пир Мехмед Хајати 11, 14, 21, 49, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 68, 69, 71, 73, 79, 82, 84, 85, 86, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 98, 99, 100, 101, 125, 141, 154, 157, 162, 163.
Пир Мухамед Ерзинџани 68.
Пир Нуредин Џерахи 53, 137, 148.
Пир Омер Халвети 12.
Пир Осман-баба 32.
Пловдив 29, 31.
Подградец 32.
пост (престол) 28, 29, 30, 50, 51, 52, 54, 55, 66, 69, 71, 72, 73, 75, 76, 78, 80, 81, 82, 83, 85, 86, 87, 89, 91, 93, 112, 146, 157, 159, 165, 166, 173.
пост (режим на исхрана) 48, 107, 113, 161, 173.
постнешин 15, 28, 32, 43, 50, 51, 53, 59, 60, 61, 62, 64, 65, 69, 71, 72,

73, 77, 78, 81, 82, 83, 85, 86, 87, 88, 91, 92, 95, 105, 108, 110, 116, 117, 118, 120, 122, 123, 124, 130, 133, 135, 136, 137, 139, 141, 142, 144, 145, 146, 147, 151, 152, 154, 155, 157, 158, 159, 160, 161, 166, 173.
пратеник Мухамед 15, 17, 18, 21, 41, 44, 67, 106, 107, 113, 114, 119, 126, 142, 143, 163, 168, 171, 172, 173, 175, 176, 177,
Прешево 32.
Призрен 30, 32, 33, 34, 35, 36, 49, 52, 58, 91.
Прилепско 18, 20, 21, 27, 107.
Прусац 37.

Р

Рабија ал Адавија 19, 20.
Радовиш 54.
Разград 27.
Размоски 10.
Рамазан бајрам 102, 126, 174.
Рамазан-ефенди Карахисари 68.
рамазани 46,47, 48, 57, 84.
рауфи 46, 47, 57.
рахмани 45, 47.
Раховец (Ораховац) 32.
Регаиб 126, 174.
реќат 122, 124, 125, 126, 169, 173, 174.
рецеб 126, 173, 174.
Рецеп Таип Ердоган 98.
рибат 24.
рида-и шериф 101, 155.
Риза-ефенди 87.
рифаи 22, 25, 33, 37, 90.
Рудом 32.
руја 139, 173.
Рукнудин Синџаси ен Нецаши 42, 67.
Русија 44.
Рухиде 72, 73.
рушени 45, 47, 48, 163.
Рушит Колча-ефенди 85.

С

сабах намаз 97, 108, 121, 123, 128, 173.
сави 45, 47.
савм 107, 173.
Садедин ел Фергани 42, 68.
садии 22, 25, 30.
Сад'к-баба 55.
Садрудин Омер ел Хијави 42, 44, 68.
сакал-и шериф 126, 161, 173.
салават 102, 117, 119, 121, 123, 124, 125, 127, 128, 135, 142, 173,
салат 107.
Салахадин Ушаки 46.
салахи 46, 47.
Сали-баба 49.
салик 120, 130, 131, 173.
Сараево 28, 29, 32, 35.
Сарачхане 32, 49, 51, 58.
Сар' Салтук 26.
Сафавиди 44.
сезаи 45, 47.
Сеид Али Султан 27.
Сеид Јахја Ширвани 42, 44, 45, 68.
сејр-у сулук 7, 23, 38, 58, 87, 130, 134, 138, 164, 173.
семани 45, 47.
семахане 23,40, 63, 94, 116, 141, 151, 163, 173.
Сервет-хан'м 72, 73, 76, 101.
Серез 29, 32, 58, 59.
Серсем Али-баба 27.
сеџде 122.
сеџере 66, 69, 75, 152, 173.
Сивас 46.
СИДРА 35.
Силистра 31.
силсила 15, 41, 81, 146, 152, 173.
синани 29, 31, 32, 46, 47, 48, 57.
Синание 55.
Сири Секати (к.с.) 41, 67.
Скадар 27, 32.

Скопје 13, 18, 19, 20, 21, 22, 24, 27, 28, 29, 30, 31, 33, 36, 38, 49, 50, 52, 53, 55, 93, 107, 127, 148.
Славка 79, 80, 161.
Славонија 34.
Соединети американски држави/ САД 90.
Солун 29, 33, 46.
Сопот 30.
Софија 27, 29, 31, 33.
софихане 24.
Софјали Бали-ефенди 33.
Спенсер Тримингам 48.
Србија 18, 25, 29, 32, 33, 83.
Столац 90.
Струга 13, 36, 43, 55, 59, 60, 61. 64, 65, 69, 73, 76, 81, 84, 86, 87, 88, 90, 95, 105, 108, 110, 116, 117, 118, 120, 122, 123, 124, 130, 133, 135, 136, 137, 139, 141, 142, 144, 145, 146, 147, 151, 152, 154, 155, 158, 159, 160, 161.
Струмица 33, 53, 55.
Субханалах 113, 173.
Суви Дол 33.
Сулејман-хан 63.
Султан Велед 43.
султан Мурат III 44.
султан Нуредин Џерахи 53.
султан Сулејман Величествениот 62, 63.
сунбули 29, 45, 47, 48.
сунет 21, 107, 109, 121, 124, 126, 163, 173, 174.
сура/суре 114, 122, 125, 126, 128, 154, 155.
суфија 18, 19, 65, 81, 170, 175.
суфизам 7, 12, 17, 18, 31, 162, 167, 173, 174.
сухраверди 22.
СФРЈ 35.

Т

табут 127, 173.
Таир-ефенди 76, 78, 81.
талкин 128, 141, 173.
тарикат 11, 12, 13, 15, 17, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 29, 30, 31, 32, 33, 35, 38, 39, 43, 45, 48, 50, 53, 55, 57, 59, 63, 68, 70, 74, 82, 84, 88, 89, 90, 91, 92, 94, 97, 98, 104, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 121, 124, 129, 130, 131, 132, 134, 135, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 148, 149, 150, 152, 153, 155, 156, 158, 160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 175, 176.
Тарикатски центар 35.
тасавуф 12, 17, 18, 19, 21, 35, 39, 65, 84, 107, 108, 130, 138, 162, 173, 174,
Татарли 88.
Татар Пазарџик 31.
таџ 77, 101, 103, 152, 153, 154, 155, 156, 174.
таџ-и шериф 152.
Таџедин Ибрахим Захид Гејлани 42, 68.
Тебриз 40, 45.
тевекул 131.
Тез Верен-баба 89.
текбирлеме 7, 143, 144, 152, 174.
Темси-деде 28.
Тепелена 32.
Тепеџик 88.
теравих намаз 121, 126, 174.
теспих намаз 121, 125, 126, 174.
Тестемелци 54.
Тетово 23, 24, 26, 27, 30, 32, 33, 36, 38, 50, 53, 55, 93, 115, 133.
теќе 11, 12, 14, 15, 16, 23, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 34, 36, 40, 42, 43, 44, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 78, 79, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 97, 98, 99, 100, 101, 103,

105, 108, 110, 111, 112, 115, 116, 117, 118, 120, 121, 122, 123, 124, 126, 128, 130, 131, 133, 135, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147, 151, 152, 154, 155, 157, 158, 159, 160, 161.
техеџуд 94, 122, 174.
техеџуд намаз 121, 122.
Тиквеш 33.
Тирана 32, 34, 58, 89, 92.
Тихомир Ѓорѓевиќ 48, 52, 53.
Тихомир Ђорђевић 52, 54, 55.
тиџани 45, 47.
томар 52, 174.
Топаница (Косовска Каменица) 32.
Травник 32.
Трајановски 10, 18, 20, 21, 107.
Трикала 90.
Три шејхови 89, 91.
Трново 31.
Трхала 90.
турбе 23, 44, 54, 55, 71, 74, 76, 80, 89, 90, 92, 98, 99, 100, 101, 102, 125, 126, 141, 148, 155, 161, 163, 174.
турбедар 102, 145, 174.
Тургутлу 51.
Турци 26, 36, 172.
Турција 36, 51, 52, 54, 85, 87, 88, 98, 144.

Ќ

Ќаба 107.
ќефин 127, 174.
Ќосели 31.
ќулав 112, 127, 128, 143, 144, 145, 149, 152, 165, 174.
ќулали дервиш 144, 145, 174.
Ќустендил 31, 52, 53, 70, 71, 100.
Ќучук Мехмед-ефенди 101.

У

Ужице 29, 32.
Узбекистан 58.
Ујран-деде 28.
улема 33, 34, 174.
Улема меџлис 148.
Уми Синан 52.
Унгарија 29.
Уртесија 35.
Ускуб 53.
усул 40, 68, 78, 79, 82, 85, 86, 90, 117, 121, 122, 123, 124, 125, 131, 136, 146, 174.
ушаки 46, 47, 57.

Ф

Фадил Али-ефенди Руми 68.
факир 19, 175.
фарз 7, 107, 109, 121, 123, 124, 125, 126, 163, 175.
Фарид ад Дин Атар 112.
Фатарли 88.
Фатиха 125, 126, 128, 129, 175.
Фахредин 82.
фејзи 45, 47.
Фејзудин Хусеин 45.
Фејзулах Хаџибајриќ 34, 35.
Фелек 128.
фена 131, 133, 175.
Ферид-ефенди 50.
Фојница 27.

Х

Хабиб б. Махмуд ел Аџеми 41, 67.
Хазнедар Мустафа-ефенди 50.
Хазрети Али бин Ебу Талиб (р.а.) 41, 67.
Хај 39, 117, 119, 130, 131, 152, 164, 175.
хајати 11, 12, 14, 16, 30, 46, 48, 49, 55, 57, 58, 84, 85, 97, 146, 162, 163, 165.
Хајати-баба 59, 85.
Хак 39, 130, 131, 152, 164, 175.
Хак'-ефенди 28.
хакикат 22, 23, 152, 175.
халал 107, 154, 163, 175.

халвет 7, 12, 39, 109, 110, 111, 112, 113, 163, 164, 170, 175,
халвети 7, 12, 22, 24, 25, 27, 29, 30, 33, 34, 37, 38, 41, 42, 44, 45, 47, 48, 49, 52, 54, 55, 56, 57, 69, 75, 89, 93, 118, 119, 120, 141, 154, 162, 163.
халвети-хајат 7, 9, 11, 12, 15, 16, 17, 36, 43, 48, 57, 59, 60, 61, 62, 64, 65, 69, 70, 71, 74, 77, 79, 80, 81, 82, 86, 88, 89, 90, 94, 95, 98, 100, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 113, 115, 116, 117, 118, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 127, 129, 130, 132, 133, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147, 148, 149, 150, 151, 152, 1153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 160, 161, 162, 164, 165, 167, 169, 170, 171, 172, 174, 175, 176.
халвет одаси 110.
халили 45, 47.
Халил Тургут Озал 98.
Халилулах Хан 44.
халка 64, 95, 116, 117, 119, 120, 122, 127, 175.
Халми Мехмед 31.
хамали 45, 47.
Хамза-бегово Маало 89.
хамзеви 22, 25, 33.
ханках 24.
Харабати-баба теќе 27, 36, 93.
харам 107, 163, 175.
Харзем 38.
Хас 32.
Хасан-баба 86.
Хасан-баба теќе 43, 59, 60, 61, 62, 64, 65, 69, 72, 73, 76, 81, 86, 87, 88, 95, 105, 108, 110, 116, 117, 118, 120, 122, 123, 124, 130, 133, 135, 136, 137, 139, 141, 142, 144, 145, 146, 147, 151, 152, 154, 155, 158, 159, 160, 161.
Хасан бин Фејзулах 70, 86.
Хасан Бурханедин 46, 57.
Хасан ел Басри 38, 41, 67.
Хасан-ефенди Ѓулшени 31.
Хасан-ефенди Ушаки 31.
Хасан ибни Фејзула 86.
Хасан Каими-баба 30.
Хасан Сезаи Ѓулшени 45.
Хасан Хусамедин 46, 57.
Хасан Шукри Јајанташ 51.
хатиб 60, 61, 175.
хафи зикр 114, 175.
Хафиз Омер Мехмед-ефенди 52.
Хафиз Хасан Тахир 75, 148.
хаџ 71, 107, 175.
Хаџи Бекташ Вели 43.
Хаџи Дургут 9, 122.
Хаџи Изедин ет Туркмени 42.
Хаџи Карамани-ефенди 68.
Хаџи Синан 30.
Хаџи Хамзали 54.
Хваџах Убајдулах Ахрар 28.
Х'д'р-баба 27.
Хекиме Хатун 31.
хилафет 38, 50, 51, 53, 54, 59, 70, 71, 78, 79, 82, 85, 87, 90, 91, 92, 97, 112, 140, 147, 151, 152, 155, 157, 158, 159, 166.
хилафетнаме 112, 151, 152.
Хира 113, 142.
Хифни 45, 47.
Хоросан 62, 70.
х'рка 152, 155, 156, 175.
Ху 35, 39, 74, 83, 117, 119, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 130, 131, 132, 136, 152, 164, 167, 176.
Хусеин Абива 48.
Хусеин Серези 32.
Хусеин Челик 98.

Ц

Цар Урош (улица) 62.
Црешка 54.

Ч
Чај 58.
Чанакале 46.
Чанкири 45.
Челеби-халифе 29, 45.
Черкеси Мустафа 45.
черкеши 45, 47.
Чешмедере 54.
Чули-баба 70, 85.

Џ
Џабал ал Нур 113.
џалвети 25.
Џами Џедит Маало 55.
Џанер Исмаил 9.
џахиди 46, 47.
Џебраил 15, 113, 142, 173.
Џеладин-бег 97.
Џелалудин Руми Мевлана 43.
Џемаледин еш Ширази 42, 68.
џемали 29, 32, 45, 46, 47, 48, 163.
Џемали Шеху 34, 90, 91.
Џемал Ќехаиќ 28, 31, 48.
Џемал Халвети 45.
џемат 125, 128, 136, 143, 148, 176.
џемеви 23, 24.
џеназе 127, 128, 176.
џерахи 30, 31, 46, 47, 48, 53, 55, 57, 137.
џехри 114, 116, 176.
џихангири 46, 48, 57, 60, 63, 47.
џубе 77, 112, 127, 128, 143, 144, 145, 152, 155, 156, 165, 176.
Џулијан Хејзен 90.
Џумајлија 55.
Џума Маало 55.
џума намаз 116, 121, 124, 168, 176.
Џунејд ел Багдади 41, 67.

Ш
шабан 126, 174, 176.
Шабан Вели 45.
шабани 31, 45, 47.
шадрван 102, 103, 163, 176.
шазили 22, 25.
Шамах 44.
шарт 106, 176.
Шат 49.
Шахада 107, 125, 176.
ше Асан 54.
Ше Асаново теќе 54.
Шеби арус 35.
шејх 7, 15, 16, 21, 22, 23, 24, 28, 29, 32, 33, 34, 36, 38, 41, 42, 49, 50, 51, 52, 60, 61, 63, 66, 69, 74, 75, 76, 77, 78, 80, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 91, 92, 93, 95, 97, 99, 100, 101, 110, 111, 112, 115, 116, 117, 118, 119, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 132, 133, 134, 135, 139, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147, 148, 149, 150, 151, 152, 153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 161, 163, 164, 165, 166, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176.
шејх Абас 53.
шејх Абдула 54.
шејх Абдулах Сирацудин Омер бин Екмелудин Лахиџи 38.
шејх Абдулкадир 79, 80, 81, 101, 161.
шејх Абдулкадир-ефенди 15, 79, 80, 81, 82.
шејх Абдулселам-ефенди 71.
шејх Абдулќерим-ефенди 71, 85, 100.
шејх Абдулхади 71, 101.
шејх Абдулхади-ефенди 71.
шејх Абидин 32, 51.
шејх Адем-баба 50.
шејх Адем Сефаудин-ефенди 85.
шејх Адил 89.
шејх Азиз-баба 28.
шејх Алаудин 32.
шејх Али 78, 79, 85, 157.
шејх Али Алаедин 51.
шејх Али-ефенди 31, 50, 78, 85.
шејх Али Риза 30.

шејх Али Фуат 82, 85.
шејхана Нецмија 79.
шејхана Сакине 79.
шејхана Славка 79.
шејхана Славче 16, 79, 80, 93.
шејхана Шерафет 76, 77, 78, 79, 80, 91.
шејх Ариф 49, 73.
шејх Ариф-ефенди 72, 73, 76, 79, 86.
шејх Ахи Мухамед 39.
шејх Ахмед 30, 32, 51, 86.
шејх Ахмед-ефенди 31, 86.
шејх Бајрам-ефенди 31, 85.
шејх Бали-ефенди (завие) 31.
шејх Бахаедин 53.
шејх Бехљул 49.
шејхвалиде 101.
шејх Гариб 58.
шејх Давуд 55.
шејх Даут 49.
шејх деде Омер Рушани 40.
шејх Дервиш-ефенди 53.
шејх Ебу Бекир 50.
шејх ел Хаџ Мехмед-ефенди 60.
шејх Ерќан 82.
шејхзаде 15, 71, 72, 79, 80, 147, 154, 157, 176.
шејхзаде Ерол 16, 81, 83, 86, 166.
шејхзаде Мустафа 72, 73, 76.
шејх Захид Гејлани 39, 40.
шејх Зекерија 15, 58, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 78, 79, 89, 92, 111, 148, 157.
шејх Зикирија 89.
шејх Ибрахим 49, 51, 53, 57, 77, 82, 91.
шејх Ибрахим Бистригиј 32, 52.
шејх Ибрахим Букагили 52, 53.
шејх Ибрахим-ефенди 76, 77, 87, 88, 92, 157.
шејх Илхан-ефенди 86.
шејх Иса 29.
шејх Исмаил-ефенди 31, 76.
шејх Исмаил Хаки-ефенди 71, 72, 101.
шејх Јахја-баба 28.
шејх Јахја-ефенди 78, 79.
шејх Јусуф 55.
шејх Јусуф-ефенди 85.
шејх Кадри-ефенди 53.
шејх Каз'м 55.
шејх Куруџузаде 29.
шејх Лутфула 28.
шејх Махмуд-ефенди 85.
шејх Махмуд Хајредин-ефенди 85.
шејх Мехмед 30, 51.
шејх Мехмед Абедин-ефенди 85.
шејх Мехмед Али 30.
шејх Мехмед-баба 50.
шејх Мехмед бин Исмаил 31.
шејх Мехмед-ефенди 28, 71, 85, 87, 92, 157.
шејх Мехмед Ибрахим 31.
шејх Муртеза 52, 71, 100.
шејх Муртеза-ефенди 71.
шејх Мусафир 28.
шејх Муслихудин 28.
шејх Мустафа 31, 50, 55, 79, 85, 86, 87, 89, 101.
шејх Мустафа-ефенди 15, 71, 76, 77, 78, 79, 85, 87, 92, 95.
шејх Мухарем 30.
шејх Мухјидин-ефенди 85.
шејх Нене-валиде 100.
шејх Нецати 32.
шејх Нецип 85.
шејх Нецип-ефенди 85.
шејх Нијази-баба 87.
шејх Нуредин 31, 51.
шејх Нуредин Мехмед Џерахи 40.
шејховска фамилија 15, 63, 72, 73, 77, 78, 80, 81, 88, 95, 102, 165, 166.
шејх Омер-ефенди 86.
шејх Осман 32, 51, 52, 69, 70, 71, 82, 88, 100, 166.
шејх Осман-ефенди 58, 69, 70, 84, 85, 91, 141, 157.

шејх Рагип 55.
шејх Рифат 30.
шејх Рифат-ефенди 86.
шејх Сад'к 55.
шејх Садрудин ел Хијави 44.
шејх Сали-баба 49.
шејх Селим-ефенди 70, 85.
шејх Синан 32.
шејх Смаил-баба 55.
шејх Сулејман 49, 51.
шејх Терзили Али-ефенди 53.
шејх Увејс 89.
шејх Фадлала Хаери 91.
шејх Фахредин 82, 83, 166.
шејх Хазнедар 50.
шејх Хајдар 49, 50, 89.
шејх Хак'-ефенди 28.
шејх Халид 53.
шејх Халим Емру-ефенди 85.
шејх Хамза 30.
шејх Хамза-деде 29.
шејх Хасан 29, 32, 50, 51, 54, 148.
шејх Хасан Каими-баба 30.
шејх Хасан Хоросан 30.
шејх Хафиз Хасан Тахир 75, 76.
шејх Хаџи Осман 50.
шејх Хаџи Сулејман 50.
шејх Химет-ефенди 31.
шејх Хусеин 32, 54.
шејх Хусеин-баба Сирози-ефенди 32, 58, 59.
шејх Хусеин-ефенди 87.
шејх Хусеин Сабри-баба 92, 157.
шејх Џемали 51.
шејх Џемали Шеху 90, 91.
шејх Џемалудин 32.
шејх Шабан 30, 54.
шејх Шехабудин 32.
шејх Шит-ефенди 53.
ше Мемед 54.
Шемседин Ахмед Сиваси 46.
Шемседин Мустафа ел Бекри 45.
шемси 45, 46, 47, 163.
Шенѓерѓ 32.
Ше Османово теќе 52.
Шерафедин 82, 166.
Шерафет-хан'м 72, 73, 76, 79, 90, 93.
шеријат 12, 22, 42, 94, 105, 108, 152, 153, 163, 164, 176.
Шериф Ахмед Хамахулах 45.
Шерифови 55.
Ширван 44.
Шихабедин Махмуд Тебризи 42, 68.
Штип 12, 24, 28, 29, 33, 36, 37, 38, 42, 49, 52, 54, 55, 56, 70, 84, 87, 88, 89, 91, 92, 93, 119, 120, 140, 141, 149, 154.157.
Шумен 31.

A

Abiva Hüseyin 24, 25, 27, 28, 29, 30, 31, 33, 34, 35, 36.
adab 40.
Ağanoğlu Yıldırım H. 71, 89.
ahlak 74.
ahmediyye 46.
Al-hamdulullah 113.
Allah 39, 40.
Allahu ekber 113.
An'al-Haq 19.
Aydinçe Nehri 26, 27, 33, 42.

B

badawiyyah 25.
Barkan, Ö. L. 26.
bayramiyyah 25.
bayramiyye 21.
bektashiyyah 25.
bektaşi 22.
bel 132.
beline 132.

bidah 34.
Birge John Kingsley 26.
Bismillah 113.
Bukhari 18.

C
cemaliyye 45.
Chittick William C. 21.
Clayer Nathalie 26, 32, 33, 58.

Č
Čolić Ljiljana 24, 31, 35, 50, 52, 53.

Ć
Ćehajić Džemal 21, 24, 25, 28, 32, 40, 49, 114, 139.

D
dhikr 33.
dil 132.
diline 132.
doctor maximus 21.

E
edeb 74.
ehad 40, 154.
ehlisi 146.
el 132.
eline 132.
esma-i seb'a 40.
Estagfirullah 113.

F
Fettah 40.

G
Genel Bakış 26, 27, 33, 42.
gulseniyyah 29.
Güner Ahmed 38.

H
Hadžimuhamedović Amra 23.
Hakk 39.
Halmi Mehmed 31.
halwa 42.
hamzawi 22, 33.
Hasić Dženan 39, 40, 42, 43, 44, 53, 120, 130, 131.
hayatiyyah 30.
Hayy 39.
Hazen Julianne Marie 17, 27, 28, 90, 91, 113, 114, 115.
helalluk 128.
hernia 18.
Hıdırlez 96.
Hoca Fadıl 26.
Hu 39, 74.

İ
Ibn Madže 18.
İkinci Pir 43.
İnalcık Halil 26.
istighfar 125.

J
jalwatiyyah 25.
jamaliyyah 29.
jarrahiyyah 30, 31.

K
Kahhar 39.
karabaşiyyah 30.
Karamustafa Ahmet T. 19.
Kasım 96.
Kayyum 39.
khalwatiyyah 22, 25.
Khwajah Ubaydullah Ahrar 28.
Kızıl Deli 27.
kubrawiyya 21.
külah 112.

L
La ilahe illallah 39, 113, 130.

M
madrasahs 33.
malammiyyah 25.
mawlawiyyah 25.

mevleviye 21.
mezar taş 145.
misafir odası 98.
Moker Mubina 112, 113.
Mujkić Zinka 143.
Muslim 18.

N
naqshbandī/yyah 22, 25.
nimatollahi 22.
Novaković Dragan 34, 35.

O

Ö
örtmek 97.

P
Pir-i Sani 43.

Q
qadiriyya/h 21, 25.

R
Ratkovčić Rosana 25, 53.
rifa'iyya/h 22, 25.
Ruhide hanım 72.
ruşeniyye 45.
rüfai 22.

S
sadiyye 22.
sahip ol 132.
Sakal-i şerif 126.
Salih Eyüp 28, 29, 30, 31, 32, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 65, 68, 69, 72, 73, 85, 86, 89.
Samed 40.
Selvi Dilaver 18.
Serin Rahmi 41, 67.
seyr-ü süluk 39.
sha'baniyyah 31.
shadhili/yyah 22, 25.
silsila 21.
sinaniyyah 29.
Spencer Trimingham 22, 23, 48, 139.
Stoyanov Yuri 36.
Subhanallah 113.
suhrawardiyya 22.
sunbuliyyah 29.

Š
Šebi arus 35.
Špehar Milan 39, 109.

Ş
Şapolyo Enver Behnan 39, 40, 109, 139.
Şemsiyye 46.

T
tasawwuf 22, 35, 143.
tasdiknameh 90.
Tayşi Mehmet Serhan 38, 39.
türbe-i saadet 98.
Türk İdris 52, 53.

U
Urtësia 35.
uyandırmak 97.

Ü
Üçşeyhler zaviyesi 89.
Üsküba 53.

V
Vahhab 40.
Vahid 40.

W
wahdat al-wujud 20.
Waterport 90.

X
Xhemali Shehu 34.

Y
yeseviyye 21.
Yukarı tekke 87, 91.

Z
zuhd
42.

ЛИТЕРАТУРА

1. Ариф Мериха (шех Ибрахим), ул. „7-ми Ноември“ 68 Охрид, дата на раѓање: 05.07.1927 г., Штип, Горно теќе (Абди Баба Теќе), ракопис.
2. Гаджанов Димитър, „Мохамедани православни и Мохамедани сектанти в Македония“, *Македонски прегледи*, I, 4, София 1920, 59-66.
3. Ђорђевић Тихомир, *Наш народни живот*, том III, уредник: Иван Чоловић, Издавачка радна организација Просвета ООУР „Издавачка делатност“, Београд 1984.
4. Елезовић Глиша, *Дервишки редови муслимански, текије у Скопљу*, Штампарија и књиговезница „Стара Србија“, Скопље 1925.
5. Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008.
6. Јордановска Станислава, *Празникот Ашуре кај дервишкиот ред бекташи од село Канатларци*, дипломска работа одбранета на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ментор: проф. д-р Љупчо Ристески, Скопје 2014.
7. Конеска Елизабета, „Денот на ашуре кај тарикатите во Македонија“, *Транзициите во историјата и културата*, (Прилози од Меѓународната научна конференција одржана во Скопје на 30–31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), Институт за национална историја, Скопје 2008, 421-430.
8. Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија“, *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ“, София 2009, 229-255.
9. Лингс Мартин, *Што е суфизам?*, Логос-А, Библиотека Елиф, Скопје 2012.
10. Новаковић Драган, *Исламски мистицизам – суфизам*, http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0352-5732/2011/0352-57321137481N.pdf, пристапено на: 2.8.2018.
11. Паликрушева Галаба, „Дервишкиот ред халвети во Македонија“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, I (1958–1959), Штип 1959, 106–119.
12. *Светиот Куран*, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, со мали корректури од страна на тимот на ИЗ, http://islamska-zaednica.com/web/qrnmkd.
13. *Светиот Куран*, превод на неговото значење на македонски јазик: Елена Тренчевска, Мерсиха Смаиловиќ, Јасмин Реџепи, ArtBooks.
14. Стојановски Александар, редактор, *Историја на македонскиот народ*, том втори, „Македонија под турска власт (од XIV до крајот на XVIII век)“, Институт за национална историја, Скопје 1998.

15. Тевфик Мехмед, „Кратка историја битољског вилајета“, превод од османлиски-турски јазик: Глиша Елезовиќ, *БРАСТВО XXVII*, *Друштво Св. Саве,* кн. 43*,* Београд 1933, 190-244.
16. Трајановски Виктор, *Етнолошко и антрополошко проучување на дервишкиот ред бекташи од село Канаташарци, Прилепско*, магистерски труд одбранет на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ментор: проф. д-р Љупчо Ристески, Скопје 2015.
17. Трифуноски Јован Ф., „Скопски Дервен“, *Насеља и порекло становништва (књига 34) – Српски етнографски зборник (књига LXVII)*, Београд 1954.
18. Трифуноски Јован, Нетков Васил, „Денешни села и население во долниот слив на Брегалница“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, III (1962–1963), Штип 1964, 39–54.
19. Трифуноски Јован, Нетков Васил, „Раселени села во долниот слив на Брегалница“, *Зборник на Штипскиот народен музеј*, III (1962–1963), Штип 1964, 57-70.
20. Челебија Евлија, *Путопис*, књ. II, издање „Светлост“, Сарајево 1956.
21. Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010.
22. *Што е тоа Суфизам*, http://www.islamska-zaednica.com/forum/topic/945-што-е-тоа-*суфи*зам/, пристапено на: 17.7.2018.

1. Abbas Jahjai, *Makedonya'da Tekkeler ve Tekke Musikisi*, Yüksek lisans tezi, İskan tarihi ve sanatlari anabilim dalı, Sosyal Bilimler Enstitüsü, Marmara Üniversitise, İstanbul, 2001.
2. Abiva Huseyin, *A Glimpse at Sufism in the Balkans*, https://www.alevibektasi.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=689%3Aa-glimpse-at-sufism-in-the-balkans&catid=46%3Aaratrmalar-ingilizce&Itemid=69, пристапено на: 28.8.2018.
3. Abiva Hüseyin, „Kratak pregled sufizma na Balkanu“, *Znakovi vremena*, vol. 8, br. 26/27, Sarajevo 2005, 192–208.
4. Ağanoğlu Yıldırım H., *Ohri Halvetî Hayâtî âsitânesi*, İz Yayıncılık, 2016.
5. Aşkar Mustafa, „Bir türk tarikatı olarak Halvetiyye' nin tarihi gelişimi ve halvetiyye silsilesinin tahiliyi“, Ankara Üniversitesi İlahiyat Fakültesi Dergisi, c. XXIX, (1999), 535 - 563.
6. Aydinçe Nehri, „Balkanlarda Tarikatlar; Makedonya'daki Halvetîliğe Genel Bakış“, *Eskişehir Osmangazi Ünivezirtesi İlahiyat fakultesi Dergisi*, II, 2015, 75–90.
7. Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937.
8. Chittick William C., *Sufism: A Short Introduction*, Oneworld Publications, Oxford 2000.
9. Clayer Nathalie, *L'Albanie pays des derviches*, Berlin et al. 1990.
10. Clayer Nathalie, *Mystiques État et Société, Les Halvetis dans l'aire balkanique de la fin du XV^e siècle à nos jours*, Leiden 1994.
11. Clayer Nathalie, „Muslim Brotherhood Networks in South-Eastern Europe“, *European History Online (EGO)*, Institute of European History (IEG), Mainz 2011-05-11. http://www.ieg-ego.eu/clayern-2011-en.

12. Čelebi Evlija, *Putopis: odlomci o jugoslovenskim zemljama*, Svjetlost, Sarajevo 1967.
13. Čolić Ljiljana, *Derviški redovi muslimanski: Tekije u Skoplju*, Filološki fakultet u Beogradu, knjiga LXXIV, Beograd 1995.
14. Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Orijentalni institut u Sarajevu, Posebna izdanja XIV, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986.
15. Dejzings Ger, *Religija i identitet na Kosovu*, XX vek, Beograd 2005.
16. Erenden İbrahim Fahreddin, *Envar-ı Hz. Pir Nureddin Cerrahi*, Osmanlıca Müellif hattı.
17. *Formiranje, zadaci i rad Tarikatskog centra u BiH u proteklih 40. godina*, http://tarikatskicentar.ba/2018/02/19/formiranje-zadaci-i-rad-tarikatskog-centra-u-bih-u-proteklih-40-godina/, пристапено на: 16.8.2018.
18. Güner Ahmed, *Tarikatlar, Milliyet in okuyucularına armağanıdır*, İstanbul 1986.
19. Hadžibajrić Fejzulah, „Mali rječnik sufijsko-tarikatskih izraza“, *Tesawwuf – islamska mistika*, zbornik radova prvog simpozija, Zagrebačka džamija 1408/1988, Islamska zajednica, Zagreb, 1988, 1-41.
20. Hadžimuhamedović Amra, „Prostorne osobenosti tekija u Bosni i Hercegovini“, *Isa-begova tekija u Sarajevu*, Sarajevo 2006, 43–57.
21. Halmi Mehmed, „Bulgaristan'da Halveti tekkeleri“, *Kafkas Üniversitesi İlahiyat Fakültesi Dergisi*, sayı 6, 2016, 66–82.
22. Hasić Dženan, „Derviški red halvetija sa osvrtom na šabanijski ogranak“, *Znakovi vremena*, godina XIX, broj 73, Sarajevo 2016, 75–102.
23. Hazen Julianne Marie, *Contemporary Bosnian Sufism: Bridging the East and West*, 2008.
24. Hazen Julianne, *Contemporary Islamic Sufism in America: The Philosophy and Practices of the Alami Tariqa in Waterport, New York*. PhD Thesis, SOAS, University of London, 2011, http://eprints.soas.ac.uk/13816, пристапено на: 25.9.2018.
25. Hoca Fadıl, „Balkanlar'da İslamiyet'in Yayılmasında Sarı Saltuk'la İlgili Efsaneler ve Rivayetlerin Önemli“, *Balkanlarda Islam: Miadı Dolmayan Umut*, Muhammet Savaş Kafkasyalı (Editör), Tika, yayın 19, 2016. 73-100.
26. İnalcık Halil, „Türkler ve Balkanlar“, *Balkanlarda Islam: Miadı Dolmayan Umut*, Muhammet Savaş Kafkasyalı (Editör), Tika, yayın 19, 2016, 9-39.
27. Karamustafa Ahmet T., *Derviş groups in the islamic later middle period 1200–1550*, University of Utah Press, Salt Lake City 1994.
28. Kissling Hans, *Khalwati Tarikatı*, Bilim ve Sanat Vakfı Bülteni, (terc. M. Serhan Tayşi), Kasım, 1994.
29. *Köprülü Derbent Halveti Dergahı*, http://huseyinsirvan.blogspot.com/2011/04/koprulu-derbent-halveti-dergah.html, пристапено на: 3.9.2018.
30. Krehić-Fočak Senella, „Prilog slojevitosti komunikacije u sufizmu“, *Znakovi vremena*, godina XXI, broj 79, Sarajevo 2018, 165–179.
31. Moker Mubina, „Šutnjom do tajne srca“, *Znakovi vremena*, vol. 12, dvobroj 43/44, Sarajevo 2009, 118–134.
32. Mujkić Zinka, „Mistična misao u islamu: Tasawwuf ili sufizam“, *Spectrum*, časopis studenata KBF-a, br. 3–4, 2008, 135–142.

33. Novaković Dragan, „Delovanje Zajednice islamskih derviških redova Alije (ZIDRA) na Kosovu i Metohiji 1974–1991.“, *Istorija 20. veka*, br. 2, god. 20, 2002, 103–115.
34. Ocak Ahmet Yaşar, *Bektaşı Menakibnamelerinde Islam Öncesi Inanç Motifleri*, Istanbul 1983.
35. Öztürk Mehmet Cemal, *Cerrahilik, Şeyh Nûreddin Cerrâhî ve Cerrâhî Tarîkatı*, Gelenek Yayınları, İstanbul 2004.
36. Öztürk Mehmet Cemal, *Arşiv Belgelerine Göre Balkanlarda Ramazanilik*, IRCICA – Balkanlarda İslam Medeniyeti Sempozyumu, Bucharest 2006.
37. Öztürk Mehmet Cemal, „The Khalwati Order and some Khalwati Tekkes in Bosnia“, *Mjesto i uloga derviških redova u Bosni i Hercegovini*, Naučnoistraživački institut „Ibn Sina“, Sarajevo 2011, 293–303.
38. Pakalın Mehmet Zeki, *Osmanlı tarih deyimleri ve terimleri sözlüğü*, I, Milli eğitim basımevi, İstanbul 1993.
39. Palikruševa Galaba, Krum Tomovski, „Les tekkés en Macédoine au XVIII[e] et XIX[e] siècle“, *Atti del Secondo Congresso Internazionale di Arte Turca*, Napoli, Instituto Universitario Orientale, 1965, 203–211.
40. Pir Nureddin al-Jerrahi (ks), http://www.jerrahi.org/articles/the_life_hadrat_pir_nureddin_aljerrahi, пристапено на: 5.11.2018.
41. Ratkovčić Rosana, „Prisutnost derviša na području Slavonije i Srijema u vrijeme osmanske vladavine“, *Scrinia slavonica*, br. 14, Slavonski Brod 2014, 53–77.
42. Salih Eyüp, *Balkanlarda Halvetiyye ve Halveti Tekkeleri*, http://www.balturk.org.tr/balkanlarda-halvetiyye-ve-halveti-tekkeleri/, пристапено на: 3.9.2018 г.
43. Salih Eyüp, *Makedonya'daki Tarikatler, Silsileleri, Maneviyat Büyüklerinin Hayatları ve Hizmetleri*, http://www.balturk.org.tr/makedonyadaki-tarikatler-silsileleri-maneviyat-buyuklerinin-hayatlari-ve-hizmetleri/, пристапено на: 26.8.2018.
44. Salih Eyüp, „Makedonya'da tasavvuf alanında etkili olan halvetilik ve Pir Mehmet Hayati Halveti Asitanesi“, *Osmanlı ilim, Düşünce ve Sanat Dünyasında Balkanlar*, Milletlerarası Tartışmalı İlmi Toplantı 07-09 Mayıs , İstanbul 2014, 271–292.
45. Selvi Dilaver, *Mjesto tesavufa u islamu*, според хадисите на Bukhari, Muslim, Ibn Madže, http://kosusufije.blogspot.com/2013_08_01_archive.html, пристапено на 2.8.2018.
46. Serin Rahmi, *Islam Tasavvufunda Halvetilik ve Haivetiler*, Petek Yayınalrı, Istanbul 1984.
47. Stoyanov Yuri, *Sufi-related Discourses and Controversies in Late- and Post-Communist South East Europe – Regional and Transregional Patterns.*
48. *Sufi Poetry*, http://www.spiritualfoundation.net/poetry.htm#96914485, пристапено на: 5.6.2018.
49. *Sufizam i islam*, https://rifaija.wordpress.com/author/muftic/page/2/
50. *Sufizam u Bosni i Hercegovini*, http://makdizdar.ba/sufizam-u-bosni-i-hercegovini/, пристапено на: 13.8.2018.
51. Şapolyo Enver Behnan, *Mezhepler ve tarikatlar*, 172; Islam Ansiklopedısi, 120-cuz, Tarikat-Teberke, Istanbul 1970, 9/1.
52. Šejh Ilhan, *Mukabela – derviški obred za umrlog derviša tarikata halveti-hajati u Makedoniji*.

53. Špehar Milan, „Mistika u velikim nekršćanskim religijama židovstvu i islamu“, *Obnovljeni život* 65, 1, 2010, 57–76.
54. *Tasavvuf Silsilesi*, https://esseyyidomerhalveti.wordpress.com/, пристапено на: 26.10.2018.
55. Tayşi Mehmet Serhan, *Ömer el-Halveti*, İslam Ansiklopedisi, sv. XXXIV, Türkiye Diyanet Vakfi, İstanbul 2007.
56. *The Origin of the Word Tasawouf*, http://ias.org/sufism/origin-of-word-tasawouf/, пристапено на: 2.8.2018.
57. Trimingham J. Spencer, *Sufi Orders in Islam*, Clarendon Press, Oxford 1971.
58. Türk İdris, „Kosova ve Makedonya'da Halvetîlik“, *International Journal of Science Culture and Sport*, Special Issue 3, 2015, 429–441.
59. Vukomanović Milan, *Šta je tesavuf?* https://pescanik.net/sufizam/, пристапено на: 13.8.2018.
60. Yılmaz Hasan Kamil, *Tasavvuf ve tarıkatlar*, Ensar, Istanbul 2004.

23. http://tarikatskicentar.ba/biografije-laureta/, пристапено на: 28.10.2018.
24. http://tekijablagaj.ba/portfolio/o-tekiji/, пристапено на: 28.10.2018.
25. https://www.thestudycircle.org/projects/, пристапено на: 28.10.2018.

ЦЕНТАР ЗА ЕТНОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ПРИМЕНЕТА АНТРОПОЛОГИЈА

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА
„Гази Баба“ бб. Поштенски фах 162, 1000 Скопје, Р. Македонија

За издавачот:
Проф. д-р Даворин Трпески, претседател на ЦЕИПА - Скопје
Проф. д-р Ицко Ѓоргоски, декан на ПМФ - Скопје

Лектура:
Наталија Андријевска

Корица:
Љупчо С. Ристески

Печатење:
Академски печат

Изданието е финансирано од Општина Охрид



CIP - Категоризација на публикацијата
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
28-788:316.7(497.781)
141.336

ТРАЈАНОВСКИ, Виктор
Дервишкиот ред халвети-хајати во Охрид / Виктор Трајановски. - Скопје : Центар за етнолошки истражувања и применета антропологија;
Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија, 2018. - 203 стр. ; фотографии ; 24 см. Библиографија: стр. 196-200.

ISBN 978-608-245-354-5
ISBN 978-608-4762-20-1

а) Дервишкиот ред халвети-хајати - Етнолошки и антрополошки аспекти - Охрид б) Суфизам

COBISS.MK-ID 108944906